УНИВЕРЗИТЕТ СВ. „КИРИЛ И МЕТОДИЈ“

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ

СКОПЈЕ

Институт за историја

# АЛБАНСКОТО ДВИЖЕЊЕ 1878-1900

**-Докторска дисертација-**

Кандидат: Ментор:

М-р. Бесник Емини Проф. Др. Далибор Јовановски

Скопје 2015

**СОДРЖИНА:**

ПРЕДГОВОР: ВО ПОТРАГА ПО НАСЛОВОТ....................................................4

ВОВЕД: ПОСТАВУВАЊЕТО НА РАБОТНАТА МАСА..............................7

ОСМАНЛИСКАТА ИМПЕРИЈА И ОБИДИТЕ ЗА ОПСТАНОК ПРЕКУ РЕФОРМИ.................................................................................................12

БАЛКАНОТ ВО ЕРАТА НА СЕБЕПОЗНАВАЊЕТО...................................35

РАСПЛЕТОТ НА ИСТОЧНАТА КРИЗА......................................................59

Санстефанскиот прелиминарен договор..............................................70

Основањето на Призренската Лига.....................................................75

Берлинскиот Конгрес и Албанците (13 јуни – 13 јули 1878 г.)........77

Собранието на Лигата во Дебар (20-24 октомври).........................101

Автономијата и Расформирањето на Лигата...................................104

Отпорот на Албанците по задушувањето на Призренската Лига..120

ПРАШАЊЕТО НА АВТОНОМИЈАТА МЕЃУ АЛБАНЦИТЕ (1896-1900)..........................................................................................122

Улогата на бекташизмот во Албанското движење..........................134

Пеќската Лига (1899-1900).................................................................136

Политичките предлози за решавање на Албанското прашање во крајот на XIX век............................................................................142

Интересот на Австро – Унгарија кон албанското движење...........148

Ривалитетот меѓу Австро-Унгарија и Италија и реагирањето на Албанците.......................................................................................153

РАЗВОЈОТ НА ПОЛИТИЧКАТА МИСЛА, ИЗДАВАШТВОТО И НА ОБРАЗОВАНИЕТО НА АЛБАНСКИ ЈАЗИК...............................................164

Интересот за проучување на албанскиот јазик..............................164

Влијанието на протестантските здруженија во равојот на албанскиот јазик.............................................................................172

Развојот на политичката мисла..........................................................175

Дејноста Друштвото за печатење на Албански букви...................178

Дејноста на албанските друштвата во Романија и Бугарија...........**181**
Активноста на итало-албанците......................................................**187**
Отворањето на училишта на албански јазик....................................**193**
Развојот на издаваштвото и печатот...............................................**203**
ЗАКЛУЧОК........................................................................................**214**
Извори и Литература.........................................................................**216**

# ПРЕДГОВОР: ВО ПОТРАГА ПО НАСЛОВОТ

Темата „Албанското движење 1878-1900 година“ е одобрена од страна на Наставно – научниот совет на Филозофскиот Факултет во Скопје на 15.XII.2009 година. По одобрувањето на темата беше одреден менторот проф. Др. Далибор Јовановски да ме води во процесот на истражувањето и пишувањето на темата. Исто така бидејќи темата со наслов „Албанското движење 1878-1900 година“ досега не е бранета во Република Македонија, тоа претставуваше уште една причина за да почнам да се занимавам подробно со неа.

Пред да се запишам на докторски студии неколку години претходно истражував и работев во магистерската тема со наслов „Албанците во годините на источната криза и Македонија 1875-1881 година“, која ја одбранив во 2009 година во Филозофскиот Факултет во Скопје. Со оглед на тоа дека во текот на моите истражувања за магистерската тема имав собрано значителен број на литература и документи кои се однесуваа за споменатиот период на темата, поголемиот дел од материјалите опфаќаше еден поширок временски период. Имајќи предвид дека периодот на Санстефанскиот прелиминарен договор и Берлинскиот Конгрес е еден од клучните периоди кои ја промениле политичката карта на Балканот во тој период, што по неколку годи ќе доведе до распаѓање на Османлиската Империја.

Периодот од 1878-1900 година кој се третира во темата го избрав од многу причини. Со оглед на тоа дека периодот непосредно пред Берлинскиот Конгрес и по него е една клучна точка за албанскиот движење кога се забележало поинтензивно дејствување на Албанците го привлече моето внимание да биде почетокот од кој ќе почне да се работи темата. Другата хронолошка граница на темата е 1900 година кога завршува XIX век. Во 1900 година згаснала активноста на Пеќската Лига и неј]зините обиди да издејствува автономија но и независност. Тоа се двете

точки кои сум се обидел да ги поврзам во темата, а кои се значајни поради тоа што тие две движења имале за цел да опфатат широки размери на дејствување. Почетокот на XX век ќе донесе нови начини на дејствување и организирање на Албанците во нивните напори за осамостојување од Османлиската Империја, преку организирање чети и тајни друштва, и тој период не беше цел на моето внимание при конципирањето на темата. Меѓутоа, се обидов покрај политичките збиднувања да ги претставам и културните збиднувања, кои несомнено одиграле важна улога за подигнување на свеста, во поглед на согледувањето на развојот албанската азбука, издавачката дејност, издавањето на првите весници, развојот на политичката мисла па се до отворањето на првите училишта на албански јазик.

За да се обработи успешно одредена тема се разбира дека за тоа е неопходно да се прегледа сета релевантна литература која досега е објавена во врска со неа, како и да се користат архивски документи кои се поврзани со неа. Во врска со периодот имам користено низа монографии и научни статии објавени на различни јазици ми овозможија пристап до бројна релевантна литература која е објавена во земјата и во странство, а која се однесува на Албанците, балканските народи, Османлиската Империја и Големите Сили.

Историјата е предмет кој се менува во потрага по вистината, сразмерно со тоа и историската мисла секогаш е во потрага по нови сознанија за факти но и нивно реално и објективно толкување. Секоја генерација си создава свои согледувања за историските збиднувања, споредувајќи ги поранешните резултати со новите сознанија, и на тој начин се создава ново прераскажување на историјата кое во себе го носи белегот на времето во кое што е создадено. Имено и овој мал придонес ги има своите недостатоци, бидејќи е создаден во околности и со извори кои биле на располагање во дадениот момент, и се разбира дека ги има и своите слабости. Во таа насока би сакал да го спомнам и еден фактор кој

изгледа на историчарите никогаш не им е доволен: времето. Читањето на историски материјали може да биде доста забавно поради интересните теми и аспекти кои се третираат во нив, но нивното спроведување, анализирање и толкување може да биде заморно и бесконечно. Поради тоа, временското ограничување за пишувањето на дисертацијата ги наметна своите граници во кои морав да ја оформам конечната верзија на текстот.

При составувањето на темата користев литература и објавени материјали кои сум ги собрал низ неколку саеми на книги, книжари и размени, како и низ повремените патувања кои сум ги имал. Ги користев фондовите на Народната и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ во Скопје, Библиотеката на Катедрата по Историја при Филозофскиот Факултет во Скопје, Библиотеката на Институтот за Национална Историја во Скопје, Библиотеката на Институтот за духовно културно наследство на Албанците, Библиотеката на катедрата за Албански јазик и литература при Филолошкиот факултет во Скопје, Библиотеката на МАНУ во Скопје, Библиотеката на Универзитетот на југоисточна Европа во Тетово и Градската библиотека во Тетово, како и книги од лични библиотеки. Во оваа прилика би сакал да име се заблагодарам на сите вработени во овие библиотеки кои овозможија тие фондови да ми бидат достапни. Во Државниот Архив на Република Македонија ги користев британските документи кои се чуваат во микрофилмови.

На крај, но не последни по важност би сакал да изразам посебна благодарност до проф. др. Далибор Јовановски под чие раководство и менторство настана оваа докторска дисертација како и членовите на комисијата за одбрана кои со своите сугестии, забелешки и дискусии или на било кои друг начин помогнаа во обликувањето на овој труд.

*Скопје, декември 2014 година*

# ВОВЕД: ПОСТАВУВАЊЕТО НА РАБОТНАТА МАСА

Во текот на постдипломските студии по магистратура при Филозофскиот факултет во Скопје во предметот Методологија на наставата по историја имав прилика да се запознам со различни автори кои се занимавале со проучувањето на историјата и со некои специфични аспекти кои се поврзани со различните пристапи кон проучувањето на историјата. Меѓутоа, покрај завршувањето на испитите, пишувањето и одбраната на магистерската темата некако имав чувство дека не сум ги прегледал сите значајни книги околу таа тема, а во меѓувреме наидов и на неколку книги кои беа објавени во поновото време.

Работите во насока на читање и анализа на различни изданија поврзани со историјата на периодот на темата видно се сменија и од еден друг фактор, кој несомнено имаше влијание врз тоа како јас ги перципирав нештата. Тој важен фактор беше електронскиот пристап до безброј светски изданија поврзани со историјата на периодот и предметот кој беше во центарот на моето интересирање. Всушност тоа беше поврзано со фактот што библиотеките кои се наоѓаат во Република Македонија многу бавно или најчесто никогаш не успеваат да дојдат до најновите изданија од полето на историјата, а кои се релевантни за секој историчар да биде во тек со современите текови на историските истражувања. Размената на изданијата и снабдувањето со изданија издадени во соседството и регионот исто така бележи застој после 1991 година поради новите околности во кои се најде регионот по распадот на Југославија.

Во потрага по се поширок спектар на објавени материјали поврзани со темата користев материјали од различни библиотеки кои ги наведов во предговорот, приватни колекции, но и еден дел од нив сум ги собрал при моите патувања во Приштина и Тирана каде што може да се најдат поголем дел на изданија на албански јазик, а кои го третираат периодот за кој работев.

За да се разбере подобро албанското движење во периодот 1878-1900 година неминовно е да се направи осврт во состојбите кои преовладувале во Османлиската Империја во XIX век, како век во кој нештата се одвивале со голема брзина, а Империјата се обидувала да го следи тој ритам. Меѓутоа, и покрај тоа што биле спроведени значајни реформи за модернизација во сите сфери, тие не го дале очекуваниот резултати, односно да ја спасат Империјата од пропаѓање. Разбирањето на состојбата во која се наоѓала Османлиската Империја налага да се разгледа нејзината состојба во меѓународен план, но и внатрешната специфика, особено во периодот кога балканските народи тргнале на патот на осамостојување и создавање на национални држави. Сите тие настани се проткаени со големи дипломатски активности на европските сили кои имале различни интереси кон Османлиската Империја. Во тој период се напишани енормно голем број на извештаи и текстови кои ја опишуваат состојбата и напорите на Големите Сили да влијаат врз текот на настаните кои се одвивале.

На европскиот дел на Османлиската Империја во текот на XIX век почнале да се појавуваат националните движења на балканските народи. Во текот на тој период востанијата подржани од европските сили придонеле да се основаат и првите балкански држави како Србија, Грција, Бугарија и Црна Гора. Тие преминувале низ различни периоди на правниот статус на државите, од автономно кон независни, стремејќи се кон зајакнување на позицијата и постојано ширење на границите на државите. Во реализирањето на таквите стремежи тие користеле низа методи и постапки, како што биле верските институции, училиштата, весниците, конзуларните претставништва но и вооружените единици, кога тоа било можно. Националните движења на другите балкански народи имале свое влијание и врз албанското движење, бидејќи влијаеле да стане поактивно, особено во зоните каде што се планирало новото разграничување на балканските држави со Османлиската Империја.

Низ сите збиднувања кои го карактеризираат периодот на распадот на Османлиската Империја, создавањето на новите држави на Балканот и дејствувањето на различни пропаганди се забележува недоволното третирање на судбината на обичните луѓе која е проткаена во тие настани. Во целата сторија најлошото го доживеале оние кои се нашле на погрешната територија во дадениот момент. Балканските држави биле создадени во еден специфичен период, и како такви од почетокот се стремеле да бидат што е можно поголеми. Тоа би било во ред во услови кога таквите држави би се создале во условно кажано „празен простор". Но бидејќи тоа не било така, честопати страдало населението кое имало друго име и можеби и религија од онаа на државата во која се нашла, а голема маса на луѓе поради нестабилната состојба ги напуштала своите домови. Различното време во кое биле создавани балканските држави создале јазови на разлики и во историската наука и мисла. Имајќи на располагање државна поддршка, различни автори покрај тоа што пишувале за своите земји, пишувале и за териториите кои ги претендирале, а следствено на тоа и за населението кое живеело во нив. Споредувајќи ги различните извори се забележува контрадикција меѓу нив. Доволно е да се спомнат само статистичките податоци во врска со населението кое живееле во одреден регион, а кои одат во прилог на оние кои ги составувале.

Албанското движење се појавило во истиот период кога се појавувале и движењата на другите народи на Балканот, со сета своја комплексност. Комплексноста се состои во неколку аспекти, кои влијаеле процесот на националното будење или подигнувањето на свеста да биде сложен. Припаѓањето на неколку религии, немањето унифицирана азбука и развиена издавачка дејност, непостоење на современи училишта, степенот на економската развиеност, комуникациите итн. се некои од аспектите кои влијаеле во тоа како се одвивал процесот на развојот на движењето. Во различните изданија периодот се именува со различни

имиња: Албанска национална преродба, Албанско национално будење, Зачетоци на албанскиот национализам, Албанско национално движење, Подигнување на националната свест итн.

Во овој труд сум се обидел да направам паралела меѓу сите фактори кои одиграле улога во процесот на националното будење кај Албанците, бидејќи ниту еден елемент не може да се занемари. Различните активности се поврзани меѓу себе и влијаат да се разбере комплексноста на настаните. Почнувајќи од востанијата кои избувнувале поради незадоволството кон Османлиската Империја, преку издавањето на весници и книги, пишувањето на меморандуми, отворањето на училишта, активностите на емиграцијата па до улогата на верскиот фактор, без да се занемари улогата на протестантското движење и бекташите во целата слика можеме да заклучиме дека без разгледување на сите фактори, не може да се донесе заклучок кои фактори имале одлучувачка улога во процесот на подигнување на националната свест на Албанците, а кои не се значајни.

Албанското движење по Берлинскиот Конгрес се одвивало под силното влијание на двете империи: Османлиската и Австро-унгарската. По спроведувањето на одлуките кои произлегувале од Берлинскиот Конгрес, султанот Абдулхамит II обрнал посебно внимание на политиката која требало да се спроведе кон Албанците, поради тоа што сметал дека тие се значаен фактор во опстанокот на тоа што останало од Империјата во Европскиот дел. Тој дури имал посебно досие со податоци за Албанците која постојано се надополнувала со информации. Од друга страна Австро-Унгарија исто така водела активна политика преку *култуспротекторатот* и го поттикнувала подигнувањето на националната свест меѓу Албанците, пред се со католичка вера. Таа имала планови за експанзија кон Егејското море, и водела активна политика за да ја спречи Србија во нејзината намера да обезбеди излез на Јадранското Море.

Албанското движење се одвивало во период на неизвесност поради неизбежното распаѓање на Османлиската Империја и стравувањето од

ширењето на соседните балкански држави, што значи дека еден вид состојба на алармирање или превенција.

Историјата која ги опишува настаните не може да се каже дека го кажала последниот збор околу периодот кој се третира на оваа тема, бидејќи темите за одредени периоди треба секогаш да бидат отворени за различни интерпретации и поинаков пристап.

# ОСМАНЛИСКАТА ИМПЕРИЈА И ОБИДИТЕ ЗА ОПСТАНОК ПРЕКУ РЕФОРМИ

Еден о најзначајните периоди на поновата историја на Османлиска Империја е и таканаречениот период на Танзиматот. И покрај обемната литература и извори за проучување на тој период, сепак тој е меѓу најсложените за историчарите, поради тоа што во тие години се случил еден обемен пресврт во сите аспекти на Османлиското Општество. Меѓу најзначајните промени биле тие кои се однесувале на законите кои обезбедувале еднакви права за сите граѓани, со цел таа да стане современа држава. Меѓутоа, токму во овој период, во контекст на историјата на балканските народи ќе се случат најзначајните промени, односно ќе започне процесот на создавање на балканските држави, најпрвин како автономни, а потоа и како целосно независни. Тој бил период кога се раѓале национализмот меѓу балканските народи, без да заборавиме дека истовремено се раѓал и турскиот национализам. Еден од главните проблеми на реформите бил и проблемот на распространувањето на истите. Идеите за модерно општество се задржале само во високите кругови на општество, пред се во престолнината и главните центри.

Да се зборува за реформите, секако со себе влече и дискусија за влијанието на надворешниот свет во тие реформи. Идејата за поинаков свет не се родила внатре во Империјата, туку во надворешниот свет, преку контактите што ги имале оние кои патувале или живееле надвор од нејзините граници. Но тоа не треба да значи дека тоа е диктат на другите држави во тековите на Империјата, туку станува збор за свеста која постоела кај оние кои ги гледале разликите, и кои сметале дека со остар пресврт ќе може да се фати ритамот со современите текови кои се одвивале во светот. Во XIX век Османлиската Империја не била сила која претставувала закана за Европа, туку држава која станала поле за натпревар за доминација на Европските сили во нејзините пространства.

Техничката и воената заостанатост биле повеќе од очигледни. Но промените и реформите не започнале со Танзиматот, односно со Ѓулханскиот Хатишериф од 1839 година. Османлиската Империјата постојано била во контакти со надворешниот свет. Та сама по себе била ретка мешавина на јазици, религии, култури итн. Во поинаков свет од османлискиот живееле муслиманите во царска Русија и оние од Индија.[1]

И покрај тоа што во историографијата се зборува за заостаната Империја, во споредба со европските држави, сепак станува збор за различни светови кои функционирале со сопствен правила, за на крај едниот систем да се покаже како доминантен. Учењето на странски јазици придонело османлиите да ги зголемат познавањата за европската култура и историја. Таа група на луѓе која станала по заинтересирана за надворешниот свет се зголемувала постојано.[2]

Потребата за реформи во Османлиската Империја своето потекло го има пред се во потребата за воени реформи, отколку потребата за култура, литература и уметност. Во таа насока, реформите нема да се изолираат стриктно во воената димензија, туку тие ќе ги допрат и другите области како медицината, техниката, финансиите и другите области без кои не може да се организира големата армија. Овие нешта сами по себе повлекуваат широк појас на реформи за да може да функционира системот.[3]

Реформите според кои во иднина требало да се управува Османлиската Империја ветувале еднаквост на сите оние кои живееле во Империјата без разлика на нивната вера и нација, уништување на корупцијата, нови правила за даноците за да се намалат давачките, нова администрација според европскиот систем идр. Сите тие мерки имале за

---

[1] Ортајли, Илбер. *Најдолгиот век на империјата*, Скопје, 2009, стр. 20

[2] Исто тука, стр. 23

[3] Jelavich, Charles dhe Barbara. *Themelimi i Shteteve Kombëtare të Ballkanit 1804-1920*, Tiranë, 2004, стр. 103

цел да ја подобрат ситуацијата во Империјата и да ја зголемат нејзината воена моќ.

За настаните и процесите во Османлиската Империјата постојат низа извори и документи. Голем дел од нив се пишувани од странски дипломати кои престојувале или се занимавале со работите кои биле поврзани со историјата на Османлиската Империја, меѓу кои и мемоари. Меѓутоа, и покрај тоа што постојат и голема маса на османлиски извори, тоа не е доволно за да се разбере во целост прашањето како се чувствувале и во каква состојба биле оние што живееле во нејзините граници. Исто така има значајна маса на документи и сеќавања на припадници на балканските народи кои оставиле низа сведоштва за тоа како ја перципирале Османлиската Империја, давале предлози за реформи итн. Меѓу нив се истакнале и неколку Албанци кои биле во служба на Империјата.

Првите децении на XIX век на повидок го донеле националното прашање, што било гледано како најголемата опасност за империјата. Српското и грчкото востание, како и прашањето на Египет го вклучиле алармот за брза реакција. По распуштањето на јаничарската гарда не постоела елитна воена единица спремна да одговори на предизвиците на современата одбрана.[4]

Како компензација на потребата за модернизација послужиле Полско – унгарските полкови кои во 1849 година се засолнале во Османлиската Империја, кои го пренеле своето искуство во редовите на османлиските трупи. Но ваквиот дотур на искуство не бил постојан, па затоа морало да се најде решение за обучување на сопствени кадри во потребниот број. Со оглед дека Империјата била изложена врз влијанието на повеќе држави, се обидувала да води политика на рамнотежа.[5]

---

[4] Pllana, Emin. „Perandoria Osmane në fund të shekullit XIX dhe në fillim të shekullit XX“. *Vjetar i Arkivit të Kosovës, II-III (1966-1970)*, Prishtinë, 1970, стр. 37

[5] Ортајли, Илбер. *Најдолгиот век на империјата*, Скопје, 2009, стр. 37

Случувањата кои го карактеризирале XIX век не ги засегале само водечките елити на Високата Порта, туку и сите народи на империјата кои делеле иста судбина во големото општество, и ја чувствувале големата ера на промените. Кај сите нив се јавила голема желба за културен развој, со помал или поголем интензитет.

Во почетокот на XIX век европскиот дел на Империјата станал се по актуелен. Во 1808 година ајанот на Русе, алемдарот Мустафа – паша со голем број на војници отишол во Истанбул, со изговор дека сакал да го ослободи Мустафа IV од самоволието на јаничарите. Но, позадината на овој потег било на престолот да се врати султанот Селим III, кој бил уапсен во сарајот, за да продолжи со спроведувањето на реформите. Во целиот XIX век Румелија станала влијателна во процесот на реформи и влијание во политичкиот живот на Империјата. Често пати воените сили од Румелија биле искористени да вршат политички притисок во престолнината.[6]

Областа Румелија уште од почетокот на XVIII век се збогатувала. Таа станала извозник на суровини кои се тргувале и во европските земји, и така растел бројот на трговците кои носеле богатство во нивните краишта. Се по често се појавувале крупни земјопоседници кои често војувале меѓу себе, и и се одметнувале од послушноста кон Големата Порта. Тоа довело некои градови да станат самостојно на некој начин. Феудалците ги собирале даноците и се грижеле за сигурноста. Однесувањето на Портата кон периферните области не била секогаш иста и зависела од неколку фактори. Секогаш кога била заканувана од надвор таа не им давала веднаш значење на внатрешните закани и самоволието. Со оглед на тоа што војната со Русија која започнала во 1806 година била во тек, султанот не сакал да се справи со јаничарската војска а ниту со феудалците. Но кога Наполеон влегол во војна со Русија работите се смениле во прилог на централната власт. Авторитетот на јаничарската војска слабеел, а

[6] Исто тука, стр. 41

избувнувањето на грчкото востание од 1821 година докажал дека паралелно со авторитетот слабеел и воената способност. Полека се приближувал и крајот на овој одред. Во 1826 со наредба на султанот Махмуд II бил основан одредот наречен *Оџак на ешкинџиите*, потег кој ги побунил јаничарите. Во 1826 година тие последен пат се побуниле при што биле нападнати и убиени илјадници припадници на легендарната гарда.[7] Со тоа бил ставен крај на постоењето на јаничарите. Во периодот кога Високата Порта се справувала со ваквите состојби, Европските држави биле под силно влијание на ефектите на Француската револуција, и полека ги наминувале меѓусебните проблеми и нивниот интерес полека се ориентирал надвор, при што и растот на индустријата им давал моќ да станат влијателни и во надворешен план. Животот станал подобар благодарение на тој економски раст, и се менувал и односот на државата кон човекот. Во прилог на таквата промена се менувала и свеста на османлиските владетели. На султанот Махмуд II му се припишува дека рекол: *„Сакам султанот да не биде извор на страв и ужас за народот, туку да му биде поддршка“.*[8]

Во однос на индустрискиот развој, Османлиската Империја била заостаната земја. Освен неколкуте млинови на пареа, машините за ткаење, потоа и производство на тули, стакло, огледала, пиво, обработка на кожа, штофови и ткаенина, килими и порцелан, не се бележел развој на индустријата.[9]

Законските реформи во Османлиската Империја покажувале ангажираност за примена на државната идеологија на османизмот. Османлиската држава ги охрабрувала немуслиманите за да се запишат во новите лаички училишта и да служат во администрација. Христијаните и

---

7 Ортајли, Илбер. *Најдолгиот век на империјата*, Скопје, 2009, стр. 46

8 Ортајли, Илбер. *Најдолгиот век на империјата*, Скопје, 2009, стр. 49

9 Pllana, Emin. „Perandoria Osmane në fund të shekullit XIX dhe në fillim të shekullit XX“. *Vjetar i Arkivit të Kosovës, II-III (1966-1970)*, Prishtinë, 1970, стр. 37

евреите работеле во царина, во јавните работи, во пристаништата на воената флота и во работилниците за ковање на монети. Тие придонесле во развојот на телеграфските и железничките линии, но и на културниот и интелектуалниот живот. [10]

Новите промени покрај придобивките носеле и одговорности. Додека немуслиманите ги прифаќаа придобивките кои ги носела рамноправноста, тие биле против плаќањето на цената за тоа. Според новиот воен закон објавен во 1853 година сите граѓани на империјата биле задолжени да служат воен рок на редовната војска (Низам), кој рок траел 7 години и неколку години да служат како резервен состав (редиф).[11] Христијаните и евреите повеќе практикувале да платат посебна давачка отколку да служат воен рок.[12] Исто така, многу муслимани се спротивставувале на деградирањето на нивните позиции, и биле заинтересирани да се сочува доминацијата на муслиманите во владеачките позиции.[13]

Реформите во времето на Махмуд II се воделе во тешки услови, без целосна јасна визија и соодветен кадар кој ќе го поднесе тој товар, без да се заборави на конзервативноста на оние кои имале високи позиции. Во рамките на Империјата живееле низа народи кои порано имале независни држави или такви кои немале, но мечтаеле за независност и чекале погоден момент да се ослободат и немале интерес да се посветат на реформите за подобра Империја. Иако мотивот на реформите бил да се постигне некаква воена рамнотежа на силите со Европа, а особено со Русија, тие не можеле да се ограничат само во тој аспект. Новите

---

[10] Gawrych, George W. *Gjysmëhëna dhe Shqiponja*, Tiranë, 2007, стр. 24

[11] Pllana, Emin. „Perandoria Osmane në fund të shekullit XIX dhe në fillim të shekullit XX“. *Vjetar i Arkivit të Kosovës, II-III (1966-1970)*, Prishtinë, 1970, стр. 51

[12] Jelavich, Charles dhe Barbara. *Themelimi i Shteteve Kombëtare të Ballkanit 1804-1920*, Tiranë, 2004, стр. 105

[13] Gawrych, George W. *Gjysmëhëna dhe Shqiponja*, Tiranë, 2007, стр. 25

образовни реформи наложувале да се организира систем надвор од верските училишта. Во империјата и печатарската техника била прифатена со задоцнување. Печатарската техника била искористена и за печатење на книги и весници и во јазиците на другите народи кои живееле во Империјата, пред се Библијата и друга верска литература.

Појавата на весниците во Империјата одиграла важна улога за создавање на јавното мислење. Така, државата не морала да ги информира граѓаните со читање на разни фермани и забрани по улиците, пазарите и другите јавни места. Во 1831 година бил објавен весникот „Takvim – i Vekayi", во чии страници биле објавени официјални соопштенија, берати, фермани итн.[14] Со тоа се сметало дека започнало новинарството на турски јазик. Османлиските функционери го знаеле значењето на печатот за ширењето на идеологијата меѓу населението.

Реформите кои биле покренати ги зафатиле и администрациите на вилаетите. Валијата требало да работи за плата, а даноците требало да се соберат без манипулации. Во 1831 година бил направен поинаков попис на машкото население споредено со претходните пописи кои не нуделе потребни податоци за новото време. Била создадена и современа пошта како институција за испраќање на пратки. Исто така била воведена и процедура за патни исправи за оние кои патувале во странство, кои ги доделувала Министерството за надворешни работи.

Националните движења на балканските народи се интензивирале и ги остварувале нивните цели, во време во кое национализмот во Европа бил надминат. Поради ваквиот процес Османлиската Империјата била на патот на распаѓање. Таквиот принцип подоцна ќе ги промени состојбите и во Австро-Унгарија која под нејзина власт имала исто така повеќе народи. Двојната монархија Австро-Унгарија била една од низата големи сили кои била заинтересирана за да го прошири своето влијание на Балканот. Уште во 1867 година Австрија го склучила *Компромисот (Ausgleich)*, по

---

Ортајли, Илбер. *Најдолгиот век на империјата*, Скопје, 2009, стр. 49

преговорите кои започнале во 1866 година. Тогаш всушост се обединило двојното краслство создавајќи го Австро-Унгарското Царство, спој на две држави во една круна, на чие чело стоел Франц Јозеф I. Спојувањето на двете држави придонело кон тоа Австро-Унгарија да ги зајакне своите позиции на Балканот наспроти Русија, која била во голема предност со оглед на тоа дека на Балканот живеело големо словенско население. Зајакнувањето на Прусија во однос на Франција во периодот 1870-1871 ги разочарало очекувањата на Австро-Унгарија за доминација и ширење кон Прусија, со што таа конечно се ангажирала по енергично кон Балканот и продирање до Егејско Море, продирање што не било лесно, со оглед на големото ривалство што требало да го надмине – Руското доминирање. Русија и Австро-Унгарија иако ги задушувале движењата на народите кои биле под нивната власт, во однос на Османлиската Империја ги подржувале националните движењата на некои народи за осамостојување, а други како на пример Франција, окупирале нејзини територии.

Настаните кои ќе следа видно ќе ја променат картата на Балканот. Во врска со политиките кои се судрувале на Балканот голема улога играле трите цартва: Османлиската Империја, Руското Царство и Австру-Унгарското Царство. Меѓу нив биле блаканските држави кои се стремеле да придобијат што е можно повеќе во тие околности. Покрај нив, оние кои имале најголема надеж биле балканските народи кои уште не создале своја држава, било автономна, било независнска, како гарант за нивната слобода. Другите големи сили кои не можеле да завземат територии на Балканот исто така воеделе политика на влијание со тоа што ги подржувале оние држави или народи за кои имале интерес.

Во почетокот на XIX век. во Европа преовладувале симпатии кон античката култура на Грција состојба што ја искористиле Грците, за да го афирмираат прашањето за основање на грчка држава. Во 1821 година Александар Ипсиланти кренал востание во Молдавија кое претрпело неуспех, и не добило поддршка од Големите Сили, вклучително и Русија.

Локалното население не го подржало востанието, бидејќи немале симпатии кон Грците. Кога истата година избувнало востанието во Пелопонез состојбата била поинаква. Богатите грчки трговци го подржувале востанието и стоеле зад идејата за создавање на грчка држава. Со востанието раководел митрополитот на Патрас, Пол Германос. Грчките селани се надевале да ја присвојат земјата на муслиманските бегови и покажале интерес за вклучување во востанието.[15] Црквата имала важно место во движењата на повеќето балкански народи. Првенците на Цариградската патријаршија со двоумење гледале кон востанието а и Русија полека го менувала ставот кон востанието. Поради сомнение дека тајно се допишувал со востаниците во Патријаршијата бил убиен цариградскиот патријарх Грегориос, настан кој ќе има ефект во Европа во насока на привлекување на вниманието. Високата Порта за да го задуши востанието ги ангажирала египетските сили под команда на Ибрахим – паша, син на Мехмед Али – паша. За возврат султанот бил принуден на ги назначи за валии на Крит и Пелопонез. Состојбата на Средоземјето се менувала. На 20 октомври 1827 година, англиската, француската и руската флота ја нападнале и ја запалиле турската флота во Наваринското пристаниште, а Русија објавила војна.[16] Русија ги освоила Едрене и Ерзерум, што довело до потпишување на Едренскиот мир во септември 1829. Со мирот била создадена независна Грција која ја сочинувале островите Пелопонез, Евбеја и Кикладите, а островот Самос добил автономија. Портата била натоварена да и плати воена штета на Русија.[17]

Европските сили кон слабеењето и распадот на Османлиската Империја гледале простор за зголемување на нивното стратешко влијание. Интервенцијата на Европските земји била различно перципирана во Османлиската Империја. Додека балканските народи позитивно гледале во

[15] Ортајли, Илбер. *Најдолгиот век на империјата*, Скопје, 2009, стр. 59

[16] Castellan, Georges. *Histori e Ballkanit (Shekulli XIV-XX)*, Tiranë, стр. 286

[17] Ортајли, Илбер. *Најдолгиот век на империјата*, Скопје, 2009, стр. 60

надворешната интервенција, имајќи надеж дека тоа ќе им донесе слобода, муслиманските народи гледале негативно на тоа. Окупирањето на Алжир од страна на Франција наишло на жестоки реакции кај локалното население.

Движењата на балканските народи веќе не биле спонтани востанија, туку имале и политичка позадина, со тенденција за создавање на национални држави, при што во некои од нив на престолот ќе се назначат како кралеви кандидати од Европа. Мешањето на европските сили во создавањето на балканските држави, покрај придобивките за државите кои се создале, во голема мера влијаеле да се создадат проблеми, особено за народите кои тогаш не успеале да создадат своја држава.
Реформите во Османлиската Империја, покрај тоа што ја промениле администрацијата, тие влијаеле да се промени и општеството во пошироки размери. Развојот на световното право и образованието влијаеле да се ослаби улогата свештенството. Со ширењето на печатот се појавиле други извори кои создавале јавно мислење. Меѓу најважните промени кои настапиле со реформите била и рамноправноста на припадниците на различните религии. Исто така со промените на Танзиматот никој не смеел да биде казнет без да му се суди, а и тоа дека имотот и личната сопственост не можат да се конфискуваат.

По создавањето на Австро-Унгарија таа започнала активности за ширење кон Балканот, со мешањето во работите на балканските народи. На прв план бил интересот за ширење кон Босна и Херцеговина. Во првата половина на XIX век ќе биде забележан раст на влијанието на Англија во Османлиската Империја. Нејзината флота забележала раст во трговијата во Средоземно Море. Во 1828 година Англија имала свои конзули само во пристаништата во Измит и Бејрут, а во 40-тите години на XIX век таа веќе ги елиминирала сите конкуренти. Во 1845 година само во Бејрут постоеле повеќе од 300 англиски трговски куќи. Османлиската Империја сеуште се сметала како една од големите сили, меѓутоа нејзината економска

организација не била соодветна за времето на новиот век бидејќи била премногу застарена.[18]

Тоа го покажува и зголеменото влијание на трговијата на Големите Сили во економскиот живот на Османлиската Империја. Целата трговија со Големите Сили може да се опише како зголемен раст на увозот во Османлиската Империја и непропорционален раст на размената, што ќе доведе до исклучителен дефицит во Османлиската Империја, а со тоа ќе се разнишува и економската стабилност на земјата. Покрај економскиот пад и реформите влијаеле во тоа да стане уште по видлива разликата со останатите сили. Потребите на модернизираната армија не можеле да се задоволат со постоечките економски капацитети. Потребите за развиена техника, современа обука, образовани кадри, современ управен апарат не можеле да се задоволат, и затоа реформите напредувале забавено, и сето тоа создало политика на одолговлекување. Неопходноста за создавање на железница било проследено со давање на концесии на странски фирми, бидејќи Империјата немала капацитети да го стори тоа. Поради сложената економска состојба, Османлиската Империја во XIX век не била во можност да стави во функција централна финансиска контрола. Таа не можела да ги утврди изворите на приходите, и врз нив да прави проектирање на развојот, да прави контрола на финансиите и да води соодветна евиденција.[19]

Промените во Империјата не можеле да се случат постепено, па затоа се тежнеело кон радикално менување на работите. Меѓутоа, за успешно спроведување на промените недостасувале два важни фактори: соодветен кадар и финансии. Покрај останатите промени, за успешна администрација била неопходна и промената на јазикот и писмото. Ви XIX век во служба на Османлиската администрација бил ставен и телеграфот, со пуштањето во употреба на телеграфската линија Истанбул – Едрене на

[18] Ортајли, Илбер. *Најдолгиот век на империјата*, Скопје, 2009, стр. 115

[19] Исто тука, стр. 141

16 август 1835 година. Таа телеграфска линија преку Русе била поврзана со австриската мрежа. До почетокот на XX век телеграфските линии достигнувале околу 43.000 километри.[20]

Во 1862/63 година почнала да се користи поштенската марка. Меѓутоа поштенскиот сообраќај не бил доволно развиен. И поради тоа странските поштенски служби почнале да вршат поштенски сообраќај, како што била француската, британската, грчката, германска пошта, и други. Според дозволите тие поштенски служби требало да вршат поштенски сообраќај меѓу Истанбул и нивните земји, меѓутоа тие оправдувајќи се дека вршеле сообраќај и меѓу нивните конзулати, вршеле поштенски сообраќај низ целата империја.

Меѓу најзначајните прашања на Империјата била и изградбата на железниците. Со овозможувањето на странските инвестиции во земјата, странските компании се впуштиле во земање под концесија на посебни делници. Изградбата на железницата било исклучително важно за потребите на големата држава меѓу другото и за брзо пренесување на армиски трупи, како и за големиот товар што тие можеле да го пренесат. Освен изградбата на линиите во Европскиот дел на Империјата, железнички линии се граделе и во Анадолија, со изградба на првата пруга меѓу Измир и Ајдин, која била изградена со англиски капитал. Французите ја изградиле линијата кон Маниса. Потоа со англиски капитал била изградена пругата Мерсин – Адана. Изградбата на пругите се проширила и кон Сирија и Либан. Кон почетокот на XX век должината на изградените пруги достигнувала 3300 километри. Меѓутоа Портата немала контрола врз изборот на трасите кон кои ќе се движат трасите како и нивното оптимално користење во полза на економскиот раст и преносот на производите. Меѓутоа таа била принудена да ги плати трошоците на изградба по километар, што била причина за големо задолжување.[21]

---

[20] Ортајли, Илбер. *Најдолгиот век на империјата*, Скопје, 2009, стр. 164

[21] Исто тука, стр. 166

Железницата ќе ги донесе сите оние придобивки кои ги имале развиените европски држави од таквиот сообраќај. Железницата обезбедувала и сигурност во краевите во кои се ширела, а во исто време со ваквиот тренд течела и пропаста на Османлиската Империја. Јавниот долг растел а со нив и каматите станувале непомирливи. Османлиската Империја тогаш имала големи трошоци, за одржување на полицијата и безбројната агентура, за одржување на војската која се користела во постојаните војни и за другите државни трошоци. За покривање на големите трошоци, Османлиската Империја се задолжила во европските бакни во Лондон, Париз и во други земји. Само од 1853 до 1874 година Османлиската Империја се задолжила со 210 милиони османски лири.[22] Во 1875 година долговите го стигнале врвот и тогаш бил прогласен колапс на финансиската рамнотежа, и за да се одржи состојбата во 1881 година била формирана институција за Јавни долгови, која всушност била меѓународна организација. Маневрирањето со долговите на Империја било орудие за збогатување и меѓународна шпекулација, провизија. Потрошувачката била намалена, и може да се каже дека скапите производи биле ретки затоа што не можел секој да си дозволи да купи, на пример часовник чие производство бил во полн ек во европските земји.[23]

Во администрацијата голем предизвик била реформата на судскиот систем. Со создавањето на редовните судови бил стеснет просторот на шеријатските судови. Во 1879 година бил усвоен законот за организација на судовите. Големите Сили вршеле постојан притисок за спроведување на реформи во судскиот систем. За да го одбегне директното влијание на странските држави во оваа насока портата ангажирала османлиски правници да спроведат регулативи, со цел да се зачува од мешањето во судската власт. Меѓутоа со уставот од 1876 година се отворил патот за

---

[22] Pllana, Emin. „Perandoria Osmane në fund të shekullit XIX dhe në fillim të shekullit XX“. *Vjetar i Arkivit të Kosovës, II-III (1966-1970)*, Prishtinë, 1970, стр. 37

[23] Ортајли, Илбер. *Најдолгиот век на империјата*, Скопје, 2009, стр. 241

паралелен судски систем, односно граѓаните правдата можеле да ја бараат во различни судови: шеријатски и регуларни. Тие имале различни закони врз кои се базирале и кадрите се школувале во различни училишта.[24]

Во 1869 година бил усвоен Законот за општа просвета. Според законот општото образование се делело на три степени. Првиот степен го сочинувале основните училишта и рушдии со траење од осум години. Вториот степен го сочинувале идадиите и султаниите. По осумдесеттите години на XIX век ваквите училишта се прошириле и во вилаетските центри. Во третиот степен спаѓале високите школи кои се нарекувале Мекатиб-и Алије. Покрај државните училишта во Империјата постоеле и странски училишта, и тие не се поклопувале со османлискиот образовен систем ниту со програмата ниту со организирањето. Исто така голем дел од нив работеле и без дозвола. На територијата на Османлиската Империја свои училишта формирале Англија, Франција, САД, Австрија, Италија, Германија и Русија. Интересно е проширувањето на ваквите училишта на Балканот, каде што во тек било националното будење на балканските народи. Иако се очекувало дека тие ќе станат многу популарни, се случило спротивното. Иако Балканот бил отворен кон културните влијанија од странство, сепак училиштата ги отворале и воделе локалните интелектуалци. Балканските народи биле жедни за национално образование.[25]

Големите зафати за реформи но и современите трендови за информирање придонеле Високата Порта да чувствува потреба од информативни гласила преку кои до своите поданици, а и до странските држави да ги пренесе своите пораки и акции. Во меѓувреме се издавале и приватни весници кои ја имале и поддршката на Портата. Сопствениците на приватните весници биле првенствено странци кои живееле во Османлиската Империја и пред се издавале текстови со пропагандна

---

[24] Ортајли, Илбер. *Најдолгиот век на империјата*, Скопје, 2009, стр. 201

[25] Исто тука, стр. 209

содржина свртена кон странство. Јазиците на кои се печателе весниците покрај турскиот биле странските јазици, како и јазиците на другите народи во империјата. Покрај политичките текстови весниците имале и образовна и културна содржина. Со појавата на телеграфот јавноста во Европа се помалку ги користела весниците кои се издавале во Османлиската Империја како извор за информирање, бидејќи вестите се праќале преку телеграфските врски директно до редакциите на европските весници.[26]

Но за да пишуваат во полза на Империјата, Портата се служела и со поткупување на новинарите и весниците од странство. Портата имплементирала цензура на изданијата кои се внесувале во Империјата, печатниците се отворале со посебни дозволи и секако постојано контролирани што печатат. За да се издаде некој весник или списание требало да се поднесе молба за да се добие дозвола, а издаваните примероци се давале на проверка, која не секогаш била ефикасна. На пример повеќето весници кои се издавале во европскиот дел на Империјата се издавале двојазично, односно на турски и на јазикот на локален јазик. Не секогаш содржината била иста, а меѓу другото не постоело тело кое можело да има персонал за сите соодветни јазици на кои се издавале јазиците.[27]

Но состојбата со издавачката дејност балканските народи била таква што тие користеле широки можности за печатење на книги и весници надвор од границите на Империјата, а потоа ги внесувале и делеле меѓу оние кои имале можност да читаат. Портата секако не се откажала од правото на цензура, при што биле давани и казни на весниците кои пишувале против нејзината политика, а често и биле затворани весниците. Во меѓувреме се појавил и опозицискиот печат, додека во август 1867 година Али Суави почнал да го издава во Лондон весникот „Мухбир“ (Известувач), кој всушност бил прв иселенички весник на турски јазик.

[26] Ортајли, Илбер. *Најдолгиот век на империјата*, Скопје, 2009, стр. 213

[27] Исто тука, стр. 214

Печатот немал голема распространетост низ целата земја поради лошите и бавни сообраќајни врски и поради големиот процент на неписменост. Подоцна со други управни реформи се предвидувало во центарот на секој вилает да се издаваат весници, а се разбира и секој вилает да има своја печатница. Тие всушност биле двојазични изданија, на турски и јазикон на кој зборувал локално население, а кој портата мислела дека не би имал последици за нејзината политика. Меѓутоа ова правило не се следело секогаш, бидејќи портата не дозволувала да се печатат изданија во секој јазик.

Во насока на издавачката дејност се практикувало секоја година да се издаваат салнамиња во кои се објавувале пред се статистички податоци и податоци за државната администрација и слични работи.[28]

За да бидат подобро информирани службениците кои се именувале по разните провинции на империјата, биле издавани алманаси на провинциите, или познати како Вилаетски Салнамиња, кои се издавале периодично, а во кои имало информации за администрацијата, владините службеници, шифрите на населението, верските и етничките поделби, локалните јазици, приходите и расходите и други податоци. Во салнамето на Скадар од 1892 година во шест страници била внесена содржина за Канонот на Лек Дукаѓини, како информација која е неопходна за да се разбере општествените односи.[29]

Издавачката дејност барала интелектуалци кои ги разбираат тековите на општеството за да пишуваат за нив. Меѓу најистакнатите интелектуалци кои го забележале XIX век на Османлиската Империја биле и Ахмед Вефик-паша и Шемседин Сами бег (Сами Фрашери). И двајцата ги карактеризира широката култура и познавањето на странските јазици, што им овозможувало пристап и до другите култури. Ахмед Вефик-паша бил театарски работник кој се школувал во Франција, и покрај

---

[28] Ортајли, Илбер. *Најдолгиот век на империјата*, Скопје, 2009, стр. 216

[29] Gawrych, George W. *Gjysmëhëna dhe Shqiponja*, Tiranë, 2007, стр. 172

францускиот зборувал и грчки, јазик на неговото семејство, а се користел и со неколку европски и ориентални јазици. Бил валија, амбасадор, везир, претседател на првиот османлиски парламент. Тој верувал во идејата дека економијата на Османлиската Империја можела да се заштити од пропаѓање со користење на домашни производи и со избегнување на купување на стока од странско производство. Работејќи во канцеларијата за преводи при портата бил запознаен со европската современа мисла.[30]

Другиот познат интелектуалец, кој исто така бил и познат истражувач од периодот на модернизацијата бил и Шемседин Сами. Шемседин Сами, познат како Сами Фрашери потекнува од познато албанско семејство од Фрашер, денешна Албанија. Неговиот животен пат е многу интересен. Роден во албанско семејство, се образувал на грчки јазик, а се разбира зборувал и турски. Тој одлично се служел со сите три јазици, а подоцна ќе стане полиглот со проширувањето на своите познавања и кон други јазици. Тој го составил првиот и најкористен Француско – Турски речник. Исто така е автор на цела енциклопедија наречена Камус ал Алам.[31] Тој е еден од ретките интелектуалци кои во себе ја негувале и албанската и османлиската свест. На Османлиската Империја гледал како на општа татковина, и османлискиот национализам

---

[30] Ортајли, Илбер. *Најдолгиот век на империјата*, Скопје, 2009, стр. 214

[31] Шест томната енцилкопедија Камус ал-Алам е најобемното дело на Сами Фрашери, што се издало том по том во период од 1889 до 1899 година, со 4380 страни. Меѓу другото, во енциклопедијата посебно место и се посветувало на Албанците и на Албанија. Во енциклопедискиот глас за Албанците, Сами акцентот го ставил во три главни точки. Првата точка ги опишувала Албанците како стар народ, со посебен јазик, историја и обичаи, што било значајно во времето кога била пишувана енциклопедијата, односно времето на националното будење на Балканот. Втора точка на која се осврнувал била потребата да се развие јазикот и книжевноста како средство за опстанок, со што Портата треба да им дозволи да го негуваат својот идентитет. Тратата точка опишувала дека Албанците дале значаен придонес за Османлиската Империја и заслужувале потребен третман. (Gawrych, George W. *Gjysmëhëna dhe Shqiponja*, Tiranë, 2007, стр. 150).

не го гледал заснован на исламска основа, туку ориентиран кон западните вредности. Го издавал весникот Сабах, кој бил еден од весниците кои опстанале најдолго, додека траела самата империја. Автор е на првиот роман напишан на турски јазик „Лубовта на Талат со Фитнет“, како и првата албанска драма „Беса“, поставена на сцена во 1874 година во Истанбул. Со неговата издавачка дејност дал исклучителен придонес во развојот на културата на Албанците, но за тој аспект по опширно ќе се третира во друго поглавје.[32]

Периодот на 70-тите години на XIX век бил доста динамичен и компплициран за Османлиската Империја. Национализмот во Балканот бил во полн ек. Во јули 1875 селаните во Херцеговина дигнале востание, против собирањето на даноците, и покрај слабата година и малите приноси. Револтот потоа се проширил во Босна.[33]

Востанието во Босна и Херцеговина за неколку месеци ќе придонесе да се симнат од престолот два султана и конфликт што ќе води до намалување на Османлиската Империја. Територијалните загуби со себе го провлекувале чувството на несигурност во Империјата и го ставале под знак прашалник иднината на земјата.[34]

Во востанието кое го покренале селаните, не изостанувале влијанијата на Србија, Русија и Австро-Унгарија, кои вршеле пропаганда меѓу селаните христијани. Такви востанички акции се појавиле и во Бугарија. И во престолнината работите не биле во добар ред. Во крајот на мај 1876 година бил организиран преврат од групата која ја воделе Хусеин Авни-паша, Кајсерли Ахмед-паша (министер на морнарицата) и министерот на воените училишта Сулејман-паша. Тие го опколиле дворецот Долмабахче, и на 15 мај 1876 година бил симнат од власт

---

32 Ортајли, Илбер. *Најдолгиот век на империјата*, Скопје, 2009, стр. 261

33 Gawrych, George W. *Gjysmëhëna dhe Shqiponja*, Tiranë, 2007, стр. 57.

34 Clayer, Nathalie. *Në fillimet e nacionalizmit shqiptar. Lindja e një kombi me shumicë myslimane në Evropë,* Tiranë, 2009, стр. 217

султанот Абдулазиз, и на негово место дошол султанот Мурат V, но неговото владеење не траело долго. Во меѓувреме султанот Абдулазиз извршил самоубиство, што го отворило патот да се појават различни озборувања околу позадината на тој настан. Истата година власта ја превзема султан Абдул Хамид II кој владееше со империјата 33 години.[35]

Поради комплицираната состојба, меѓу другото и поради востанието во Бугарија, во Цариград била свикана конференција. Во декември 1876 било прогласено воведувањето на уставот. Од 1876 до 1881 се променети 18 влади.[36] Ваквиот расплет на настаните со востанијата на Балканот, прогласувањето на уставот, и Рурско – турската војна ќе доведе до голем притисок врз Високата Порта, која ќе биде принудена подоцна да го потпише прелиминарниот Санстефански договор, а подоцна и одлуките на Берлинскиот Конгрес. Движењата на балканските народи покрај тоа што го менувале сфаќањето на балканските народи, влијаеле и врз промената на Османлиската Империја. Со прогласувањето на Уставот во декември 1876 година се покажало дека притисоците имаат големо влијание врз државната политика. Првиот османлиски парламент го сочинувале 96 пратеници, и тој се собрал двапати. На првата сесија која траела од 20 март до 28 мај 1877 година се дискутирало само за прашања на легислатурата, уставот и за законот за парламентарните избори. Во втората сесија која се одржала од 23 декември 1877 година до 13 февруари 1878 година била критикувана владата на Високата Порта. Во составот на тој парламент покрај Абдил Фрашери имало и други пратеници Албанци

[35] Pllana, Emin. „Perandoria Osmane në fund të shekullit XIX dhe në fillim të shekullit XX". *Vjetar i Arkivit të Kosovës, II-III (1966-1970)*, Prishtinë, 1970, стр. 37

[36] Исто тука, стр. 37

како што биле: Михал Харито, Али Берати, Костандин Кристофориди (член на Државниот совет) идр.[37]

Меѓутоа, ниту ваквиот парламент не ја спасил Империјата затоа што се повеќе растел национализмот на народитее на Балканот, но и на другите народи кои ја сочинувале Империјата.[38]

Митхат Паша се надевал дека новата влада Османлискиiот Парламент кој почнал со работа на 19 март 1877 година ќе го зајакне реформаторското движење на Танзиматот и ќе ја сопре Европа во замешањето во внатрешните работи на Империјата.[39]

Во тоа време во Отоманската империја, која што го покриваше поголемиот дел од Балканскиот полуостров, доминираа феудалните економски општествени односи. Економската основа во државата ја сочинуваа големите и малите земјишни поседи, кои беа во сопственост на еден мал број на луѓе. Односно, овие големи сопственици сочинувале само 2-3% од популацијата и во нивни раце била половина од земјишниот фонд. Најдобрата земја била во државна или во сопственост на султанот. Османлиската Империја во тоа време, беше аграрна држава со 28 милиони жители, од кои 24 милиони се занимавале со земјоделство, значи 90% од вкупната популација.[40]

Банкарството бил уште еден домен во кој се правеле обиди да функционира во Империјата. Странските компании и држави имале голем интерес за банкарски систем и сигурност во преносот на финансиските средства за потребите пред се на својата трговија. Меѓутоа првата банка во Османлиската Империја се случила поради реформата на финансискиот

[37] Nexhip, Alpan. „Disa çështje shqiptare të diskutuara në parlamentin e parë osman (1877-1878)", *Konferenca kombëtare e studimeve për Lidhjen Shqiptare të Prizrenit 1878-1881*, I, Tiranë 1979, стр. 308

[38] Ортајли, Илбер. *Најдолгиот век на империјата*, Скопје, 2009, стр. 296

[39] Gawrych, George W. *Gjysmëhëna dhe Shqiponja*, Tiranë, 2007, стр. 58

[40] Pllana, Emin. „Perandoria Osmane në fund të shekullit XIX dhe në fillim të shekullit XX". *Vjetar i Arkivit të Kosovës, II-III (1966-1970)*, Prishtinë, 1970, стр. 39

систем од 1844 година. Првата банка наречена Банк-и Дерсаадет (Банк де Константинопол) била формирана од двајца банкари по име Алеон и Балтази од Галата, со кои Портата направила договор. Пред Кримската војна банката била затвора бидејќи државата не можела да ги отплати долговите кои ги земала. Во 1856 повторно било разгледано прашањето на банката, овој пат со инсистирање на Англија, која била важен фактор на трговија со османлиската економија. Во 1856 година во Лондон со кралски указ била формирана Османлиска банка, која во 1863 година станала државна банка под име Царска османлиска банка.[41]

Продирањето на странскиот капитал бил неопходен во времето на XIX век. Кон крајот на XIX век во Османлиската Империја се формирале многу акционерски компании и друштва на Англија, Франција и на други држави, кои ги запоседнале рудниците на олово, манган, ќумур и други. Тогаш се основаа банкарски филијали на големите европски банки, "Deutsch Bank", "Kredit Lione", "Wiener Bank", "Bank Ferein" и други.[42] Покрај таквиот продор на странските стоки кои им конкурирале на локалните производи, Османлиската Империја трошела значителни финансиски средства за одржувањето на стабилноста и згаснување на низа востанија кои избувнувале, особено во Балканските простори, и таквите состојби голтале пари и војска, а при тоа не носеле профит.

По Берлинскиот конгрес Османлиската држава излегла ослабната и намалена од долгата сестрана финансиска, политичка, воена и дипломатска криза која траела од 1875 година до 1878 година. Империјата претрпела големи територијални загуби во Балканскиот Полуостров. Романија, Србија и Црна Гора добиле целосна независност, Босна и Херцеговина биле освоени од Австрија додека Бугарија станала автономно кнежевство. Но османлиската надолница не се однесивала

---

[41] Ортајли, Илбер. *Најдолгиот век на империјата*, Скопје, 2009, стр. 243

[42] Pllana, Emin. „Perandoria Osmane në fund të shekullit XIX dhe në fillim të shekullit XX". *Vjetar i Arkivit të Kosovës, II-III (1966-1970)*, Prishtinë, 1970, стр. 40

само на Балканот, бидејќи и стровот на Кипар му бил даден на Англија, додека Русија ставила рака над провинциите на Карс и Ардахан во Источна Анадолија. Така на Османслиската држава му биле одземени околу 210000 квадратни километри земја, со население од околу 5,5 милиони жители, што било околу една петтина од вкупното население на Империјата. Тоа значело и намалување на финансиските приходи.[43]

Со своето ангажирање во Кримската Војна, за да се обезбеди опстанокот на Османлиската Империја од руската закана, државите на Западна Европа подржуваа процес на реформи кои се однесуваа на сопственоста, правото и верската рамноправност, за кои тие инсистираа дека се значајни за модерна држава.[44]

Во процесот на реформирање на османлиската војска по Берлинскиот Конгрес придонес дал и генералот Коломар Фраихер фон дер Голц кој служел во германската армија. Тој раководел со германска воена мисија во Османлиската Империја од 1883 до 1895 година. Во текот на тој период биле преведени разни прирачници од француски и германски јазик во османлиски јазик. Модернизирањето на опремата се правела паралелно се реформите во образованието и институциите.[45]

Економскиот, општествениот и политичкиот развој на Османлиската Империја кон крајот на XIX век го помогнале избивањето на површина на младите политички сили кои и се спротивставиле на апсолутната власт на султанот Абдулхамит II, како тајна организација.[46]

Османлиската Империја се соочувала со нестабилна внатрешна состојба во многу места, а истовремено таа требала да води грижа од надворешните закани, при што таа треошела голема енергија мо мирно

---

[43] *Historia e Perandorisë Osmane, nën drejtimin e Robert Mantrantit.* Tiranë: Dituria, 2004, стр. 485

[44] Mazover, Mark. *Ballkani, një histori e shkurtër*, Tiranë, 2010, стр. 27

[45] Gawrych, George W. *Gjysmëhëna dhe Shqiponja*, Tiranë, 2007, стр. 167

[46] Pllana, Emin. „Perandoria Osmane në fund të shekullit XIX dhe në fillim të shekullit XX“. *Vjetar i Arkivit të Kosovës, II-III (1966-1970)*, Prishtinë, 1970, стр. 37

време портади внатрешните немири и востанија. Војската била искористена како помош на жандармеријата во собирањето на даноците или за регрутирање на војници. Генералот Коломар Фраихер фон дер Голц при неговото присуство во Османлиската Империја воочил дека османлсиаката војска се користи пред се за воиспоставување на редот и мирот во зоните кои биле проблематични и наликувала повеќа на полиција отколку на современа армиија.[47]

[47] Gawrych, George W. *Gjysmëhëna dhe Shqiponja*, Tiranë, 2007, стр. 168

## БАЛКАНОТ ВО ЕРАТА НА СЕБЕПОЗНАВАЊЕТО

Покрај слабоста која ја покажувала во споредба со Европските држави, Османлиската Империја била пред искушение и во однос на движењата на народите кои живееле во нејзините граници. Тенденции за неприфаќање на османлиската управа постоеле од нејзиното појавување на Балканот. Таа тенденција некогаш била појака, а некогаш послаба. Во XIX век, таа тенденција била поткрепена и со национализмот. Значаен дел од вкупната територија во која се протегала Османлиската Империја припаѓала на Балканот, продирајќи до Босна, територија во која живееле неколку народи. Како и во секое општество, и во Османлиската Империја постоеле оние кои владееле и оние кои се владеат. Значаен фактор да се биде дел од владејачкиот слој бил исламот. И оние кои го прифаќале исламот имале отворен пат кон владејачката хиерархија. Различните автори центарот на политичката моќ на Империјата, Цариград, го опишуваат како средина која нудела поинаков начин на живот и поглед кон нештата, споредбено со другите места во империјата. Тој поинаков поглед се сублимира со еден збор: космополитизам.

Со оглед на фактот дека Балканот бил место каде немало доволно слобода за долг период, и бидејќи бил дел од Европскиот континент, за голем дел на научници кои се занимавале со Балканот било тешко да се разбере дека било место на вредности. Бурните настани кои се случиле по распадот на Османлиската Империја придонеле да се појави мислењето дека Османлиската Империја била кровот каде што можело да живеат разни народи и религии, или еден вид мултикултурен рај. Факт е дека верскиот соживот бил по прифатлив од другите христијански земји, но немало верска рамноправност. Мирот во однос на етничките конфликти бил изразен поради тоа што во Османлиската Империја немало национален концепт.[48]

[48] Mazover, Mark. *Ballkani, një histori e shkurtër*, Tiranë, 2010, стр. 32

Припадниците на различните етнички и верски групи живееле во своите светови, негувајќи ги своите традиции и обичаи. Таквото мноштво на заедници формирале доста шарена Империја. Некои од тие народи пред да станат дел на големото царство имале свои држави, независни цркви и свои писма. Тоа бил уште еден поттик да се ангажираат за добивање на независност. Главна улога во тој процес одиграле богатите трговци и црковни лица кои предничеле со своите идеи. Како што се намалувал авторитетот на Портата, така растеле овие тенденции на балканските народи. Империјата забрзано почнала да го губи османизмот, како ткиво на Империјата, давајќи му простор на национализмот, односно на националното прашање. Еден значаен елемент во патот кон национална независност е и борбата за црковна независност од Цариградската патријаршија.[49] Таквите движења исто така влијаеле одделни балканските народи да ги забрзаат своите напори за истакнување на својата посебност. Меѓу балканските народи националното движење на Албанците има различен развоен пат и особини, споредено со другите народи. Тоа пред се се однесува на тоа што поголемиот дел припаѓале на исламската вера, и јазикот кој го зборувале не бил сличен ниту со словенските јазици, ниту со грчкиот.

И покрај тоа што во Османлиската Империја исламот бил доминантна религија, сепак, според милет системот била гарантирана слободата и на другите религиозни групи (христијани, евреи). Цариградската Патријаршија уживала духовен, финансиски и судски авторитет врз христијаните од Балканот.[50] Најголема корист од ваквиот авторитет на Цариградската Патријаршија имале Грците, пред се поради тоа што грчкиот јазик се задржал како службен јазик на Патријаршијата, а и најголемиот дел на високото свештенство биле Грци. Грчкиот јазик се користел и во верските училишта. По потреба и Високата Порта го

[49] Ортајли, Илбер. *Најдолгиот век на империјата*, Скопје, 2009, стр. 70

[50] Исто тука, стр. 71

користела грчкиот јазик при пишување на фермани, во зависност од потребата. На тој начин Грците имале и најповолна положба во администрацијата на Високата Порта.[51]

Развиеното морепловство и врските со Европа, каде што имале симпатии за античкото минато на Грција биле значаен фактор меѓу Грците да се појават национални чувства. Од друга страна поради тоа што Цариградската Патријаршија имала доминација врз православните Словени на Балканот, меѓу нив растел отпорот кон неа, бидејќи таа била идентификувана и со Високата Порта, од чија власт таа придобивала. Бугарските преродбеници настојувале да се добие независна црква, при што во 1870 година била основана Бугарската Егзархија. По ослободувањето на Бугарија односно со признавањето на Кнежевство Бугарија во 1878 година и со признавањето на автономна Источна Румелија, Бугарската егзархија се сметала себеси за исклучителен легитимен претставник на македоснкиот народ и заштитник на неговите основни права и интереси во Турција, и врз база на тоа Бугарската егзархија била против самостојните црковно-училишни општини.[52]

Бугарската Егзархија околу 1900 година имала влијание врз 781 училишта, 1221 учители и 39.973 ученици.[53]

Пред останатите народи на Балканот, Грците започнале да го шират своето влијание во културен и идеолошки план врз другите народи. Наспроти Грците, Словените на Балканот се свртеле кон Русија, како сила која можела да им помогне на патот кон независноста.[54] Влијанието на Русија врз Балканот започнало уште кон средината на XVII век, а како пример за тоа може да се смета отворањето на печатница во молдавскиот

---

[51] Ортајли, Илбер. *Најдолгиот век на империјата*, Скопје, 2009, стр. 71

[52] Христов, Александар. „Генезата и развитокот на идејата за автономија и будењето на македонската национална мисла (1871-1881)", *МАКЕДОНИЈА ВО ИСТОЧНАТА КРИЗА 1875-1881*, Скопје, 1978, стр. 96

[53] Gawrych, George W. *Gjysmëhëna dhe Shqiponja*, Tiranë, 2007, стр. 189

[54] Ортајли, Илбер. *Најдолгиот век на империјата*, Скопје, 2009, стр. 73

град Јаши, која била отворена со иницијатива на киевскиот митрополит Пјотр Могила.[55] Врските со Русија, балканските народи не ги воспоставиле преку трговијата, туку преку црквата, односно преку врските кои ги воспоставиле верските лица. Доситеј Обрадовиќ, иако бил духовно лице, во 1804 година станал секретар на Караѓорѓе и главен инспектор на српските училишта. На тој начин црквата била вовлечена во процесот на националното будење. Токму свештениците од Балканот биле оние кои преведувале дела од старогрчки и старословенски на народен јазик на народот на кој му припаѓале, при што можеме да ги спомeнеме делата на Обрадовиќ на српски јазик и на Софрониј Врачански на бугарски јазик.[56] Видливото ориентирање на балканските Словени кон Русија било поттикнато и од недовербата која ја имале православните кон римската црква. Меѓутоа, поради блиските односи на Цариградската Патријаршија со Високата Порта, и кон неа постоела недоверба. Ваквата состојба се обидела да ја користи во своја полза римската црква која отворила центри за католичка пропаганда во Бугарија и Романија, но тоа не придонело видливо ориентирање на христијаните кон Рим.

Истовремено со опаѓањето на моќта на Османлиската Империја на Балканот се одвивал и процесот на зајакнување на Австро-Унгарија на тие простори и пошироко, што може да се следи и со зајакнувањето на економските активности. Но, неколкугодишното економски продирање, несомнено дека придонело и за културно и политичко влијание.[57]

По неуспешниот обид за освојување на Виена, Високата Порта имала се помала контрола на Балканот. Поради редуцирање на армиските гарнизони по градовите се намалила и безбедноста во тие градови. Во XVIII век станува воочлива состојбата во која градското население сама се грижела за својата безбедност. И не е случајност кога големите

---

[55] Ортајли, Илбер. *Најдолгиот век на империјата*, Скопје, 2009, стр. 75

[56] Исто тука, стр. 77

[57] Исто тука, стр. 77

сопственици на земја станале и првенци на градовите или регионите. Тие имале взаемен интерес, при што гарантирале безбедност и за другите, но и за своите поседи.

Надворешните автори и патописци биле воодушевени од селаните кои се облекувале со нивните народни носии со живописни бои, што за нив претставувало продолжение на древниот начин на живеење. Етнографите биле маѓепсани од романтичниот изглед на селаните во XIX век, кои биле жив музеј на народните традиции, ги опишуваа народните костими и нивните елементи. Балканот како таков се опишувал како место каде времето застанало.[58]

И начинот и средствата со кои се обработувала земјата се сменила малку, споредено со Европа. И продирањето на часовниците на Балканот бил бавен процес. Во XIX век, во градовите почнало да се практикува и нов начин на облекување, познат како *алафранга*, со што почнало истовремено да се воочува и разлика меѓу селаните и нивниот начин на облекување, кои по бавни ги прифаќале промените во тој план, и понатаму ги користела традиционалните костуми.[59]

Доаѓањето на Османлиите на Балканот од многу автори се гледа како период на опскурантизмот. Но во периодот на Османлиската Империја најголем придобивки имало селанството. Речиси два века пред доаѓањето на Османлиите селанството патело од политичката нестабилност на доцното Византиско Царство и војните кои ги правеле нивните сопственици и господари, кои биле христијани – грци, словени, французи, венецијанци и каталани – и владееле на суров начин. Токму оваа категорија на владетели исчезнала со воспоставувањето на Османлиската Власт. Во подоцнежниот период кога се создале

[58] Mazover, Mark. *Ballkani, një histori e shkurtër*, Tiranë, 2010, стр. 45

[59] Исто тука, стр. 46

балканските независни држави, недостигал аристократијата, која била значаен елемент во Западна Европа.[60]

Во времето кога силата на Османлиската Империја била во опаѓање, зачестиле бандите и разните одметници, кои постојано бегале од оние кои трагале постојано по нив, а често пати преминувале и зад новите граници кои се создале, вклучувајќи се и во востаничките редови на соседните земји.[61]

Почетокот на XIX налагал спроведување на неопходни реформи. Во однос на контролата на моќта на султанот врз оружените сили дошла во израз кога настапила кризата на со јаничарите. Тие имале значајна независност и често пати учествувале дури и во присилно симнувањето од тронот на султаните. Во 1826 година се случил пресврт во судбината на јаничарите, при што тие биле ликвидирани и престанале да постојат како одред.[62]

Околу 1830 година Османлиската Империја во насока на спроведувањето на реформите се наоѓала во голема дилема, дали да стави крај на регионалните одметници кои покажувале непослушност или да покаже толеранција. Таквите немири во провинциите, како и националните движења на балканските народи придонеле тогашната елита на Османлиската Империја да презема чекори во насока на примена на европски административни методи и воено организирање со цел Империјата да опстане. Тоа подразбирало отстранување на слободните зони каде што локалните првенци и пркоселе на централната власт. Меѓутоа, реформите не биле неприфатливи за локалните паши. На пример феудалното семејство на Бушатлиите во Скадар во 1831 година ги прогласило реформите дека биле спротивно на шеријатот, и неприфатливи за верското право и ги мобилизирале муслиманските првенци од Скадар

---

[60] Mazover, Mark. *Ballkani, një histori e shkurtër*, Tiranë, 2010, стр. 47

[61] Исто тука, стр. 33

[62] Исто тука, стр. 58

до Лесковац, Босна во еден вид сојуз на ајани, краткотраен но опасен за Високата Порта. Можеме да кажеме дека тоа е време кога локалниот авторитет бил во највисока позиција. Таквите локални авторитети честопати и се одметнувале од авторитетот на централната власт. Меѓу другото, познати се и неколку паши Албанци како Бушатлиите во Скадар, Али паша од Јанина, Реџеп а по него и Абдурахман Паша од Тетово. Портата кон нив гледала и како на спасувачи на нејзината власт и како голема опасност, поради нивното одметнување и непослушноста. Меѓутоа, и покрај воените успеси во задушувањето на локалните паши, во Косово декретот на Ѓулханскиот хатишериф бил прогласен неколку години по усвојувањето, во 1843 година, во Скадар во 1844 година и во Јужна Албанија во 1845 година.[63]

Национализмот на Балканот, ги опфатил во своите редови и селаните, но при тоа мора да се има предвид дека тоа опфаќање не било поради политичките концепти, туку правото над земјата, нивото на животот и додатните даноци како значаен фактор. Земјоделство влегло во процес кога побарувањата за земјоделските приходи се барале во монета и кога ангаријата исто така требало да се помири наместо со работа со пари, што создало тензии меѓу селаните. Револтот во Херцеговина од 1875 година го разнишал османлиското владеење на Балканот бил поттикнат од лошата жетва и лошото третирање на селаните од војниците при земањето на даноците.[64]

Со растот на национализмот на Балканските народи, но и на другите народи на Империјата, покрај тоа што тоа влијаело да слабее државата, несомнено дека паралелно со тоа слабеел и најважниот елемент на таа голема империја а тоа бил османизмот. Покрај растот на националното будење на Балканските народи, најголем удар османизмот доживеал од појавата на турскиот национализам, кој не е доволно

---

[63] Schmitt, Oliver Jens. *Shqiptarët, Një histori mes lindjes dhe perëndimit*, Tiranë, 2012, стр. 78

[64] Mazover, Mark. *Ballkani, një histori e shkurtër*, Tiranë, 2010, стр. 59

третиран во националните историографии на балканските народи. Како почетоци на турскиот национализам се сметаат појавата на книгата Le Turcs anciens et modernes што била напишана околу 1860 година од Мустафа Џелаледин-паша, кој бил полјак по потекло и кој во Османлиската Империја избегал во 1849 година, како и обраќањето на Ахмед Вефик – паша кон христијанските делегати од Сирија додека го водел првиот османлиски парламент (1877-1878) со зборовите: *„Ако сте паметни во најкраток можен рок ќе научите турски јазик“.*[65] Во оваа насока вреди да се спомене фактот дека иако турскиот јазик бил и претходно официјален, сепак тој за прв пат бил спомнат како таков во Уставот од 1876 година.

Појавата на турскиот национализам и неговата доминација во државните институции бил тежок удар за космополитскиот живот и претходната управна структура. Покрај појавата на турскиот национализам, на повидок била и една друга појава: исламистичка идеологија. Тоа зело замав по склучувањето на мирот во Карловац и Пожаревац со што биле изгубени територии во европскиот дел на империјата, со интензивирањето на балканскиот национализам и со се поголемото замешување на големите европски држави врз територијата на Османлиската Империја.

Балканскиот национализам бил во поразвиена фаза меѓу христијаните, отколку меѓу муслиманите. Со оглед на трговските и културните врски кои ги воспоставиле припадниците на напредните слоеви, национализмот зел по организирана форма во културен и идеолошки план. И покрај влијанието на Русија преку црквата и дипломатите во поттикнувањето на ваквиот развој, не треба да се занемари влијанието на Австрија, и во економски и во културен аспект. Таа имала интензивна трговија, при што Балканот станал и пазар за нејзините

[65] Ортајли, Илбер. *Најдолгиот век на империјата*, Скопје, 2009, стр. 81

производи, и извор за потребните суровини.[66] Во однос на трговијата, најмногу биле вовлечени Грците, кои кон почетокот на XVIII век располагале со трговска флота од околу 600 бродови. Под влијание на развиената трговија се случила и промена во градовите на Балканот.

Австрија во XVIII и XIX век станувала се по влијателна во аспект на културниот живот на Словените на Балканот, меѓу другото и поради тоа што дел од словенското население живеело во рамките на Австрија, и тие имале развиени контакти со населението кое било надвор од тие граници. Особено тоа било значајно за ширење на западната култура и национализмот. Русија со словенските народи на Балканот имала сличност во верски и јазичен аспект. Но Грците, потпомогнати од трговијата биле првенци во поглед на создавање не буржоазија, која била пресудна за создавање не испреплетени врски со Западна Европа.[67] Религиската припадност на Грците во најголем процент била компактна, односно православна. Под османлискиот авторитет Православната Црква уживала доминантен авторитет и единство.

Споредено со движењата на словенските народи на Балканот, грчкото национално движење започнало надвор и се вгнездило во Грција, додека кај словенските народи тоа движење било развиено во внатрешноста на земјата. Високата Порта потрошила голема енергија справувајќи се со движењата за национални држави на словенските народи, почнувајќи со српско, црногорското и завршувајќи со бугарското. По склучувањето на Карловачкиот и Пожаревачкиот мир, делови на териториите кои претходно биле под османлиска власт како санџаците Темишвар и Банат потпаднале под Австријската власт. Во тие области живееле Срби кои Австрија ги поттикнала да учествуваат во движењата кои се стремеле да стекнат независност на Србија од Османлиската

[66] Ортајли, Илбер. *Најдолгиот век на империјата*, Скопје, 2009, стр. 82

[67] Исто тука, стр. 85

Империја.[68] Во 1803 година под водството на кнезот Караѓорѓе избувнало српското востание. Меѓу востаниците имало и такви кои се обучувале во Австријската војска, вклучувајќи го и Караѓорѓе, а меѓу нив имале и офицери кои служеле во армијата на Австрија и дале оставка за да се приклучат кон востанието. По избувнувањето на востанието Караѓорѓе побарал да стапи во контакт со султанот Селим III, кој не ги прифаќал барањата за автономија. Истовремено Србите упатиле делегација и во Петроград, но царот Александар не дал отворена поддршка за востанието, и дал совет за се склучи мир со оглед на тоа дека Русија била изложена на опасноста од Наполеон, и сакала да си има добри односи со Османлиската Империја. Меѓутоа, и покрај ваквата состојба во однос на рускиот став, востанието напредувало, и во 1806 година Белград паднал во востанички раце, а подоцна и другите утврдувања кои се наоѓале во Србија.

Караѓорѓе имал поголеми амбиции од автономија, но Русија и Големите Сили не пружеле поддршка. Но кога во 1812 година и Австрија и Русија се соочиле со нападот на Наполеон, Караѓорѓе останал без поддршка и во 1813 година Белград повторно паднал под рацете на османлиите.[69] Една година подоцна Милош Обреновиќ, заменувајќи го Караѓорѓе повторно организирал востание. По поразот на Наполеон, Русија стекнала по моќна положба во Европа. Во овие настанати околности Османлиската Империја го прифатила барањето да даде автономија за Србија. Српските воени одреди не биле расформирани а се формирал и Совет наречен Скупштина.[70] Милош Обреновиќ бил признат за Голем Кнез. Било одлучено во Белград да биде распореден еден османлиски гарнизон со јаничари. Србија се обврзала да плати годишен данок. Во 1817 година се случила сурова пресметка во борба за власт. Имено, Караѓорѓе се вратил за да ја земе власта но Милош наредил да биде

[68] Ортајли, Илбер. *Најдолгиот век на империјата*, Скопје, 2009, стр. 88

[69] Castellan, Georges. *Histori e Ballkanit (Shekulli XIV-XX)*, Tiranë, стр. 270

[70] Ортајли, Илбер. *Најдолгиот век на империјата*, Скопје, 2009, стр. 89

убиен, а како знак на покорност неговата глава му ја испратил на османлискиот паша во Белград.[71]

Во 1829 година во Едрене бил потпишан договор со што во правен аспект била прифатена автономијата на Србија, што во суштина значело прифаќање на независноста. Милош станал наследен кнез. Со тоа ќе биде отворен патот за целосна независност на Србија што ќе се случи во 1878 година на Берлинскиот Конгрес. Настаните во Србија, а подоцна и грчката независност ќе го започнат процесот на забрзано разнишување на Османлиската Империја. До 1876 година во Македонија работеле околу 30 српски училишта, кои биле раководени од "Просветни одбор" со седиште во Белград, кој имал задача да се грижи за отворањето и одржувањето на српските училишта.[72]

Востанието во Грција предизвикало поголемо внимание во Европа. Таа била територија со големо стратешко значење и важна за интересот на Големите Сили, што било пресудно да добие независност во 1829 година. Во процесот на добивање на независноста на Грција значајна улога одиграло Филики Етерија (Philike Hetairia – Друштво на пријателите), кое било основано во 1814 година во Одеса. Друштвото функционирало како

---

[71] Во 1806 година српските кнезови се обратиле за помош на Русија, при што локалното востание се движело на патот на борбата за слобода. Иако Русија гледала со внимание кон православните верници на Балканот, сепак таа не сакала неконтролирано уривање на Османлиската Империја. Но по поразот на Наполеон Русија го зголемила нејзиниот интерес за Балканот, и под овој притисок османлиите попуштиле. Милош Обреновиќ бил признат како владетел. Во знак на верност кон Портата тој го убил Караѓорѓе Петровиќ. Во времето на избувнувањето на грчкото востание , тој застанал на страната на Портата. Во годините на руско-турската војна 1828-1829 год. бил признат како законски наследен кнез на Србија, со целосна автономија. Поради ваквиот развој на нештата Србија почнала да се гледа како независна држава.

Mazover, Mark. *Ballkani, një histori e shkurtër*, Tiranë, 2010, стр. 103

[72] Храбак, Богумил. "Званична Србија и Црна Гора према Македонији у источној кризи 1875-1878", *МАКЕДОНИЈА ВО ИСТОЧНАТА КРИЗА 1875-1881*, Скопје, 1978, стр. 461

тајно друштво и околу неа се собирале интелектуалци и трговци кои живееле во пристанишните градови на Црното Море и Русија. Слични друштва биле формирани и во други места. Меѓутоа, друштвото кое било формирано во Одеса било најсилно, а на нејзино чело се наоѓал Александар Ипсиланти, кој бил царски воен аѓутант. Трговците кои биле носители на грчкиот национализам вон земјата, не биле против тоа на чело на државата да се назначат кнезови по потекло од Европа.[73]

Кон крајот на 1821 година водачите на грчкиот револт се собраа во собрание за да го прогласат уставот и се обратиле до Европа за помош. Но грчките востаници не биле добро организирани. Во задушувањето на востанието биле ангажирани и египетските сили водени од Ибрахим паша. По ваквите збиднувања, Кенинг, премиерот на Велика Британија, стравувал дека можат да се спроведат насилства и депортации на населението. На овој начин со странски притисок бил отворен патот на грчката независност.[74]

Меѓутоа, иако со Лондонскиот протокол од 3 февруари 1830 година било предвидено Грција да биде независна монархија, таа одредба Грција не ја прифатила во почетокот и како претседател го поставиле грофот Јован Каподистрија, министер за надворешни работи на руският цар. Но за него тоа било исклучителна тешка задача да се соочи со искушенијата да води земја која претходно немала водач. Тој се соочил со црковните водачи, сопствениците на земја и европските државници кои мислеле дека тие треба да одредат кој ќе стане на чело на новата држава, а кои биле предводени од Метерних. Каподистрија немал среќа да владее долго, затоа што бил убиен на атентат спремен од страна на земјопоседниците. На чело на Грција големите сили го поставиле баварскиот кнез Ото. Големите сили на Европа кон самостојноста на Грција гледале како свое дело, и следствено на тоа сметале дека имаат право да одлучат кој ќе стане на

[73] Ортајли, Илбер. *Најдолгиот век на империјата*, Скопје, 2009, стр. 91

[74] Mazover, Mark. *Ballkani, një histori e shkurtër*, Tiranë, 2010, 107

нејзино чело, и така може да се каже дека Грција била ставена под протекторат или старателство. Една од главните причини за одлучното здружување на флотата на Англија, Франција и Русија, и акцијата за опожарување на османлиските и египетските бродови била акцијата на трупите на Мехмед Али за воспоставување на власт во Грција. Токму стравот од повторното враќање на авторитетот на Портата придонело да се замешаат Големите Сили, особено Англија, и наместо автономија Грција да добие независност по завршување на Руско – турската војна. На овој начин, независноста била проследена и поврзана со мешањето во внатрешните надворешните и работи на Грција, принцип кој ќе продолжи и во иднина.[75]

Споредбено со другите народи на Балканот, во културен аспект Грците имале поинаква перцепција за својата припадност. Меѓу тогашните интелектуалци кои несомнено биле под влијанието на западна Европа постоела свест дека народот и земјата на кои им припаѓале дале најголем придонес за европската цивилизација. Во самото грчко општество постоела поделеност околу прашањето на јазикот. Интелектуалците не прифаќале народниот јазик (димотики) да биде литературен јазик. Како и кај останатите народи на Балканот народниот јазик содржел многу зборови кои имале друго потекло, што е прилично доста изразена појава кај сите народи на Балканот кои живеле во хетерогени општества. Катаревуса како дијалект бил поврзан со литературното минато на грчкиот јазик, но кој не бил сличен со народниот говор.[76] Ова јазична поделеност го разбранува грчкото општество и во денешното време. Во оваа насока големо влијание имала и грчката црква, која била конзервативна и со презир гледала кон световниот развој на земјата.

Грција, како и другите балкански држави отворила низа конзулати во Османлиската Империја. На пример во Јанинскиот Вилает, покрај во

[75] Ортајли, Илбер. *Најдолгиот век на империјата*, Скопје, 2009, стр. 91

[76] Исто тука, стр. 92

Јанина таа имала конзулати и во Превеза, Ѓирокастро, Берат, Лушња и Валона, со што може да се заклучи интересирањето на Грција за споменатиот регион.[77]

Во Македонија се отворале и разни грчки училишта и културно-просветни организации и преку нив се собирале приврзаници и се влијаело во формирањето на грчка национална свест. Во таа насока активна се покажало "Друштвото за ширење на грчка писменост" формирано во април 1869 година во Атина но и самото Министерство за надворешни работи преку своите конзуларни канцеларии во Солун, Серес, Битола и Скопје. Таа започнало да дејствува откако кралот Георгиос потпишал указ со кој се одобрува формирање на Силогосот и се потврдува неговата организација.[78]

Големите сили имале исклучително влијание врз развојот на национализмот на балканските народи. Но тој национализам бил својствен и по тоа што имал елементи на антагонизам меѓу одредени народи, што продуцирал оддалечување и недоразбирање, а тоа довело до намалување на соработката. Кога одреден народ на Балканот правел напори за ослободување и независност тоа привлекувало симпатии кај останатите народи, надевајќи се дека и тие еден ден ќе го направат истото. Меѓутоа, кога по осамостојувањето новите држави започнале процес на експанзија за зголемувањето на првичните граници, меѓусебната перцепција се сменила.

Бугарите биле соседен народ кој ќе добие независност подоцна од Србите и Грците. До почетокот на XIX век нај употребуван јазик во училиштата во Бугарија бил грчкиот. Исто така грчкиот јазик бил често употребуван во трговијата. Бугарските интелектуалци со симпатии гледале кон грчките напори за осамостојување. Тие исто така се приклучиле и кон грчкото востание, но тоа не ги зближило, туку ги разочарало. Во 1828

---

[77] Gawrych, George W. *Gjysmëhëna dhe Shqiponja*, Tiranë, 2007, стр. 189

[78] Јовановски, Далибор. *Грчка балканска политика и Македонија (1830 - 1881 год.)*, Скопје, 2005, стр. 117

година Русија стапила во војна со Османлиската Империја. И исходот на оваа војна за Бугарите ќе донесе разочарување. Османлиската армија се повлекувала од навлегувањето на руските трупи, и така војската на Никола I влегла во бугарија, откако го поминале Дунав. На страната на руската армија се борела и бугарската војска наречена Татковинска, која била формирана во 1810 година во Влашка, командувана од Георги Мамарчев. Иако царот Никола I стигнал до Варна, поради болестите, гладот и недостаток на дисциплина во редовите на армијата бил принуден да се повлече. Во 1829 година, со одлуките на договорот во Едрене Грција станала независна, но Бугарија не добила ништо. Незадоволен Мамарчев кренал востание во Силистра, но бунтот бил задушен од руска единица.

Бугарите пак организирале востание во 1835 година под водството на Велко Атанасов од Велико Трново, кое пак доживеало неуспех.[79] Тогашните бугарски интелектуалци сфатиле дека треба да се работи во образованието и културното подигнување на народот, преку ширењето на просветата на бугарски јазик, пред се лаичко образование. Потоа почнала борбата за создавање на независна национална црква. Меѓутоа, и во бугарското општество грчкото влијание било доста изразено, било да е тоа преку Цариградската Патријаршија, било преку грчките училишта во кои се образувале децата на богатите трговци. На пример, еден познат културен деец Априлов, кој се образувал во Русија и Европа до 1831 година себеси се сметал дека е Грк. За бугарските корени дошол во сознание кога го прочитал Венелин кој бил Русин, односно кога го прочитал неговото дело за бугарската историја под влијание на славјанофилската идеја. Тој, правел активности за ширење на бугарската просвета, па така во 1835 година основал прво модерно бугарско училиште во Габрово. Мрежата на бугарските училишта брзо се ширела, додека значајна помош давале бугарските трговски кои работеле во Романија и Русија. Во 1840 година било отворено и првото женско

---

[79] Ортајли, Илбер. *Најдолгиот век на империјата*, Скопје, 2009, стр. 93

училиште во Плевен, што имало влијание и врз тоа да се појават првите учителки. Меѓутоа, споменатите активности наишле на спротивставување кај грчките свештени лица и воопшто кај Цариградската Патријаршија која реагирала кај Високата Порта. Меѓутоа, со одлуките на Хатишерифот на Ѓулхане од 1839 година бугарските училишта добиле право да се шират и дејствуваат слободно.[80]

Во тие години се појавува и бугарскиот печат надвор од земјата. Како прво периодично издание бил весникот „Љубословие" кое се издавало во Измир од Константин Фотинов во 1844 година. Во Лајпциг во 1846 година се издавал весникот „Бугарски орел" од страна на Богеров.

По спроведувањето на реформите на Танзиматот за Бугарите бил создаден Бугарски духовен одбор.[81] Создавањето на таквиот одбор не значело дека создавала одвоена бугарска црква, но тоа го отворал патот кон таков чекор. На таквиот чекор реагирала Цариградската Патријаршија, која инсистирала кај Портата секогаш на чело на тие одбори да биде поставен митрополит со грчко потекло.

Во христијанските средини во XVII век се појавиле и секташките движења, најпрвин со активностите на француските мисионери, а потоа и на американските мисионери. Но иако меѓу Бугарите дејствувале многу такви организации, не влијаело тие да ја напуштат православната вера. Во 1860 година Портата не ги прифатила барањата за независна бугарска црква. Меѓу некои бугарски дејци се појавиле идеи да се основа Католичка црква зависна од Рим. Во 1859 година од страна на Драгон Свиштов бил издаден весникот „Б'лгарија" преку кој се пропагирала католичка пропаганда. Во 1860 година Рим го назначил Драгон Станковски како поглавар на бугарските католици. Неколку бугарски трговци од пристанишните центри преминувале во католичка вера. Ваквите случувања ја алармирале Русија за да ја подржи намерата за независна

---

[80] Ортајли, Илбер. *Најдолгиот век на империјата*, Скопје, 2009, стр. 95

[81] Исто тука, стр. 127

Бугарска црква. Откако Портата го издала ферманот според кој се признавала Бугарската егзархија, тогаш сите Бугари се обединиле околу нивната црква. Меѓутоа, Цариградската Патријаршија секогаш со задоцнување ги признавала независните цркви.

Создавањето на Бугарија се случило подоцна од Србија и Грција. Верските промени во Бугарија одиграа поголема улога во споредба со патриотската дејност во подигнување на свеста. Американските протестантски мисионери го превеле Новиот Завет на јазик разбирлив за бугарските селани, со што почнало да се намалува грчкото влијание. Во пролет 1876 година во Бугарија се дигнало во востание, што ќе има оддек во европскиот печат.[82]

Априлското востание што избувнало во 1876 година не ги дало очекуваните резултати, во насока на масовноста на одѕивот. Но султанот, стравувајќи од друго востание во центарот на Империјата презел итни мерки за задушување на востанието. Меѓутоа, мерките на османлиските трупи го привлекле вниманието на Европските сили, и упатиле повик до султанот да спроведе реформи. Бидејќи барањата биле отфрлени, Русија ги упатила своите трупи на поход за освојување на Балканот во 1877 година, со што патот до Цариград бил отворен. Ваквото одвивање на настаните ќе доведе до потпишување на Санстефанскиот Прелиминарен Договор, а потоа и до одржување на Берлинскиот Конгрес. Ваквото забрзано ширење на влијанието на Русија било неприфатливо за Велика Британија. Меѓутоа, санстефанска Бугарија ќе има големо влијание во понатамошната бугарска политика кон териториите кои останале надвор од Бугарија.[83]

Бугарската црква била признаена после Втората светска војна.[84] Цариградската патријаршија се соочила со автокефалноста на грчката црква во 1833 година, во 1878 година таков статус добила и Романската

---

[82] Gawrych, George W. *Gjysmëhëna dhe Shqiponja*, Tiranë, 2007, стр. 57

[83] Mazover, Mark. *Ballkani, një histori e shkurtër*, Tiranë, 2010, стр. 113

[84] Ортајли, Илбер. *Најдолгиот век на империјата*, Скопје, 2009, стр. 129

црква. Со одвојувањето на српската и бугарската црква, фактички се намалил авторитетот во голема мера. Со инсистирање на Англија во 1850 година Портата ја признала и протестантската заедница, со добивање на статусот на милет, каков што имале православните и католиците. И покрај тоа што Англија лобирала за да се признае протестантизмот, како мисионери за ширењето најчесто се појавувале американските мисионери. Всушност протестантизмот во Османлиската Империја бил продукт на англиската дипломатија и американската протестантска мисија.

Низ целото време додека се развивале националните идеи меѓу балканските народи, турскиот народ во овој поглед бил назад споредено со малите балкански народи. Меѓутоа, она што може да се каже на релација: национални движења на балканските народи – османлиска империја е фактот дека Портата кон тие движења гледала како востанија, односно како минливи феномени кои можат да се задушат, не гледајќи го добро национализмот кој растел и станувал се по изразен, што на крај ќе доведе до уривање на таа голема империја.[85]

Меѓу балканските народи постоело ривалност во пероидот на националното ослободовување, но и по добивањето на таквата независнот тој ривалитет продолжила поради недоразбирањата околу границите. Овие спротивставувања својата основа ја имале во различноста на јазиците, религиите и на националните и идеолошките идентитети, кои претставувале препрека за некакво можно обединување на новите наци и за нивната взаемна соработка.[86]

Да се проучуваат националните движења на балканските народи во поширок спектар е прилично тешко, бидејќи литературата која се однесува на таквите движења не ги зема предвид и состојбите во другите балкански народи, кои во периодот на националното будење се судирале со исти или слични проблеми. Исто така тоа што е воочливо во повеќето објавени

---

[85] Ортајли, Илбер. *Најдолгиот век на империјата*, Скопје, 2009, стр. 95

[86] Skendi, Stavro. *Studime kulturore ballkanike*, Tiranë (Без година на издавање), стр. 9

трудови, османлискиот период се протолкува како период на угнетување и опскурантизам. Проучувањето на историјата на балканските народи во Османлиската Империја е интересна меѓу другото и поради еден факт, а тоа дека во тој период, балканските народи за последен пат живееле во заедничка држава.[87]

Турско – грчката војна за Крит од 1897 година ги алармирала Австро-Унгарија и Русија, кои стравувале таа да не се протега во други балкански територии. Голуховски во 27-29 април 1897 година го посетил Санкт Петерзбург и се сретнал со Муравели, при што двајцата министри за надворешни работи се договориле какви мерки да се преземат доколку се расипе статус квото на Балканот. Меѓутоа, нивните ставови се разликувале меѓу себе во аспект на содржината. Според преписката на Австро-Унгарија до Русија, таа се залагала за анектирање на Босна и Херцеговина и санџакот на Нови Пазар, за креирање на независна албанска држава, отфрлувајќи секаква туѓа власт, која би се протегала од Јанина до Скадар, „со доволен простор во источната страна", за поделба на османлиските територии во Балканскиот полуостров меѓу различните балкански држави. Додека Русија од друга страна во нејзиниот одговор од 17 мај 1897, се согласувала со Австро-Унгарија во врска со зачувувањето на статус квото на Балканот, мислела дека анектирањето на Босна и Херцеговина и независноста на Албанија биле предвремени одлуки, бидејќи тоа и припаѓало на иднината, и дека е тешко такви одлуки да се преземат сега.[88]

Односите меѓу Русија и Црна Гора се истакнале уште во времето на Петар Велики. Црна Гора гледала кон Русија како земја со која имале исти идеали и иста вера. Додека Русија кон Црна Гора гледала како чувар на славизмот на Западниот Балканот и како руска тврдина против целите на

[87] Skendi, Stavro. *Studime kulturore ballkanike*, Tiranë (Без година на издавање), стр. 13

[88] Stavro Skendi. "Interesat e fqinjëve Ballkanikë dhe Fuqitë e Mëdha", *Zgjimi kombëtar shqiptar*, Tiranë, 2000, стр. 266

Австро_унгарија. Тие ја помогнале неа колку што можеле во Берлинскиот Конгрес.[89]

Француските дипломати во нивните извештаи забележале дека влијанието на Русија врз Црна Гора било големо, при што Црна Гора без да ги разгледа ги усвојува наредбите испратени од руската влада. И принц Никола ништо не правел без да побара авторизирање од Русија. На црногорските војници им се делат одликувања од рускиот цар, се вели во извештајот од 30 март 1880 година.[90]

Кон крајот на векот, и италијанските кругови покажаа интерес за Црна Гора. Во тоа време Ипен му пишувал на своето министерство дека во Италија имало групи кои не се согласувале со албанската национална идеја на итало Албанците и дека биле пријатели на Црна Гора. Во 1899 година кралот на Италија Виктор Емануел се оженил со Хелена, четвртата ќерка на принцот на Црна Гора. Овој настан придонесол Италија да се заинтересира повеќе за Црна Гора. Италија на овој начин станала влијателна и во Црна Гора, а со тоа и поголем ривал на Австро-Унгарија. За Италија и Русија, Црна Гора претставувала пречка за експанзијата на Австро-Унгарија. Црна Гора водела активна политика за присвојување на Албанците, искористувајќи го незадоволството што го имале кон Високата Порта.[91]

Аспирациите на Србија за ширење на своите граници во правец на Косово наишле на судир со интересит на Црна Гора. По потпишувањето на договорот меѓу Србија и Бугарија, таканаречената *Угодба* (19 февруари 1897) со која ниедна страна нема да преземе некакво политичко и воено

[89] Skendi, Stavro. "Interesat e fqinjëve Ballkanikë dhe Fuqitë e Mëdha", *Zgjimi kombëtar shqiptar*, Tiranë, 2000, стр. 266

[90] Shehu, Gjyltekin. "Disa aspekte të diplomacisë frënge përkitazi me ngjarjet e viteve 1878/1879", *Gjurmime albanologjike, Seria e shkencave historike*, nr. 19-1989, Prishtinë, 1990, стр. 141

[91] Skendi, Stavro. "Interesat e fqinjëve Ballkanikë dhe Fuqitë e Mëdha", *Zgjimi kombëtar shqiptar*, Tiranë, 2000, стр. 267

дејствуе без претходен договор, Црна Гора била поканета да зема учество. Принцот Никола се покажал спремен но го истакнал прашањето на сферите на интерес на Црна Гора и Србија во Османлиската Империја. То довело и до ривалство меѓу династиите на Србија и Црна Гора, Обреновиќ и Петрович.[92]

Околу 1860 година, владата во Белград се ангажирала во водење на поактивна политика кон Србите кои живееле на Косово. Таа се покажала активна во праќањето на учители како и во давање на стипендии за Србите кои живееле во Османлиската Империја за да се школуваат во Белград. За повозрасните биле организирани Српски културни клубови. Мал дел на Албанци муслимани ќе покажат интерес за следење на српските училишта што се отворале во Косово.[93]

Во 1871 Србија отвара богословија во Призрен, за потребите на образување на верски кадар. Средствата за потребите на Богословијата Србија ги праќала преку рускиот конзул во Призрен Јастребов.[94]
Србија водела активна пропаганда во регионите кои сеуште биле под османлиска власт. Та бележела краток застој по 1885 година со поразот во Сливница што го доживеала од Бугарија. Но во следните години таа повторно станала активна со основањето на околу сто училишта во Косовскиот вилает, а бројката на учениците достигнала до 5000.[95]

Во 1871 година во Призрен било отворено православно училиште со поддршка на Србија. Во 1885 година започнале преговори меѓу Србија и Патријаршијата, со барање митрополитот во Призрен, бискупите во

---

[92] Skendi, Stavro. "Interesat e fqinjëve Ballkanikë dhe Fuqitë e Mëdha", *Zgjimi kombëtar shqiptar*, Tiranë, 2000, стр. 268

[93] Gawrych, George W. *Gjysmëhëna dhe Shqiponja*, Tiranë, 2007, стр. 52

[94] Popovič – Pettkovič, Radmila. "Nekoliko podataka o osnivanju i prvim godinama rada Prizrenske bogoslovije", *Vjetar i Arkivit të Kosovës,* II-III (1966-1970), Prishtinë, 1970, стр. 371

[95] Skendi, Stavro. "Interesat e fqinjëve Ballkanikë dhe Fuqitë e Mëdha", *Zgjimi kombëtar shqiptar*, Tiranë, 2000, стр. 270

Скопје, Велес, Дебар, Битола и Охрид да бидат Срби. Призрен добил српски митрополит во 1896 година. Во 1890 година на Србите им било признато и автономија во образованието со што бројот на училиштата во вилаетот во 1900 година стигнал до 200 училишта.[96]

Во 1899 година во Приштина бил назначен првиот српски конзул Лука Маринковиќ, но идната година бил убиен. По него бил именуван Тодор Станковиќ од Ниш. Во 1893 година за конзул во Приштина бил именуван Бранислав Нушиќ. Нушиќ, пред да се назначи како конзул во Приштина, во 1889 година бил писар во конзулатот во Скопје, а во 1890 писар во Министерството за Надворешни Работи, додека во 1891 година работел како писар во конзулатот во Битола. Тој во Приштина основал неделна школа за занаетии трговија.[97]

За времето на неговото работење во Приштина, Нушиќ ќе го напиш делото „Косово – опис на земјата и народот“.[98]

По 1885 година, по отворањето на српските конзулати во Скипје, Битола, Приштина и Солун, активностите за училиштата вон нејзините граници од Министрството за Просвета преминуваат во Министерството за Надворешни Работи, односно во Просветното-поолитичкото оделение.[99]

Србија во рамките на нејзината надворешна политика била опседната со идејата за излез на Јадранското Море. Владан Ѓорѓевиќ кој бил претседател на владата на Србија од Милан и Александар Обреновиќ предлагал Србија да побара дозвола од Османлиската Империја за да ја изградат железничката линија од Митровица - Призрен - Скадар –

---

[96] Clayer, Nathalie. *Në fillimet e nacionalizmit shqiptar. Lindja e një kombi me shumicë myslimane në Evropë,* Tiranë, 2009, стр. 71

[97] Vukovič, Vladeta. "Nušič u Prištini", *Vjetar i Arkivit të Kosovës*, II-III (1966-1970), Prishtinë, 1970, стр. 83

[98] Исто тука, стр. 83

[99] Popovič, Radmila. "Neki podaci o prosvetnim prilikama u Prištinskom, Prizrenskom I Novopazarskom Sandžaku u 1890 godini", *Vjetar i Arkivit të Kosovës*, II-III (1966-1970), Prishtinë, 1970, стр. 92

Шенѓин. Според него од таквата железничка линија би имала корист и Портата. Тој сметал дека за ваквата идеја Австро-Унгарија би била против, но дека за таквиот проект во Цариград поддршка ќе дадат Русија, Италија а можеби и Франција. Русија исто така сакала да се поврзат Дунав и Јадранското море со железничка линија.

Скадарскиот санџак, поради позицијата и поради присуство на значителен католички елемент претставувал значаен регион за Црна Гора, но и за Австро-Унгарија и Италија кои таму воделе и политика на ривалитет. Регионот почнал малку да го губи своето влијание во трговски аспект, особено со пуштањето на железничката линија Солун – Скопје – Митровица.[100]

Железничката линија имала големо стратешко и воено значење за Османлиската Империја. Во 1880 година била изградена железничката линија Скопје-Врање-Белград, поврзувајќи го Дунав со Егејското Море.[101] Во текот на целиот XIX век, владеењето на Австро-Унгарија во Босна иницирало појава на движење за обединување на јужните Словени. Надвор од Австро-Унгарија Србите гледа кон себе како на балкански пиемонт, со задача за ослободување на сите Словени од ропството, додека анектирањето на Босна го гледаа како чин насочен против нив. Кон ваквата политика се придружиле и Русите. Австро-Унгарија сакала упорно да гради железничка линија до Егејското море.[102]

Големите Сили се вмешале во внатрешните работи на новите држави. Тие определувале кој ќе биде поставен за крал во новите држави, а тие биле потомци на кралските семејства од Европа, ги составуваа и усвојуваа новите устави, а исто така праќаа и советници за разни воени и цивилни прашања. Тие ги определуваа и границите на тие држави. Но тоа

---

[100] Clayer, Nathalie. *Në fillimet e nacionalizmit shqiptar. Lindja e një kombi me shumicë myslimane në Evropë,* Tiranë, 2009, стр. 63

[101] Исто тука, стр. 79

[102] Mazover, Mark. *Ballkani, një histori e shkurtër,* Tiranë, 2010, стр. 120

што тие не можеле да го спречат било тежнеењето кон постојано територијално ширење на новите држави кои настанале, а тоа ќе доведе до постојани стравувања од излегување од контрола на настаните, и пад на Османлиската Империја.[103]

Новите држави воделе активна пропаганда кон населението што живееле надвор од нивните граници, со надеж дека во иднина ќе имаат право да ги опфатат во нивните држави. Во реализирањето на нивните стремежи отвораle училишта за пропагирање на националните идеи, граделе цркви и го подржуваа верските службеници кои служеле во нив, печателе карти и вршеле етнографски студии во поддршка на политичките тврдења, но и подржуваа вооружени чети. Поради ваквата состојба голем број на луѓе ги напуштиле своите домови и станале емигранти.[104]

[103] Mazover, Mark. *Ballkani, një histori e shkurtër*, Tiranë, 2010, стр. 114

[104] Исто тука, стр. 114

# РАСПЛЕТОТ НА ИСТОЧНАТА КРИЗА

Пред источната криза Високата Порта била длабоко вовлечена во долгови. Поради модернизацијата која ја спроведувала врз своите институции, и воопшто процесот на реформите таа не била во можност со внатрешните приходи да ги задоволи тие средства. Во тој период зачестиле и побуните и востанијата на различните народи, а особено на оние на Балканот, чиј фокус е предмет на оваа тема. Исто така се појавило и движењето на „Младите Османли", познати како „Младотурци", што имало намера да ја реформира империјата во целост.

Движењата на меѓународен план исто така не оделе во прилог на Портата. Тоа пред се е поврзано со зајакнувањето на Германија, која после обединувањето станала значаен фактор во Европа, притоа загрозувајќи ги позициите на Англија и Франција. Поразот на Франција од Прусија во 1871 година создало можности Царска Русија да ги отфрли ограничувањата кои ја ограничувале да се зацврсти во Црно Море против Османлиската Империја. Австро-Унгарија немала можност да се прошири кон Германија и Италија, поради тоа што тие веќе биле консолидирани држави, поради тоа нејзините стремежи биле насочени кон Балканот и Егејско Море. И Италија имала претензии за ширење на нејзиното влијание од другата страна на Јадранското Море. Економскиот интерес на Големите Сили на Европа кон Источното Прашање најмногу е изразен преку Хабзбуршката Монархија која во Балканот првенствено бараше свој пазар за своите индустриски производи, но тоа важи и за Англија, Русија и Франција кои исто така имале разни економски-политичку и други интереси.[105]

---

[105] Klaus-Detlev, Grothusen. „Çështja e Lindjes" Kongresi i Berlinit i vitit 1878 si një problem i historisë evropiane", *Konferenca kombëtare e studimeve për Lidhjen Shqiptare të Prizrenit 1878-1881*, I, Tiranë 1979, стр. 255

На ова шаховска игра фигурите се делат на оние кои се против Османлиската Империја и оние кои се за нејзиниот опстанок. Едните поради тоа што нејзиниот распад отворало перспектива за нивен напредок и ширење на влијанието, а другите поради тоа што опстанокот на Османлиската Империја обезбедувал поволна политика во нивна полза. Од разбирливи причини, оние сили кои сакале опстанок на Османлиската Империја биле Англија и Франција, додека спротивното го сакале Русија и Австро-Унгарија, бидејќи тие биле до нејзините граници, и секакво слабеење на Османлиската Империја за нив значело територијално ширење и доминација.

Политичките и воените настани, како што бил Танзиматот, кој преку намерата да ја зајакне државата, се стремел да ги негира привилегиите на муслиманите и создал широк отпор и ќе има влијание за промени во националната свест на Албанците имале. Покрај реформите, и воените порази на Империјата во текот на големата источна криза, меѓу муслиманите на Балканот создале силно чувство на несигурност, особено кога во 1878 година султанот бил принуден да го признае меѓународниот суверенитет на Романија, Србија и Црна Гора, а покрај тоа Босна и Херцеговина, Бугарија и Тесалина (1881) го изгубила како важни провинции. Тоа меѓу другото создало и разместување на голем број на население од споменатите области.[106]

Изолацијата на Османлиската Империја ги ослабнала видно нејзините позиции на меѓународен план, што таа веќе не можела да им се спротивстави на големите притисоци кои врз неа ги правеле големите сили преку директните побарувања, а и преку балканските држави, кои постојана барале и набљудувале можности за реализирање на нивните стремежи. Во таква состојба, пропаѓањето на Османлиската Империја била

[106] Schmitt, Oliver Jens. *Shqiptarët, Një histori mes lindjes dhe perëndimit*, Tiranë, 2012, стр. 153

лесна работа, но тоа не се случило поради несогласувањата на заинтересираните сили околу поделбата на интересите. Секоја од нив си имала сопствена политика и стратегија за реализирање на целите со експанзија, со уривање на османлиската власт и воспоставање на новиот поредок. Поради взаемното стравување на големите сили на Европа да не се случи друга сила на ги реализира своите планови прва, Османлиската Империја опстанала подолго отколку што имало сила.[107]

Реализирањето на своите планови Австро-Унгарија и Русија се обидувале да го постигнат со мотивирање на народите кои биле заинтересирани да се одделат од Османлиската Империја. Во овој поглед Русија била во подобра позиција со оглед на тоа дека таа се прокламирала како заштитник на словенското население на Балканот. Избувнувањето на востанијата во Босна и Херцеговина во 1875 година и во Бугарија во 1876 година биле добар сигнал за дејствување и за Австро-Унгарија и за Русија.[108] Меѓутоа Портата успеала да ги задуши востанијата. Но тука не завршило се. Востанијата ги продолжиле Србија и Црна Гора. Тоа создало сложена меѓународна состојба бидејќи не станувало збор за народи кои се побуниле, како во случајот на Босна и Херцеговина и Бугарија, туку за две држави, и секаков неуспех би повлекувало други подлабоки последици, а следствено и мешање на Големите Сили, со цел новата карта да ја кројат според нивните желби. Уште на 8 јули 1876 година, Русија и Австро-Унгарија склучиле таен договор во Рајхштад во Бохемија за уредување на Балканот според нивните планови. Договорот бил склучен во две варијанти, и тоа: Руска и Австро-унгарска.[109] Двете сили имале слични претензии, но интереси кои се спротивставувале. Плановите на Русија ја

[107] Hoxha, Sherafedin. *Shtypi i kombeve dhe i kombësive të Kosovës (1871-1983)*, Rilindja Prishtinë, 1987, стр. 21

[108] *Historia e Popullit Shqiptar,* Tiranë, 2002, стр. 133

[109] Buda, Aleks. *Shkrime Historike*, 2, Tiranë, 1986, стр. 103

потиснувале желбата на Австро-Унгарија за продирање во правец на Егејско Море.

Во поглед на Албанското прашање на Балканот, договорот во Рајхштат (Австро-унгарската Варијанта) е значаен затоа што за првпат во меѓународен план се спомнувала можноста за создавање на Албанска држава (под Австро-унгарски протекторат).[110] Прашањето на поделбата на териториите на Османлиската Империја со себе провлекувало и нерешени национални прашања на народите кои дотогаш не успеале да создадат национални држави-заштитнички на нивните слободи. Во ова трка за територии околностите не им биле наклонета на сите народи, а во тие моменти судбината ја создавале Големите Сили. Состојбата на Албанците во рамките на Османлиската Империја била сложена. Сложена поради тоа што тие во периодот кога се создавале националните држави на балканските народи не го фатиле чекорот со другите кои веќе биле по далеку во тој правец: Грците, Србите, Црногорците, а по Берлинскиот Конгрес и Бугарите.

Мозаикот на картата на Балканот забрзано се менувал: се одлепувале и намалувале османлиските камчињата и се ставале оние на балканските држави. Од страна на Високата Порта Албанците не биле сметани како народ на кои требало да им се дадат посебни права. Тие биле познати како посебен народ, но не и со посебни политички, културни и јазични права, во времето кога тоа било од суштинско значење за опстанок и развој. Работите се гледале од религиозна призма. Посебните права биле обезбедени преку таканаречениот милет систем, кој обезбедувал посебни права за припадниците на разни религии и верски групи. За Портата нај значајно била верноста на Албанците од муслиманска вера кон државата, и следствено на тоа таа ги сметала како дел на самото османлиско општество, без чувство дека треба да им се дадат права од национален

[110] Puto, Arben. *Çështja shqiptare në aktet ndërkombëtare të periudhës së imperializmit*, I (1867-1912), Tiranë, 1984, стр. 105

карактер. Албански училишта не биле дозволени, во време кога странски училишта добивале право да се отвораат. И во административен поглед Албанците живееле во неколку вилаети. Ниту еден од тие вилаети немало население од само една националност.[111]

Меѓу Албанците кои биле образовани, а тоа била сосема мала група, се појавиле идеите дека перспективата на народот била во тоа да се поттикне востание за да се создаде независна национална држава. Меѓутоа, тоа што ја отежнувала работата во оваа насока било тоа дека ниту една од големите сили не било заинтересирана за тоа. Со оглед на тоа дека сите балкански народи постигнувале независност единствено преку меѓународна поддршка, и понатаму тоа било неопходно, бидејќи и покрај тоа што Османлиската Империја била во криза и ослабната, таа успевала да ги задуши напорите на балканските народи кои преку буни и востанија се стремеле да се ослободат.

Стремежите за национална држава не биле мотивирани само поради созревањето на идејата на национализмот и свеста за државата, туку тоа било и како превентива против паѓањето под власта на друга држава, што се покажало со постојаните територијални отстапки што Османлиската Империја ги правела кон новосоздадените држави. Покрај тоа што меѓу големите сили немало интерес за асистирање во процесот на создавање на национална држава, дел од нив дури биле заинтересирани за зачувување на постоечката состојба во Османлиската Империја. Но доколку констелацијата на настаните дојде до тоа да се распадне Империјата, тие биле заинтересирани или самите да ги окупираат териториите и просторно да се прошират, или се согласувале слободните територии да им се дадат на веќе постоечките балкански држави.[112] Покрај воените подготовки, Србија, Црна Гора и Грција не заостануваа ни во поглед на дипломатските активности за да ги оправдаат плановите за

---

[111] Castellan, Georges. *Histori e Ballkanit (Shekulli XIV-XX)*, Tiranë, стр. 378

[112] *Historia e Popullit Shqiptar*, Tiranë, 2002, стр. 135

територијално ширење. Поради таквите околности, се појавиле идеи за создавање на т.н. обединет албански вилает во рамките на Османлиската Империја. Во смисол на политичките барања се разликувале две главни струи, и тоа: умерени и радикали. Умерените биле да се дејствува согласно можностите кои биле можни без да се наштети Високата Порта. Радикалите биле за тоа да се гледаат интересите на Албанскиот народ, без разлика дали тоа било против волјата на Портата или не, вклучувајќи и вооружено востание.

Обиди за создавање кнежевство имало и од Пренг Биб Дода, кој бил интерниран во Истанбул. Пред да се врати во Мирдита во 1876 година, додека бил во Истанбул стапил во контакт со амбасадорот на Русија, Франција и Австро-Унгарија и им ја изразил својата намера да се прогласи за принц на Автономна Мирдита. Идејата не се реализирала.[113]

Во 1876 година Зеф Јубани му пишувал од Скадар на Јероним де Рада и барал оружје од Комитетот на Арбрешите во Козенца. Подоцна, со посредство на Јероним де Рада почнало испраќањето на оружје во Северна Албанија.[114]

По предлог на Англија, Големите Сили се согласиле барањата на Русија кон Османлиската Империја да се третираат во Меѓународна Конференција во Истанбул, во присуство на амбасадорите на големите сили на 24 декември 1876 година. Англија тајно ја саботирала конференцијата, со тоа што го подржувала султанот Абдулхамид II да го прогласи уставот подготвен од Митат Паша, со што Портата претендирала дека сите прашања ќе се решат во рамките на новиот устав.[115] Под притисок на Русија конференцијата продолжила да работи во Лондон, но

---

[113] *Historia e Popullit Shqiptar*, Tiranë, 2002, стр. 136

[114] Kastrati, Jup. "Mbi rolin e Arbëreshëve të Italisë në periudhën e Lidhjes Shqiptare", *Konferenca kombëtare e studimeve për Lidhjen Shqiptare të Prizrenit 1878-1881*, I, Tiranë 1979, стр. 196

[115] Pllana, Emin. „Perandoria Osmane në fund të shekullit XIX dhe në fillim të shekullit XX". *Vjetar i Arkivit të Kosovës, II-III (1966-1970)*, Prishtinë, 1970, стр. 43

Русија започнала да се подготвува за војна. Русија исто така потпишала таен договор со Австро-Унгарија во Будимпешта на 15 јануари 1877 година кој предвидувал Австро-Унгарија да биде неутрална во руско-турската војна, а како награда за тоа добивала право да ја анектира воено Босна и Херцеговина, а прашањето на Нови Пазар би се разгледало подоцна.[116] Австро-унгарија се обврзувала да не се меша во Романија, Србија, Бугарија и Црна Гора, кои за Русија претставувале зони од интерес. Во случај Османлиската Империја да се распадне, Бугарија, Романија и Албанија би станале автономни држави, додека Крит, Тесалија и Епир би се анектирале од Грција, додека Истанбул со околината би се прогласил за слободен град.[117]

Договорот не содржел територијални аспекти, па така постоела можност за широки пазарења и аамбиции за ширење на балканските држави. Ограничувањето на Австро-Унгарија не важело за Албанија, што значело дека таа имала право да ја шири нејзината експанзија кој Албанија. Ниту протоколот од март 1877 година на Меѓународната Конференција во Лондон не предвидувал ништо за Албанците. Било предвидено во територијата на Османлиската Империја формирање на автономна територија во Босна и Херцеговина и други две автономни територии, и тоа Бугарија и Источна Румелија. Ваквата состојба од страна на Русија била пречекана со незадоволство, која и објавила војна на Портата на 24 април 1877 година.[118] () Тоа ги ставило во движење надежите на балканските народи и веќе постоечките држави. Тогашните албански интелектуалци не гледале со надеж на настанатата состојба, бидејќи Русија била пред се заинтересирана за словенските и православните народи на Балканот. Доколку не правеле напори да

[116] Puto, Arben. *Çështja shqiptare në aktet ndërkombëtare të periudhës së imperializmit*, I (1867-1912), Tiranë, 1984, стр. 117

[117] *Historia e Popullit Shqiptar*, Tiranë, 2002, стр. 137

[118] Исто тука, стр. 139

реагираат поради положбата на Албанскиот народ, тоа би се сметало како прифаќање на состојбата во која се наоѓале. Па така сметале дека избувнувањето на востание и прогласување на независност било потребниот чекор кој требало да се направи. Значајно е да се спомнат активностите на Јанинскиот Комитет, кој е еден од првите комитети на Албанците кои стапиле во конкретна акција за придвижување на работите, инаку формиран во мај 1877 година, а на чие чело стоел Абдул Фрашери.

Абдул Фрашери имал широка култура. По школувањето во Јанина отишол во Цариград каде што го завршил Цариградскиот лицеј. Потоа отишол во Парис за да студира правни науки. По враќањето од Парис тој бил именуван како професор во Цариград. Подоцна бил назначен како муфтија но набргу се откажал и се вратил во Јанина. Во Јанина помеѓу своите сонародници ги ширел идеите за независна Албанија. Тој бил сметан као доста учен човек за кој се зборувало дека знаел седум странски јазици.[119]

Членовите на Комитетот стапиле во контакт и со Албанците кои биле на раководни функции на Османлиската Војска, а кои би биле спремни да и се приклучат на вооруженото востание.[120] Членовите на Комитетот се надевале дека европските сили, поради рамнотежа во регионот ќе овозможат создавање на Албанска држава. Исто така тие сметале дека е потребно да се постигне и сојуз со Грција за заедничко дејствување. Грција се согласила да преговара на тајни разговори преку Епаминондас Мавроматис кој преговарал со Абдул Фрашери и Мехмет Али Вриони. Грчката страна не прифатила ништо од понуденото.[121]

---

[119] Rizaj, Skënder. "Jeta dhe veprimtaria politiko-patriotike e Abdyl Frashërit deri te Kongresi i Berlinit (1878)", *Gjurmime albanologjike-Seria e shkencave historike*, XI-1981, Prishtinë 1982, стр. 152

[120] *Historia e Popullit Shqiptar*, Tiranë, 2002, стр. 139

[121] Kofos, Evangelos. "Reagimi i grekëve ndaj prapaskenave që shpinin nga Lidhja Shqiptare e Prizrenit", *Konferenca shkencore e 100 vjetorit të Lidhjes Shqiptare të Prizrenit*, Prishtinë, 1990, стр. 84

Епаминондас Мавроматис, службеник на Министерството за Надворешни работи на Грција. Меѓу грчките конзули Епаминондас Мавроматис се гордеел дека е експерт за Албанија. Тој бил конзул во Скадар од 1876 година. Еден неговите главни цели, кога бил назначен на таа задача, била на неговата влада да и доставува извештаи за различните албански групи и да ги следи нивните следни политички активности, имајќи ги предвид долготрајните грчки интереси.

Епаминондас Мавроматис во гидините 1875-1876 бил именуван како грчки дипломатски претставник во конзулатот во Скадар, од каде што тој известувал за тамошната состојба. Првиот извештај од таму тој го испратил во 18 август 1876 година.[122]

Во меѓувреме во Скадар бил основан Албански комитет, кој бил заеднички и за муслиманите и за католиците, под раководство на Пјетер Гуракуќи. Комитетот составил и меморандум преку кој барал држава под суверенитетот на султанот. Во 1877 година се избрале и пратениците за составот на вториот османлиски парламент. Меѓу избраните пратеници бил и Абдул Фрашери. После изборите, албанските пратеници кои биле избрани во Османлискиот Парламент го искористиле моментот што се нашле заедно во Цариград, а притоа повикале и други видни Албанци за да одржат состанок од пошироки размери. Првиот состанок го одржале на 18 декември 1877 година, и ја основале организацијата Централен Комитет за Заштита на Правата на Албанскиот Народ, а на чие чело бил избран Абдул Фрашери. Меѓу оние кои биле дел од Комитетот биле и: Пашко Васа, Јани Врето, Имер Призрени, Сами Фрашери, Илјаз Дибра, Мехмет Али Вриони идр.[123] Тоа што може да се воочи од составот на комитетот е верската разноликост на учесниците. Во него се собрале муслимани, католици, православни и бекташи.

---

[122] Raça, Shkelzen. "Vrojtimet e konsullit grek Mavromatis për Viljetin e Shkodrës (1876-1880)", *Gjurmime në historinë shqiptare*, Prishtinë, 2009, стр. 144

[123] *Historia e Popullit Shqiptar*, Tiranë, 2002, стр. 143

Комитетот имал за цел да организира вооружено востание и да прогласи независна албанска држава, и во меѓувреме да води преговори со Грција за албанско-грчки сојуз. Разговори меѓу грчкиот претставник Стефанос Скулуди и Абдул Фрашери биле водени во Цариград во декември 1877 година.[124] Скулуди бил пратеник во грчкиот парлкамент. Според сведошвтото на Скулуди, специјалниот пратеник и преговарач испратен од Трикупис во Цариград, разговорите со Абдул Фрашери и Мехмет Али Вриони како претставници на албанската страна започнале во декември 1877 година. Разговорите се одвивале во голема тајност, во куќата на лекарот на грчкиот конзулат во Цариград, Вафиади, кој бил личен пријател на Скулуди, но истовремено бил позната личност и за Абдил Фрашрери. Предлогот на грчката страна за создавање на заедничка држава наишле на несогласување кај Абдил Фрашери. Фрашери ставил до знаење дека Албанците се заинтересирани за добивање на автономија. Фрашери предложил Албанците да кренат востание, а Грција да стапи во војна со Империјата во Тесалија.[125] Разговорите не дале резултати и се прекинале.[126]

Во меѓувреме состојбата на Османлиско-Рускиот фронт се променила. Руските трупи ја преминале планината Балкан и во почетокот на јануари 1878 година ја освоиле Софија, потоа продолжиле во Едрене и кон крајот на јануари стигнале во Свети Стефан, во близина на Цариград. Охрабрени од ваквите вести, српските трупи се спуштиле и навлегле во османлиска територија влегувајќи во Пирот, Ниш, Куршумлија и Врање, и потоа во Гнилане. Исто така црногорските трупи продреле во Османлиска територија и навлегле во Тивар, Улцињ и потоа во бреговите не Скадарското Езеро и реката Буна.

---

[124] Kofos, Evangelos. "Reagimi i grekëve ndaj prapaskenave që shpinin nga Lidhja Shqiptare e Prizrenit", *Konferenca shkencore e 100 vjetorit të Lidhjes Shqiptare të Prizrenit*, Prishtinë, 1990, стр. 87

[125] Raça, Shkëlzen. *Marrëdhëniet shqiptaro-greke 1829-1881*, Prishtinë 1990, стр. 165

[126] *Historia e Popullit Shqiptar*, Tiranë, 2002, стр. 144

Поразот на османлиските трупи ги алармирало Големите Сили, а посебно Велика Британија која ја подвижила својата флота кон Османлиската престолнина. Настаните кои ќе проследат ќе ја истакнат исклучителната дипломатска активност во прилог на контролирано дејствување на Империјата. Охрабрена од дипломатската и воената помош на Велика Британија, Портата побарала примирје кое било потпишано во Едрене на 31 јануари 1878 година.[127]

Гледајќи во која насока одат настаните, раководството на Цариградскиот Комитет ја одложил намерата за востание, поради опасноста од компликации што би воделе во прилог на балканските држави кои со леснотија би продреле во територии без османлиски отпор. Така, тие сметале дека подобро решение е да работат во прилог на добивање на албански автономен вилает во состав на Османлиската Империја, што мислеле дека ќе наиде во поддршка кај Големите Сили кои сакале Империјата да опстане. Тие биле свесни дека Цариградскиот Комитет немал можност да превеземе таква комплексна и крупна постапка, и мислеле дека треба да се формира посериозно тело. Во таквиот проект се истакнал Пашко Васа, кој во тоа време бил советник на валијата ма Косовскиот Вилает[128], и побарал дозвола од Високата Порта.

---

[127] *Historia e Popullit Shqiptar*, Tiranë, 2002, стр. 144

[128] Косовскиот Вилает бил основан во 1877 година. Во рамките на своите административни граници ги опфаќал: Санџакот на Нови Пазар, Плав, Гусиње, околијата на Ѓаковица, Хас, Љума, Прешево, Куманово, Кратово, Скопје, Штип, Велес, Тетово и Гостивар. Косовскиот Вилает имал значајна геостратешка позиција, и била важна територија за Османсliската Империја, со оглед на фактот дека се наоѓал на граница со Црна Гора, Босна и Херцеговина која се наоѓала под австро-унгарска власт, Србија и Бугарија. Во Прибој, Пријеполје и Плевле, на север на санџакот на Нови Пазар се наоѓале австро-унгарски воени гарнизони. Поради таа причина, едно време бил разместен и главниот град на вилаетот од Приштина во Скопје (1880-1888). (Clayer, Nathalie. *Në fillimet e nacionalizmit shqiptar. Lindja e një kombi me shumicë myslimane në Evropë,* Tiranë, 2009, стр. 67)

Формирањето на организацијата немало намери да влезе во конфликт со Портата, и така се надевале да придобијат поддршка од Портата. Рускиот дипломат Јастребов на 2 ноември 1879 година го известувал рускиот амбассадор во Цариград дека Пашко Васа додека служел како советник покрај валијата на Косово, тајно се сретнал во Приштина со еден од воените лидери на Париската комуна, генералот Клизере, на кого како што стои во извештајот Пашко Васа "не престанал да сонува за независно албанско кнежевство".[129]

## Санстефанскиот прелиминарен договор

Со оглед на тоа дека Османлиската Империја и Русија склучиле примирје во Едрене, на 3 март 1878 година следело и потпишувањето на Санстефанскиот прелиминарен договор. Во контекст на Балканот, Русија не барала територии за себе, туку барала создавање на автономна Бугарија, на значително голема територија која се протегала меѓу Црно Море, Егејско Море, Дунав и доаѓала до Шар Планина. Османлиски територии требале да придобијат и Романија, Србија и Црна Гора, станувајќи притоа од автономни во независни држави. Што се однесува до Грција, не било предвидено таа да придобие територии.[130]

Со Санстефанскиот прелиминарен договор Портата ја признавала независноста на Црна Гора и и признава територијално проширување. Србија се признавала за независна и добивала територијално проширување спрема Ниш, Лесковац и кон Нови Пазар. Портата ја признавала независноста на Романија, додека Бугарија се издигала во автономно трибутарно кнежевство со соја влада и народна милициа. Таа зафаќала пространство од околу 164.000 квадратни

[129] Bala, Vehbi. "Pashko Vasa si ideolog i Lidhjes Shqiptare", *Konferenca kombëtare e studimeve për Lidhjen Shqiptare të Prizrenit 1878-1881*, I, Tiranë 1979, стр. 206

[130] *Historia e Popullit Shqiptar*, Tiranë, 2002, стр. 144

километри со околу 4.100.000 жители. За Босна и Херцеговина се предвидувало воведување на реформи изработени на Цариградската Конференција со некои промени што требало дополнително да се извршат. Договорот предвидувал територијално проширување на Русија, и значел и формално крај на руско-турската војна.[131]

Договорот не предвидувал за некакво решение за Албанците. Дел од територии населени со албанско население требало да им припаднат на балканските држави, а дел би останале под она што ќе остане од Османлиската Империја. По заклучување на прелиминарниот мировен договор меѓу Русија и Турција во Сан-Стефано, што се однесува до Албанците Русија не ги зела предвид при диктирањето на новата карта на Балканот. Албанците и понатаму останувале под османлиска управа, а извесни територии во кои живеело албанско мнозинство требало да припаднат под Црна Гора, додека дел од Косово ѝ се давало на Србија како учесничка во војната. Иако Грција не учествувала во војната сакала да дојде до нови територии (Чамерија во Јанинската област и др.). Грците уште во 1876 год. на Крф создале Епирски комитет, надевајќи се дека ќе го привлечат и православното албанско население за кревање на востание.[132]

Поради напредувањата на српската и црногорската армија кон новите територии, албанското и муслиманското населението што живеело таму станале бегалци, навлегувајќи во зоните кои се уште не биле освоени од српските и црногорските трупи. Бегалците подоцна се распространиле и во подалечните територии на Империјата. Потпишувањето на Санстефанскиот прелиминарен договор ги растревожил Албанците и

---

[131] Битоски, Крсте. *Македонија во времето на големата источна криза (1875-1881)*, Студентски Збор, Скопје, 198, стр. 113

[132] Димевски, Славко. "Призренската Лига" според извештаите на Странските конзули, *Гласник на ИНИ,* Година XIX, Бр. 3, Скопје, 1975, стр. 104

создал чувство на несигурност, а и на несогласување кон Високата Порта која прифатила да потпише таков договор.[133]

И Грција не била задоволна со Санстефанскиот прелиминарен договор. Од претсавниците на рази здруженија (силогоси) било создадено едно тело кое започанало брза и интензивна акција за пласирање пред европа на грчките гледишта во врска со Санстефанскиот договор. Се правеле подробни статистички табели, етнолошки карти, се собирале петиции, со кои се докажувал "елинскиот" карактер на Македонија и Тракија. Сите овие документи се праќале прво до амбасадите во Цариград, а пред нив и лично се агитирало. Таквите документи биле праќани преку странските дописници во Цариград и до европскиот печат, а поедини попознати личности ги посетувале европските метрополи за лично да агитираат за својата кауза.[134]

Наскоро по објавувањето на веста за потпишувањето на Санстефанскиот прелиминарен договор се огласиле и големите сили против одлуките на договорот. Најмногу загрижени биле Велика Британија и Австро-Унгарија поради забрзаното навлегување на Русија во работите на Балканот (преку создавањето на Бугарија).[135] Поради тоа, тие инсистирале Санстефанскиот прелиминарен договор да се разгледа во друга поширока меѓународна средба на Големите Сили, што всушност ќе води до одржувањето на Берлинскиот Конгрес на 13 јуни 1878 година.[136] Времето кое следело до одржувањето на Берлинскиот Конгрес ќе биде искористено за активни подготовки од страна на Цариградскиот Комитет[137], кој во меѓувреме добил негативен одговор за организирање на

---

[133] *Historia e Popullit Shqiptar*, Tiranë, 2002, стр. 148

[134] Битоски, Крсте. *Македонија во времето на големата источна криза (1875-1881)*, Студентски Збор, Скопје, 198, стр. 128

[135] Gawrych, George W. *Gjysmëhëna dhe Shqiponja*, Tiranë, 2007, стр. 66

[136] *Historia e Popullit Shqiptar*, Tiranë, 2002, стр. 149

[137] Gawrych, George W. *Gjysmëhëna dhe Shqiponja*, Tiranë, 2007, стр. 66

Албанска Лига. Според сеќавањата на Исмаил Ќемали Санстефанскиот прелилимарен договор во целата Османлиска Империја се сметал како одлука за смртна казна даден против Империјата. Само замешањето на Велика Британија влевало надеж, а лордот Биконсфилд добил голема почитт.[138]

Иако Портата имала интерес народите кои живееле во нејзините граници да протестираат против територијалните промени[139], таа сакала тие да протестираат како муслимани, а не како Албанци.

Што се однесува до оние кои биле заинтересирани да ги придвижат работите во насока на организирање на Лигата, тие немале исти ставови. Во Албанската историографија таквите кругови или струи се карактеризирани како радикални и модерирани кругови. Оние кои се карактеризираат како радикални биле токму тие кои биле иницијаторите, односно членовите на Цариградскиот Комитет. Тие се залагале за вооружен отпор, првенствено за да се спречи ширењето на балканските држави, како и издвојување на автономија или независност, ако имало можност за тоа. Таканаречената умерена струја се залагала за Лига која би имала намера да се создаде албански автономен вилает во рамките на Империјата но биле скептични да им се спротивстават на Портата, и се надевале дека за тоа ќе го убедат султанот.[140] Настрана од овие две струи кои се залагале работите меѓу Албанците да се раздвижат имала и една трета страна, а таа ја сочинувале сите оние државни чиновници кои биле ангажирани во администрацијата на Портата и кои биле во целост посветени на интересите на империјата. Таквите кругови биле заинтересирани работите да ги гледаат во верска призма, односно во конкретниот случај посакувале лигата да биде муслиманска лига.

---

[138] Vlora, Ismail Qemal. *Kujtime*, Toena, Tiranë, 1997, стр. 146

[139] Gawrych, George W. *Gjysmëhëna dhe Shqiponja*, Tiranë, 2007, стр. 67

[140] *Historia e Popullit Shqiptar*, Tiranë, 2002, стр. 150

По Санстефанскиот прелиминарен договор кога се пристапило кон проектите за создавање на нови граници на Балканскиот полуостров, Австрија сакала да го спречи спојувањето на Србија и Црна Гора во санџако на Нови Пазар, бидејчи со тоа се спречувало нејзиното продирање кон Вардарската долина и на пат кон Солун, и ја убедила Портата да се согласи со окупација на Босна и Херцеговина од нејзина страна. Грофот Јулије Андраши, водач на надворешната политика на двојната монархија стравувал дека со создавањето на заеднички граници на Србија и Црна Гора одел на штета на Австро-унгарија и до губење на тенкиот појас на Далмација и до создавање на ендо јадро за голема јужнословенска држава на Балканот.[141]

И пред да биде објавена содржината на Санстефанскиот прелиминарен договор, неколку членови на Цариградскиот Комитет воделе интелектуална активност за запознавање на јавноста. Пашко Васа на британскиот амбасадор во Цариград Лејард му доставил меморандум во кој тој протестирал во името на Албанскиот народ, каде тој ги давал своите согледувања.[142]

Во извештајот на Лејард од 18 март 1878 година испратен од Цариград, тој информирал во врска со Пашко Васа. Според него Васа Ефенди кој бил ендо време митесариф на Косовскиот Вилает во центарот на Европска Турција бил поканет во Цариград од страна на Портата да даде информации во врска со населението во таа провинција. Понатаму Лејард продолжува кажувајќи дека тој бил добар и го почекал и му ги искажал своите ставови реферирајќи се во земјата во која има долго службено искуство. Тој исто така напишал и писмо и му дал копија на меморандумот. Лејард смета дека тој бил човек со значајна интелигенција и знаење. Во меморандумот Пашко Васа ја спомнал опасноста од опфаќањето во рамките на новата Бугарија на мешаното

---

[141] Храбак, Богумил. *ПРИЗРЕНСКА АРБАНАШКА ЛИГА 1878-1881*, Београд, 1998, стр. 70

[142] Gawrych, George W. *Gjysmëhëna dhe Shqiponja*, Tiranë, 2007, стр. 66

население мнозинско муслиманско и христијанско кое не е словенско и кои му припаѓаат на грчката религија.

Васа му рекол дека албанскиот народ никогаш нема да ја прифати руската шема во Бугарија, и никогаш нема да ја прифати бугарската власт и верското персекутирање во кој ќе биде изложен.[143] Абдул Фрашери пишувал и објавувал статии во различни весници, кои се издавале во Османлиската Империја и надвор од неа, меѓу кои и „Messager de Vienne" од Виена.[144] Во таквите текстови, тој пред се пишувал дека Портата немала право да отстапува територии населени со Албанци, и дека на Албанците требало да им се признае правото на слобода.

Објавувањето на одлуките од Санстефанскиот прелиминарен договор мотивирало да се одржат низа состаноци во главните центри каде што живееле Албанци, при што се праќале и протесни ноти до Големите Сили.

## Основањето на Призренската Лига

Бидејќи се приближувало времето за одржување на Берлинскиот Конгрес, Цариградскиот Комитет презел мерки за основање на Лигата, кои се одвивале во тајност. Собранието било одлучено да се одржи во Призрен, бидејќи бил најблиску до местата кои постоела можност Портата под притисок да ги отстапи. Меѓу оние кои најактивно се занимавале со подготовките на Собранието биле: Имер Прзрени, Ахмет Короница и Али бег Гуциа. Со оглед на тоа дека датумот на одржувањето на Берлинскиот Конгрес веќе се наближувал, забрзано се избирале делегати кои ќе учествуваат. Портата стравувала дека работите околу Лигата можат да излезат од нејзина контрола, па затоа ги повикала во Цариград влијателните членови, како Илјаз Дибра, Али бег Гусиа, Абдул Фрашери,

[143] ДАРМ, Фонд - F.O. M-19, 76

[144] *Historia e Popullit Shqiptar*, Tiranë, 2002, стр. 152

Имер Призрени, Ахмет Короница, Зија Приштина, Мустафа паша Влора, Шех Мустафа Тетова, Весел Бег Дино и други влијателни личности. Целта на султанот била да врши притисок Лигата да добие муслимански карактер, а не национален. Оние кои имале по тврд став Портата не сакала да ги пушти, и се обидувала под секој услов да ги задржи во Цариград.[145]

Основачкото собрание на Лигата се одржала во Призрен на 10 јуни 1878 година, само три дена пред почетокот на Берлинскиот Конгрес.[146] Поголемиот број на делегатите од подалечните краишта не биле пристигнати. До денес не е точно познато кој се учествувал во Собранието, познати се околу стотина имиња, а меѓу нив се: Али бег Гуциа, Илјаз паша Дибра, Хасан паша Тетова, Имер Призрени – претседател на комисијата за организирање на Собранието, Абдулах паша Дрени, Ахмет Короница, Шабан бег Призрени, Зија бег Приштина, Јашар бег Шкупи, Шабан бег Пеја, Филип Дода, Сулејман Вокши, Шуајип Спахиу, Али Ибра, Абдул Фрашери идр. Интересно е да се спомне дека во Призрен дошле и делегати од Босна и Херцеговина. Портата преку нив сакала на Лигата која била во основање да му даде семуслимански карактер. Босна и Херцеговина била загрозена од претендирањата на Австро-Унгарија, и извесно било дека таму таа барала погоден момент за да ги реализира нејзините намери Собранието заседавало раководено од најстариот член Илјаз паша Дибра.[147] Во собранието немало голем простор на национални одлуки, бидејќи имало голем број приврзаници на Портата, вклучувајќи го и митесарифот на Призрен Ќамил Бег. Меѓутоа, во Собранието било одлучено да се основа Лига, организација со политички и воен карактер, со централизирано управување и со свои ограноци во други области. Истиот ден собранието усвоило текст преку кој се протестирало против поделбата на областите каде живееле Албанци во

---

[145] *Historia e Popullit Shqiptar*, Tiranë, 2002, стр. 154

[146] Gawrych, George W. *Gjysmëhëna dhe Shqiponja*, Tiranë, 2007, стр. 68

[147] *Historia e Popullit Shqiptar*, Tiranë, 2002, стр. 155

полза на соседните држави. Лигата формирала и свои органи, а на челото на Лигата стоел Општиот Совет со седиште во Призрен со претседател Илјаз паша Дибра. За извршните функции се формирал Централниот Комитет со три комисии: За надворешни работи – раководена од Абдул Фрашери; за внатрешни работи – раководена од Хаџи Шабани и комисијата за финансиски приходи – раководена од Сулејман Вокши.[148]

Првите документи кои ги издавал Општиот Совет биле: петиција упатена до Берлинскиот Конгрес, како и друга петиција упатена до Високата Порта, Актот на Одлуките (Карарнаме)[149] и Наредбата (Талимат). Петицијата упатена до Портата содржела барање создавање на т.н. „обединет вилает", со административна и културна автономија. Но, во другите две документи, односно во Актот на Одлуките и Наредбата кои биле усвоени на 17 јуни 1878 година таквото барање не било усвоено. Тоа се објаснува со фактот дека во Советот доминирале просултанските елементи, а воедно и делегатите од Скадар и Јанина сеуште не стигнале.

На 1 јули 1878 година во Призрен се одржало Општото Собрание во кое покрај делегатите од Косовскиот вилает зеле учество и оние од Скадарскиот и Јанинскиот вилает. Најголем број од делегатите биле од косовскиот Вилает. По два дена работење, на 2 јули 1878 година усвоиле нова Резолуција и Канон на Призренската Лига.[150] Во куќата на Шуаип Спахиу бил одржан таен состанок каде биле избрани членовите на Општиот Совет, 56 по број, кои ги предводел Илјаз Паша Дибра.

## Берлинскиот Конгрес и Албанците (13 јуни – 13 јули 1878 година)

Берлинскиот Конгрес кој имал задача да ги ревидира одлуките на Санстефанскиот прелиминарен договор започнал со активностите на 13

[148] *Historia e Popullit Shqiptar*, Tiranë, 2002, стр. 156

[149] Gawrych, George W. *Gjysmëhëna dhe Shqiponja*, Tiranë, 2007, стр. 69

[150] *Historia e Popullit Shqiptar*, Tiranë, 2002, стр. 160

јуни 1878 година. Учесници во Берлинскиот Конгрес биле претставниците на шест Големи Сили на Европа, и тоа: Германија, Англија, Франција, Русија, Австро-Унгарија и Италија. Со работата на Берлинскиот Конгрес раководел домаќинот на конгресот германскиот канцелар Ото фон Бизмарк. Во Конгресот била поканета и делегација на Османлиската Империја, која била предводена од Министерот за надворешни работи на Империјата Кара Теодор Паша, придружен од првиот помошник Мехмет Али Паша, маршал со германско потекло во служба на Портата. Улогата на делегацијата била да го набљудува сопствениот пораз, бидејќи таа имала право да дискутира но не и право на глас.[151]

Покрај претставниците на Високата Порта на работните сесии на Конгресот биле поканети и делегациите на балканските држави, како Србија, Грција, Бугарија, Романија и Црна Гора. Делегациите на балканските држави ги предложиле и оправдале, секоја по своја волја, политичките барања и плановите на територијалните претензии. На Конгресот била испратена и делегација предводена од Абдул Фрашери која ја доставила петицијата која ја усвоила Призренската Лига на 15 јуни 1878 година, во која Албанците барале автономни права. Делегацијата не наишла на поддршка во Конгресот. Абдул Фрашери се обидел да го убеди германскиот канцелар Бизмарк да го опфати во дневниот ред прашањето на албанскиот нарот, но тоа не било опфатено со образложението дека „на постои албански народ“.[152] Бидејќи во работните сесии на Берлинскиот Конгрес не било предвидено да се дискутира околу албанското прашање, а и делегацијата предводена од Абдул Фрашери не успеала да влијае тоа да биде ставено на дневен ред, до крајот на Конгресот тоа не било сторено. Големите Сили поставиле како задача да создадат нова карта на Балканот. Тие не биле предводени од правата и барањата на балканските народи, туку од нивните стратешки интереси во однос на владенијата на

[151] *Historia e Popullit Shqiptar*, Tiranë, 2002, стр. 161

[152] Исто тука, стр. 162

Османлиската Империја. Воено тие биле во големи спротивставувања меѓу себе, поради тоа што нивните планови не се поклопувале. Уште во првата сеанса на Берлинскиот Конгрес, Министерот за надворешни работи на Велика Британија, Солсбери го предложил прашањето за учеството на преставниците на Грција за одбрана на грчките интереси. Со овој предлог се согласила и Русија која, будејќи таа се сметала себеси како заштитник на православните народи на Балканот.[153]

Русија тежнеела да ги одбрани одлуките на Санстефанскиот Прелиминарен договор, со што видно ги зајакнувала своите, додека Велика Британија и Австро-Унгарија биле против таквата доминација и тежнееле да придобијат што е можно повеќе за себе. Покрај нив и Франција, Германија и Италија тактизирале во полза или во штета на одредена сила.[154] На пример Италија со презир гледала на плановите на Австро-Унгарија за ширење во правец на Балканот, што таа сметала дека е нејзина зона на интерес.

Берлинскиот Конгрес ги завршил своите работи кои траеле еден месец на 13 јули 1878 година, со потпишување на Берлинскиот Договор, кој во суштина бил конципиран да го замени Санстефанскиот Прелиминарен договор. Според договорот придобивките на Русија се намалувале. Прашањето на бугарско кнежевство под суверенитетот на султанот останувале во сила, но со видно намалени граници, споредбено со оние од Санстефано. Исто така, соседно со бугарското кнежевство се формирала друга османлиско автономна провинција наречена Источна Румелија. Берлинскиот Конгрес им ја верификувал независноста на Романија, Србија и Црна Гора.[155] Романија ја добивала Северна Добруџа, а

---

[153] Shehu, Bedrush. “Çështja e Shqipërisë Jugore gjatë viteve 1879-1880 në dritën e dokumenteve austriake”, *Gjurmime albanologjike-Seria e shkencave historike*, 18-1988, Prishtinë 1989, стр. 143

[154] *Historia e Popullit Shqiptar*, Tiranë, 2002, стр. 162

[155] Исто тука, стр. 162

и се одземала Бесарабија која преминувала под руско владеење. Црна Гора и Србија добивале нови територии од Османлиската Империја. Австро-Унгарија инсистирала Србија да не се шири кон Нови Пазар, Митровица и Приштина, бидејќи тие територии биле нејзин стратешки интерес. Па така на Србија и биле дадени околиите на Пирот, Трен, Врање и Ниш, кои порано со Санстефанскиот Прелиминарен договор им биле ветени на Бугарија. Исто така, под влијание на Австро-Унгарија териториите кои според Санстефанскиот Прелиминарен договор и биле ветени на Црна Гора, односно териториите во правец на Херцеговина и Нови Пазар. Наместо тоа, според одлуките на Берлинскиот Конгрес Црна Гора се ширела во јужна насока и ги добивала Тивар, Подгорица, Плав, Гусиње, Ругова и Колашин.[156] По Берлинскиот Конгрес состојбата во Косовскиот Вилает била напната, бидејќи постоела голема веројатност дека тој регион може да се анектира од Австро-Унгарија, Црна Гора, Србија или Бугарија.[157]

Најзначајни територијални придобивки од страна на Големите Сили а кои не учествувале во Руско-Турската војна имале Австро-Унгарија и Велика Британија. Австро-Унгарија го добила правото да ја администрира Босна и Херцеговина, како и правото да дислоцира воени гарнизони во санџакот на Нови Пазар. Велика Британија која била најголема заштитничка на Османлиската Империја го зела островот на Кипар. Австро-Унгарија на Берлинскиот конгрес била против автономија на Македонија, зошто се плашела од руско инфилтрирање со сите непредвидливи последици што потоа можеле да следат на нејзините интереси на тоа подрачје. Та стоела на ставот за одржувањето на слабата Отоманска империја, бидејќин а таков начин обезбедувала слободен пат за засилоено ширење на нејзиното економско и политичко

[156] *Historia e Popullit Shqiptar*, Tiranë, 2002, стр. 163

[157] Clayer, Nathalie. *Në fillimet e nacionalizmit shqiptar. Lindja e një kombi me shumicë myslimane në Evropë,* Tiranë, 2009, стр. 72

влијание во Македонија, а особено по добиениот мандат да ги окупира Босна и Херцеговина, додека во Новопазарскиот санџак да држи војнички гарнизони и трговски и воени патишта.[158]

По Берлинскиот конгрес Османлиската држава излегла ослабната и намалена од долгата сестрана финансиска, политичка, воена и дипломатска криза која траела од 1875 година до 1878 година. Империјата претрпела големи територијални загуби во Балканскиот Полуостров. Романија, Србија и Црна Гора добиле целосна независност, Босна и Херцеговина биле освоени од Австрија додека Бугарија станала автономно кнежевство. Но османлиската надолница не се однесивала само на Балканот, бидејќи и стровот на Кипар му бил даден на Англија, додека Русија ставила рака над провинциите на Карс и Ардахан во Источна Анадолија. Така на Османслиската држава му биле одземени околу 210000 квадратни километри земја, со население од околу 5,5 милиони жители, што било околу една петтина од вкупното население на Империјата. Тоа значело и намалување на финансиските приходи.[159]

Причината поради која Австро-Унгарија инсистирала Црна Гора и Србија да добијат други области наместо оние кои биле предвидени од Санстефанскиот прелиминарен договор биле поради тоа што таа ковала сопствени планови и стратегии. Та сакала да си обезбеди безбеден пат за продирање во Егејското Море. Тоа било важно и поради комуникациите во таа насока. Пругата Солун – Митровица веќе била изградена и функционирала, и Австро-Унгарија имала планови таа да се поврзе со Виена, преку Босна и Херцеговина. Исто така Австро-Унграрија имала интерес да нема пречки на патот до границите со Османлиската Империја,

---

158 Миноски, Михаило. „Ставот на Австрро-Унгарија спрема Македонија во Источната криза", *МАКЕДОНИЈА ВО ИСТОЧНАТА КРИЗА 1875-1881*, Скопје, 1978, стр. 570

159 *Historia e Perandorisë Osmane,* nën drejtimin e Robert Mantrantit, Dituria,Tiranë, 2004, стр. 485

и директниот земјен контакт со Империјата било од големо значење, и тој појас Нови Пазар – Митровица бил од суштински интерес да се сочува.
Со одлуките на Берлинскиот Конгрес Австрија добила право да го освои санџакот на Нови Пазар, при што таа физички ги поделила Србија и Црна Гора.[160]

Под лобирање на Велика Британија и Франција, во Берлинскиот Конгрес биле разгледани и барањата на Грција, кои се разбира биле за територијално проширување на границите, и покрај тоа што таа не била учесник во Руско-Турската војна. Грција претендирала да ги присвои Тесалија, Македонија, Крит и Епир. Единствено што било земено предвид било прашањето на границата во Тесалија и Епир, при што било одлучено таа граница да се определи од османлиско-грчка комисија, додека Конгресот препорачувал во Епир како гранична линија да биде реката Каламас а во Тесалија реката Селемвриа, а доколку страните не можат да се договорат, тогаш ќе се замешаат Големите Сили.[161] Со одлуките на Берлинскиот Конгрес балканските држави Црна Гора, Србија и Грција добивале населени места со мешан етнички и верски состав, но и со доминантно Албанско население, а во иднина се оставало простор и Австро-Унгарија да продира во Косовскиот Вилает на пат кон Солун.

Проблемот со разграничувањето на Османлиската Империја со Грција, а кој требало да се направи според одлуките на Берлинскиот Конгрес исто така одиграл улога во создавање на напната ситуација во Империјата и за развиток на албанското движење. Спорот настанал од причина што ниту Грција ниту Империјата не биле задоволни со одлуките на конгресот. Границата во Епир требало да поминува покрај реката Каламас. Грција веднаш по конгресот го покренала прашањето на разграничувањето, но сакала границата да оди по на север. Портата зазела сличен став како и во другите случаи со гранични спорови, како

[160] Gawrych, George W. *Gjysmëhëna dhe Shqiponja*, Tiranë, 2007, стр. 73

[161] *Historia e Popullit Shqiptar*, Tiranë, 2002, стр. 163

што бил случајот со Црна Гора. Напнатоста пораснала кога Јужниот огранок на Лигата со центар во Јанина ја презел главната улога за отпор на одлуките на Берлинскиот конгрес во врска со претензиите на Грција. Напнатата ситуација траела до времето на одржување на Берлинската Конференција.[162]

Во останатиот дел на териториите кои ги задржала Османлиската Империја на Балканот требало да се спроведат реформи.

Членот 62 од Берлинскиот договор предвудувал дека во ниеден дел од Османлиската Империја разликата на верата не може да биде противпоставена некому, како мотив за исклучување или за неспособност во врска со користењето на граѓаски или политички права, за допуштање на општествени служби, звања или почести или за вршење различни занаети и индустрии. Сите без разлика на верата ќе се примаат за сведоци пред судовите. Слободата и надворешното вршење на црковната служба им е осигурена на сите и никакви ограничувања не може да се прават на хиерархиското уредување на различните вероисповедни општини или на нивните односи кон своите духовни началници.[163]

Одлуките кои биле донесени на Берлинскиот Конгрес ги растревожиле Албанците, бидејќи дел од нив требало да живеат во други држави кои биле национални држави. Поради тоа Призренската Лига ги зајакнала своите активности. Покрај Големите Сили како виновник за тоа ја сметале Османлиската Империја. Активностите на Призренската Лига биле координирани преку три поткомитети и тоа во Призрен, Скадар и Јанина.[164] Во споредба со големите територии кои Портата ги изгубила со Берлинскиот Конгрес, малиот регион на Гусиње, кој имал околу 10 илјади

---

[162] Војводић, Михаило. „Берлински Конгрес И Призренска Лига", *ИСТОРИЈСКИ ГЛАСНИК*, 1-2, Београд, 1989, стр. 17

[163] Лапе, Лубен. *Одбрани текстови за историјата на македоскиот народ*, II дел, Скопје, 1976 год., стр. 217

[164] *Historia e Popullit Shqiptar*, Tiranë, 2002, стр. 166

жители не бил значаен, меѓутоа отстапувањето на тој регион на Црна Гора го поттикнувал револтот на Албанците кои требало да живеат внатре во Османлиската Територија. Поради тоа таа се колебала да ги отстапи тие територии.

Притисокот за што по скорешно отстапување на териториите на Црна Гора правела и Русија која тоа го условувала со повлекувањето на својата војска од Источна Румелија. Тоа го побарал и принцот на Црна Гора на 13 август 1878 година. Поради тоа Портата одлучила да го забрза предавањето на договорените територии, при што ја известувала Црна Гора дека за таа работа (предавањето на териториите) бил назначен Мехмет Али Паша. На 19 август 1878 година Лајард пишува дека Мехмет Али паша тргнал од Цариград именуван како турсхи комисар за да ги примени членовите на Берлинскиот договор што се однесува до отстапките на териториите на Србија и Црна Гора, и да го убеди албанскиот народ на определените области да ги предаде.[165]

Мехмет Али Паша бил роден во Магденбург и бил Германец со француско потекло. Претходно се викал Карл Детроит и како млад дошол во Османлиската Империја и покрај името ја променил и верата и направил кариера во војската. И претходно бил познат меѓу Албанците, бидејќи доаѓал да ги задуши востанијата, и се мислело дека е Унгарец и затоа го нарекувале Маџар.[166] Тој се обидел да ги убеди раководителите на Лигата да не се противат на предавањето на териториите на Црна Гора, но во тоа не успеал. Исто така тој имал намери да ги распушти комитетите на Лигата во Призрен а потоа и во Скадар. Мисијата на Мехмет Али паша не започнала добро. Во врска со задачата на Мехмет Али паша, Крајевски, францускиот конзул во Солун на 18 септември 1878 година му пишувал на Вадингтон, Министерот за внатрешни работи на Франција дека тој се сретнал со Мехмет Али паша во Солун пред да замине во Призрен.

---

[165] Rizaj, Skender. *Lidhja e Prizrenit ne dokumente angleze*, 1878-1881, Prishtinë, 1978, стр. 80

[166] *Historia e Popullit Shqiptar*, Tiranë, 2002, стр. 169

Крајевски пишува дека на 28 август Мехмет Али паша учествувал на состанокот на албанските првенци во Призрен и покрај обидите да ги убеди нив да им се потчинат на одлуките на Барлинскиот Конгрес, во состанокот било одлучено Плав и Гусиње да не им се предат на Црна Гора.[167]

Откако пристигнал во Призрен бил убиен неговиот телеграфист. Потоа тој заминал за Ѓаковица каде што ќе биде убиен во судир со приврзаниците на Лигата.

Вестта за убиството на Мехмет Али паша на 6 септември во Ѓаковица, во Виена оставил длабок впечаток, неповолен за Портата. Британскиот амбасадот во Виена, Елиот на 10 септември 1878 година сметал дека доколку поратат немала да преземе веднаш енергични мерки за да го зајакне својот авторитет во Албанија, тоа ќе биде на штета на нејзините интереси. Во исто време во Виена многумина ја обвинувале Портата дека игра двојна улога и дека сака да создаде тешкотии во патот на австрискиот напредок.[168]

Џон Рос од Бландербург на мајорот Вилсон на 30 декември 1878 година од Солун му пишувал дека има многу кажувања во врска со причината за убиството на Мехмет Али паша, но можното како што слушнал тој било дека Мехмет Али паша бил добро познат во Албанија но не бил посакуван. Се верувало дека во последната војна ги подржувал Црногорците и наредил да им се дадат неколку значајни места. Тоа го слушнал оде ден турски генерал кој слуежел со него во таа област. Тој

---

[167] Mile, Ligor. *Shqipëria në vitet e Lidhjes Shqiptare të Prizrenit (Dokumente arkivash franceze)*, I (1876-1879), Tiranë, 1978, стр. 197

[168] Mikiq, Gjorgje. „Pushtimi austro-hungarez i Sanxhakut të Jeni Pazarit në 1879 dhe Lidhja e Prizrenit (vazhdim)", *Gjurmime albanologjike-Seria e shkencave historike*, X-1980, Prishtinë 1981, стр. 61

исто така му рекол дека тој зборувал неконтролирано, и како последица на тоа стекнал лош глас.[169]

Весникот "Застава" од Нови Сад по убиството на Мехмет Али паша пишувал: "Како што може да се види од вестите кои стигнуваат, Призренската Лига е фактор кон кој треба да внимаваат не само српските кнежевства, туку и цела Европа, која е заинтересирана за решавањето Источното прашање. Убиството на Мехмет Али паша ќе влијае во односите меѓу Европските Сили и Османлиската Империја".[170]

Во весникот "Ла Турки" реферирајќи се на "Ле Фар ди Босфор" на 18 септември 1878 година било објавено дека многу албански доброволци биле концентрирани во Скопје. Работниците на железницата побарале упатства од централната администрација во Цариград која им наредила да останат во своите места и да ја вршат својата работа. Весникот истакнувал дека албанските доброволци, вооружени со пушки Хенри-Мартин и Винчестер, има можност да побараат да бидат пренесени со воз до Митровица, а одтаму до Нови Пазар.[171]

Поради настанатата состојба Цариградскиот Комитет одржал таен состанок под раководството на Абдул Фрашери, при што било одлучено да се иницира пред Портата основањето на Албански Вилает. Таквиот предлог бил објавен без името на авторот на 27 септември 1878 година во весникот „Терџуман-и Шарк", весник кој се издавал под уредништво на Сами Фрашери, инаку брат на Абдул Фрашери.[172] Според изнесените

---

[169] Rizaj, Skënder. „Nëntë dokumente angleze mbi Lidhje Shqiptare të Prizrenit (1878-1880)", *Gjurmime albanologjike-Seria e shkencave historike*, X-1980, Prishtinë 1981, стр. 234

[170] Gjorgjeviq, Zoran. „Lufta e Lidhjes për pushtet, autonomi, dhe pavarësi në dritën e shtypit serb", *Konferenca kombëtare e studimeve për Lidhjen Shqiptare të Prizrenit 1878-1881*, I, Tiranë 1979

[171] Mile, Ligor. *Shqipëria në vitet e Lidhjes Shqiptare të Prizrenit (Dokumente arkivash franceze)*, I (1876-1879), Tiranë, 1978, стр. 197

[172] *Historia e Popullit Shqiptar*, Tiranë, 2002, стр. 172

податоци во весникот Лигата усвоила програма составена од седум точки. Во првата точка стоело дека суверенитетот на Портата ќе се сочува во Албанија и дека нема да им се предаде албанска територија на другите држави. Во втората точка се барало создавање на Албански Вилает, односно создавање на вилает со албанско население. Во другите точки се наведувало дека административниот кадар требало да бидат Албанци, во администрација и во училишта да се употреби албанскиот јазик и да се создаде сопствена војска.[173]

Програмата која ја предложил Цариградскиот Комитет била разгледана во вонредното собрание свикано во Дебар на 14 октомври 1878 година, а усвоиле и резолуција базирана во барањата на Цариградскиот Комитет. На 1 ноември 1878 година Комитетот на Лигата во Дебар свикал Собрание каде што учествувал и Абдул Фрашери, при што Собранието усвоило резолуција во форма на меморандум, која се потпирала на резолуцијата од 14 октомври 1878 година и содржела пет точки. Документот било одлучено да му се предаде на Високата Порта од делегација составена од видни Албанци. За координирање на работите за именување на делегатите и усвојување на одлученото во другите ограноци се ангажирале Илјаз паша Дибра и Абдул Фрашери.[174] Абдул Фрашери на пат за Јанина тргнал преку Елбасан, Берат, Фиер Валона, Ѓирокастро, Делвина и Филат, а потоа низ Чамериа до Превеза ги запознал локалните комитети со одлуките на Собранието во Дебар. На 31 октомври 1878 година Кирби Грин од Скадар известувал дека повторно биле повикани делегатите од секој град на Вилаетот. Според него повикот бил направен во името на Албанската Лига од страна на шех Мустафа од Тетово, кој бил вратен од мисијата во Цариград.[175]

---

[173] *Historia e Popullit Shqiptar*, Tiranë, 2002, стр. 172

[174] Исто тука, стр. 173

[175] Rizaj, Skender. *Lidhja e Prizrenit ne dokumente angleze, 1878-1881,* Prishtinë, 1978, стр. 104

Од друга страна Грчката влада правела притисок при Високата Порта за по скорешна примена на Протоколот бр. 13 на Берлинскиот Конгрес во врска со новата гранична линија меѓу Грција и Османлиската Империја. Бидејќи се подготвувала конференција за дискутирање на тоа прашање во Превеза, Јанинскиот Комитет ги повикал сите ограноци на Лигата да делегираат свои претставници за да учествуваат на вонредно собрание во Превеза, во врска со најавената османлиско-грчка конференција. Собранието почнало со работа на 11 јануари 1879 година. По неколку денови Собранието формирало три комисии: Комисија за политички прашања, комисија за воени прашања и дипломатска комисија.[176] Интересно е дека Високата Порта еден о членовите кои го назначила за средба со грчките делегати бил член на Јанинскиот комитет на Лигата. Осмалиско – грчката конференција започнала да работи на 6 февруари 1879 година. Османслиската страна предводена од Ахмет Мухтар паша се согласила да ја отстапи Тесалија но не и Епир, па така конференцијата доживеала неуспех.

Раководителите на Комитетот на Јанина сметале дека за постигнувањето на целта не се доволни само меморандумите и протестите, па затоа одлучиле да организираат дипломатска мисија која ќе ги посети главните центри на Големите Сили во врска со одлуките на Протоколот бр. 13 на Берлинскиот Конгрес. Таквата дипломатска мисија ја презеле Абдул Фрашери и Мехмет Али Вриони и траела околу три месеци. Почнувајќи од крајот на март 1879 година тие ги посетиле Рим, Парис, Лондон, Берлин, Виена и Цариград. Најпрвин делегацијата на Лигата отишла во Рим. Рим бил избран како прва дестинација затоа што интересите на Италија и на Австро-Унгарија се судрувале во Западен Балкан, и затоа делегацијата се обидела тоа да го користи во полза на Лигата поради стравот на Италија од експанзијата на Австро-Унгарија, која во неможност да одвива активна политика, се обидувала да ја

[176] *Historia e Popullit Shqiptar*, Tiranë, 2002, стр. 174

спречи политиката на Виена. Во Рим тие се сретнале со претседателот на владата. Тој им кажал дека грчките претензии во Епир нема да бидат прифатени.[177]

Тие при посетата на Министрите за Надворешни Работи им предавале меморандуми со иста содржина во врска со албанското прашање.[178]

Абдил Фрашери и Мехмет Али Вриони при нивната посета на Рим се сретнале и со Турхан Хисни, османлискиот амбасадор во Италија, на кого му рекле дека нивното патување во Италија, Франвија и Австрија имало за цел да се обезбеди целовитоста на Албанија во состав на Империјата, и дека Албанците ќе се спротивстават доколку Европа ќе побара да и се даде на Грција еден дел на нивната земја и долколку самата Порта се согласи да го прифати тоа. Турхан Хисни им рекол дека нема никаква препорака од страна на Портата во врска со нив.[179]

Абдил Фрашери при посетата на европските држави потрошил повеќе од 30 илјади турски лири за интересите на Призренската Лига во неговата активност Албанците да добијат автономија.[180]

Бидејќи Протоколот бр. 13 не можел да се спроведе со взаемна согласност на Османлиската Империја и Грција, Големите Сили, потписнички на одлуките на Берлинскиот Конгрес одлучиле на ја свикаат Берлинската Конференција во јуни 1880 година.

---

[177] Mehmeti, Drita. „Veprimtaria diplomatike e delegacionit të Lidhjes Shqiptare në pranverën e vitit 1879", *Konferenca kombëtare e studimeve për Lidhjen Shqiptare të Prizrenit 1878-1881*, I, Tiranë 1979, стр. 243

[178] *Historia e Popullit Shqiptar*, Tiranë, 2002, стр. 176

[179] Prifti, Kristaq. *Lidhja Shqiptare e Prizrenit në burimet osmane 1978-1881*, Tiranë, 1978, стр. 31

[180] Çerkini, Fejzullah. "Disa dokumente austro-hungareze lidhur me luftën e Dervish Pashës kundër Lidhjes së Prizrenit, në Slivovë, Shtimje, Caralevë dhe Duhël më 1881", *Konferenca kombëtare e studimeve për Lidhjen Shqiptare të Prizrenit 1878-1881*, I, Tiranë 1979, стр. 387

Црна Гора стравувала дека со тек на време може да се смени меѓународната положба, и затоа барала брзо решение околу предавањето на териториите кои и следувале според одлуките на Берлинскиот Конгрес. Како закана таа се уште не ги предавала териториите кои ги окупирала, а кои според одлуките на Берлинскиот Конгрес требале да и се вратат на Османлиската Империја, а како најзначаен бил градот Улцињ. Околу ова прашање тактизирала и Русија, која држела војска во територијата на Османлиската Империја. Тоа ги загрижило и Големите Сили, кои се надевале на се поскорешно повлекување на руските трупи. Под тој притисок, Високата Порта решила да ги изврши обврските околу предавањето на териториите. Ваквите ставови околу предавањето на територите го активирале Поткомитетот на Лигата во Призрен, бидејќи териториите спаѓале во Косовскиот Вилает. На 2 февруари 1879 година во близина на Скадар се сретнале делегацијата на Црна Гора и Високата Порта за да се договорат околу предавањето на териториите, освен Плав и Гусиње, кои Портата се колебала да ги предаде.[181] Причината била што таа не била заинтересирана да ги иритира односите со албанското население. Таа била заинтересирана за стабилизирање на состојбата, бидејќи имала поголеми проблеми. Дури и работата на меѓународната комисија за одбележување на границите ги прекинала своите активности откако добиле петиција од Лигата дека нема да прифатат гранична линија ако во комисијата не учествуваат нејзините претставници.

Црна Гора решила да дислоцира воени трупи, а потоа и Лигата мобилизирала доброволци. За да влијае во смирувањето на состојбата, Порта предложила наместо Плав и Гусиње на Црна Гора да и се отстапат територии во Херцеговина, но тоа наишло на спротивставување и на Австро-Унгарија и на Црна Гора.[182]

---

[181] *Historia e Popullit Shqiptar*, Tiranë, 2002, стр. 179

[182] Исто тука, стр. 180

На 25 мај 1880 година Кирби Грин на свотето нисмо упатено од Скадар до Гренвил, Министер за надворешни работи на Англија пишувал дека Албанците муслимани од Север мислеле да формираат аутономен вилает, нешто слично како Источна Румелиа, составен од цела Албанија, опфаќајќи го и Епир и областите кои ги опфаќаат јагозападните граици на Србија, додека од многуте кандидати во позицијата на генералниот гувернатор најсоодветен се спомнува некојси Мехмет Аќиф Паша, кој му припаѓа на благородно семејство од Средна Албанија.[183]

Црна Гора преминала во воена акција и се судрила со силите организирани од Лигата. Поради тоа што состојбата можела да придонесе до понатамошни компликации Портата го ангажирала Ахмет Мухтар паша, кој бил командант на османлиската војска во Румелија со седиште во Битола. Поради неможноста да се реши прашањето за предавањето на Плав и Гусиње, по предлог на Италија било одлучено наместо споменатите области на Црна Гора да и се отстапат областите на Хот и Груда. За тоа во Цариград на 18 април 1880 година бил потпишан „Протоколот за границите на Турција и Црна Гора". Таквиот чин предизвикал низа реакции од страна на Албанците кои биле испратени до Големите Сили и Високата Порта. Во новинскиот напис на весникот "Монинг Пост" од 22 април 1880 пишува дека Албанците ја прогласиле независноста од Падишахот. Весникот "Скодра" кој за прв пат бил печатен на Турски и Албански јазик ја објавил албанската прокламација на независноста и истерањето на неалбанските службеници. Весникот нагласува дека прокламацијата била потпишана од страга на Али паша, Ходо бег, Пренг Дода и уд муфтијата Хафиз и од свештеникот Портен.[184]

---

[183] Abdyli, Ramiz. *Lidhja Shqiptare e Prizrenit në birimet angleze*, I, Prishtinë, 2004, стр. 225

[184] ДАРМ, Фонд - F.O. M-157, стр. 62

На 10 јуни 1880 година Кирби Грин од Скадар го известувал Гренвил дека сите членови на Албанскиот комитет во Скадар заминале во кампот во Туз, бидејќи биле повикани од Ходо Бег и Пренг Биб Дода за да дискутираат важни работи.[185]

Лигата распоредила свои вооружени трупи во местата каде што се повлекле силите на Портата, по потпишаниот документ.[186] () Поради тоа што трупите на Лигата 8 месеци не ги отстапуваа териториите, и бидејќи Портата се колебала да влезе во отворен конфликт со Албанците, Големите Сили на 15 јуни 1880 година го усвоиле предлогот на Велика Британија и Австро-Унгарија, на Црна Гора да и се отстапи градот Улцињ.[187]

Претставниците на силите потписнички на Берлинскиот Договор, на 18 април 1880 го потпишаа протоколот на конференцијата, каде биле определени новите граници меѓу Османлиската Империја и Црна Гора. Во името на Османслиската Империја протоколот го потпишал Саваш Паша кој истовремено наредил веднаш да се предадат сменетите територии.[188]

Едно од прашањата кои биле актуелни меѓу Албанците било и прашањето на Автономијата, односно на Автономниот Албански Вилает. Таквото барање веќе било артикулирано преку резолуцијата на Дебарскиот Конгрес на 1 ноември 1878 година. Откога се зборувало за Санстефанскиот Прелиминарен Договор, онаму каде што делувала Лигата органите на Портата не функционирале во Вилаетите. Исто така не функционирале ни судовите, а не се собирале ни даноци ни низам. Таквата состојба не и годела на Портата, па затоа таа во неколку наврати

[185] Abdyli, Ramiz. *Lidhja Shqiptare e Prizrenit në birimet angleze*, I, Prishtinë, 2004, стр. 283

[186] *Historia e Popullit Shqiptar*, Tiranë, 2002, стр. 185

[187] Исто тука, стр. 188

[188] Rizaj, Skënder. „Çështja shqiptare në marrëveshjet e fuqive të mëdha të Evropës (1878-1881)", *Gjurmime albanologjike-Seria e shkencave historike*, VII-1977, Prishtinë 1978, стр. 167

се обидувала да воспостави ред, меѓу другото и обидувајќи се да регрутира војници меѓу Албанците.

За активностите на Лигата во текот на 1879 година зборуваат и дипломатските извештаи на Австро-Унгарските конзули со седиште во Призрен, Скопје, Солун и Скадар. Австро-Унгарскиот конзул во Битола Фоупич, на 3 февруари 1879 година му пишувал на Андраши дека Централниот Комитет на Албанската Лига испратил во Битолскиот Вилает многу агитатори и дека во казите на вилаетот, населени со Албанци, плановите и целите на Лигата биле добро пречекани. Исто така дипломатот истакнувал дека од сигурни извори бил информиран дека Албанската Лига планирала да го прогласи Охрид како главен град на обединетиот албански вилает.[189]

Во 1879 година во Приштина почнало да се пропагира идејата за основање на независни народни судови, одделни од оние на Портата. На 7 мај 1879 година претставниците на Лигата во Приштина му се обратиле на Валијата на Косово со барање да им дозволи основање на нивни судови, но без да ги елиминираат османлиските судови. Портата стравувајќи од поголеми конфликти му наредила на валијата да дозволи основање на судовите на Лигата. Но Ограноците на Лигата во Ѓаковица и Пеќ побарале да се укинат османлиските судови и формирале свои судови. Под влијание на овие настани во врска со формирањето на судовите на Лигата, во Соборот на Лигата кој се одржал на 19 мај 1879 година во Призрен, на султанот му било упатено барање не само во врска со судовите туку и истите региони да бидат административно раководени од страна на Лигата. Бидејќи султанот не го прифатил тоа, Лигата одлучила да ги бојкотира судовите на Портата и да формира свои, при што бил составен и правилник за раководење на судовите.[190]

---

[189] Kodra, Masar. „Dibra me rrethinë në kohën e Lidhjes së Prizrenit", *Konferenca kombëtare e studimeve për Lidhjen Shqiptare të Prizrenit 1878-1881*, I, Tiranë 1979, стр. 321

[190] Rahimi, Shukri. „Elemente të shtetësisë në Lidhjen e Prizrenit (1878-1881)", *Gjurmime historike të Rilindjes Kombëtare*, Prishtinë, 1986, стр. 106

Во писмото на британскиот конзул Џон Блант испратено до британскиот амбасадор во Цариград Хенри Лејард на 7 мај 1879 година пишува за заостувањето на албанско-српските односи. Тој нагласувал дека откако османлиските авторитети од Приштина фатиле и уапсиле околу 200 албанци кои зеле активно учество во последните напади во Србија во правец на Куршумлија, се собрале околу 6000 албанци од Ѓаковица, Пеќ и планинските области, се собрале во Ѓаковица непријателски настроени кон Портата. Тие ги испратиле своите делагати во Приштина за да побараат нивно итно и безусловно ослободување на затворениците заканувајќи се дека ќе го уништат градот доколку не бидат прифатени нивните барања. Како последица на тоа многу членови на локалната админситрација и видни жители на градот ги испратиле своите семејства во Скопје и во други драдови, додека генералниот гувернатор на Косово Назиф паша од страв ги предал уапсените. Горенаведените информации Блант ги добил од Рифат паша, генерален гувернер на Солун . Од други извори Блант бил информиран дека незадоволството на Албанците било големо поради промените настанати со одлуките на Берлинскиот конгрес и дека неодлучниот став на Назиф паша ги охрабрувал албанците да им се спротивстава на одлуките на за отцепување на Гусиње ви полза на Црна Гора. Сали паша сметал дека предавањето на таа област на Црна гора ќе создаде големи нереди и крвопролевања. Додека Халид бег, член на комисијата на Портата за назначување на османлиско-црногорската граница, дошол од Цариград во Солун, а оттаму во Битола за да го сретне Ќамил паша, претстедател на комисијата со кого ќе одат во Приштина за да ги убедат албанците да се согласат со новата состојба.[191]

Од страна на Зија Приштина во мај 1879 година била доставена петиција до Високата Порта со неколку барања, меѓу кои и барањето за основање на независни судови. На 12 мај 1879 година султанот одобрил

[191] ДАРМ, Фонд - F.O. M-22, 462-464

создавање на Албански судови, кои би делувале покрај оние на Портата, при што граѓаните останувало да одберат на кој суд ќе му се обратат. Иницијативите за независни судови кои се прошириле низ Косовскиот и Скадарскиот Вилает биле привлечни за Лигата, која сакала да ги стави под своја контрола, а воедно Рда ги укине османлиските судови.[192]

Весникот "Сан Петербургске вједомости" осврнувајќи се на пищувањата на на дописникот од Цариград на "Journal de Débats" на 5 јуни 1879 информирал дека Портата мисли дека во духот на параграфот 23 на Берлинскиот Договор да и подари на Албанија посебен органиски статут и на тој начин да се воспостави провинциско самоуправувањето (автономија). На месните жители ќе им се даде правото на учество во администрацијата на провинцијата, чиј гувернатор ќе се именува Мухтар Паша. Како компензација на тоа, Албанците се принудени да учествуваат во редовите на османлиската војска, додека албанските контингенти можат да се употребат само за да се одбрани Албанија. Целта на Портата е јасен - таа мисли преку помошта на борбените Албанците да го спречи понатамошното продирање на Грците во територијата на Османлиската Империја.[193]

Францускиот претставник во Скадар известувал за заинтересираноста на Англија за збиднувањата меѓу Албанците (во извештајот од 16 септември 1879 година), кој ја истакнува посветеноста на Англија кон Мирдита. Исто така и отворањето на англискиот конзулат во Призрен го привлекло вниманието на француските дипломати, со истакнување на потребата и Република Франција да има свој конзуларен претставник во тој град, се разбира за да ги следни настаните од блиску.[194]

---

[192] *Historia e Popullit Shqiptar*, Tiranë, 2002, стр. 190

[193] Ajvazi, Shemsi. „Lidhja e Prizrenit më 1879-1881 në shtypin qendror Rus", *Gjurmime albanologjike-Seria e shkencave historike*, VII-1977, Prishtinë 1978, стр. 193

[194] Shehu, Gjyltekin. „Disa aspekte të diplomacisë frënge përkitazi me ngjarjet e viteve 1878/1879", *Gjurmime albanologjike, Seria e shkencave historike*, nr. 19-1989, Prishtinë, 1990, стр. 141

На 3 октомври 1879 година во Призрен било свикано Општото Собрание на Лигата, во кое било третирано прашањето на воените акции на Црна Гора и на Автономијата на Албанија. Советот на Лигата гласал промени на раководството на Лигата. Претседател на Лигата наместо Шех Мустафа од Тетово бил избран Хаџи Имер ефендија. На 13 октомври 1879 година Портата преку владините органи во Призрен ја прекинала работата на Општото Собрание на Лигата пред завршувањето на работите и пред да усвои било каква резолуција.

Во писмото на британскиот конзул Џон Блант испратено до британскиот амбасадор во Цариград Хенри Лејард на 15 ноември 1879 година пишува за одлучноста на портата да се замеша во конфликтот на албанците со Црна Гора, во полза на Црна Гора. Тој известувал за крвави судири меѓу албанците и црногорците за Гусиње, но Шефкет паша, генерeланиот гувернатор на Косово кој секојдневно контактирал телеграфски со командантот Осман паша немал такви информации. Осман паша испратил свој верен агент во Гусиње за да се запознае со тамошната состојба. Исто така Блант дознал дека Гази Ахмет Мухтар паша, генерален гувернер и врховен командант на Битолскиот вилает, откако зел наредба од Портата да оди во Гусиње за да го следи предавањето на таа област на Црна Гора, телеграфирал дека доколку не биде подржано од силна воена демонстрација, мешањето во овој случај ќе создаде големи нереди и крвопролевање.[195]

Со своите активности активен бил и Поткомитетот на Лигата во Скадар кој на 9 април 1880 година свикал вонредно собрание, од кое собрание произлегла и резолуција во која се барало од султанот да ги повлече воените сили и да признае административна автономија на областите каде што живееле Албанците обединети во заеднички вилает.
На 4 мај 1880 година Блант од Солун го информирал Лајард во врска со добиените информации од неговиот помошник Алварес кој бил во

[195] ДАРМ, Фонд - F.O. M-22, 937-938

Приштина за да се информира во врска со спроведувањето на членот 23 од Берлинскиот конгрес. Тој таму се сретнал со валијата Хусеин Фиќри паша. Иако бил пречекан добро, тој не добил информации за составот на комисијата во врска со новиот органски статут.[196]

Поткомитетот исто така весникот „Шкодра" кој се издавал на турски јазик почнал да го издава на албански јазик од 7 мај 1880 година.[197] Во јуни 1880 година во Фрашер бил одржан состанок на кој било предложено формирање на привремена влада на Албанија, за чие конечно усвојување било предложено да се направи на Општото Собрание на Лигата во Призрен.

Британскиот весник "Стандард" на 11 мај 1880 година пишува дека Пренг Дода го прифатил претседателството на Привремената албанска влада, додека Министер за војна бил назначен Ходо Беј. Весникот пишува дека тие имаат 4 илјади коњи, 6 илјади пушки Мартин-Хенри, 130 илјади парчиња муниција. Весникот исто така пишува дека главни финанциери се Тизаба и Бианки од Скадар.[198]
На 10 мај 1880 конзулот Блант го информирал Солсбери во врска со инфомациите кои ги добил од неговиот помошник Алварес кој отишол во Приштина да се информира како одат работите таму. Алварес информирал за лошата сосотојба со бегалците кои биле иселени од областите кои според Берелинскиот конгрес му биле доделени на Србија меѓу кои и Куршумлија и Прокупле. Алварес исто така информирал за тешкотиите на Валијата на Косово да обезбеди доволно жито за потребите на бегалците кои според извештајот биле меѓу 90.000 и 100.000.[199]

Поради застојот во спроведувањето на одлуките на Берлинскиот Конгрес околу прашањето на османслико-грчката граница и османлиско-

---

[196] ДАРМ, Фонд - F.O. M-24, 182

[197] *Historia e Popullit Shqiptar*, Tiranë, 2002, стр. 192

[198] ДАРМ, Фонд - F.O. M-157, 63

[199] ДАРМ, Фонд - F.O. M-24, 186-187

црногорската граница Големите Сили одлучиле да ја одржат Берлинската Конференција. Непосредно пред конференцијата Портата го именувала Абедин паша Дино како министер за надворешни работи на Османлиската Империја.[200] Со оглед на тоа тека тој бил поранешен член на Претседателството на Призренската Лига сакала да докаже дека таа се грижи и за Албанците. Конференцијата започнала со работа на 16 јуни 1880 година. На конференцијата Големите Сили покажале интерес да ја поттикнат Грција да побара повеќе територии, па така таа побарала протегање до Саранда, вклучувајќи го и античкиот град Бутринт. Конференцијата исто така предложила наместо областите на Хоти и Груда, на Црна Гора да и биде отстапен Улцињ. Исто така на Портата и се предлагало да ја разгледа можноста за административна автономија на Скадарскиот Вилает.[201]

Виена тргнувајќи од своите политички стремежи била прва која го предложила идејата за замена на Хот и Груда со земји западно од Скадарското Езеро. И така настанал проблемот околу Улцињ во 1880 година.[202]

По добивање на веста за одлуката на Берлинската Конференција во врска со грчко-османлиската граница Лигата одржала Собрание во Ѓирокастро на 23 јули 1880 година, под раководство на Абдул Фрашери, додека главна тема било прашањето на автономијата на Албанија.

Уште едно прашање кое требало да се реши било и прашањето на предавањето на Улцињ на Црна Гора, по неуспешното предавање на Хот и Груда. Црна Гора била согласна да го добие Улцињ наместо споменатите територии. Како и порано Високата Порта официјално не била против тоа,

---

[200] Gawrych, George W. *Gjysmëhëna dhe Shqiponja*, Tiranë, 2007, стр. 103

[201] *Historia e Popullit Shqiptar*, Tiranë, 2002, стр. 197

[202] Repishti, Xhevat. „Problemi i Ulqinit dhe diplomacia e Fuqive të Mëdha të Evropës më 1880", *Konferenca kombëtare e studimeve për Lidhjen Shqiptare të Prizrenit 1878-1881*, I, Tiranë 1979, стр. 387

но како пречка пак го користела спротивставувањето на Албанците. За да се реши без компликации проблемот околу предавањето на Улцињ, Големите Сили се заканиле со дислоцирање на нивната флота во бреговите на Улцињ за да ја покажат нивната одлучност, а доколку тоа не даде резултати подоцна ќе истоварат свои сили во Измир, повторно како закана.[203]

На телеграмата на валијата на Косово, испратена до Високата Порта на 3 август 1880 година тој го известувал во врска со дејствувањето на комитетите на Призренската Лига. Според него Лигата составувала листи за да знае колку способни мажи има на располагање за употреба на оружје доколку има потреба и колку пушки се потребни. Исто така тој известувал дека Лигата ги менувал без причина судските и полициските службеници, и исто така инсистираат во барањата за целосно укинување на судските институции.[204]

На 26 август 1880 година конзулот Едмонд Фитзморис го информирал Блант во Солун за плановите на Албанската Лига за да маршира кон Крива Паланка и околу дејноста на Лигата во Нови Пазар. Тој имал инфорамции дека можно е Лигата да превземе акции кон Врање преку Куманово, а според некои други кон Крива Паланка, во границата со Бугарија. Тој исто така информирал дека слушнал за австриски гарнизонод 400 војници кој бил стациониран во Пријеполе, како и други гарнизони во Таслиџе, Прибој и Чајница кои вршеле поправка на патиштата и вршеле одбрамбени подготовки на теренот.[205]

Високата Порта разбрала дека состојбата може да се комплицира поради одлучноста на Големите Сили, и поради тоа во август 1880 година во Скадар го пратила генералот Риза Паша со околу 300 трупи за да работи околу предавањето на Улцињ без конфликт. На 25 август 1880

[203] *Historia e Popullit Shqiptar*, Tiranë, 2002, стр. 200

[204] Prifti, Kristaq. *Lidhja Shqiptare e Prizrenit në burimet osmane 1978-1881*, Tiranë, 1978, стр. 101

[205] ДАРМ, Фонд - F.O. M-25, 3-5

година францускиот вицеконсул во Јанина Виет му пишувал на Де Фрејсинес, Министер за надворешни работи на Франција дека Лигата се стреми да ја прогласи независноста на Албанија, доколку Високата Порта ќе прифати на Грција да и отстапи територии во Долна Албанија. Виет истакнува дека клучна фигура за отпорот во Епир е Абдул Фрашери.[206]

Тој се обидел да ги убеди претставниците на Лигата да се откажат од намерата да се противат околу прашањето на Улцињ. Тој прогласил вонредна состојба во Скадар. На 1 септември 1880 година Големите Сили одлучиле да демонстрираат со бродовите во Улцињ и на 4 септември 1880 година организирале дефилирање на бродовите кои се стационирале се до решавањето на прашањето за предавање на градот. На 17 септември 1880 година командантот кој ја командувал флотата на Големите Сили испратил ултиматум до Дервиш Паша за 3 дена да го предаде Улцињ. Во исто време трупите на Лигата навлегле во Улцињ а османлиските трупи се затвориле во касарните, а потоа го напуштиле градот. Риза Паша дал наредба да се затворат сите пристапни патишта кои водат од Скадар кон Улцињ преку кои оделе сите снабдувања на силите на Лигата и забранил одржување на состаноци во Скадар, и прогласил растурање на огранокот на Лигата. Британските и Австро-унгарските конзули се обиделе преку дипломатски канали да ги убедат раководителите на Лигата да ги повлечат доброволците од Улцињ, при тоа истакнувајќи дека биле заинтересирани да влијаат да им дадат на Албанците автономни права. Тоа создало раздор во раководството на Поткомитетот на Лигата за Скадар, при што Ходо Соколи се откажал од понатамошната намера да се спротивставаат на предавањето на Улцињ.[207]

---

[206] Mile, Ligor. *Shqipëria në vitet e Lidhjes Shqiptare të Prizrenit (Dokumente arkivash franceze)*, II (1876-1879), Tiranë, 1978, стр. 255

[207] *Historia e Popullit Shqiptar*, Tiranë, 2002, стр. 202

**Собранието на Лигата во Дебар (20-24 октомври)**

На 20 октомври 1880 година во Дебар се одржало Собрание на Лигата на кое учествувале околу 300 делегати, меѓу кои и Али паша Гуциа, Илјаз паша Дибра, Абдул Фрашери идр. И рускиот конзул во Битола В. Максимов известувал во Дебар дошле околу 300 делкегати и дека раководна улога во собранието имал Авдул Фрашери.[208]
Во писмото што на 19 октомври 1880 година го испратил Блант од Солун до Гренвил тој го информирал за собирот на Лигата во Дебар, која според него требала да одлучува во врска со грчко-турската граница, и дека неговиот италијански колега Ламбертени испратил свој човек албанец во Дебар да го следи состанокот.[209]

Главни теми кои се дискутирале биле: прашањето за Улцињ, создавањето на автономен вилает и формирање на привремена влада. Меѓу делегатите кои учествувале имало и такви кои ја подржувале политиката на Високата Порта. Делегатите одлучиле да се одбрани Улцињ, да се создаде Албански Вилает.[210] Бидејќи во Собранието се појавиле различни ставови поради струите кои преовладувале, Собранието усвоило две различни резолуции, кои биле испратени во Цариград. Во врска со одлуката за привремена влада Собранието во Дебар не донело никаква одлука, оставајќи тоа да се разгледа во некоја друга прилика.

Во меѓувреме се случиле промени во военото раководство на османлиските воени трупи распоредени во Скадарскиот Вилает. На 25 октомври 1880 година Скадар го напуштил Риза Паша, и него го заменил Дервиш Паша кој имал на располагање голема воена сила. Тој им дал ултиматум на силите на Лигата да се повлечат од Улцињ.

---

[208] Сенкевич, И.Г. *АЛБАНИЯ в период Восточного кризиса*, Москва 1965, стр. 166

[209] ДАРМ, Фонд - F.O. M-25, 65-66

[210] *Historia e Popullit Shqiptar*, Tiranë, 2002, стр. 202

На 25 октомври 1880 година Блант го информирал Гренвил за тоа дека од Солун Дрвиш паша допатувал во Скадар со бродот "Стамбул".[211]

Конзулот Блант на 26 октомври 1880 година од Солун го информирал Гренвил во врска со контактите не Пиетро Чаира роден во Палермо, со албанско потекло кој го следел состанокот на Лигата во Дебар испратен од италијанската влада со тајна задача во Албанија примал информации од италијанскиот конзул. Истата вест тој ја добил од неговиот грчки колега г. Логотет кој бил конзул во Битола, дека доверлив човек на Италија бил во постојан контакт со влијателните членови на Лигата.[212]

Во врска со акцијата на Дервиш Паша против Лигата, еден трговците од Призрен кои стигнале во Солун за да купат роба, а кои стигнале со возот од 30 април го информирал британскиот конзул Блунт дека Дервиш Паша ги концентрирал неговите сили во Призрен, но дека сеуштан е тргнал против Ѓаковица и Пеќ. Дервиш Паша се обидувал да го убеди Али Паша Гуциа и другите албански водачи за да му се потчинат на власта на Султанот.[213]

Комитетот на Лигата за Улцињ испратил петиција до Големите Сили во која ја истакнувал волјата за одбрана на Улцињ.[214] За да се реши побрзо предавањето на Улцињ дипломатски активности правеле и британскиот конзул во Скадар К. Грин и Австро-Унгарскиот Ф. Липих, кои се обидувале да ги убедат раководителите на Лигата. Неколку членови на Поткомитетот на Лигата во Скадар се повлекле од намерата да се задржи Улцињ. Разочарани од нивниот потег дел од членовите на Лигата формирале нов Комитет за Скадар на 19 ноември 1880 година. На 22 ноември 1880 година Дервиш Паша дал наредба турската војска да

---

[211] ДАРМ, Фонд - F.O. M-25, 79

[212] ДАРМ, Фонд - F.O. M-25, 81-82

[213] Rizaj, Skënder. “Rezistenca e turmave shqiptare kundër qeverisë osmane (1881-1885)”, *Gjurmime albanologjike-Seria e shkencave historike*, X-1980, Prishtinë 1981, стр. 84

[214] *Historia e Popullit Shqiptar*, Tiranë, 2002, стр. 203

маршира кон Улцињ, при што се судриле со трупите на Лигата. Во судирите загинал и Исуф Соколи кој командувал со силите на Лигата. Откако го совладале отпорот на Лигата на 23 ноември 1880 година османлиските трупи влегле во Улцињ и на 26 ноември им го предале на Црногорската Војска.[215] Предавањето на Улцињ на Црна Гора го окончало прашањето на османлиско-црногорската граница, спор кој траел повеќе од 30 месеци, односно од потпишување на Берлинскиот Договор.[216]

Блант го информирал Гренвил на 24 ноември 1880 година во врска со синот на еден виден Албанец од Дебар кој од 22 ноември од Солун допатувал за Цариград. Тој со себе носел посебна молба за султанот од страна на сите учесници кои зеле учество во последниот состанок на Албанската Лига во Дебар, во која се молело неговото височество сите постоечки вилаети во Северна и Јужна Албанија да се убединат и да се создаде еден голем вилает.[217]

На 11 декември 1880 година Блант од Солун го информирал Гренвил дека добил извештај од Скопје дека Албанците во тој град, делувајќи под влијание на Лигата одбиваат да го признаваат Ариф ефенди како нивен митесариф на местото на Ќемал ефенди кој бил повлечен од Портата. Тие го зеле во свои раце мостот на Вардар преку кој се влегува во градот и го предупредиле Ариф ефенди дека нема да дозволат да го фати местото на митесарифот. Исто така тие го известиле Осман паша, Валијата на Косово, да го анулира назначувањето на Ариф ефенди, бидејќи жителите се задоволени со досегашното раководење на Ќемал ефендија и одлучиле да не му се потчинат на авторитетот на горенаведениот Ариф ефенди. Изгледало дека тие го обвинувале мината практика на корупција во текот не претходното администрирање на нивниот санџак, отрпилика пред една

---

[215] Gawrych, George W. *Gjysmëhëna dhe Shqiponja*, Tiranë, 2007, стр. 98

[216] *Historia e Popullit Shqiptar*, Tiranë, 2002, стр. 204

[217] ДАРМ, Фонд - F.O. M-25, 155-156

година, кога неговиот брат, Назиф паша, актиелниот Министер за вакуфите, бил валија на Косово.[218]

Осман паша, најпрвин се заканил дека ќе употреби сила против нив, но поради телеграфските наредби од Портата се обидувал на мирен начин да ја среди состојбата, но Блант се сомневал дека ќе има успех против владеењето на Лигата, која во дадениот момент била супериорна не само во Скопје, туку и во Тетово, Качаник, Призрен, Дебар, Мат, Пеќ и во Ѓаковица. Според сите лица од вантрешноста кои ги контактирал, тие области се во состојба на револт против османлиските авторитети. Тие успешно се спротивставиле на регритацијата, со сигурност тврдел дека во Скопје и во наголем дел на казите, локалните судови се затворени, и судиите се истерани од масата.[219]

### Автономијата и Расформирањето на Лигата

По затворањето на отвореното прашање на разграничувањето на османлиско – црногорската граница со предавањето на Улцињ, активностите на Лигата се концентрирале околу османлиско-грчката граница и во барањата за добивање на автономија. Поради состојбата која се заостривала, од Лигата се повлекле оние кои имале просултански ставови. На состанокот пој се одржал во Призрен во ноември, било одлучено Абдул Фрашери да замине за Цариград со задача на Портата да и го предаде барањето за обединување на вилаетите. Било одлучено исто така да се крене востание доколку Портата премине во акција за елиминација на Лигата.[220] Причина поради таа одлука биле мерките кои ги превземал Дервиш Паша во Скадарскиот вилает кон членовите на Лигата, при што тој интернирал во далечните краеви на Империјата видни

[218] ДАРМ, Фонд - F.O. M-25, 185-188
[219] ДАРМ, Фонд - F.O. M-25, 185-188
[220] *Historia e Popullit Shqiptar*, Tiranë, 2002, стр. 216

Албанци кои имале авторитет и можеле да влијаат меѓу населението. Портата го повикала во Цариград Дервиш Паша и му дала задача да подготви експедиција за конечна разврска со Призренската Лига, која имала тенденции да организира антиосманлиско востание. Дервиш Паша побарал 40 баталјони со два центри на управување: Скопје и Скадар. Револтот на Албанците кон органите на портата бил голем, и тие ги избркале во повеќе места чиновниците на Портата. На таен начин од Цариград во Призрен допатувал и Абдул Фрашери. Бил реорганизиран и комитетот на Лигата. Лигата одржала вонредно собрание во Призрен во јануари 1881 година.[221]

Блант на 11 јануари 1881 година го информирал Гренвил дека директорот на железницата во Солун добил телеграма од шефот на станицата во Скопје, во која се велело дека Албанската Лига се заканувала дека ќе го прекине железничкиот сообраќај доколку преку неа се пренесе османслиската војска и воениот материјал преку линијата Скопје-Митровица. Тој исто така добил информација дека новиот митесариф на Скопје, Тахир паша, кој таму стугнал на 8 јануари бил известен од Лигата да не се замеша повеќе во локалната администрација. Тој исто така информирал дека големи маси на вооружени Албанци стигнале во Скопје од Призрен и од други места на Северна Албанија.[222] Националниот Комитет на Лигата бил прогласен за привремена влада со претседател Имер Призрени, потпретседател Шуаип Спахиу, и десет членови, меѓу кои и Абдул Фрашери надлежен за надворешните работи и Сулејман Вокши, надлежен за воените работи. Според хрватскиот весник "Народни Лист" Имер Призрени имал неограничена власт во линија на програмата - Статутот и Правилникот на Лигата. Тој ги менувал чиновниците и судиите со Албанци според

---

[221] *Historia e Popullit Shqiptar*, Tiranë, 2002, стр. 204

[222] ДАРМ, Фонд - F.O. M-25, 328-330

потребата и политичката и воената програма за самоодбрана на Лигата.[223]

Во јануари Лигата воспоставила своја администрација во Скопје, Приштина и Митровица. Османлиските воени трупи се повлекле во касарните. Железницата во Скопје добила наредба да не превезува воени трупи.

На 31 јануари Блант го информирал Гренвил дека има многу малку свежи информации од Скопје. Тој иформирал дека вооружени маси на Албанци, составени од околу 600 луѓе кои влегле во градот се распространиле, но дека Лигата продолжува да го спречува транспортирањето на војската и на воениот материјал со воз меѓу Митровица и Скопје. Тој бил убеден дека Портата после консултирањето со телеграф со валијата на Солун и на Косово во врска со последните настани во Скопје, одлучила да земе поодлучен став со цел повторно да го воспостави нејзиниот авторитет и сила во таа средина. Портата исто така го запознала валијата на Солун дека ќе бида испратени две пешадиски баталјони од Дарданелите за Солун, и му била дадена наредба со железничката компанија да го обезбеди нивниот транспорт со возови за Скопје.[224]

Во еден напис од 19 јануари 1881 година Блант го информирал британскиот амбасадор во Цариград Гошен во врска со пристигнување на воени сили во Солун, кои на 12 јануари стугнале со фрнацускиот трговски брод "Euxine" еден пешадиски баталјон со 800 војници, додека еден ден подоцна со францускиот брод "Algeri" дошле уште 175 регрути. Тој известувал дека од околу 4000 трупи кои стигнале во Солун во последните недели, 1200 биле испратени за војската на Косовскиот Вилает.[225]

[223] Pirraku, Muhamet. “Trajtimi i autonomisë së Shqipërisë në shqtypin kroat (1878-1881)”, *Gjurmime albanologjike-Seria e shkencave historike*, 17-1987, Prishtinë 1988, стр. 222

[224] ДАРМ, Фонд - F.O. M-25, 338-340

[225] ДАРМ, Фонд - F.O. M-25, 334-336

На 23 јануари 1881 Блант од Солун пишувал во врска со состојбата во Скопје дека Осман паша, поранешниот валија на Косово се очекувало да помине во Солун на пат за Цариград. Тој исто така информирал дека Курд Исмаил паша, кој требало да го замени сеуште не дошол, но се очекувало да дојде со италијанскиот поштенски брод од 26 јануари. Тој исто така информирал дека осналискиот воен брод "Саиф" во претходниот ден дошол од Дарданелите со две пешадиски баталјони. Тие трупи тука трабало да го чекаат доаѓањето на Исмаил паша, со кого ќе одат во Скопје.

Тој исто така нагласувал дека од разни извори бил информиран дека влијанието на Албанската Лига продолжува да биде доминантна во Косовскиот Вилает, и дека нема сериозни нереди во Скопје и Приштина, како и дека нема некој фанатичен дух потикнат од Албанците против христијанското население на Вилаетот.[226]

Во извештајот од 23 јануари 1881 година испратен од страна на Блант од Солун до Министерот за надворешни работи на Велика Британија Гренвил тој го информира министерот дека со цел да добие појасни информации за дејноста на Албанската Лига, во Скопје испратил таен агент за да го известува подетални. Тој исто така известувал дека во последната година ја дал сумата од 27 лири фунти за да собира информаци од местото и од внатрешноста. Тој исто така барал повторно средства со кои ќе се покријат информациите кои ги добива конзулатот од местата во кои нема агенти на конзулатот.

На 23 јануари (недела) 1881 година британскиот конзул во Солун Блант бил оформиран со писмо од својот агент во Скопје во врска со состојбата која преовладувала. Тој информирал дека минатиот ден Осман Нури паша, генералниот гувернатор на Косово го посетил Скопје. Него го симнале од функцијата бидејќи четата од околу 500 до 600 Албанци, која тргнала од Скопје кон Приштина била спречена од

[226] ДАРМ, Фонд - F.O. М-25, 344-347

него да влезе во градот. Тие се разделиле во околните села и за тоа го информирале нивниот водач Али бег од Гусиње. Тој нагласил дека две недели претходно, претседателот на Лигата во Скопје Јашар бег писмено го известил одговорниот на железничката станица да не дозволи поминување на османлиски воени трупи и муниција од Скопје понатака без предходна согласност на Лигата. Во спротивно се заканиле дека ќе ја изгорат станицата.

Албанската Лига на Косовскиот Вилает го има за претседател Али Бег од Гусиње, многу богат човек и влијателен меѓу Албанците. Бројот на следбениците на Лигата е од сто иљади до двеста ијлади. Навечер на 4 јануари една чета од 500 до 600 мажи на Лигата, вооружени со пушки Мартини-Хенри и со револвери, со двајца претседатели дошле од Призрен испратени од Али Бег Гуциа, влегле во Скопје, каде биле пречекани од овдешната Лига, која го сочинува муслиманското население која за претседател го има богаташот Јашар бег, Хаџи Мула бег, Шех Али идр. Тие таму планирале да одражат тајни состаноци до 9 јануари. Во недела се собрале во џамијата на султан Мурат и целото муслиманско население дало заклетва дека ќе и биде верна на Лигата. Галип бег, голем сопственик и богаташ, од страв дека ќе го изгуби богатството, се спротивставил да и се придружи на Лигата. Потоа тие сакале да го истерат од градот и да му го запленат богатството, но на крај тој бил принуден да му се придружи на Лигата и да плати казна од 500 турски лири. Извршната власт е во рацете на Лигата и без нејзина согласност ништо не се применува. Од раководителот на телеграфот било побарано бесплатно да телеграфира во околните места, како во Кратово, Паланка, Куманово идр. За да се повикаат Албанците да се соберат во Скопје за да се договорат. Жителите од споменатите градови испратиле по двајца претставници секој, и тие заминале откако се договориле со Лигата.[227]

[227] ДАРМ, Фонд - F.O. M-25, 354-364

На 25 јануари 1881 година британскиот конзул во Солун Блант бил иформиран со писмо од својот агент во Скопје дека Лигата со седиште во Призрен, управувана од Али паша од Гусиње има за цел за воспостави автономија или Албанско кнежевство, и принц би бил Али паша, под суверенитетот на султанот. Јашар бег му се спротивставил на митесарифот во врска со рекрутацијата на редифите. Според агентот на Блант Скопје има 4000 куќи, од кои 1000 христијански, додека насление има околу 20000 од кои 8 илјади христијани. Според него состаноците на Лигата се одржуваат во голема тајност, и главна цел е да се одбранат териториите на Албанија и да се спротистави секое отстапување на земји на Австрија, Србија, Црна Гора или Бугарија, и затоа Лигата била против тоа оружјето на Вилаетот да се транспортира за Солун. Тој пишува дека католичкото свештенство чии центар е во Призрен нема никакво влијание врз Албанската Лига на Косовскиот Вилает.[228]

На 28 јануари 1881 година, Блант му пишувал на Гренвил дека имал можност два пати да зборува со Осман паша, последниот гувернатор на Косово, кој на 23 бил во Солун, а потоа отишол во Цариград. Валијата рекол дека Лигата си води свој пат, и прифатил дека целта на Лигата е заживување на некаква автономија под суверенитетот на Султанот. Тој изјавил дека бил разрешен од функцијата на валијата бидејќи претставници на Лигата се жалеле кај султанот поради неговото лошо однесување.[229]

На 31 јануари 1881 година британскиот конзул во Солун Блант бил иформиран со писмо од својот агент во Скопје дека Хасан паша, командант на трупит во Митровица му наредувал на митесарифот на Скопје да го испрати оружјето што го имал и да им го подели на редифите во Штип, Струмица итн. но за тоа Лигата не се согласила. На 28 јануари од Солун во Скопје дошле 280 војници кои се упатиле во Приштина, но лигата не прифатила да ги пушти да влезат. Тој исто така

---

[228] ДАРМ, Фонд - F.O. M-25, 365-375

[229] ДАРМ, Фонд - F.O. M-25, 377-382

информирал дека Лигата раководи со Приштина и дека тамошното население ги пречекало со извици трупите не Лигата.[230]
На 2 февруари 1881 година Блант го информирал Гошен за бројот и состојбата на бегалците од Србија и Бугарија неселени на Вилаетот на Косово. Во разговорот што Блант го имал со Осман паша дознал дека во Косовскиот Вилает има околу 65.000 бегалци од областите кои и се отстапени на Бугарија и Србија.[231]

На 8 февруари 1881 година Блант го информирал Гренвил дека Лигата секој ден добива повеќе следбеници и власт и дека ги заменува османлиските власти во Косовскиот Вилает и во Призренскиот Санџак. Во Приштин и во Скопје тие ги распуштиле судовите организирани според Законот објавен во 1879 година, ги разрешиле јавните обвинители и другите судски службеници.[232]

Исто така и во други места Лигата ги истерала османлиските органи, како во Призрен, Ѓаковица, Пеќ, Митровица, Тетово, Гостивар и Дебар. За ваквите настани пишува и Сами Фрашери во писмото до Јероним де Рада на 20 февруари 1881 година. Реакцијата на Албанците се обидела да ја искористи Грција која се надевала да придобие територии во Тесалија, мислејќи дека Портата ќе прави отстапки поради споменатата состојба во Косовскиот Вилает и делумно во Битолскиот Вилает.[233] Грција одлучила да преговара со Албанците во Крф. Под притисок на Големите Сили на 27 март 1881 година Портата се договорила со Грција за отстапување на поголем дел од Тесалија на Грција до реката Селемвриа и иден мал дел во Епир (градот Арта).

По овој договор Портата се чувствувала пословодно да дејствува за конечна разврска на проблемот со Призренската Лига и нејзините напори

[230] ДАРМ, Фонд - F.O. M-25, 390-399

[231] ДАРМ, Фонд - F.O. M-25, 409-413

[232] ДАРМ, Фонд - F.O. M-25, 414-427

[233] *Historia e Popullit Shqiptar*, Tiranë, 2002, стр. 220

за зголемување на моќта. Прв на удар се нашол Комитетот на Лигата во Скопје, кој бил предводен од Јашар Бег. Овој комитет, не ја истерал османлиската администрација, ниту митесарифот и ниту воениот гарнизон како во другите градови. Комитетото на Лигата во Скопје не се спротивставил на доаѓањето на трупите раководени од Ибрахим Паша на 27 февруари 1881 година. Ибрахим Паша ги повикал во својот штаб 11 членови на Комитетот на Лигата за Скопје на чело со Јашар Бег и ги уапсил. Скопје одиграло важна улога во понатамошните акции на османлиските трупи, бидејќи користејќи ја железничката линија, од Солун во Скопје на 25 март 1881 година дошле голем број воени трупи.[234] Во 7 април 1881 година дошол и Дервиш Паша. На 7 април 1881, британскиот конзул Блант од Солун информирал дека претходниот ден Дервиш паша стигнал во Солун од Цариград, и во полноќ тргнал за Скопје. Тој бил назначен за командант на сите сили на Портата на Солунскиот, Битолскиот, Јанинскиот и Косовскиот Вилает и на Провинцијата на Тесалија. Според Блант дополонителни пет баталјон и со редифи стигнале во Солун со две танспортирања од Цариград и од Дарданелите и веднаш биле испратени со специјалниот воз во Урошевац, каде што претдодно бил стационирана една дивизија за да дејствува против Призрен. Блант исто така нагласувал дека во Скопје Албанците се мирни.[235]

Членовите на Комитетот по затворањето биле испратени во Солун, а потоа интернирани во островот Родос. Во врска со овиен настани пишува и Јован Х. Василевич. Според него кога Дервиш Паша стигнал во Скопје во 8 март 1881 година со себе ги довел и остатокот на војската и другите паши со артилерија, од која Албанците најмногу се плашат.

---

[234] Gawrych, George W. *Gjysmëhëna dhe Shqiponja*, Tiranë, 2007, стр. 102

[235] Rizaj, Skënder. "Disa dokumente angleze mbi veprimtarinë a autoriteve ushtarake osmane kundrejt Lidhjes Shqiptare (1881)", *Gjurmime albanologjike-Seria e shkencave historike*, XI-1981, Prishtinë 1982, стр. 266

Штом дошол во Скопје, веднаш ги викнал во конакот сите главни луѓе од сите вери и сите народности. Тука биле и тусрките и албанските првенци, доколку биле непрогонети. Од Албанците биле оние кои не биле истакнати во Лигата, а од Турците биле познати приврзаници на Султанот и Портата, коако Гали бег, Алим бег и други. Пред присутните Дервиш паша рекол дека на Портата и е јасно мешањето на странците кои го нарушуваат редот во Империјата, и дека и позади Лигата стојат странските агенти, кои не водат грижа за империјата, и при тоа прилика заплакал. Потоа наредил за се притворат уште единаесет Албанци и Турци кои биле следбеници на Лигата, ги прогонал во Солун а потоа во Мала Азија.[236]

Призренската Лига се подготвувала за конфронтација во другите места, но таа немала доволни ресурси, финансии и капацитет да организира сериозен отпор против организирана редовна војска. Таа им испратила меморандум на 15 април 1881 година на амбасадорите на Големите Сили во Цариград, кој воедно е и последниот дипломатски акт на Лигата.[237]

По Скопје османлиските трупи тргнале кон Урошевац, а потоа и кон Призрен, кој го освоиле на 23 април 1881 година.[238] Покрај тоа тој ги повикал поранешните членови на комитетот на лигата и ги натерал да потпишат изјава дека ги осудуваат постапките на Призренската Лига. Сулејман Вокши се упатил во Ѓаковица да организира отпор, а Абдул Фрашери во Дебар. Во Дебар Абдул Фрашери не наишол на готовност на населението да учествува во акции далеку од Дебар. И во Ѓаковица состојбата била слична со онаа во Дебар. Таму по неколку дена стигнал Дервиш Паша со своите трупи.[239] За разлика од Бугарите, на пример, на

---

[236] Хаџи-Василевић, Јован. *Арбанаска Лиīа*, Београд, 1909, стр. 115

[237] *Historia e Popullit Shqiptar*, Tiranë, 2002, стр. 222

[238] Gawrych, George W. *Gjysmëhëna dhe Shqiponja*, Tiranë, 2007, стр. 103

[239] *Historia e Popullit Shqiptar*, Tiranë, 2002, стр. 225

Албанците им недостасувала поддршката на Големите Сили, кои би ја принуделе Османлиската Империја да даде автономија за Албанците. Така османлиските трупи го решиле прашањето со воени мерки.[240]

Во писмото што Гошен го испраќа до Гренвил на 14 мај 1881 година истакнува дека не се согласува со ставовите на британскиот амбасадор во Скадар Кирби Греен во врска со тоа дека Лигата била велосно мотивирана од Портата. Гошен мисли дека од почетокот мислел дека постоело албанско национално чувство кај Лигата и тоа треба да се земе предвид како силен фактор во сегашната криза.[241]

По воената експедиција следеле затворања, судења и егзекуции на оние кои биле дел од Лигата. Блант на 24 јули 1881 година информирал за 1200 нерегуларни албански трупи кои од солунското пристаниште се очекувало да бидат испратени во Александрија а од таму во Медина.[242]

Еден дел од раководството на Лигата избегал. Имер Призрени избегал во Црна Гора каде и починал во 1884 година. Сулејман Вокши во 1885 година повторно организирал отпор во околијата на Ѓаковица, а потоа бил фатен и осуден. Вонредниот воен суд во Призрен го соудил со смрт Сулејман Вокши два дена после неговото фаќање врз база на Императорскиот цивилен кривичен закон, додека неговото семејство врз база на законот за вонредна состојба било осудено со доживотно интернирање во Фезан во Триполи.[243]

Абдил Фрашери бил фатен близу Елбасан и бил испратен во Призрен во затвор, и осуден со смртна казна, која му биле претворена во доживотен затвор. Дервиш паша од Призрен на 13 јуни 1881 година ја известувал Високата Порта дека Абдил Фрашери бил уапсен во тврдината во Призрен и се наоѓал под строго обезбедување за да не

[240] Gawrych, George W. *Gjysmëhëna dhe Shqiponja*, Tiranë, 2007, стр. 103

[241] ДАРМ, Фонд - F.O. M-30, 126

[242] ДАРМ, Фонд - F.O. M-21, 404

[243] Memia, Myftar. “Sulejman Vokshi udhëheqës-ushtarak i Lidhjes Shqiptare”, *Konferenca kombëtare e studimeve për Lidhjen Shqiptare të Prizrenit 1878-1881*, I, Tiranë 1979, стр. 317

може да побегне. Исто така тој известувал дека во затворот се наоѓал и Абдил Ефенди Скопски од Скопје. Исто така тој известувал дека биле фатени и братучедите на Абдул Фрашери, Мехмет Назиф и Абдулгани Фрашери кој бил службеник во царината во Саранда кои биле во кореспонденција со Абдул. Според фатената кореспонденција тие имале противдржавна содржина.[244]

Поради здравствени причини му било дозволено да се врати во Цариград во 1886 година, каде што живеел до 1892 година кога и починал. И раководителите на Комитетот на Лигата во Јанина биле уапсени и интернирани во Чанак Кале.[245]

По растурање на Лигата следело воспоставувањето на редот во областите во кои дејствувала Лигата. Настаните покажале дека без влијание на Големите Сили Албанците не било можно да се добие ниту автономија ниту независност.

По превземените мерки од страна на Дервиш Паша за воспоставување на ред во областите каде што дејствувала Лигата, состојбата повторно била под контролата на Портата. Биле осудувани сите оние кои во минатото биле вклучени во нејзините активности. Балканските држави ја воспоставиле својата администрација во местата кои биле предадени последни, за кои се противела Лигата. Големите Сили, а особено Велика Британија и Франција и понатаму го подржувале опстанокот на Османлиската Империја поради нивните интереси кои ги имале во Османлиската Империја и за да го спречат излегувањето на Русија во Босфорот и Дарданелите, како и продирањето на Австро-Унгарија во Солун. Русија и Австро-Унгарија имале интереси кои се судирале, па затоа и за нив било од интерес да се зачува Османлиската Империја како подобро решение од тоа делови од нејзината територија да

---

[244] Rexha, Ilijaz. *Lidhja Shqiptare e Prizrenit në dokumentet osmane 1978-1881*, Prishtinë, 1978, стр. 146

[245] *Historia e Popullit Shqiptar*, Tiranë, 2002, стр. 226

бидат присвоени од друга држава. За опстанокот на Османлиската Империја била заинтересирана и Италија, која во тој период немала сила да и се спротивстави на напредокот на Австро-Унгарија на патот кон Солун и влијанието на Јадранското Море. Непосредно по завршувањето на источната криза настапил период на стабилност.[246]

Ангажирањето на Призренската Лига за територијалниот итегритет бил во корист и на Османлистата Империја, која имала интерес да го сочува што е можно повеќе своето владеење во што е можно поголем дел од Балканот. Тоа една од причините што Портата не превзела остри мерки до крајот на 1880 година против Лигата, иако таа од порано била задолжена да ги реши прашањата околу разграничувањето со Црна Гора и Грција.[247]

Османлиските службеници очекувале да расте притисокот на Србија и Црна Гора во Скадарксиот и Косовскиот вилает во времето кога Австро-Унгарија ја освоила Босна и Херцеговина и санџакот на Нови Пазар. По Берлинскиот Конгрес, во 28 јуни 1881 година, Австро-Унгарија и Србија склучиле таен договор со кој Србија го прифаќала освојувањето на Босна и Херцеговина и Нови Пазар од страна на Австро-Унгарија. Австрија ветувала дека нема да де противи, туку ќе ја подржува српската експанзија кон југ.[248]

Со оглед на фактот дека не можеле да се прошират во правец на Босна и Херцеговина, Србија и Црна Гора своите интереси ги насочиле кон Османлиската Империја и правеле планови како да ги оправдаат нивните стремежи. Во 1887 година Србија отворила конзулат во Скопје, а две години подоцна во Приштина.[249]

---

[246] *Historia e Popullit Shqiptar*, Tiranë, 2002, стр. 231

[247] Hadri, Ali. "Rëndësia historike e Lidhjes Shqiptare të Prizrenit (1878-1881)", *Konferenca kombëtare e studimeve për Lidhjen Shqiptare të Prizrenit 1878-1881*, I, Tiranë 1979), стр. 143

[248] Gawrych, George W. *Gjysmëhëna dhe Shqiponja*, Tiranë, 2007, стр. 188

[249] Исто тука, стр. 188

Периодот на смирување го искористиле Големите Сили за создавање на сојузи. Германија, Русија и Австро-Унгарија на 18 јуни 1881 година склучиле сојуз. На 20 мај 1882 година сојуз бил потпишан меѓу Германија, Австро-Унгарија и Италија, во историјата познат како Троен Сојуз. Години подоцна, во 1894 година таков сојуз постигнале и Русија со Франција, познат како Двоен Сојуз. Сите овие земји кои склучиле сојузи воделе политика на исчекување на нови промени за да ги активираат своите планови. Границите на Османлиската Империја нема да се променат до 1912 година, меѓутоа на Балканот ќе се одвиваат значајни процеси меѓу балканските народи. Во териториите кои останале под Османлиско Владеење Балканските држави ќе вршат силна пропаганда за присвојување на населението кое живеело таму, најчесто користејќи ја религијата како орудие, но и јазикот на локалното население. Училиштата, биле еден од најважните фактори преку кои Грција се обидувала да влијае меѓу Албанците. Националните пропаганди диригирани од Софија, Атина и Белград, се нашле во остар судир и во Македонија. Бугарија чувствувала дека најмногу е оштетена со одлуките на Берлинскиот конгрес, а Грција затоашто Тракија и Македонија останале надвор од нејзините граници. Меѓутоа, главната битка се водела меѓу Бугарите и Грците, кои се нафрлиле врз училиштата во Македонија и сакале да ги претворат во упоришта на на својата национална пропаганда. Во тоа помогнало и негрижата на османслиските авторитети како и неможноста на месното население да ги финансира училиштата. Тие располадале со дипломатски врски и со пари што им овозможувало успешно вршење на таа работа.[250]

Во Јужна Албанија биле отворени грчки училишта, а исто така и Цариградската Патријаршија преку употребата на грчкиот јазик низ црквите била на страната на грчката држава. Покрај училиштата и Цариградската Патријаршија Грција основала низа комитети и здруженија,

---

[250] Ташковски, Драган. *Раѓањето на Македонската нација*, Скопје, 1967, стр. 236

при што преку нив ангажирала и Арванити кои биле хеленизирани. Меѓу комитетите биле Политичкиот Комитет на Корфузот основан во 1883 година, Културното Друштво „Вламет Шќиптаре“, во Атина основано во 1844 година и др. Исто така Грција преку весниците кои се издавале во Грција и надвор о неа вршеле пропаганда во врска со грчките интереси, пред се во иницирање на одбивност према Османлиската Империја, како и идејата за создавање на заедничка грчко-албанска држава.[251]

По згаснувањето на Призренската Лига политичкото и културното движење на Албанците не доаѓало од ист центар на раководење. Главниот акцент после ова време ќе биде ставен во напорите за проширување на текстовите напишани на албански јазик, отворање на училишта на албански јазик и слични активности кои биле поврзани со подигнувањето на свеста на Албанците. Во областите каде што живееле Албанците напорите за развивање на културата и издаваштвото се одвивале на илегален начин. Со оглед на таквите околности издаваштво на албански јазик и основањето на здруженијата се одвивале претежно во Бугарија, Романија, Египет, Италија и во други места каде имало поволни услови за тоа. Во Италија (Калабрија) во 20 јули 1883 година излегол првиот месечник „Фламури и Арбрит“ кој се издавал на албански јазик (во дијалектот на Арбрешите на Калабрија) и на италијански јазик. Весникот се издавал раководен од Јеронин Де Рада. Весникот се издавал до 1887 година.

Во 1884 година во Цариград почнал да се издава месечниот весник на „Дрита“ а подоцна преименуван во „Дитуриа“ (1884-1885), а во Букурешт од 1887 до 1903 година се издавал весникот „Шќипетари“. Во страниците на печатот и во писмата со кои се допишувале албанските интелектуалци во тоа време преовладувало прашањето на ширењето и масовизирање на писменоста и образованието меѓу обичниот Албански народ, работа која веќе направена кај другите балкански народи кои имале

[251] *Historia e Popullit Shqiptar*, Tiranë, 2002, стр. 233

свои држави. Писма им биле испратени и на истакнати личности на европската дипломатија и политика, каде ги истакнувале ставовите во врска со албанското прашање.

Откако бил пуштен од интернација Абдул Фрашери им испратил писма и меморандуми на видни личности на Големите Сили, меѓу кои и на Франческо Криспи кој бил претседател на владата на Италија. Едното писмо го напишал заедно со Мехмет Али Вриони, со кој во името на Призренската Лига бил во дипломатска мисија во европските престолнини.[252] Истото го направил и Никола Начо во 1892 година. Тој бил претседател на Друштвото „Дрита“ во Букурешт. Тој им испратил писма на видни личности во Романија и Евроипа, како што бил Димитар Буткулеску, пратеник во романскиот парламент, германскиот канцелар Бизмарк, кралот на Италија, на познатиот чешки албанолог Јан Урбан Јарник кој бил професор во Универзитетот во Виена.

Покрај весниците во врсрка со настаните за активностите на Лигата извор за информации биле и Бритиш Блуе Букс, службени документи обрани за издавање за да служат како водич за дискусиите во Британскиот Парламент и воопшто за потребите на службите. Блу Букс се значјани документи преку кои се открива начинот преку кој се собирале информациите од конзулите поставени во стратешки места, како и степенот до кој конзулите не го разбираа или намерно ги искривувале настаните кои се случувале во албанското движење.

Од посебно значење се извештаите на конзулите Кирби Грин од Скадар, Ц. Себригт од Корфуз, Ст. Џон од Призрен и Р. Сеил во Јанина кои своите извештаи ги праќале директно во Лондон, без да поминат преку амбасадата во Цариград, и имале голема слобода во разговорите со локалните лидери, а имале и големо влијанине врз своите

[252] *Historia e Popullit Shqiptar*, Tiranë, 2002, стр. 235

заинтересирани претпоставени во Англија или врз оние кои имале задача да донесуваат политички одлуки поврзани со Албанците.[253]

Призренската Лига имала големо влијание врз зголемувањето на активностите за зачувувањето на идентитетот на Албанците. Меѓу другите балкански народи религијата и националноста биле компактни, но меѓу Албанците тоа не било така. Затоа меѓу напредните Албанци се појавиле идеи да се развие националната култура и таа да биде вон религиското влијание, бидејќи тоа би влијаело да се обединат повеќе Албанците. Во оваа насока, акцентот бил ставен кај заедничкиот јазик, кој можел да послужи како фактор на обединување меѓу Албанците кои живееле во различни области и имале различна религија.[254]

Мерките на Османлиската Империја кои следувале по Берлинскиот Конгрес биле во насока на обезбедување на внатрешна стабилност во земјата. Поради губењето на териториите пораснал и бројот на бегалците кои нашле засолниште во територијата на Империјата. Што се однесува до Албанците, Портата не сакала да направи ниедна отстапка, поради стравувањата дека тоа ќе води кон оддалечување и барање независност.[255]

Во текот на владеењето на султанот Абдул Хамит од 1876 до 1909 година, тој водел посебна политика кон Албанците. Тој водел централистичка политика, концентрирајќи ја во своите раце целата моќ. Во насока на засилената контрола бил искористен и телеграфот како средство за брза комуникација со провинциите. И железничката инфраструктура која била во подем овозможувала брзо распоредување на воени трупи кога тоа било потребно. Тој развил силна мрежа на информатори за да има контрола врз случувањата на империјата и

[253] Kramton, R. J. "Anglia dhe shqiptarët më 1878-1881", *Konferenca kombëtare e studimeve për Lidhjen Shqiptare të Prizrenit 1878-1881*, I, Tiranë 1979, стр. 401

[254] Skendi, Stavro. "Përpjekja për afirmimin kombëtar (1881-1908)", *Zgjimi kombëtar Shqiptar*, Tiranë, 2000, стр. 111

[255] Gawrych, George W. *Gjysmëhëna dhe Shqiponja*, Tiranë, 2007, стр. 100

секојдневно ги читал извештаите на тајната полиција, и сметал дека тајната полиција има предност пред сите други работи.[256]

Се зборувало дека султанот Абдул Хамид трошел многу време штитејќи се себеси и дека нема многу време да им посвети на другите. Не им верувал на луѓето и еднаш гледајќи низ прозор забележал дека еден еден градинар по име Селим Ефенди зборувал со војник. Веднаш наредил истрага која трала цела недела, додека двајзата биле затворени.[257]

Во времето на владеењето на султанот Абдулхамит II, оние кои биле во служба на тајната полиција имале лошо однесување во јавноста, ги вознемирувале луѓето, јавно носеле оружје и заплашувале, краделе и фалсификувале. Иако често било покренато судење против нив, тие поминувале неказнети.[258]

## Отпорот на Албанците по задушувањето на Призренската Лига

Иако условите за избувнување на масовно востание после Призренската Лига не биле во прилог на тоа, сепак меѓу Албанците се појавиле форми на незадоволство кои се манифестирале и со вооружен отпор, но тие имале локален карактер. Нај изразено во отпорот се истакнало Малесија во близина на Скадар, Дебар и Призрен, кој бил центарот на Призренската Лига. Причините на отпорот најчесто биле поврзани со одбивањето да се платат давачките, одбивањето да се учествува во ангарија, правото за држење на оружје како и пуштање од затвор на оние кои биле казнети поради активностите на Призренската Лига. Еден од активните членови на Лигата, Сулејман Вокши кој бил во илегала се обидел во 1885 година да организира востание во Ѓаковица. Во

[256] Gawrych, George W. *Gjysmëhëna dhe Shqiponja*, Tiranë, 2007, стр. 116

[257] Ibrahim Al-Muwaylihi. *Spies, Scandals and Sultans*, Lanham, 2008, стр. 166

[258] Исто тука, стр. 81

тој период во Источна Румелија избувнало востание при што после неколку дена било објавено обединувањето со Бугарија.[259]

Со оглед на новите услови кои настанале Портата го омекнала ставот околу Албанците. Обединувањето на Источна Румелија со Бугарија ги алармирало Големите Сили и балканските држави. Големите Сили одржале конференција во Цариград, при што Велика Британија го наметнала својот став за одобрување на обедувањето на двете Османлиски провинции, што мислела да послужи како брана за Рускиот напредок на Балканот. Србија барала надоместок за да се направи баланс на силите на Балканот и и објавила војна на Бугарија во ноември 1885 година, но претрпела пораз. Во март 1886 година во Букурешт бил потпишан и османлиско – бугарскиот договор за да се официјализира обединувањето на Бугарското Кнежевство со Источна Румелија.[260]

Во 1893 година избувнало востание во околината на Пеќ под водство на Хаџи Зека и Бајрам Цури. Бунтот набргу бил задушен.

---

[259] *Historia e Popullit Shqiptar*, Tiranë, 2002, стр. 238

[260] Исто тука, стр. 239

## ПРАШАЊЕТО НА АВТОНОМИЈАТА МЕЃУ АЛБАНЦИТЕ (1896-1900)

По промената на политичката карта на Балканот која се случила по реализирањето на одлуките на Берлинскиот Конгрес, балканските држави се подготвувале за конечна разврска на прашањето на териториите кои останале по владеење на Османлиската Империја. Со таквата позиција што ја имала Османлиската Империја и со самата карта на протегање на Балканот било очигледно дека таа не можела долго да опстане на Балканот. Поради тоа, најзаинтересирани биле Балканските држави кои биле најблиску до тие територии, односно кои се граничеле со тие области во кои живеело разновидно население. Покрај воените планови и подготовки тие исто така вршеле и други подготовки, односно се служеле е со други мерки за реализирање на таа цел. Пред се таквите мерки се манифестирале преку отворање на училишта, преку верските институции и преку пропагандата која ја реализирале. Таквите мерки имале за цел локалното население да го привлечат да се наклонува кон земјата која била главниот стожер на таквите комбинирани активности. Исто така таквите проекти имале и друга цел, покрај онаа на влијанието на локалното население, а тоа било пред Големите Сили да се оправда стремежот кон одредена територија со тоа дека локалното населението било наклонето кон нив.

Балканските држави објавувале и статистики за составот на населението по етничка линија, базирани на претпоставки, манипулирајќи го јазикот кој го зборувале и религијата на која и припаѓало локалното население.

Статистиките на Балканот долго време биле манипулирани за политички цели, а од друга страна официјалните османлиски статистички

податоци не се правеле со модерните статистички стандарди. Згора на тоа и разместувањето на населението била честа појава.[261]

Административното организирање на Османлиската Империја не било водено по етнички или религиозен предзнак и во нив живеело разнолико население. Во насока на тенденциите за територијалните амбиции било и стратешкото продирање во Јадранот и Егејското море. Во овие калкулации и пресметки за територии била и Македонија, кон која најактивна се покажала Бугарија, која била незадоволна поради нереализираното на одлуките на Санстефанскиот прелиминарен договор. Таа дури упатила барање до Големите Сили за формирање на Автономна Македонија. По примерот на обединувањето на Источна Румелија со Бугарија, таа планирала таков чекор да се направи и со Автономна Македонија. Србија исто така претендирала да ги прошири своите граници о да продира во Егејско и Јадранско Море. Таа се надевала да го реализира планот наречен „Начертание“. Со вакви планови била амбициозна и Грција. Резултат на ваквите амбиции било судирањето на „алатките“ кои тие ги користеле: верските организации.

Појавата на националните држави на Балканот видно го ослабила влијанието на Цариградската Патријаршија. Во новите држави не бил прифатлив нејзиниот авторитет и се формирале независни национални цркви. Во некои случаи дури црковната независност му предничела на државата, како што бил случајот со Бугарската црква (Егзархија), која станала независна во 1870 година. Во 1879 година Србија добила право од Цариградската Патријаршија да основа независна црква. Многу порано од нив, во 1833 година станала самостојна грчката црква.[262]

Покрај верските институции Грција, Србија и Бугарија се покажале активни и во уфрлувањето на вооружени групи во територијата на Османлиската Империја. Често тие регрутирале членови меѓу локалното

---

[261] Mazover, Mark. *Ballkani, një histori e shkurtër*, Tiranë, 2010, стр. 41

[262] Исто тука, стр. 98

население, и покрај нападите врз Османлиските трупи тие често војувале и меѓу себе за превласт. И Големите Сили имале спротивставени ставови околу прашањето на опстанокот на Османлиската Империја. Русија не била заинтересирана веќе самата да се прошири кон Балканот, но наместо тоа таа ги подржувала Бугарија и Србија во намерите за територијално проширување. Австро-Унгарија стравувала дека со проширување на Балканот би се противела Русија, која имала свои сојузници меѓу балканските држави, што Австро-Унгарија ги немала. Единствено политичко орудие кое го имало било „култуспротекторатот" над католичкото население во Османлиската Империја, а најголемиот број на католички верници над кои таа имала влијание биле Албанци.[263]

Пропагандата на Бугарија во територијата на Осмaнслиската Империја станала активна особено по основањето на Бугарската Егзархија во 1870 година. На фокусот на таквата пропаганда се нашле и Албанците, кои покрај влијанието на Цариградската Патријаршија станале и дел од пропагандите на бугарската и српската црква. Поради ваквата состојба меѓу албанските дејци се родила идејата за независна православна црква. Така се појавила Унијатската црква во Шпат, област меѓу Елбасан и Берат. Движењето за Унијатска Црква се стремело да ја добијат поддршката за Австро-Унгарија и да ги искористат придобивките на *Култуспротекторатот,* особено што се однесува до употребата на јазикот.[264]

Со оглед на тоа дека Албанците стравувале од понатамошно проширување на границите на Балканските Држави, Австро-Унгарија се надевала дека меѓу Албанците ќе се создаде чувство дека единствено решение е тие да живеат под нејзин протекторат, со што активно го помагала националното будење меѓу Албанците. И Италија била

[263] Rrahimi. Shukri. *Rilindja dhe emancipimi kombëtar*, Shkup, 1971, стр. 8

[264] Skendi, Stavro. "Interesat e fqinjëve ballkanikë dhe Fuqitë e Mëdha", *Zgjimi kombëtar Shqiptar*. Tiranë, 2000, стр. 273

заинтересирана да подготви терен за влијание од другата страна на Јадранот, но нејзината моќ не била доволна таа да биде важен фактор. Меѓутоа, преку своите конзули и трговски агенции Големите Сили будно ги следеле настаните кои се случувале во овој дел на Балканот.

На 18 септември 1885 Источа Румелиа е анектирана од страна на Бугарија, со што Портата била ставена во тешка позиција. Тоа влијаело та да го омекне ставот кон Албанците, ослободила неколку политички затвореници кои биле уапсени поради нивните активности уште од времето на Призренската Лига.[265]

Големите Сили зголемувањето во зголемувањето придобивките за Бугарија гледале опасност поради зголемувањето на влијанието на Русија, која била заинтересирана поради блискоста на Бугарија до Цариград и теснеците. Бугарските војници не можеле да напредуваат во воената хиерархија, бидејќи високите позиции биле резервирани за руските војници.

Во септември 1885 година првенците на Источна Румелија го прогласиле уривањето на нивната влада и обединувањето со Бугарија.[266]

Стравувајќи од доминантно присуство во Македонија, спскиот крал Милан и објавил војна на Бугарија, но Бугарската војска победила во конфронтацијата. Во 1886 година Големите Сили го прифатиле бугарскиот принц како општ гувернер на Источна Румелија за период од пет години. Александар не се спомнувал како владетел. Убеден дека бугарскиот принц бил пречка за пријателските односи меѓу Русија и Бугарија, рускиот цар Александар III се согласил тој да се симне од престолот. Во 1886 година бил реализиран државниот удар, и принцот Александар бил принуден да абдицира и ја напуштил Бугарија. По ова, митрополитот Климент, кој ја

[265] Skendi, Stavro. “Përpjekja për afirmimin kombëtar (1881-1908)”, *Zgjimi kombëtar Shqiptar*, Tiranë, 2000, стр. 182

[266] Jelavich, Charles dhe Barbara. *Themelimi i Shteteve Kombëtare të Ballkanit,* 1804-1920. Tiranë: Dituria, 2004, стр. 154

подржувал Русија формирал нова влада, но набргу ќе се докаже популарноста на симнатиот принц. Стефан Стамболов, кој бил славен воен водач, организирал востание по што владата на Климент се повлекла. По ваквите настани принцот Александар повторно се вратил во Бугарија. Александар го побарал благословот на рускиот цар, но не го добил. Така тој абдицирал по втор пат.[267]

Во 1887 година како крал на Бугарија бил именуван Фердинанд од Германија, кој ја имал поддршката на Стефан Стамболов. Во 1896 година биле воспоставени руско – бугарските односи. Големите Сили го прифатија именувањето на Кралот на Бугарија и Источна Румелија. Обединувањето од 1885 година било официјално прифатено.

Иако обединувањето било нешто што се очекувало, тоа создало дипломатска криза бидејќи било против одлуките на Берлинскиот Конгрес и ги засегало и Големите Сили. Тогаш се појавило и прашањето на територијални компензации кон Србија и Грција. Рускиот цар во знак на несогласување ги повлекол руските офицери од Бугарија. Русија стравувала дека можеби таквата мерка ќе ја натера Австро-Унгарија да ја анектира Босна и Херцеговина и дека исто така Србија и Грција ќе се обидат да заземат територии на Османлиската Империја.

Османлиската Империја не била во можност ниту да се справи со незадоволството на локалното население, а ниту да ги спречи активностите на балканските држави и на Големите Сили во Европскиот дел на Империјата, а кои очигледно оделе во прилог на нејзиното целосно ослабување и пропаѓање. Султанот Абдул Хамид на 22 април 1896 година го прогласил декретот „За реформите во Румелиските Вилаети“. Реформите предвидувале мерки со кои Портата се надевала да ја смири состојбата, која ќе влијае да излезе од тешката состојба со овозможување на некаков баланс во правата на христијаните со муслиманите. Тие

[267] Jelavich, Charles dhe Barbara. *Themelimi i Shteteve Kombëtare të Ballkanit,* 1804-1920. Tiranë: Dituria, 2004, стр. 157

предвидувале именување на помошници христијани на валиите на Вилаетите, а и во други административни органи, како и во полицијата и жандармеријата, со што би се зголемила довербата кон органите на Портата. Меѓутоа, реформите не успеале да прават пресврт во перцепцијата на локалното население кон портата.[268] Против реформите се огласиле и Албанците, меѓу кои се истакнале и Хамди Охри и Дервиш Хима, познат под псевдонимот Ибрахим Наци. Во прилог на противење на реформите, биле упатени неколку петиции и меморандуми и до Портата и до Големите Сили во кои се барало територијално – административна автономија за Албанија. Во прилог на тоа и права за употреба на албанскиот јазик во училиштата и слободно објавување и дистрибуција на печатени материјали.

Во мај 1896 година на Хаки Бег, претседателот на Комисијата на Реформите во Румелија која била во Битолскиот Вилает, една група Албански дејци му предала промеморија составена од Дервиш Хима, но потпишана како „Еден љубител на татковината". Текстот содржел препораки за мерките кои треба да се прават во прилог на интересите на Албанците.

Во јули 1896 година на главниот везир а преку него и на султанот му бил испратен меморандум од албанскиот комитет во Букурешт, потпишан „Во името на албанскиот народ" и напишан на турски јазик од стана на Ибрахим Темо од Струга. Иницијативата за испраќање на таков меморандум ја покренале Ибрахим Темо, Никола Начо и Фаик Коница. Во меморандумот се барало Албанците Портата да ги признае како посебен народ без разлика на верската припадност. Исто така во 1896 година на Големите Сили им бил испратен меморандум со наслов „Петиција за барање на поддршка и заштита од владите на Големите Сили". Текстот на меморандумот бил составен на француски јазик, а потпишан „Во името на Албанскиот Народ". Копија од меморандумот било испратено и до

[268] *Historia e Popullit Shqiptar*, Tiranë, 2002, стр. 262

британската влада на 18 септември 1896 година од страна на Здружението „Дешира“ од Софија. Првичната верзија на меморандумот била напишана од Ибрахим Темо.

Содржината на петицијата барала поддршка од Големите Сили за решавање на албанското прашање преку спроведување на реформи, кои би виделе кон формирање на албанска автономна единица, преку обединувањето на постоечките вилаети (Скадарскиот, Косовскиот, Битолскиот и Јанинскиот) во еден вилает со главен град Битола, со валија Албанец на чело, и администрацијата да биде раководена од Албанци од различна верска припадност. Меѓу другото во меморандумот се опишувала и административното организирање на Вилаетот.[269]

Во 1897 година Грција презела акција за окупирање на Крит, а потоа презела акции и во Тесалија и Епир. Грција доживеала неуспех во своите напори и на 19 мај било потпишано примирје меѓу Портата и Грција, додека на 4 декември 1897 година се потпишал Мировен Договор. Иако Османлиската Империја била победник, таа под меѓународен притисок го изгубила Крит, кој бил прогласен за автономен регион, под контрола на Големите Сили. Со оглед на тоа дека избувнал грчко-османслиски конфликт а стравувајќи дека тоа би можело да доведе до нови промени во Балканот и прекин на статус-квото во положбата на Османлиската Империја, Австро-Унгарија и Русија решиле да се договорат за Балканот и за Блискот Исток.

Разговорите се одвивале во Санкт Петербург помеѓу Франц Јозеф, императорот на Австро-Унгарија и Николаи II Царот на Русија во мај 1897 година. Според договореното тие биле за тоа да се зачува статус квото на Балканот, но го поделиле Балканот на зони на интерес, според кои Австро-Унгарија имала интерес кон западен Балкан а Русија кој источен Балкан. Во случај да биде нарушена стабилноста на Балканот, Австро-Унгарија барала да ја анектира Босна и Херцеговина, територија што била под

[269] *Historia e Popullit Shqiptar*, Tiranë, 2002, стр. 264

нејзина администрација по Берлинскиот Конгрес, како и Нови Пазар. Австро-Унгарија предлагала да се создаде независно Албанско Кнежевство. Во тој контекст Виена сакала за себе да ги присвои Валона и Драч, за да има контрола во Јадранско Море. Таквите предлози биле неприфатливи за Русија. Кризата што се појавила во грчко-османлиските односи ги охрабрила Србија и Бугарија да започнат преговори кои се одвивале во Софија во февруари 1897 година. Србија предложила да се поделат зоните од интерес и да започнат воените дејствија против Портата. Но разговорите не завршиле со договор.

Србија во меѓувреме побарала од Портата обнова на Пеќската Патријаршија која била укината во 1767 година. Со таквиот чекор таа претендирала да придобие независна српска црква која ќе има влијание и внатре границите на европскиот дел на Османлиската Империја. Исто така и Бугарија побарала проширување на ингеренциите на бугарската црква на штета на Цариградската Патријаршија. На тој начин уште повеќе се заострила црковната борба, која зад себе имала за цел јакнење на политичките позиции и обезбедување на territorijalni поволен терен за територијални претензии над остатокот од Османлиската Империја. Правејќи отстапки Високата Порта на Србија и дала дозвола за именување на српски митрополит во Скопје во 1897 година, а исто така дала дозвола за отворање на српски училишта во Косовскиот, Битолскиот и Солунскиот Вилает, додека на Бугарија и одобрила именување на егзархиски поглавари во Дебар и Битола. Активностите кои напредните и образованите Албанци ги правеле за подигање на свеста на обичниот народ се одвивале одвоено од различни здруженија кои својата активност ја вршеле во различни места, најчесто подалеку од местата во кои живееле Албанците. Недостасувало заеднички центар на координирање и управување на тие активности, со што тие би имале поголем ефект. Во февруари 1897 година во Пеќ и Ѓаковица биле организирани состаноци на народни претставници кои одлучиле да основаат Албански Сојуз

(Besëlidhja Shqiptare) на чие чело застанал Хаџи Зека. Тој учествувал и во органите на Призренската Лига, но во периодот од 1893 до 1896 година бил интерниран во Цариград, поради неговото вклучување во активностите на Лигата. Активностите на Сојузот биле планирани од страна на Албанскиот Таен Комитет кој дејствувал во неколку градови на Косовскиот Вилает.

Предлози за создавање на Автономна Албанија преку обединувањето во Албански Сојуз на Виена му го предложил и Пренг Дочи. Со својата активност во прилог на Албанскиот Сојуз се истакнал и Цариградското Друштво, преименувано во Цариградски Комитет раководено од Сами Фрашери. Комитетот во 1897 година го издал својот манифест со наслов: „Што сакаат Албанците?". Манифестот предвидувал две варијанти за решавањето на албанското прашање. Првата варијанта се однесувала во случај Големите Сили да го сочуваат интегритетот на Османлиската Империја, тогаш Албанците да добијат автономија во рамките на Османлиската Империја. Втората варијанта била за независност на Албанија во случај на распад на Османлиската Империја. Сами Фрашери сметал дека најсоодветна форма на организирање на таа држава би била република. Во меѓувреме султанот уште еднаш го одбил барањето за отворање на училишта на албански јазик. По смирувањето на односите со Грција, портата своите воени трупи со железничката линија преку Скопје ги префрлила во Косовскиот Вилает. Таму биле користени за стабилизирање на состојбата поради зачестените бунтови на населението против трупите на Портата и истерувањето на администрацијата од неколку градови.

Портата ја изгубила својата контрола во неколку населени места и испратила дополнителни трупи од Јанинскиот вилает снабдени и со артилерија. Главниот центар каде се концентрирале повеќе востаници раководени од Риза Криезиу била околијата на Ѓаковица. Во насока на проширувањето на востанието во Средна и Јужна Албанија активен бил и

Мурат Топтани. Тој се залагал активностите на востаниците во тие области да бидат координирани од Албанскиот Сојуз, со тоа што во востанието ќе учествуваат Албанци од сите вери.[270]

Во ноември 1897 година во Пеќ под иницијатива на Хаџи Зека се одржал состанок на претставниците на Албанците од Косовскиот Вилает во кој учествувале околу 500 учесници, на кои Хаџи Зека им го предложил барањето за Автономна Албанија.[271] Во ноември 1897 година друштвото „Дитуриа“ од Букурешт, кое било најголемото друштво на Албанците во тоа време со преку 2000 членови, свикало состанок на претставниците на сите албански друштва и комитети. Во состанокот бил усвоен меморандум составен на албански јазик и преведен на француски и италијански, испратен до султанот и до Големите Сили, а потпишан: „Во името на Албанскиот народ“.[272]

Освен меморандумите кои биле пратени при Големите Сили и Портата, прашањето на Автономијата на Албанија била поттикната и во весникот „Шќипериа“ (Shqipëria) кој се издавал во Букурешт (1897-1899).

За смирување на состојбата во врска со барањата на Албанците портата испратила посебна мисија на чело со Исхан Бег. Во преговорите си нив Риза Криезиу прифатил да замине за Цариград на чело на една комисија составена од осум членови за да ја презентираат состојбата на Албанците пред султанот Абдул Хамит. Тој таму се откажал од претходните намери и прифатил да биде назначен како член на Претседателството на Државниот Совет. Исто така и на другите членови на комисијата им биле дадени посебни функции и одликувања. “.[273] Хаџи Зека не прифатил да замине за Цариград. Сојузот од 1897 година и покрај

---

[270] *Historia e Popullit Shqiptar*, Tiranë, 2002, стр. 271

[271] Gawrych, George W. *Gjysmëhëna dhe Shqiponja*, Tiranë, 2007, стр. 190

[272] *Historia e Popullit Shqiptar*, Tiranë, 2002, стр. 272

[273] Исто тука, стр. 273

своите активности не донел промени во насока на реализирање на Автономија за Албанија.

Албанските дејци одиграле значајна улога во младотурското движење. Првиот кој пристапил кон организирање на опозициска група за да го собори владеењето на Абдулхамит II (1876-1909) бил Ибрахим Темо од Струга. Тој својата група ја основал во 1889 година заедно со своите другари во Високата Медицинска Школа во Цариград, според примерот на италијанското друштво на карбонарите. Меѓу првите кои му се придружиле бил Нецип Драга од Косово. Друштвото се именувало Напредок и Обединување, додека подоцна се нарекувало Комитетот на Младотурците. Во 1895 година групата била откриена од страна на османлиската администрација, додека членовите биле уапсени и интернирани. Самиот Темо заминал од Османлиската Империја и отишол во Романија, каде основал огранок на организацијата и издавал весник. Но покрај тоа што ги ширел младотурските идеи тој бил активен и во албанското движење во Романија. Во Констанца го основал албанското друштво Башкими и станал прв потпретседател на друштвото.[274]

Во 1889 година, иста година кога било основано Османлиско друштво на обединувањето, во Парис бил формиран друг кружок кој бил против режимот на Абдул Хамит. Во Парис групата била блиска со весникот *Le Jeune Turquie,* што се издавало од Халил Ганеми, католик од Либан и пратеник во поранешниот прв османлиски парламент. Европскиот печат групата ја нарекувал Млади Турци или Младотурци. Во 1889 година Ахмет Риза (1859-1930) ќе им се придружи на групата во Парис и постепено го презел раководењето на групата.[275]

Ибрахим Темо и Ахмет Риза воспоставиле контакти кои биле одржливи за подолг период. Откако Ахмет Ризаземал раководна позиција

---

[274] Skendi, Stavro. “Bashkëpunimi midis shqiptarëve dhe xhonturqve”, *Zgjimi kombëtar shqiptar*, Tiranë, 2000, стр. 308

[275] Gawrych, George W. *Gjysmëhëna dhe Shqiponja*, Tiranë, 2007, стр. 216

му предложил на групата на Темо да го заземе името *Nizam ve Terakki* односно Ред и Напредок. Меѓутоа, групата на Темо била упорна во името да го користи зборот Обединување. Во 1895 година двете групи се обединиле под името Османлиско друштво за обединување и напредок, познат и како Комитет Обединување и Напредок.[276]

Во ноември 1895 година, Ибрахим Темо заминал од Османлиската Империја за да се спаси од апсење и се сместил во Романија, каде основал ограноци на Комитетот Обединување и Напредок, а подоцна помогнал да се оформат слични ограноци и во Бугарија. И покрај тоа што Темо бил муслиман, тој кон албанското прашање гледал од национална перспектива, при што во Констанца помогнал да се основа друштвото Башкими и станал нејзин потпретседател.[277]

Во активностите за организирање на отпор против Османлиската Империја биле вклучени и католичките првенци. Во 1893 година бил организиран таен состанок во викаријатот на Шкрели (Малесиа е Маде). Целта на состанокот било да се организира народно востание. За оваа средба сведочи романсиерот Дом Ндоц Никај во снеговото дело „Kujtime të një jetës së kalueme” (Сеќавања на еден минат живот). Според него настанот се случил кога тој бил на чело на споменатиот викаријат. Во средбата учествувале: абатот на Мирдита Пренг Дочи, свештеникот на Велипоја, Дом Марк Шлаку; на Рјол, Дом Зеф Шкрели; од Скадар, дом Јак Сереќи и свештеникот од Мирдита, дом Дод‘ Колеци, Според сведоштвата на Никај, нивната цел за која сретнале била да се организира формирање на национален сојуз, што го зело името „Башкими Шќиптар“ (Албанско Обединување“). Во врска со сведоштвата за овој настан Никај во неговите сеќавања ќе напише дека не држеле белешки за да не бидат откриени од Османлиите и за да не бидат фатени со докази на рака. Напишале на Албански јазик секој според своја желба и според соодветните

[276] Gawrych, George W. *Gjysmëhëna dhe Shqiponja*, Tiranë, 2007, стр. 216

[277] Исто тука, стр. 217

способности.[278] Самиот Никај, заедно со Дочи се залагале да се занимаваат со зближувањето на Албанците од двете религии, католици и муслимани. Ова зближување според него била основна работа за подготвување на движењата и востанијата, кои би се одвивале против Османлиската Империја до целосното прогласување на независноста на Албанија.[279] Неколку години подоцна, во 1909 година Никај ќе отвори мала печатница за издавање на книги и списанија.

Абатот Пренг Дочи, пред поглаварите на Мирдита во Орош во 1897 година ја презентирал програмата со која предвидувал организирање на востанија од 1897-1900. Во програмата од 25 јуни 1897, според податоците кои ги дал конзулот Теодор Ипен, било предвидено обединувањето на трите краеви: Малесиа е Маде (Голема Малесија), Дукаѓин и Мирдита, под администрирање на Прек Паша.[280] Бидејќи католичката црква во Албанија била под култна заштита на Австро-Унгарија, Дочи, на 7 декември 1897 година ја известил Виена во врска со споемената програма.

## Улогата на бекташизмот во Албанското движење

Покрај трите посебни религии, суфискиот ред на бекташите бил исто така присутен меѓу Албанците. По растурање на јаничарите како единица, султанот Махмут II и на бекташите им го стеснил просторот за дејствување. Тие во периодот на националното будење на Албанците дале значаен придонес за развојот на културата и јазикот, но и во политичкото дејствување.[281]

---

[278] Ukgjini, Dom Nikë. “Kleri katolik në lëvizjet kryengritëse në veri të Shqipërisë 1908-1912”, *Albanologji 1*, Vëllimi II, Punimet nga aktiviteti shekncor *Java e Albanologjisë* i mbajtur më 25-29 tetor 2010, Prishinë, 2011, стр. 37

[279] Исто тука, стр. 37

[280] Исто тука, стр. 38

[281] Gawrych, George W. *Gjysmëhëna dhe Shqiponja*, Tiranë, 2007, стр. 29

Бекташите биле прогонети во целата Османлиска Империја. И на Балканот теќињата биле урнати или биле обединети со другите мистични редови како *накшбандите*. Ваквата состојба ги принудила бекташите да преминат во илегала. По 1850 година било забележано и зголемување на бројот на теќињата во Јужна Албанија.[282]

Присуството на мистичните редови на дервишите меѓу Албанците е важен елемент во националното движење. Во османлискиот период, на Југозападниот Балкан биле распространети неколку дервишки редови кои воделе потекло од Анадол. Ваквите редови го нашле своето место и меѓу Албанците на Балканот, меѓу кои се распространиле околу 11 различни братства кои своите активности ги одвивале во теќињата. Тие биле блиски со занаетчиите, трговците и јаничарите, меѓутоа по ликвидацијата на одредот на јаничарите во 1826 година, тие се дистанцирале од султанот. Таквото дистанцирање е значаен елемент во нивното дејствување.[283]

Бекташите одговориле позитивно на барањето на Абдил Фрашери да се ангажираат во активностите на Призренската Лига. Тие располагале своја мрежа на ширење на информациите, надвор од службените канали. Баба Алуш од Фрашер се согласил во неговото теќе да се одржи средба на албански првенци од Јужна Албанија.[284]

Поради своите активности, бекташите од време на време биле гледани со недоверба од страна на Портата, поради нивното вклучување во давање помош на албанските дејци кои биле вклучени во активностите на националното будење.[285]

---

282 Clayer, Nathalie. *Në fillimet e nacionalizmit shqiptar. Lindja e një kombi me shumicë myslimane në Evropë,* Tiranë, 2009, стр. 45

283 Schmitt, Oliver Jens. *Shqiptarët, Një histori mes lindjes dhe perëndimit*, Tiranë, 2012, стр. 30

284 Gawrych, George W. *Gjysmëhëna dhe Shqiponja*, Tiranë, 2007, стр. 79

285 Исто тука, стр. 185

Меѓу Албанското население имало случаи кога оние што го прифатиле исламот не се откажале во целост од пркактикувањето на христијаството или на другите обичаи од минатотото. Бекташизмот се проширил токму во местата каде што имало население кое не се откажало во целост од претходната религија, како Берат, Елбасан, Ѓаковица, Призрен, Пеќ, Тетово, Крит итн. Се претспотавува дека прифаќањето на бекташизмот била по мека форма на прифаќањето на исламо.[286]

## Пеќската Лига (1899-1900)

Кон крајот на XIX век неколку албански друштва ја зачестиле својата активност со цел афирмација на албанските барања на меѓународен план. Во прилог на тоа на 1 јануари 1898 година неколку друштва кои дејствувале во различни места како што биле: Цариградскиот Комитет, „Дитуриа“ од Букурешт, „Велазериа Шќиптаре“ од Египет, „Дитуриа“ од Софија и „Шоќериа Комбетаре Шќиптаре“ на Арбрешите од Италија издале заеднички повик под наслов „Во името на Албанскиот народ“ кое било испратено до Високата Порта и до Големите Сили. Во текстот се осудувале претензиите на соседните држави, како и политиката на Високата Порта која им овозможувала да отворат училишта и цркви меѓу Албанците, а покрај тоа таа им правела и политички отстапки.

Поради строгите мерки на Портата, Албанците своите активности ги организирале преки тајни комитети. За дејствувањето на тајните комитети знаеле и органите на Високата Порта. Во прилог на тоа митесарифот на Призрен во 1898 година го информирал валијата на Косовскиот Вилает за дејствувањето на еден таков комитет во Призрен. Таков таен комитет дејствувал и во Тетово.[287] Во 1898 година маршалот

---

[286] Skendi, Stavro. “Kripto-kristianizmi në zonën e Ballkanit nën sundimin osman”, *Studime kulturore ballkanike*, Tiranë (Без година на издавање), стр. 269

[287] *Historia e Popullit Shqiptar*, Tiranë, 2002, стр. 274

Етхем Паша кој командувал со воените трупи на Портата во Косово на султанот му го предложил „Проектот за Албанија“ во кој тој давал предлози со воена сила да се принудат Албанците да ги прекинат активностите за автономија и за стабилизирање на состојбата.

Мерките за притисок на Портата ги подржувале и проосманлиските феудалци Албанци како што биле Суреја бег Влора и Есат паша Топтани. Своите ставови Суреја бег Влора ги изнесол во својата „Промеморија“ испратена до султанот во 1898 година. Тој предлагал да се задушат сите востанија во Корча, Колоња, Елбасан и Скадар, како и да се спречи доаѓањето на Мурат Топтани во Албанија, кој избегал од заробеништвото во Триполи, да не се дозволи да се внесат во Албанија весниците кои се печателе во Букурешт и во други места, и да се спречи ширењето на Албанскиот јазик кој во тој период обилно се користел во приватната кореспонденција и се учело во неколку училишта во Албанија. Портата не била заинтересирана да интервенира во видливи размери, бидејќи стравувала дека тоа би можело да предизвика бунт од пошироки размери, а тоа би го искористиле балканските држави за да преземат напади во европскиот дел на Османлиската Империја. Големите Сили меѓу другото побарале од Портата да спроведе реформи во Македонија. Во Македонија многу често се направени управни промени. Преку вилаетите, кои речиси секоја година се рефирмирале се управувало различни делови на Македонија. Тие управни единици биле: Скопје вилает, Солунскиот вилает, Скадарскиот вилает, Битолскиот вилает и Косовскиот вилает.[288]

По примерот на Призренската Лига, во Пеќ од 23 до 29 јануари 1899 година било свикано собрание, на кое покрај избрани делегати од Косовскиот Вилает, учествувале и делегати од Битолскиот и Јанинскиот Вилает. На собранието била основана Пеќската Лига, а претседател на

---

[288] Ризај, Скендер. “Управно-политичке реформе у Македонији (косовском, битолјском и солунском вилајету) (1875-1881)“, *МАКЕДОНИЈА ВО ИСТОЧНАТА КРИЗА 1875-1881*, Скопје, 1978), стр. 180

собранието и на Управниот комитет бил избран Хаџи Зека. Од делегатите 36 имале право на глас. Од работата на собранието излегло Резолуција составена од 11 точки како и Актот на Бесата кој имал 12 точки. Лигата имала за цел да ги обедини сите Албанци, без разлика на верската припадност. Интересно е тоа што Високата Порта била заинтересирана Албанците да организираат отпор против ширењето на балканските држави, затоа не се противела за дејноста на Пеќската Лига. Тоа го искористиле и Албанците за да се организираат легално. Поради овој двоен интерес во актите што ги донела Лигата се истакнувала верноста кон султанот. Во состаноците кои се воделе било актуализирано прашањето на Автономијата. Меѓутоа, поради тоа што учесниците кои биле присутни во седниците имало и просултански елементи, тие биле против тоа барањето за автономија да биде истакната на резолуцијата на Собирот.

Лигата создавала и свои воени трупи, кои ги сочинувале албански доброволци. Лигата ги надминала границите кои можела да ги толерира Портата, меѓутоа бидејќи таа била зависна од регрутирање на војници меѓу Албанците се колебала да интервенира. Кога Лигата почнала да основа локални комитети во другите градови, и под притисокот на Русија и Австро-Унгарија кои биле против нарушувањето на статус-квото, Портата решила да преземе мерки. Во февруари 1899 година им наредила на валиите на Косово и Скадар за забранат доаѓање на Албанци во состаноците на Лигата. Исто така ги подржувала оние кои имале проосманлиска ориентација да работат против Лигата. Таков бил Риза бег Криезиу.

Со цел проширување на дејноста на Лигата во други места, на 27 февруари 1899 година во близина на Призрен била организирана голема средба со жителите на призренскиот санџак, каде што била усвоена Резолуцијата на Пеќската Лига и била прогласена Беса. Прогласувањето на Бесата значело да се прекинат сите лични непријателства и осветувања.

Зборот беса на албански значи чесен збор, односно да дадеш беса значи да го одржиш дадениот збор. Непочитувањето на чесниот збор подлежело на санкции и за тоа се одговарало пред непишаните закони, претежно базирани врз правилата на Канонот на Лек Дукаѓини. Во големиот собир бил избран и Комитетот на Лигата за санџакот на Призрен, на чие чело бил избран Мудериз Халим Ефендиа. Собир бил одржан и во Скадар во февруари 1899 година. На 5 март завршил собирот, и на 6 март била усвоена резолуција составена од 7 точки, со која се обединиле со Пеќската лига. Интересно е да се спомне дека резолуцијата била составена на Албански јазик.

Активностите на Лигата се прошириле и на други места. Во Дебар, кој бил во состав на Битолскиот Вилает било свикано собрание кое почнало со работа на 27 февруари 1899 година. Собранието прогласило обединување со Пеќската Лига и усвоила резолуција со 22 точки на 16 март кога и се завршила работата на Собранието. Било потврдено обединувањето со Пеќската Лига и бил избран комитетот на дебарскиот санџак со 18 членови.

Во март 1899 година во Охрид бил одржан таен состанок на претставници од охридската каза и била прифатена дебарската резолуција. Согласност за работата на Лигата дале и другите населени места каде што живееле Албанците.

Во април 1899 година било печатено издание во кое се подржувала активноста на Лигата. Текстот бил печатен во форма на брошура на турски јазик во Букурешт и носел наслов „Ујаналем!“ (Да се разбудиме!). Брошурата била печатена во име на Албански Комитет. Пеќската Лига била подржана од весниците кои излегувале на Албански јазик како што биле: Албаниа (издаван во Бруксел а потоа и во Лондон во периодот од 1897-1909 година), „Календари Комбиар“ кој се издавал во Софија (во

периодот од 1897 – 1912 година), „Ла Назионе Албанесе“ кој се издавал во Кантанзаро – Палагорио (Италија) во периодот од 1897 до 1912 година.[289]

По основањето на Пеќската Лига, поради ширењето на нејзиното влијание меѓу Албанците, Комитетот одлучил да свика општо собрание на Лигата. Хаџи Зека во писмото со кое се повикувале сите комитети побарал да учествуваат предавници на Албанците муслимани, католици и православни. Во општото собрание на Лигата, Хаџи Зека имал намера да предложи да се усвои барањето за обединувањето на четирите вилаети во еден, чекор кој би водел до основање на автономна Албанија.[290]

Активностите на Пеќската Лига за нејзино проширување ја натерале Портата де преземе мерки. Била испратена наредба до валиите на вилаетите на Скадар, Косово, Битола и Јанина да се спречи обидот за одржување на Општо Собрание што било предвидено да се одржи во мај 1899 година. Одржувањето на Општото Собрание било подржано и од комитетот „Башкими Шќиптар“ од Букурешт, кој во тоа време бил предводен од Мехмет Фрашери, братот на Абдул и Сами Фрашери. Комитетот објавил манифест со наслов „Керкимет е Шќиптарве“ (Барањата на Албанците). Во текстот на манифестот се повикувале Албанците да се обединат со Лигата, која на претстојното општо Собрание ќе бара Автономија на Албанија. Бидејќи Портата била одлучна да спречи одржување на Општиот Собир, тогаш Албанскиот Комитет во Букурешт одлучил на 27 септември 1899 година да се одржи Општ Албански Конгрес. Меѓутоа под притисок на Портата, романската влада не одобрила таков настан.

Бидејќи Портата презела мерки за забрана на активностите на Лигата, бил организиран вооружен отпор против административните органи на Портата. Нај истакнат бил отпорот во Дебарскиот санџак кој бил раководен од Хамди Охри, кој бил вратен од заробеништво. На 6 ноември

289 *Historia e Popullit Shqiptar*, Tiranë, 2002, стр. 284

290 Исто тука, стр. 285

1899 година од Албанскиот образовен комитет од Дебар, кој делувал во состав на Лигата бил испратена промеморија до султанот во кое се барало отворање на албански училишта во дебарскиот санџак.

Револтот на Албанците во Дебар пораснал и таму се собрале голем број востаници. Поради таквата состојба Портата отстапила и ги повлекла судските органи и им ја препуштила работата на органите на Лигата, а подоцна, во февруари го повлекол и митесарифот на Дебарскиот санџак.

Во Скопје на 16 февруари 1900 година под раководство на Идриз Ѓакова било организирано протестирање, кое се претворило во бунт, при што била побарана оставка на валијата на Косовскиот Вилает. Во Скопје бил формиран и Комитет. Во почетокот на март 1900 година во Скопје биле собрани околу 200 востаници кои се судриле со османлиските трупи. Портата го повлекол валијата Мехмед Хафиз на Косовскиот вилает на 13 март 1900 година. На 18 март Портата ги уапсила организаторите на востанието во Скопје Идриз Ѓакова, Хаџи Рауфи и други, и ги интернирала во Битлис. Во јуни Портата организирала големи воени трупи кои биле командувани од Шемси Паша, кои поминале преку Скопје кон Митровица, Нови Пазар и Сеница. Османлиските трупи уапсиле голем број на востаници. Востаниците од Нови Пазар во август 1900 година испратиле петиција до султанот, каде барале ослободување на востаниците и повлекување на османлиската администрација.

Стравувајќи од понатамошна компликација на состојбата Портата го повлекла Шемси Паша и митесарифот на Нови Пазар. Конфликтната состојба на Албанците со Портата продолжила до септември 1900 година. Со цел да создаде можност за одржување на Општо Собрание, Хаџи Зека во близина на Приштина свикал состанок на претставници на населението на Приштина, Пеќ, Митровица, Скопје, Тетово, Гњилане, Рожај, Скадар, Хас, Ѓаковица, Дебар, Сеница и Нови Пазар, каде што се разговарало за плановите за свикување на Собранието. Меѓутоа за тоа немало услови. Набргу потоа Портата презела енергични мерки за справување со

албанското движење и во септември концентрирала големи воени трупи во градовите каде што востанието било застапено. За воспоставување на контрола во Скопје бил назначен Мехмет Паша. Во ноември бил уапсен Хаџи Рауфи со 22 други членови на локалниот комитет. По решавањето на состојбата Шемси Паша со воените трупи тргнал кон Тетово а потоа и кон Дебар, со цел растурање на локалните комитети на Пеќската Лика. Во периодот до декември 1900 тој ги распуштил и комитетите во другите градови на Косовскиот Вилает.

## Политичките предлози за решавање на Албанското прашање во крајот на XIX век

За решавањето на албанското прашање биле истакнати различни предлози. Во почетокот предлозите биле да се добие автономија во состав на Османлиската Империја, како на пример во периодот на Призренската Лига. Но по згаснувањето на Лигата околу 1890 година повторно се појавиле други размислувања за начинот и формата на политичкото организирање. Во врска со ваквите размислувања Абдул Фрашери, во 1890 година му испрати писмо на Криспи, во името на видни Албанци кои живееле во Цариград а му било предадено од Фуад, принцот на Египет. Во неговото писмо тој ги опишал и границите кои ги замислувале албанските дејци во тоа време. Според него на север Албанија би се граничела со Црна Гора, Босна и Србија; на Југ со заливот на Амбракија и со Грција. На исток природната и етнографската граница би била граничната линија од српската граница блиску Врање, би го преминала Вардар меѓу Скопје и Велес, преку планината Бабуна, опфаќајќи го Прилеп, Битола, Фолорина, Костур и Гревена до границата со Грција.[291]

[291] Skendi, Stavro. „Pretendentë për një fron imagjinar“, *Zgjimi kombëtar shqiptar*, Tiranë, 2000, стр. 290

Во врска со можен владетел на Албанија тој предлагал да биде назначен принцот на Ефипет Фуад Паша, кој бил внук на познатиот Мехмед Али, основачот на египетската династија.

И покрај тоа што немала никаков државен статус, во Европа се појавиле претенденти на можниот трон. Прв бил Дон Хуан де Алрадо у Перез де Валаско кој за себе го адоптирал албанското име на принц Ѓин Аландро Кастриоти. Тој бил роден во Шпанија во 1845 година додека во 1867 година влегол во дипломатска служба на таа земја стигнувајќи до позицијата министер за надворешни работи. По смртта на Алфонс XII, тој се повлекол од дипломатската служба. Во 1886 година се сместил во Париз каде станал претседател на меѓународната комисија на шпанските железници во Пиринеите. Тој претендирал дека е наследник на Скендербег, бидејќи како што нагласувал една сестра на Секндербег била мажена со еден од неговите предци. Воаквите негови тврдења се сомневал Фаик Коница, кој побарал да го потврди своето потекло при што се покажало дека има празнина од 300 години меѓу времето на Скендербег и неговиот предок.

Итало-албанецот Зеф Скирои му се спротивставил на Аладро и неговите намери, сметајќи дека директен наследник на Скендербег бил Д. Џовани Кастриоти, маркизот на Аулета, кој живеел во Неапол. Аулета стапил во контакт и со други личности како што бил Борис Сарафов и Рициоти Гарибалди. Неговите активности ги следеле османските власти кои презеле активни мерки за апсење на неговите следбеници.[292]

Д. Џовани Кастриоти кого го подржувал Зеф Скирои имал сигурно благородничко потекло. Кралот на Италија, на 4 април 1897 година, осврнувајќи се во една студија направена од Хералдичкиот Совет, издал декрет дека тој можел да го користи името и да го држи оружјето на Ѓерѓ

---

[292] Skendi, Stavro. „Pretendentë për një fron imagjinar", *Zgjimi kombëtar shqiptar*, Tiranë, 2000, стр. 294

Кастриот Скендербег. Меѓутоа, и покрај тоа што тој имал поддршка меѓу итало-албанците, во Албанија тој имал послаби позиции од Аландро.

Друг претендент за тронот бил принцот Алберт Ѓика од Романија. Тој бил наследник на Романско благородничко семејство со албанско потекло.

Друг кандидат за водач на Албанците бил Исмаил Ќемали, кој имал добри предуслови да биде гувернер на Албанија доколку таа добие автономија. Неговото тајно заминување од Османлиската Империја го вознемирило Абдул Хамит. Неколку години подоцна, во 1912 година тој ќе биде клучната личност при прогласувањето на независноста на Албанија, при што бил именуван и прв претседател.[293]

Во крајот на XIX век се појавиле и неколку политички проекти кои се однесувале за албанското прашање. Меѓу нив најпознати се делото „Албанија што била, што е, и што ќе биде" и политичката програма на Исмаил Ќемали „На албанските браќа" издадена во весникот „Албанија" во 1900 година.

Една од најзначајните дела кои се издадени кон крајот на ЏИЏ век е и *Албанија што била, што е и што ќе биде*, издадено во Букурешт во 1899 година.[294] Делото е објавено без името на авторот, меѓутоа, подоцнежните издание се објавени со името на Сами Фрашери како автор.[295] Во врска со авторството на оваа дело постојат неколку мислења. Речиси сите албански историчари како несомнен автор на делото го

[293] Skendi, Stavro. „Pretendentë për një fron imagjinar", *Zgjimi kombëtar shqiptar*, Tiranë, 2000, стр. 300

[294] Frashëri, Sami. *Shqipëria ç'ka qenë, ç'është dhe ç'do të bëhet*, Logos-A, Shkup, 2004

[295] Името на авторот на делото „Албанија што била, што е и што ќе биде" се бјавило во 19 ноември 1904 година, неколку месеци по смртта на Сами Фрашери. Шахин Колоња (1865-1919) во 1904 година почнал да го издава делото во делови на османлиски јазик во весникот Дрита кој се печател во Софија. Истата книга се издала на германски јазик во 1913 година. И германскиот преведувач исто така го ставил името на Сами Фрашери како автор. (Gawrych, George W. *Gjysmëhëna dhe Shqiponja*, Tiranë, 2007, стр. 193)

спомнуваат Сами Фрашери. Меѓутоа, турскиот историчар Агах Сири Левенд, во неговата монографија посветена на Сами Фрашери, го оспорува неговото авторство на делото.[296] Инаку самиот Сами Фрашери до крајот на својот живот не посведочил дека е автор на текстот, а ниту оставил пишан доказ во прилог на тоа. Инаку делото е составено во три делови, како и самиот наслов на книгата. Во првиот дел на книгата се прави осврт кон потеклото на Албанците и краток осврт низ историјата, како и за значењето на албанскиот јазик. Во книгата е даден и описот на просторите до каде се протегала Албанија, како и опишувањето на карактеристиките на земјата, населението и карактерот на Албанците. Според текстот во Албанија живееле околу 2 милиони Албанци а во емиграција уште 500 илјади.[297] Значајно место во делото му се посветува на јазикот, со нагласување на фактот сека досега Албанците не направиле ништо во насока на зачувување на јазикот, и дека јазикот кој не се пишува може за исчезне.

Во поглавјето „Опасностите на Албанија“ се истакнува дека Албанија сега веќе е далечна област на Турција и е опкружена од непријатели. Црна Гора, Србија, Грција и Бугарија ја опколиле Албанија, и Австрија и дошла над глава. Со Турција ја поврзува еден тенок појас на земја која Бугарија може да го освои, и со оглед на тоа дека Турција нема некоја сила на море не може да и помогне на Албанија и да сака.[298] Во однос на Грција стои дека Грција иако со помош на Албанците ја стекнала независноста, тие се најлоши непријатели на Албанија. Иако тие денес имаат повеќе територија отколку што имале во времето на Периклеј, тие преку *мегали идејата* бараат да им се дадат местата кои ги освоил Александар Велики, или да го воскреснат византиското царство, без да

---

[296] Levend, Agâh Sırrı. *Sami Frashëri*, Tiranë, 2004, стр. 124

[297] Frashëri, Sami. *Shqipëria ç'ka qenë, ç'është dhe ç'do të bëhet*, Logos-A, Shkup, 2004, стр. 51

[298] Исто тука, стр. 63

мислат дека Александар беше Македонец и Византијците Романци, двата народи непријатели на Грците и кои ја уништиле Грција. Според *мегали идејата* Грците сакаа целиот Балкан, и Бугарија и Романија, но откако изгубија ја стесниле нивната надеж во Албанија и Македонија.[299]

Во 1900 година во политичките активности во врска со политичките барања на Албанците се вклучил и Исмаил Ќемали. Тој неколку години вршел значајни функции во различни места на Османлиската Империја. Соработувал со големиот везир Митхат Паша, а по неговото интернирање и тој бил интерниран. Поради неговото политичко ангажирање и предлозите за реформи и врските кои ги имал со оние кои работеле за националното будење на Албанците бил карактеризиран како опасен елемент. Биле превземени мерки да се оддалечи од Цариград и бил именуван за губернатор на Триполи. Во 1885 година Исмаил Ќемали ќе учествува во државниот удар подготвен од Ќамил паша. Во 1897 година тој му предложил на султанот меморандум во прилог на административните реформи, што го издал и во европскиот печат.[300] Стравувајќи дека зад именувањето стои намерата за интернација, и по средбата со султанот на 28 април 1900 заминал од Османлиската Империја заедно со неговите тројца синови. По неговото заминување тој патувал низ многу градови како Атина, Неапол, Рим, Лозана, Парис, Бруксел и Лондон каде што се задржал подолго. Во времето на неговите патување се сретнал со значајни личности на културниот и политичкиот живот, меѓу кои и со Грчкиот крал Георгиос I.[301]

---

[299] Frashëri, Sami. *Shqipëria ç'ka qenë, ç'është dhe ç'do të bëhet*, Logos-A, Shkup, 2004, стр. 65

[300] Clayer, Nathalie. *Në fillimet e nacionalizmit shqiptar. Lindja e një kombi me shumicë myslimane në Evropë*, Tiranë, 2009, стр. 347

[301] Shabani, Fahredin. *Mendimi politik në rilindjen kombëtare shqiptare 1881 – 1912*, Prishtinë, 2011, стр. 153

Неговата политичка програма за албанското прашање ја истакнал во интервјуто дадено на италијанскиот весник „Трибуна“ на 21 мај 1900 година додека бил во Рим. Истата година на 15 октомври во весникот „Албаниа“ го издал повикот „На албанските браќа!“. Во политичката програма Исмаил Ќемали ја прокламирал идејата за автономија осврнувајќи се членот број 23 од Берлинскиот Конгрес, барајќи исти права што и биле дадени на Крит, кој добил автономија во 1897 година. Во интервјуата кои ги давал и во разговорите што ги имал со европските дипломати тој истакнувал дека не се залага за целосна независност од Османлиската Империја. Во состојба кога Големите Сили се залагале за зачувувањето на статус квото на Балканот во однос на Османлиската Империја, автономијата според Исмаил Ќемали било подобро решение за Албанците и за другите народи на Балканот. Во однос на обединувањето на Албанците и на нивната национална афирмација тој сметал дека тоа може да се постигне со унапредување на образованието и културата.[302] Во 1892 година Исмаил Ќемали на султанот Абдул Хамид му предложил план кој имал за цел да воспостави *антанта* меѓу балканските држави и Османлиската Империја преку економски договор и договор за заштита. *Антантата* би била слободна и народите на секоја држава би имале право да живеат во било кој дел на ова голема држава која би се формирала. И Портата би имала интерес со повторното обединување со старите граници.[303]

[302] Shabani, Fahredin. *Mendimi politik në rilindjen kombëtare shqiptare 1881 – 1912*, Prishtinë, 2011, стр. 154

[303] Skendi, Stavro. “Interesat e fqinjëve ballkanikë dhe Fuqitë e Mëdha”, *Zgjimi kombëtar shqiptar,* Tiranë, 2000, стр. 282

### Интересот на Австро – Унгарија кон албанското движење

Меѓу првите кои започнале да ги користат предностите на реформите од 1839 година за зголемување на нивното влијание кај Албанците биле Австријците. Тие испратиле верски мисионери кои влегле во Албанија и се сместиле во Скадар, каде се обидувале да ја придобијат довербата на католичкото население, отворајќи училишта, помагајќи ги болните со лекови итн.[304]

По Австро-Пруската војна во 1866 година, Австрија се повеќе своите интереси ги гледала кон Балканот, како територија на која таа можела да ја реализира својата експанзија. Со создавањето на двојната монархија Австро-Унгарија во 1867 година размерите на државата станале поголеми. Во 1877 година додека рурско-турската војна сеуште била во тек, Министерството за Надворешни Работи на Австро-Унгарија побарало од нејзиниот амбасадор во Скадар Ф. Липих да достави меморандум за Албанија. Албанија зазела важно место во надворешната политика на Австро-Унгарија. Во својот меморандум Липиц го изразувал мислењето дека како противтежа на проширувањето на границите на новите словенски држави на Балканот можат да послужат Албанците. Тој своето внимание го насочил кон Северна и североисточна Албанија. Во оваа насока тие не можат да послужат за споменатата цел доколку зад нив не стои некоја голема сила како Австро-Унгарија. Кон Австро-Унгарија симпатии покажувал и католичкото население, но и муслиманското население гледало позитивно поради убедувањето дека таа им се спротивставува на плановите на Русија на Балканот.[305]

Гренвил, конзулот на Австро – Унгарија во Солун сметал дека по анектирањето на Босна и Херцеговина, Австро-Унгарија треба да прави се

[304] Jacques, Edwin. *Shqiptarët*, Tiranë, стр. 184

[305] Skendi, Stavro. “Rëndësia e Shqipërisë për Austro-Hungarinë dhe Italinë”, *Zgjimi kombëtar Shqiptar*, Tiranë, 2000, стр. 222

за да ги присвои Албанците, и да ги убеди дека само таа може да им обезбеди автономија, со што автономна Албанија би била силен бастион против желбите на Србија и Бугарија.[306]

Настаните кои се одвивале на Балканот не ја оставиле рамнодушна ни Италија. Франческо Криспи бил инспираторот на надворешната политика на Италија кон Албанија. Во 1881 година Франција го окупира Тунис го провоцирало реагирањето на Италија која се надевала таа да го окупира. Тоа придонело Италија да склучи сојуз со Германија и Австро-Унгарија, таканаречениот троен сојуз од 20 мај 1882 година, која имала за цел да ги заштити потписниците на договорот од Франција и руската експанзија на Балканот. Договорот за сојуз бил повторен на 20 февруари 1887 година, која содржела и посебен австро-италијански договор, според кој двете страни се согласуваа да го зачуваат статус квото на Балканот, на османлиските брегови и острови на Јадранското и Егејското Море. Меѓутоа, повторувањето на сојузот не го отстранил сомнежот кој постоел помеѓу Италија и Австро – Унгарија, особено во врска со правото на Италија да одигрува нова улога на Балканот. По барање на Криспи, амбасадорот на Италија во Белград, Галвагна, во 1890 година напишал извештај за Албанија во кој го изразил својот страв за можноста таа да биде освоена од Австро-Унгарија. Според амбасадорот, доколку тоа се случи. Тогаш Италија треба да крене раце од владеењето на Јадранското Море.[307]

Тројниот сојуз бил повторен за следните шест години на 6 мај 1891 година. Сојузот бил продолжен и во следниот период, кога бил продолжен по четврти пат на 28 јуни 1902 година. Во тој период и Албанското прашање добила поголема важност како за Италија, така и за Австро-Унгарија. Во 1897 година кога уште била во тек војната во Крит, Австро-

---

[306] Skendi, Stavro. “Rëndësia e Shqipërisë për Austro-Hungarinë dhe Italinë”, *Zgjimi kombëtar Shqiptar*, Tiranë, 2000, стр. 222

[307] Исто тука, стр. 224

Унгарија ја разгледувала иднината на Османлиската Империја, поради нејзината слабост и барањата на народите во европскиот дел на Империјата. Иако Австро-Унгарија се залагала за статус кво во Османлиската Империја, сепак таа не може да не се подготвува за можни промени кои би настанале со распаѓањето на Османлиската Империја и создавање на нови држави. Австро-Унгарија гледала опасност во протегањето на границите на Србија и Бугарија до Јадранското Море, но и на Италија, на штета на нејзините интереси. Австро – Унгарија имала планови да помогне Албанија да добие автономија доколку се распадне Османлиската Империја, и де биде под нејзин протекторат.[308]

За да се подготви теренот за автономна Албанија било водени тајни разговори во Министерството за надворешни работи во Виена, каде учествувал и Калај, заедничкиот министер за финансии на Австро-Унгарија. Меѓу другото се предлагало да се зацврсти дипломатската мисија во Албанија, да се разгледа улогата на црквата и финансиската помош која се делела во Албанија, подготвување заеднички активности со Грција, особени во оние делови на Албанија каде што Грција имало влијание.[309]

Иако не бил припадник на некоја колонија Фаик Коница одиграл значајна улога за албанското издаваштво. Во врска со дејноста на емигрантите во Букурешт слушнал додека престојувал во Парис, и посакувал и тој да оди таму за да издава весник на Албански јазик. Тогаш одлучил да го издаде планираниот весник во Брисел. Весникот го нарекол Албанија., и првиот број се појавил на 25 март 1897. Весникот излегувал еднаш месечно а понекогаш еднаш на две месеци на албански и на француски јазик. Весникот излегол еден период во Брисел а потоа во

---

[308] Skendi, Stavro. “Rëndësia e Shqipërisë për Austro-Hungarinë dhe Italinë”, *Zgjimi kombëtar Shqiptar*, Tiranë, 2000, стр. 225

[309] Исто тука, стр. 226

Лондон се до последниот број во 1909 година кога згазнало неговото излегување.[310]

Интересот на Австро-Унгарија за развој на албанската национална свест го убедило Фаик Коница да стапи во контакт со дипломатските кругови на монархијата бидејќи сметал дека тоа може да биде во интерес на Албанците. Тој го изразил овој став пред Khevenhüller, претставникот на Австро-Унгарија во Белгија, додека во ноември 1897 година Коница ја посетил Виена, каде што се сретнал со министерот за надворешни работи на Австро-Унгарија Zwedinek кој претходно бил во служба во Јанина. Коница нему му го предложил својот проект, кој имал за цел да ги освести Албанците муслимани своите интереси да ги разликуваат од османлиските. За постигнување на целта требало да се издаде весник на албански и француски јазик, со различна содржина, да се оформи албанско друштво што ќе ги штити идеите кои ќе се прокламираат во весникот, додека најважното било прашањето на училиштата.[311]

Коница мислел дека пречка за реализирање на плановите вила недовербата на Портата кон албанското движење, омразата која се создала поради верската поделба, странските пропаганди, како и влијанието на Албанците кои живееле надвор. Zwedinek истакнал дека весникот Албанија не треба провоцира антиосманлиско движење, и дека требало да покаже спремност во неговиот весник да издава текстови кои ќе ги предложи владата на Австро-Унгарија.[312]

Придонесот на Фаик Коница во развојот на албанската книжевност е голем. Весникот што го издавал бил читан од тогашните албански дејци и користел латинска азбука слична со онаа на друштвото *Башкими* од Скадар. Во 1899 година тој почнал да го издава весникот *Албаниа е вогел*

---

[310] Skendi, Stavro. "Përpjekja për afirmimin kombëtar (1881-1908)", *Zgjimi kombëtar Shqiptar*, Tiranë, 2000, стр. 149

[311] Исто тука, стр. 150

[312] Исто тука, стр. 150

(Мала Албанија), што имал во фокусот вести за политичките случувања. Во правец на зголемувањето на читателите и соработниците меѓу Албанците на Балканот, бидејќи стилот на нејзините текстови бил повеќе интелектуално настроен, и поради фактот дека тежнеењето на весникот било да ги популаризира правата и барањата на Албанците меѓу европејците, поради што во станиците на весникот имало о текстови на француски јазик.[313]

Италија немала копнено разграничување со Османлиската Империја, но ги следела активностите на Австро-Унгарија. Антонио Валдачи, професор во Универзитетот во Болоња напишал меморандум кој го упатил до Висконт Веностас, министер за надворешни работи на Италија.[314] Тој до 1897 година направи осум студиски патувања во Албанија, од границите на Црна Гора до Превеза, и воочил дека Австро-Унгарија била активна од границите на Босна го заливот на Амбракија. Во средбата одржана во Монза 1987 година меѓу Голуховски и Рудини, било разговарано околу ставот на двете држави кон Албанија. И двете претставници се изјасниле дека немаат намера да ја освојат Албанија, но ако пропадне Османлиската Империја ќе подржат независно кнежевство Албанија.[315]

Во врска со напредокот на Австро-Унгарија во Албанија своите стравувања ги изразил и пратеникот на италијанскиот парламент Франческо Гуичиарди во декември 1900 година. По посетата во Албанија

---

[313] Skendi, Stavro. "Përpjekja për afirmimin kombëtar (1881-1908)", *Zgjimi kombëtar Shqiptar*, Tiranë, 2000, стр. 151

[314] Clayer, Nathalie. *Në fillimet e nacionalizmit shqiptar. Lindja e një kombi me shumicë myslimane në Evropë,* Tiranë, 2009, стр. 332

[315] Skendi, Stavro. "Rëndësia e Shqipërisë për Austro-Hungarinë dhe Italinë", *Zgjimi kombëtar Shqiptar*, Tiranë, 2000, стр. 229

објавил два текста во 1901 година. Подоцна ќе стане Министер за Надворешни Работи на Италија.[316]

Во 25 ноември 1897 година Фаик Коница му пишувал писмо на Голуховски во кое му предлагал какви мерки треба да се преземат за да се зголеми свеста на широките маси на Албанците, односно да се масовизира свеста, преку издавање на весник, печатење на брошири, основање на друштва, отварање на училишта итн.[317]

**Ривалитетот меѓу Австро-Унгарија и Италија и реагирањето на Албанците**

Ривалството меѓу Австро-Унгарија и Италија се изразил пред се во областа на образованието. Австро-Унгарија уште во 1855 година ги презела трошоците во износ од две третини за изградба на Папскиот Језуитски Семинар во Скадар и давала одредена сума за издржување на студентите, додека остатокот на средствата се обезбедувале од страна на Пропаганда Фиде. Во подоцнежните години се бележело функционирањето на две средни училишта, една управувана од језуити а другата управувана од франциканците. Исто така биле отворени и основни училишта околу Скадар, Валона, Драч, Призрен и во други места подржани од Австрија а администрирани од католичките редови.[318]

Австрија покажала интерес за католиците од Северна Албанија, пред се поради Култуспротекторатот. Во почетокот тоа се правело со мали чекори за да не се провоцира Високата Порта и Русија за да се замеша на Балканот. Но настаните во Крит го вклучиле алармот дека настаните во

[316] Skendi, Stavro. "Rëndësia e Shqipërisë për Austro-Hungarinë dhe Italinë", *Zgjimi kombëtar Shqiptar*, Tiranë, 2000, стр. 229

[317] Konica, Faik. *Vepra 4, Letërkëmbimi*, Tiranë, 2001, стр. 26

[318] Skendi, Stavro. "Rivaliteti ndërmjet Austro-Hungarisë dhe Italisë dhe reagimi Shqiptar", *Zgjimi kombëtar shqiptar,* Tiranë, 2000, стр. 238

Османлиската Империја се одвиваат со брзо темпо, поради стравувањата дека Османлиската Империја ќе се распадне, а Италија би можела да изрази зголемен интерес за Албанија. Поради таквите причини во Виена била усвоена програма на дејствување во Албанија, за да се обезбеди влијанието во случај на издвојување на автономија на Албанија. За да се реализираат таквите цели било потребно да се отворат училишта во Албанија под нејзина управа. Уште од 1897 година се отворале училишта каде што јазикот на кој се предавало бил албанскиот.[319]

Активностите на Австро-Унгарија во насока на образованието будно ги следела Италија.[320] И та презела слични чекори во насока на образованието. Во 1888 година биле отворени првите италијански училишта во Скадар, по иницијатива на Франческо Криспи. Меѓутоа, Италија немала постојано стабилна политика во оваа насока. Во 1891 година во времето на владеењето на Рудини биле затворени училиштата во Превеза, Валона и Драч, но основните училишта продолжиле да работат. Придонес кон образованието на Албанците дале и итало-албанските конгреси од 1895 година и 1897 година и итало-албабските колонии. Тие организирале доделување на стипендии за оние кои дипломирале во италијанските училишта во Албанија за да ги продолжат студиите во колеџот на Св. Адриан каде била отворена катедра за албански јазик.[321]

Во 1897 година Фаик Коница му пишувал на Теодор А. Ипен, конзул на Австро-Унгарија во скадар дека весникот „Албаниа“ кој го издавал тој се читал од сите оние кои го водат албанското движење, и идеите кои се застапувале во весникот меѓу нив создавале струја проти хеленизмот и централизмот на османлиите. Тој во писмото зборува и за

---

[319] Skendi, Stavro. “Rivaliteti ndërmjet Austro-Hungarisë dhe Italisë dhe reagimi Shqiptar”, *Zgjimi kombëtar shqiptar,* Tiranë, 2000, стр. 239

[320] Rrahimi, Shukri. *Rilindja dhe emancipimi kombëtar*, Shkup, 1971, стр. 4

[321] Skendi, Stavro. “Rivaliteti ndërmjet Austro-Hungarisë dhe Italisë dhe reagimi Shqiptar”, *Zgjimi kombëtar shqiptar*, Tiranë, 2000, стр. 239

италијанската пропаганда подржана од тамошните Албанци, и дека Италијанците се обидувале да ги убедат Албанците дека обединувањето на Албанија со Италија е корисно, додека обединувањето со Австро-Унгарија е штетен. Меѓутоа Коница во писмото наведува дека со подршка на Австро-Унгарија, Албанците би се развиле во три правци: национален, економски и интелектуален.[322]

Училиштата кои биле отворани од страна на Австрија имале верски карактер, односно биле под Култуспротекторатот и биле раководени од католичките редови. Италијанските училишта биле владини училишта и имале световен карактер, под контрола на Генералниот Инспекторат на Училиштата вон Земјата, дел на Министерството за Надворешни Работи на Италија. Италија била свесна дека без свештенството нема да може да имаат големо влијание училиштата кои ги отворала, колку што имале влијание училиштата на Австро-Унгарија. Австро-Унгарија мислела дека Италија не е заинтересирана за националното будење на Албанците, туку за да создадат колонијални институции, со надеж еден ден да ја присвојат Албанија. Меѓутоа, и Италија била заинтересирана за поттикнување на националното будење на Албанците.[323]

Покрај училиштата, Австрија и Италија инвестирале и во други институции како болници, амбуланти и домови за сираци за да се зголеми нивниот имиџ меѓу Албанците. Ваквото натпреварување на овие две Големи Сили не се однесувало само во Османлиската Империја. Во 1901 година во Албанската колонија во Борго Ериззо во близина на Задар, Далмација бил отворен курс на албански јазик од страна на Австро-Унгарија. [324]Во Неапол, во Институтот за Ориентални Јазици била

[322] Konica, Faik. *Vepra 4, Letërkëmbimi.* Tiranë, 2001, стр. 21

[323] Skendi, Stavro. "Rivaliteti ndërmjet Austro-Hungarisë dhe Italisë dhe reagimi Shqiptar", *Zgjimi kombëtar shqiptar*, Tiranë, 2000, стр. 240

[324] Според Хасан Калеши во државниот архив на Виена (Haus, Hof-und Staatsarchiv) сигнатура XIV, 3 Politischen Archiv, се наоѓа една кутија документи под заеднички наслов

отворена катедра за изучување на албанскиот јазик. Како одговор на ова Австро-Унгарија во 1903 година отворила курс за албански јазик во Институтот за Ориентални Јазици во Виена, а како одговорен бил поставен Ѓерѓ Пекмези, кој дипломирал филологија во Виена.[325]

Австро – Унгарија правела напори за издавање на изданија за развојот на албанскиот јазик. Уште од 1899 година биле печатени неколку учебници на албански јазик за потребите на училиштата кои таа ги финансирала. Прва бил печатена читанката составена од Л. Талоци, помогнат од Албанецот Зеф Цурани, а работена според моделот на францисканецот Лоро Михачевиќ, направен за училиштата во Босна и Херцеговина. Книгата била испачатена во Виена, но тоа не било наведено во книгата.[326]

Интересен факт кој треба да се спомене е дека италијанскиот јазик имал широка употреба во меѓу Албанците. Поради тоа, кога Австро-Унгарија ги отворила училиштата со верски карактер, јазикот кој се користел во нив бил италијанскиот. Во приморскиот дел на Албанија и во околината на Скадар, кој бил под влијание на Венеција, затоа италијанскиот јазик активно се користел таму. И кадарот кој Австро-Унгарија можел да го ангажира во Албанија биле Италијанци, поради

---

Albanische Sprachtum in Borgo Erizzo bei Zara 1897-1913 (албанскиот јазик во Арбнеш во Задар 1897-1913). Во документите станува збор за тематска збирка посветени на учењето на албански во Арбнеш. Од самиот наслов на збирката се гледа дека Австро-Унгарија започнала да мисли за отворање на курсеви на албански јазик во Арбнеш уште од 1897 година, но тие започнале во 1901 година како што се потврдува од документ бр. I, кој што е извештај на Пашк Барди за развој на учењето и различните проблеми во врска со тоа. Kaleshi, Hasan. "Dokumenta të arkivit të Vjenës mbi mësimet e shqipes në Arbënesh të Zarës", *Vjetar i Arkivit të Kosovës*, II-III (1966-1970), Prishtinë, 1970, стр. 151

325 Skendi, Stavro. "Rivaliteti ndërmjet Austro-Hungarisë dhe Italisë dhe reagimi Shqiptar", *Zgjimi kombëtar shqiptar*, Tiranë, 2000, стр. 241

326 Clayer, Nathalie. *Në fillimet e nacionalizmit shqiptar. Lindja e një kombi me shumicë myslimane në Evropë,* Tiranë, 2009, стр. 376

фактот дека Италија била земјата од која претежно доаѓал верскиот кадар. Австро-Унгарија сфатила дека не одело во нејзина полза да се користи италијанскиот јазик во нејзините училишта, и дека со Австро-унгарски средства Италија правела своја пропаганда. Така, Австро-Унгарија започнала да му посвети поголеми внимание на албанскиот јазик за да влијае да слабнее влијанието на италијанскиот јазик.[327]

Култуспротекторатот бил искористен на внимателен начин од конзулатот на Австро-Унгарија во Скадар кој бил основан уште од 1832 година. Конзулатот им дозволувал на свештените лица да имаат директни односи со османлиските авторитети за прашањата кои биле поврзани со нивните верски активности. Италија не била индиферентна кон прашањето на Култуспротекторатот, бидејќи тој ја ставал во по несоодветна положба во врска со католиците од Албанија, а италијанските политичари сметале дека со тоа Австрија имала „верска сувереност“ врз Северна Албанија.[328]

Австро-Унгарија и Италија своето влијание го вршеле и преку трговијата и морската пловидба. Најпрвин Австро-Унгарија била во поповолна состојба од Италија, но подоцна Италија станала поактивна, при што во 1900 година таа отворија трговска агенција во Јанина. Трговската трка одела во прилог на Италија и во Скадар каде што компаниите на Австро-Унгарија го губеле приматот.[329]

Поштенскиот сообраќај во Албанија и Епир Османлиската Империја му го доверила на Австро-Унгарија, при што во ова поле таа имала монопол, кој го користел во своја полза за политички цели. И Италија обезбедила сличен монопол од Портата, што резултирало и двете држави да имаат свои поштенски канцеларии. Покрај пратките за кореспонденција и различните документи, преку поштенските канцеларии

---

[327] Skendi, Stavro. “Rivaliteti ndërmjet Austro-Hungarisë dhe Italisë dhe reagimi Shqiptar”, *Zgjimi kombëtar shqiptar*, Tiranë, 2000, стр. 242

[328] Исто тука, стр. 242

[329] Исто тука, стр. 243

се дистрибуирале и печатени материјали и текстови во кои се зборувало за нивните цели. Двете држави постојано биле во потрага по приврзаници на нивната политика. Тие биле свесни дека не постоело јавно мислење бидејќи јаваната комуникација преку средствата на информирање и другите начини не била развиена, но биле свесни дека одредени познати личности имале влијание. Австро-Унгарија развила контакти со оние дејци кои биле вклучени во националното движење и сметала дека треба да се развие интелектуалната способност меѓу Албанците, како и материјалната благосостојба.[330]

Меѓу првите најпознати кои ја подржувале политиката на Австро-Унгарија бил и монсињор Дочи, абат од Мирдита, кој имал влијание врз католичките верници.[331] Исто така и Фаик Коница ја подржувал политиката на Австро-Унгарија. Тој бил млад интелектуалец роден од Коница (денешна Грција), кој станал познат по неговите патриотски ставови. И двајцата интересите на Албанците ги гледале поврзани со Австро-Унгарија. Коница сметал дека Автро-Унгарија е единствената сила која ќе го подржи идентитетот на Албанците, бидејќи таа дала конкретен доказ во Босна. Тој дури сметал дека би била голема придобивка, во случај Албанија да не добие целосна автономија, таа да има своја автономна администрација под можно политичко и воено обединување со Австро-Унгарија. Поради ваквите негови ставови бил нападнат од весникот *Ла Нуова Албаниа,* при што тој јавно ги истакнал своите ставови зашто мисли така: дека Австро-Унгарија долго време ги штитела интересите албанските католици кои се бореле за зачувување на албанскиот народ; дека ако не постои стравување од Грцита, словените за 24 часа би ја окупирале Албанија; дека Австро-Унгарија дала докази дека сака Албанците да го учат нивниот јазик и да се просветат; и дека во училиштата

[330] Skendi, Stavro. “Rivaliteti ndërmjet Austro-Hungarisë dhe Italisë dhe reagimi Shqiptar”, *Zgjimi kombëtar shqiptar*, Tiranë, 2000, стр. 244

[331] Rrahimi, Shukri. *Rilindja dhe emancipimi kombëtar*, Shkup, 1971, стр. 50

субвенционирани од Австрија се учел албанскиот јазик, додека во оние финансирани од Италија само италијанскиот.[332]

И други дејци ја подржувале политиката на Австро-Унгарија, како: Шахин Колоња, Сотир Пеци, Кристо Луараси и Дервиш Хима.

И Италија се обидувала да најде приврзаници, но малку успевала во нејзините напори. Главниот сомнеж кон неа бил дека таа сака да ја усвои Албанија.

Активностите за наоѓање на приврзаници и воопшто за интересите на двете ривални држави се одвивале исто така и преку конзуларните претставништва на двете држави. Во декември 1896 година Виена одлучила во Албанија да праќа исклучително способни конзуларни работници кој го знаат локалниот јазик. Тие биле советувани да стапат во контакти со Албанци од различни општествени слоеви и верски убедувања, со цел да се информираат за нивните размислувања и условите кои постоеле во земјата. Исто така од конзулите било побарано да се сретнат со влијателни личности муслимани, пред се за да стават до знаење дека Австро-Унгарија не е заинтересирана само за католичката пропаганда. Исто така било потребно да се негираат озборувањата дека Австро-Унгарија планирала да ја освои Албанија.[333]

Во август 1896 година, Ипен ги посетил зоните населени со католици Албанци во Османслико - Црногорската граница, во населените места Кастрат, Хот, Груда, Келменд и Шкрел. Тој ги послушал нивните поплаки против Османлиската Империја и обидите на Црна Гора да ги искористи нив за своите интереси. Тој му предложил на неговата влада дека е потребна итна помош за да се подобри нивната состојба. Од 1898 до 1903 год. Австрија на тамошните жители им делела жито, сакајќи да ги присвои на овој начин. Во октомври 1897 год. Ипен патувал во Средна

[332] Skendi, Stavro. “Rivaliteti ndërmjet Austro-Hungarisë dhe Italisë dhe reagimi Shqiptar”, *Zgjimi kombëtar shqiptar*, Tiranë, 2000, стр. 246

[333] Исто тука, стр. 247

Албанија, што му дало можност да се сретне со влијателни бегови од Тирана и Елбасан. Се запознал со активностите на развиена албанска национална партија, која била активна во насока на образување на народот преку негување на албанскиот јазик и основање на училишта. Меѓутоа, по неговото заминување османлиските власти ги уапсиле Мурад Топтани и Дервиш Елбасани, кои го пречекале него. Ваквиот настан ги ограничил движењата на австриските конзули во Албанија и направил тие да се покажат по внимателни во нивните постапки.[334]

Фокусот на Австро-Унгарија бил насочен и кон Албанците муслимани на границата со Србија и блиску Јужна Босна. Австриските конзули од Скопје и Призрен известувале за различните обиди за да се зближат со беговите на околните области. Тие известувале дека Хаџи Зека, кој ќе стане раководител на Пеќската Лига, бил заинтересиран за соработка со цел Албанија да се обедини со Австро-Унгарија, но кон него се гледало со недоверба бидејќи, како што се велело, имал блиски односи со Портата.[335]

За да ја прошири својата дипломатска активност, Австро-Унгарија мислела да отвори нови конзуларни претставништва во Тирана, Елбасан и Берат. Споменатите градови имале значење бидејќи поради политичката важност и дека таму живееле познати феудални албански семејства кои биле вовлечени во националното движење. Поради фактот што не било лесно да се добијат дозволи од Портата, се практикувало дипломатските претставници кои имале канцеларии во Драч и Валона да ги имаат нивните летни резиденции во Тирана и Берат. Додека што се однесува до Елбасан, според извештајот на Ипен, тој би добил поголема економска важност ако

[334] Skendi, Stavro. “Rivaliteti ndërmjet Austro-Hungarisë dhe Italisë dhe reagimi Shqiptar”, *Zgjimi kombëtar shqiptar*, Tiranë, 2000, стр. 247

[335] Исто тука, стр. 248

се гради железничката пруга Ботола-Драч, тогаш Виена би отворила конзулат.[336]

Во 1897 година, министерот за надворешни работи на Австро-Унгарија побарал од конзулот Ипен дали би било добро да се финансира постоечки албански весник или да се издаде нов со цел да ги застапува идеите на Австро-Унгарија. Ипен одговорил дека е значајно да се финансира издавањето на весник, бидејќи примерот на српската, бугарската, грчката пропаганда покажал дека најдобри средства на пропагандата биле училиштата и весниците. Како весник бил одбран весникот *Албаниа* што го издавал Фаик Коница во Брисел.[337]

Австриските функционери ќе иницираат да се издаде книга за историјата на Албанија на албански јазик. Книгата со наслов *Tnollunat e Shqypniis* (Настаните во Албанија) се наведувало дека била издадена во Александрија по псевдонимот *„еден гега што ја сака својата земја"*. Книгата била напишана од Л. Талоци, директор на архивите на Министерството за Финансии и за прашањата за Босна и Херцеговина. Книгата била преведена на албански јазик од Зеф Цурани, поранешен наставник од Драч и соработник на Талоци. Книгата била печатена во 600 копии и во Виена и дистрибуирана преку мрежата на конзулите и католичките свештеници.[338]

Ако се споредува дипломатската активност на Австро-Унгарија и Италија, може да се каже дека дипломатската активност на Италија била повеќе како реакција на напорите на Австро-Унгарија за доминација во спротивната страна на Јадранското море, со што таа сакала да си ги обезбеди нејзините интереси, односно еден вод превентивна дипломатија.

---

Skendi, Stavro. "Rivaliteti ndërmjet Austro-Hungarisë dhe Italisë dhe reagimi Shqiptar", *Zgjimi kombëtar shqiptar*, Tiranë, 2000, стр. 248

[337] Clayer, Nathalie. *Në fillimet e nacionalizmit shqiptar. Lindja e një kombi me shumicë myslimane në Evropë,* Tiranë, 2009, стр. 377

[338] Исто тука, стр. 376

Зголемувањето на бројот на дипломатските канцеларии на Австро-Унгарија ја вознемирувало Италија. Во 1897 год. италијанскиот конзул во Јанина, Милер, известувал дека заменикот на Австрискиот конзул во Валона, Петрович, кој го познавал албанскиот јазик, водел активна пропаганда за да се развие националното чувство меѓу Албанците. Како противтежа на доминацијата на Австро-Унгарија, која доминирала во трговијата, поштенскиот систем, ја имала на своја страна католичката црква итн., предлагал италијанските конзуларни претставништва да бидат во нивото на Австро-Унгарските, при што биле отворени конзулати во Драч и Валона, а италијанските конзули го следеле примерот на своите Австриски колеги и летниот период го поминувале во Тирана и Берат во тамошните летни резиденции.[339]

Од Италија биле испратени неколку патници и мисионери за да ги гледаат работите одблиску во Албанија. Еден од нив бил и А. Халдачи, кој по посетата составил текст и го испратил до Министерството за Надворешни Работи на Италија во 2897 год. Тој предложил: 1. Да се подобрат услугите на *Пуглиа* низ албанското крајбрежје; 2. Подигнување на постоечките конзулати во Скадар и Јанина на ранг на генерални конзулати со цел да се урамнотежи позицијата на австриските претставници; 3. Во италијанските училишта во Скадар да се создадат техничко-трговски насоки со цел да делуваат против влијанието на сличните училишта на језуитите, односно од Австрија, како и возобновување на италијанските училишта во Валона и 4. Именување на заменици конзули од кариера во Драч и Валона, каде имале резиденции австриските функционери од тој ранг.

[339] Skendi, Stavro. "Rivaliteti ndërmjet Austro-Hungarisë dhe Italisë dhe reagimi Shqiptar", *Zgjimi kombëtar shqiptar*, Tiranë, 2000, стр. 249

Италијанските конзулати исто така дистрибуирале изданија на итало-албанските друштва кои се издавале во Италија.[340]

Во периодот кога се одвивале значајни меѓународни промени, како што било анектирањето на Босна и Херцеговина од Австро-Унгарија, меѓу Албанците се појавило стравувањето дека таа ќе продолжи да се шири кон југот на Митровица и дека животните услови под нејзина власт ќе станат тешки, поради сомнежот дека нема да им биде дозволено да ги негуваат своите обичаи и традиции. Но со текот на времето, било разбрано дека третирањето на муслиманите во Босна и Херцеговина било внимателно и Албанците почнале да гледаат со поголема симпатија кон Австро-Унгарија.[341]

И одредени феудалци, како бегот Сирја Влора од Јужна Албанија гледал со симпатии кон Австро-Унгарија. Бидејќи бил свесен дека еден ден османлиското владеење на Балканот еден ден ќе заврши, сметал дека Албанците би биле за формирање на автономна област под протекторатот на Австро-Унгарија. И муслиманите според него ја преферираат Австро-Унгарија пред сите други сили.[342]

Периодот на ривалитетот на Австро-Унгарија и Италија во однос на Албанците се карактеризира со тоа што и двете сили нивните активности се обидувале да ги прикажат дека одат во прилог на унапредување на Албанците и развој на националното чувство. Нивните активности Албанците ги прифаќале на различен начин, во зависност од регионот, периодот, верската припадност итн. Но, пред се Албанците со повеќе симпатии и надежи гледале кон политиката на Австро-Унгарија, која ја гледале како најголем поддржувач и заштитник на нивните интереси.

---

[340] Skendi, Stavro. "Rivaliteti ndërmjet Austro-Hungarisë dhe Italisë dhe reagimi Shqiptar", *Zgjimi kombëtar shqiptar*, Tiranë, 2000, стр. 250

[341] Исто тука, стр. 253

[342] Исто тука, стр. 253

# РАЗВОЈОТ НА ПОЛИТИЧКАТА МИСЛА, ИЗДАВАШТВОТО И НА ОБРАЗОВАНИЕТО НА АЛБАНСКИ ЈАЗИК

## Интересот за проучување на албанскиот јазик

Не постојат многу пишани извори за албанскиот јазик во минатото. Прв документ кој зборува за албански текст е од 1332 година, кога еден доминикански монах, Брокхарт, на кралот на Франција Филип де Валоис му претставил еден извештај во кој говорел за неговите искуства од многуте земји кои ги посетил, со цел да влијае врз кралот да организира крстоносен поход. Осврнувајќи се на Албанците од Северна Албанија тој напишал: „иако Албанците имаат јазик целосно различен од оној на латините, тие користат латински букви во сите нивни книги“.[343]

Првите текстови напишани на албански јазик датираат од XV век. Тоа се реченица за покрстување од католички рит од 1492 година, напишана со латински печатни букви, како и еден фрагмент од Новиот Завет придружен со псалм од православниот рит, напишан со грчки букви. Овие документи сведочат истовремено и за двете културни влијанија кои биле присутни кај Албанците пред доаѓањето на Османлиите: католичкото и православното влијание.

Текстови напишани на албански јазик се појавуваат и во првите векови на османлиското владеење. Ваквите текстови пред се се поврзани со католичката црква која се обидувала да го зацврсти моралот на своите верници во нивниот отпор да не се конвертираат во муслимани. На пример Пјетр Буди, во своето дело *Doktrina e krishterë (1618)* (Христијанска Доктрина), се обидел да го рашири користењето на албанскиот пишан

[343] Skendi, Stavro. “Përpjekja për afirmimin kombëtar (1881-1908)”, *Zgjimi kombëtar Shqiptar*, Tiranë, 2000, стр. 111

јазик, истакнувајќи дека господ не ги слуша оние кои се молат на туѓ јазик и кои ги повторуваат зборовите кои не ги разбираат.[344]

Текстовите од православната провиниенција се од подоцнежниот период, односно од XVIII и XIX век. Теодор Кавалиоти и Данил од Москополе оставиле зад себе две повеќејазични речници. Григор Гирокастрит (ог Гирокастро), православен свештеник од островот Еубеја го надгледувал преводот на библијата на Албански јазик што било издадено во Корфуз во 1822 година. Ваквите пишани извори влијаеле да се огледува пишувањето на албанскиот јазик.[345]

Интересот за албанскиот јазик се појавил и во делата на странските автори. Г. В. Лајбниц (G. W. Leibniz) (1646-1716) бил првиот кој се осврнал на албанскиот јазик, но неговите познавања за албанскиот јазик го сочинувале само неколку зборови, и тој немал доволни познавања за да даде поопширни објаснувања. Ј. Тунман во своето дело *Untersuchungen über die Geschihte der oestlichen europäischen Völker* (1774) го застапувал мислењето дека Траците имале удел во создавањето на албанскиот народ.[346]

Пуквил, францускиот конзул во Јанина, во своето дело *Voyage en Gréce (1820/1821)* опфатил мал речник на албанскиот јазик и неколку граматички аспекти на албанскиот јазик. Исто така W. M. Leake во неговото дело *Researches in Greece* (1814) вклучил и албанско – грчки – англиски речник и граматика на албанскиот јазик.

Интересот на европејците за Албанците се зголемил во текот на XIX век, пред се поттикнат поради зголемувањето на економските и стратешките интереси на Големите Сили во регионот. И студиите и

---

[344] Skendi, Stavro. "Përpjekja për afirmimin kombëtar (1881-1908)", *Zgjimi kombëtar Shqiptar*, Tiranë, 2000, стр. 112

[345] Исто тука, стр. 112

[346] Skendi, Stavro. "Përpjekja për afirmimin kombëtar (1881-1908)", *Zgjimi kombëtar Shqiptar*, Tiranë, 2000, стр. 112

публикациите следеле со поголем интензитет во тој период. Меѓу најпознатите студии од периодот меѓу 1830-1870 година се спомнува *Die Sprache der Albanesen oder Schkipetaren* издаден во 1835 година од германецот Јозеф Ксиландер (1794-1854),[347] *Albanischen Studien* во три томови во 1854 од австриецот Јохан Георг вон Хахн (1811-1869)[348], *Über das Albanische in seinen verëandtschaftlichen Beziehungen* во 1855 година од германецот Франц Боп (1791-1867), и *Manuel de la langue chkipe, ou albanise* во 1879 од французинот Огист Дозон (1822-1981). Покрај информирањето на читателите на кои им биле наменети во нивните матични земји, таквите публикации поттикнале интерес и ентузијазам и меѓу Албанците кои следеле што се објавува во тој период. Така се создале и лични пријателства и познанства, како на пример Константин Кристофориди и Јохан Георг вон Хахн.[349]

J.G.V. Hahn кој бил австриски конзул во Јанина го издал делото *Albaneischen Studien* (1853/1854), каде опфатил историски податоци, опис на Албанија и на обичаите на нејзиното население, граматика, фолклор и речник.

Германскиот лекар кој бил во служба на грчката флота C.H.T Rheinold, ја издал книгата *Noctes Pelasgicae (*Атина 1855), во која вклучил народни песни од грчко-албанските морнари од островите Порос и Хидра. F. Bopp во своето дело *Uber das Albanische in seinen verwandtschaftlichen Beziehungen* (1854) истакнал дека албанскиот јазик зема независно место во групата на индо-европските јазици.

---

[347] Clayer, Nathalie. *Në fillimet e nacionalizmit shqiptar. Lindja e një kombi me shumicë myslimane në Evropë,* Tiranë, 2009, стр. 146

[348] Јохан Георг во Хахн дипломирал право и работел како судија во кралството Грција од 1835 до 1843 година. Од 1843 до 1847 година бил конзул на Прусија во Атина, додека од 1847 до 1850 конзул на Австрија во Јанина. Во годините1850-1851 бил назначен со мисија во Албанија. Clayer, Nathalie. *Në fillimet e nacionalizmit shqiptar. Lindja e një kombi me shumicë myslimane në Evropë,* Tiranë, 2009, стр. 149

[349] Gawrych, George W. *Gjysmëhëna dhe Shqiponja*, Tiranë, 2007, стр. 30

По значајни студии за албанскиот јазик се направени кон крајот на XIX век. G. Meyer (1850-1900) од универзитетот во Грац, кој во периодот 1880-1890 издал неколку значајни дела како *Albanesische Studien, Albanesische Gramatik, Etymologisches Wörtenbuch albanesischen der Sprache*, во кои истакнувал дека албанскиот јазик е дијалект на стариот илирски јазик. Тој ја негирал тезата на A. Schleicher (1821-1868) дека албанскиот јазик потекнува од јазикот на пелазгите. Ваквите тврдења на европските автори биле искористени од страна на тогашните албански дејци како аргумент за правата на Албанците.[350]

Зголемувањето на интересот на странските автори за албанскиот јазик и народ, голем број автори од Италија со албанско потекло почнаа да објавуваат текстови за историјата на Албанија, јазикот, фолклорот и други особини. Во 1848 Vincenzo Dorsa го издал делото *Dagli Albanesi, ricerche e pensieri,* посветено „на мојот поделен и распространет народ, но единствен". И покрај ваквите изданија, албанската книжевност не бележала значаен развој. Книжевни публикации на Албански јазик се појавиле во Италија. Бидејќи живееле во компактни заедници Албанците во Италија, наречени Арбреши, го сочувале јазикот, традициите на нивната татковина. Некои од нив потекнувале од познати семејства кои учествувале во отпорот кон османлиите, и така меѓу нив живеел сеќавањето за Скендербег. Арбрешите исто така отвориле и училишта за нивно образување и почнувајќи од 1971 година го имале Колецот Св. Адриан во Сант Деметрио Короне, Калабрија, каде што се предавало албански јазик.[351]

Меѓу најпознатите дејци на албанската култура во Италија, кон втората половина на XIX век биле Јероним де Рада (1814-1903) и Димитер

---

[350] Skendi, Stavro. "Përpjekja për afirmimin kombëtar (1881-1908)", *Zgjimi kombëtar Shqiptar*, Tiranë, 2000, стр. 113

[351] Skendi, Stavro. "Përpjekja për afirmimin kombëtar (1881-1908)", *Zgjimi kombëtar Shqiptar*, Tiranë, 2000, стр. 114

Камарда (1821-1882). Јероним Де Рада давал акцент на слободата на Албанците пред османлиските освојувања, за нивните борби против османлиите како и за поразот и нивното мигрирање.

Димитер Камарада своите согледувања ги напишал во делото *Saggio di grammatologia comparata della lingua Albanese* (1864). Со своето дело тој сакал да го истакне староста на албанскиот јазик, осврнувајќи се во врските со јазикот на Пелазгите, како и на врските на албанскиот јазик со грчкиот.[352]

Друга личност која била активна во промоција на националната свест на Албанците бил Зеф Скирои (1865-1927). Тој, заедно со Јероним де Рада и Димитер Камарада биле активни за зацврстувањето на врските меѓу Албанците од двете страни на Јадранот. Во 1887 година Скирои започнал да го издава весникот „Arbri i ri". Кога италијанската влада во 1900 година основала катедра за албански јазик и литература во Ориенталниот Институт во Неапол, Скирои бил назначен за нејзин управител. Со Албанците од Италија соработувала и Дора Д'Истриа, романска принцеза со албанско потекло, која исто така се занимавала со студии за Албанците преку народните песни.[353]

Дора д'Истриа била активна во мрежата на оние кои се итересирале за Албанците. Та посредувала при запознавање и воспоставување на контакти меѓу европските албанолози и албанските културни дејци. Дора д'Истриа вусшност бил псевдонимит на Елена Ѓика. Таа била родена во Букурешт во 1828 година, ќерка на албански благородник и внука на Григор IV, војвода од Влахија. Живеела во Германија и Австрија со нејзините родители, потоа во Русија со својот маж принцот Колцов-Масалскиј. По разводот во 1855 година живеела во Швајцарија и во 1860 година, пред да се смести во Италија патувала во Грција. Покажала

---

[352] Исто тука, стр. 115

[353] Dërmaku, Ismet. "Mbi veprimtarinë politike – kulturave të shqiptarëve në Rumani gjatë Rilindjes Shqiptare", *Vjetar i Arkivit të Kosovës*, II-III (1966-1970), Prishtinë, 1970, стр. 62

интерес за балканските народи и пишувала текстови. Умрела во Франција во 1882 година. Во 1866 година таа му сугерирала на уметникот и историчарот од Венеција Фелице Скјавоне да исцрта табло за албанската преродба, и ги поттикнувала другите да пронајдат документи за Албанија.[354]

Наум Веќилхарџи (1797-1846) опфаќа значајно место во напорите за создавање на стандарден пишан јазик. Тој бил роден во Корча во 1797 година и во својата младост заминал во Романија, и дошол во контакт со западните идеи,[355] а таму учествувал и во востанието во 1821 година. Во Романија, далеку од своето родно место и под влијание на патриотската реторика која го опкружувала, почнал јазикот да го гледа како значајно средство за напредување на албанската култура. Во 1844 година, по создавање на нова азбука, Веќилхарџи издал буквар, кој биле распространет меѓу Албанците.[356]

Во 1871 година Зеф Јубани од Скадар, секретар на францускиот конзул во истиот град, во Триесте издал збирка на народни песни од Северна Албанија со наслов *Raccolta di canti popolari e rapsodie albanesi*. Во 1878 година Тими Митко од Корча го издал делото „Bleta shqiptare" (Албанска пчела), збирка народни песни, приказни и умотворби, пред се од Јужна Албанија. Според него, преку собраните материјали тој сакал до ја истакне посебноста на Албанскиот народ.[357]

Констандин Кристофориди (1830-1895) од Елбасан, стапил во контакти со Британското Библиско Друштво и го превел на албански јазик

---

[354] Clayer, Nathalie. *Në fillimet e nacionalizmit shqiptar. Lindja e një kombi me shumicë myslimane në Evropë,* Tiranë, 2009, стр. 164

[355] Исто тука, стр. 165

[356] Gawrych, George W. *Gjysmëhëna dhe Shqiponja*, Tiranë, 2007, стр. 29

[357] Skendi, Stavro. "Përpjekja për afirmimin kombëtar (1881-1908)", *Zgjimi kombëtar Shqiptar*, Tiranë, 2000, стр. 118

Стариот и Новиот Завет.[358] Интересот за проучувањето на Албанскиот јазик во него го пробудил Ј.Г. Хахн.

Во 1857 година Кристофориди заминал за Малта за да го научи алнглискиот јазик и да студира теологија во протестанстскиот колеџ каде останал до 1861 година, при што го завршил преводот на Библијата.[359] Интересот за значењето на чувањето на јазикот се појавило и кај Ј. Врето, кој бил член на Цариградското друштво, кој во 1888 година го транскрибирал романот Ервехеја од Мухамед Чами (1789-1844) што било напишано со арапска азбука, и истовремено ги заменил и арапските, турските и персиските зборови со албански.[360]

Наим Фрашери (1846-1900) во своето дело *Bagëti e Bujqësi* (Сточарство и земјоделие) издадено во 1886 година ги опишувал убавините на Албанија и обичниот живот на народот. Тој исто така го напишал делото *Историја на Скендербег (1899),* каде тој ги опишувал битките на Скендербег со османлиите. По примерот на Арбрешите од Италија и другите Албанци почнале да го обноват сеќавањето за минатото, кое според нив било славно.[361]

---

[358] Константин Кристофориди (1830-1895), исто така бил меѓу првите кој придонесол за развојот на Албанскиот јазик. Учел во гимназијата Зосимеа во Јанина од 1847 до 1850. По завршувањето на училиштето работел за британското библиско друштво. Тој превел делови од Стариот и Новиот Завет на Албански јазик. Неговото најзначајно дело *Речник на Албанскиот Јазик* бил издаден по неговата смрт во 1904 година. (Gawrych, George W. *Gjysmëhëna dhe Shqiponja*, Tiranë, 2007, стр. 29).

[359] Clayer, Nathalie. *Në fillimet e nacionalizmit shqiptar. Lindja e një kombi me shumicë myslimane në Evropë,* Tiranë, 2009, стр. 190

[360] Skendi, Stavro. “Përpjekja për afirmimin kombëtar (1881-1908)”, *Zgjimi kombëtar Shqiptar*, Tiranë, 2000, стр. 119

[361] Исто тука, стр. 118

Наим Фрашери во 1886 година го превел на турски јазик делото на Хомер Илијада. Десет години подоцна го превел истото дело на албански јазик.[362]

Во насока на афирмирање на културните вредности значаен придонес дал и Фаик Коница. Тој не бил писател, но била личност со широка култура и познавање многу јазици, кој ги читал европските напредни мислители, кој имал влијание меѓу тогашните интелектуалци. Бил роден во богато семејство во Коница во 1876 година, и своето високо образование го завршил во Франција. Уште како млад создал богата библиотека со ретки дела на европски автори кои се занимавале со албанологија. Во 1897 година во Брисел тој почнал да го издава весникот „Албанија". Тој меѓу другото се обидел да покаже дека Албанскиот јазик имал можности да опише и сложени изрази и да се споредува со другите развиени јазици. Во неговиот весник тој третирал различни теми за состојбата во која се наоѓале Албанците. Тој го популаризирал ликот на Скендербег и неговото знаме што го открил истражувајќи по библиотеките. Во весникот Албанија биле издадени преводите на албански јазик на песните за Скендербег кои биле издадени во делото *Razgovor ugodni narodna slovinskoga*, Венеција, 1756 година од хрватскиот поет Андрија Качиќ Миошиќ.[363]

Меѓу Албанците кои живееле во Грција Анастас Кулуриоти од островот Саламис дал значаен придонес во афирмација на културните вредности. Тој во 1882 година во Атина ја издал книгата *Abavatari arbëror* (Албанска азбука) и *Qumësht për foshnjet* (Млеко за доенчиња), со цел на своите сонародници да им го научи мајчиниот јазик. Но меѓу нив не се појавил значителен интерес, бидејќи Албанците кои живееле во Грција имале иста верска припадност со Грците и биле склони кон употребата на

[362] Gawrych, George W. *Gjysmëhëna dhe Shqiponja,* Tiranë, 2007, стр. 136

[363] Skendi, Stavro. "Përpjekja për afirmimin kombëtar (1881-1908)", *Zgjimi kombëtar Shqiptar,* Tiranë, 2000, стр. 122

грчкиот јазик и писмо. Тој во 1883 година отишол во Јужна Албанија за да го распространи неговиот буквар меѓу тамошните Албанци и неговите идеи дека Грците и Албанците треба да се помагаат меѓу себе за да опстанат како народи. Но, по поплаката на грчкиот конзул во Ѓирокастро кај османлиските службеници тој бил уапсен, книгите му биле запленети и потоа вратен во Атина.[364]

Панајотис Купиторис (1821-1881) од островот Хидра, исто така покажал интересирање за проучување за јазикот кој го говореле Албанците од Грција, особено неговите сонародници од островот Хидра. Во 1879 година тој го издал делото *Studime shqiptare* (Албански студии). Не успеал да го издаде речникот на албанскиот јазик кој го подготвил. Книгите на албански јазик претежно се издавале надвор од границите на Османлиската Империја, со оглед на тоа дека издаваштвото на албански јазик било забрането. Меѓутоа, авторите кои живееле во Османлиската Империја, поради заштита објавувале со псевдоним. Таквите книги кои се издавале надвор се внесувале скришно и се делеле меѓу читателите.[365]

## Влијанието на протестантските здруженија во равојот на албанскиот јазик

Интересот на Британското Библиско Здружение за превод на библијата на албански јазик датираат уште од 1816 година, кога Роберт Пикертон испратил писмо докомитетот во Лондон, преку кое побарало

[364] Исто тука, стр. 122

[365] Skendi, Stavro. "Përpjekja për afirmimin kombëtar (1881-1908)", *Zgjimi kombëtar Shqiptar*, Tiranë, 2000, стр. 122

превод на Новиот Завет на Албански јазик, при што тој давал основни информации за Албанците, јазикот, особините и други информации.[366]
Во развојот на албанскиот пишан јазик значаен придонес дало и Британското и странското библиско здружение (British and Foreign Bible Society), под чија нарачка во 1827 година во Крф бил печатен Новиот завет на албански јазик. Подоцна истото здружение помогнала да се направи друг превод на Библијата, направен од Константин Кристофориди (1827-1895). Важен елемент во ваквите изданија е тоа што преводот помогнат о протестантите влијае врз развојот на јазикот на едно население со доминантна муслиманска припадност.[367]

Ванѓел Мекси е првиот кој во 1816 година одговорил на барањето на Роберт Пинкертон за да го преведе Новиот Завет на Албански јазик.[368]
Интелектуалците од Балканот, либерални и националисти често пати биле против црквата за да опстанат националните заедници, но всушност биле селаните оние кои се дигале во востанија и кои преку востанијата ги создаваа новите национални држави, а истовремено останале тесно поврзани со црквата. Голем број на католички мисионери биле активни на Балканот, но не успеале да се зближат со широк круг на луѓе. Протестантските мисионери во низа години по 1820 година печатеа голем дел на текстови и финансираа школување на голем број млади, трошејќи големи суми на пари, во служба на тоа православните христијани да преминат во протестантизам. Православието на Балканот, покрај тоа што бил значаен верски фактор, бил и политички влијателен фактор.[369]

---

366 Krasniqi, Memli. *Shoqëria biblike britanike për të huajt dhe bektashizmi (1814-1897)*, Prishtinë, 2013, стр. 97

367 Schmitt, Oliver Jens. *Shqiptarët, Një histori mes lindjes dhe perëndimit*, Tiranë, 2012, стр. 156

368 Raça, Shkelzen. "Rilindja kombëtare dhe lëvizja protestante", *Gjurmime në historinë shqiptare*, Prishtinë, 2009, стр. 456

369 Mazover, Mark. *Ballkani, një histori e shkurtër*, Tiranë, 2010, стр. 99

Под иницијатива на Британското Библиско Здружение за Странци, чија задача била да ги афирмира текстовите на библијата меѓу обичните луѓе на нивниот мајчин јазик, била превземена иницијатива за преведување на библијата на албански јазик. Ваквата иницијатива има корени во средбата во Виена во 1816 на Роберт Пинкертон, претставник на Британското Библиско Здружение за Странци за Москва и група Албанци кои делувале во Виена. Пинкертон се сретнал во Цариград со Ванѓел Мекси, лекар, кој требало да го преведе Новиот Завет. Тој преводот го завршил во 1821 година. Ванѓел Мекси умрел во 1823 година и не го дочекал изданието на својот превод, кој ќе излезе од печат во Корфуз во 1827 година, додека второто издание ќе излезе од печат во Атина во 1858 година.[370]

Во ширењето на изданијата печатени на албански јазик биле вклучени и членовите на семејството Ќиријази. Покрај Британското Библиско Друштво за Странци на Балканот дејствувале и мисионерите на Американското протестантско друштво. Во 1873 година во Битола дејствувале американските протестанти, како значајно место преку кое може да се прошири влијанието на нивната активност. Во нивните активности, во 1877 година ќе се приклучи и Ѓерасим Ќиријази, кој тогаш имал 19 години. Тој следел настава и во протестантскиот семинар во Самоков, каде што дипломирал во 1882 година, и бил назначен да работи во протестантската мисија во Скопје. Меѓутоа тој одлучил да премине во Британското друштво. Во 1885 година Ѓерасим Ќиријази во Битола ќе организира верски предицирања на албански јазик. Во 1890 година тој преминал во Корча.[371]

---

[370] Clayer, Nathalie. *Në fillimet e nacionalizmit shqiptar. Lindja e një kombi me shumicë myslimane në Evropë,* Tiranë, 2009, стр. 164

[371] Clayer, Nathalie. *Në fillimet e nacionalizmit shqiptar. Lindja e një kombi me shumicë myslimane në Evropë,* Tiranë, 2009, стр. 281

## Развојот на политичката мисла

Во годините кога се будела националната свест меѓу Албанците, се појавиле и неколку интелектуалци кои своите ставови ги формулирале преку пишување и објавување на текстови. Во нив се истакнувале мислењата околу засебноста на Албанците како народ. Со оглед на тоа дека во Европа концептот на нацијата бил неделив со религијата, односно компактноста на одделен народ и во поглед на религијата, кај Албанците таков концепт не можел да се примени бидејќи тие припаѓале на различни религии. Тоа била пречка и за Големите Сили и за Османлиската Империја Албанците да ги гледаат како една политичка целина.

Поради верската различност, јазикот меѓу Албанците одиграл значајна улога во националниот идентитет. Јазикот бил елементот кој бил заеднички елемент со кој се идентификувале сите Албанци, без разлика на верската припадност. Меѓутоа, пишаниот јазик не бил доволно развиен. Првите автори кои почнале да објавуваат текстови на албански јазик станале свесни дека јазикот е значаен елемент кој можел да се користи за обединување. Заедничкиот јазик ги разликувал Албанците од соседите и тоа имало влијание врз свеста дека тие се различни. Традицијата на објавување на текстови на албански била различна, односно се објавувале текстови и на јужниот и на северниот дијалект, меѓутоа, пред се бил и проблемот на неутврдената азбука.[372]

Абдул Фрашери уште во 1878 година сметал дека особините кои ја сочинуваат нацијата се: заедничкиот јазик, заедничката територија, заедничката историја и духовните вредности. Во вреска со духовните вредности, тој мислел дека тоа не е религијата туку обичаите, традициите, приказните, песните, ората и други како заеднички особини, како и

[372] Skendi, Stavro. “Gjuha si faktor i identitetit kombëtar në Ballkanin e shekullit XIX”, *Studime kulturore ballkanike*, Tiranë (Без година на издавање), стр. 51

стремежот за формирање на заедничка држава.[373] Во годините на преродбата се истакнува една тенденција за лаичките вредности да бидат на преден план меѓу Албанците. На овој план станала позната една изрека на Пашко Васа: *Не гледајте цркви и џамии, религијата на Албанецот е албанството!*.

Еден друг аспект на политичката мисла бил и аспектот на територијата која треба да биде опфатена во автономната или независната држава на Албанците. Кај балканските држави (Србија, Бугарија и Грција) преовладувал историскиот критериум во врска со простирањето на државата, односно обнова на границите на средновековните држави, и покрај тоа што меѓу нив не се согласувале во врска со оваа точка. Абдул Фрашери во своите текстови се залагал за етничкиот критериум на актуелната состојба во врска со определувањето на границите, а не историскиот критериум.[374]

Еден важен аспект во врска со развојот на политичката мисла било и прашањето на автономијата и независноста на Албанија. Меѓу Албанците интелектуалци од периодот на Призренската Лига и подоцна преовладувало дека подобар чекор би било Автономијата како преоден момент, бидејќи директно како независна држава Албанија не може да опстане ако нема значајна поддршка од некоја од Големите Сили, бидејќи балканските држави биле понапред во тој план и имале намери да ги прошират нивните граници со воени походи.

Една посебна форма на изразување на политичките стремежи биле и пишувањето на меморандумите и протесните ноти кои Албанците им ги праќале на Големите Сили и Високата Порта. Најизразени биле во периодот на Источната Криза. Во врска со издавањето и ширењето на политичките идеи работите се одвивале бавно. Портата не дозволувала на

---

[373] *Historia e Popullit Shqiptar*, Tiranë, 2002, стр. 205

[374] Исто тука, стр. 206

нејзина територија да се издава весник на албански јазик.[375] Во јуни 1878 година Сами Фрашери станал уредник на весникот на турски јазик „Терџуман-и Шарк“ кој се издавал во Цариград. По четири месеци весникот бил затворен.

Во Атина во 1879 година почнал да се издава весникот „И фони тис Алваниас“ (Гласот на Албанија) под уредништво на Анастас Кулуриоти. Кулуриот бил православен Албанец кој станал протестант. Весникот по една година (1880) бил затворен.[376] Весникот "И фони тис Алваниас" излегувал од 29 септември 1879 година до 23 август 1880 година.[377]

Со издавање на текстови во годините на источната криза најмногу се истакнал Абдул Фрашери. Тој издавал на османлискиот, австрискиот и францускиот печат. Во неговите текстови тој ја објаснувал идеолошката платформа за која се стремеле Албанците со Призренската Лига. И Сами Фрашери се обидел уредувачката политика на весникот Терџуман-и Шарк“ да ја прилагоди во полза на Албанските интереси. Во публицистичката дејност придонес дале и Јани Врето, Тими Митко, Јероним де Рада и др.

Како посебно издание се истакнало и делото „Вистината за Албанија и Албанците“ од Пашко Васа, издадена во 1879 година на француски, англиски и германски јазик, додека една година подоцна била преведена и на турски и грчки.[378]

Дел од албанските дејци мислеле дека целоста на Албанија може да биде осигурена најдобро во рамките на Османлиската Империја, доколку во неа се создаде една автономна албанска област, во која ќе се утврди албанскиот елемент и ќе се консолидира албанската нација. Тоа

---

[375] *Historia e Popullit Shqiptar*, Tiranë, 2002, стр. 207

[376] Raça, Shkëlzen. *Marrëdhëniet shqiptaro-greke 1829-1881*, Prishtinë 1990, стр. 224

[377] Reso, Zihni. "Gazeta „I foni tis Alvanias“ e Anastas Kulluriotit-tribunë e luftës për mbrojtjen e të drejtave të popullit shqiptar", *Konferenca kombëtare e studimeve për Lidhjen Shqiptare të Prizrenit 1878-1881*, I, Tiranë 1979, стр. 387

[378] *Historia e Popullit Shqiptar*, Tiranë, 2002, стр. 208

пред се биле феудалци поврзани со османлиската администрација. Меѓу нив познат бил и Јусуф Али бег, кој кон крајот на 1878 година напишал брошура, која во 1879 година ја објавил во Софија со наслов "Тековни разговори, достојни за внимание" во која излагал нова платформа за решавање на албанското прашање со формирање на независно албанско кнежевство.[379]

Во 1880 година од Тими Бранди во Атина било издадено на грчки јазик делото „Поплаки на Албанците". Во делото се споменувале значењето на заедничката соработка на Грците и Албанците во насока на заштита од зголемувањето на словенските држави.[380]

На француски јазик од анонимен автор во 1880 година било издадено делото „Албанците и поморската демонстрација пред високото жири на печатот". Во текстот се обвинувале Големите Сили и британската влада поради тоа што наместо да подржат создавање на албанска држава испратиле воена флота за да ги потиснат барањата на Албанците.[381]

## Дејноста Друштвото за печатење на Албански букви

Во 1879 година во Цариград од страна на Цариградскиот Комитет било основано друштвото за печатење на албански букви, кое станало познато како Цариградско друштво. Во годините кога била активна Призренската Лига група албански интелектуалци кои живееле во Цариград го основале друштвото со цел да ја унапреди издавачката дејност на албански јазик која не била доволно развиена. Еден од главните цели на Цариградското друштво било отворањето на училишта на албански јазик, меѓутоа за тоа покрај дозволата од Портата потребно било

[379] Димитров С., Манчев К. *История на балканските народи 1879-1918*, София, 1975, стр. 51

[380] *Historia e Popullit Shqiptar*, Tiranë, 2002, стр. 208

[381] Исто тука, стр. 208

претходно да се развие азбуката, јазикот и воопшто издавањето на текстовите.

Во 1878 година во Цариград била формирана тесна комисија од 7 членови за да го реши прашањето на азбуката. Во не како членови биле: Сами Фрашери, Јани Врето, Пашко Васа, Хоџа Тахсин, Кото Хоџи, Ибрахим Брзешта и Саид Топтани. По разгледување на неколку предлози за азбука во почетокот на 1879 година комисија како најсоодветна ја избрала азбуката на Сами Фрашери, која се основала врз фонетскиот принцип, односно за секој глас една буква.[382] Азбуката била латинска, додека за специфичните гласови на Албанскиот јазик користел грчки букви или букви создадени од авторот. Таа имала 36 букви, од кои 25 латински, 5 грчки и 6 кирилица.[383] Ова азбука не била конечна, бидејќи прашањето за избор конечна азбука ќе биде третирано во Битолскиот конгрес во 1908 година каде што биле избрани две паралелни азбуки кои требало та се проверат која е по практична и тогаш да се реши која е посоодветна. Меѓутоа, прашањето на азбуката конечно ќе се реши по прогласувањето на независноста на Албанија, која била избрана една од двете азбуки изгласани во Битолскиот Конгрес. Всушност уште од составувањето на првите азбуки на албанскиот јазик биле дадени идеи таа да ја следи латинската азбука која се користела во повеќето европски земји со едноставна цел, а тоа било практичноста за печатење при купување на печатници. Имало тенденција да се избегнат посебните знаци кои ги немало во латинската азбука а за кои било потребно да се испорачаат посебно, со што се усложнувал процесот.

Комисијата го издала и првиот буквар со новата азбука под наслов „Alfabetare e Gjuhësë Shqip” (Азбука на Албанскиот Јазик). Овој буквар

---

[382] *Historia e Popullit Shqiptar*, Tiranë, 2002, стр. 211

[383] Gawrych, George W. *Gjysmëhëna dhe Shqiponja*, Tiranë, 2007, стр. 89

покрај азбуката содржел и неколку образовни текстови напишани од Сами Фрашери, Пашко Васа, Јани Врето и Кото Хоџи.[384]

Бидејќи Друштвото сеуште не било регистрирано, во Цариград на 12 октомври 1879 година била свикана Конференција за основање на друштвото и усвојување на статутот. На Конференцијата зеле учество 27 лица кои застапувале широк спектар на области и биле од различни религии и слоеви. Се разбира меѓу нив биле и видните членови на Комитетот (Абдул Фрашери, Пашко Васа, Јани Врето, Сами Фрашери, Зија Приштина). Како претседател бил избран Сами Фрашери.[385] Статутот на друштвото наречен Канонизма исто така бил печатен и се делел меѓу членовите и пошироко. Во статутот се предвидувало друштвото да има своја печатница а подоцна со собирање на фондови да се отвори училиште на Албански јазик. Меѓутоа во 1880 година Високата Порта презела мерки за згаснување на активностите на Друштвото за печатење на албански букви. Издавачката активност на друштвото се ограничило. Во истиот период и во Грција било забрането печатењето на весникот „И фони тис Алваниас“ на Анастас Кулуриоти. Издавачката дејност на албански јазик во понатамошниот период ќе се концентрира во Романија и Бугарија, како најповолни места. Во 1880 година во Букурешт било основано „Shoqëria e Shkronjave” (Друштвото на буквите).

Во 1878 година во Египет било издадено делото „Bëleta shqiptare” (Албанска Пчела) од Тими Митко. Таа била збирка на народни песни.

Поради ограничувањата но и поради забраните за издавање на печатени материјали на Албански јазик во Османлиската Империја, албанската дијаспора одиграла значајна улога во процесот на националното будење. Во другите земји се чувствувале посигурни, одржувале конгреси,

---

[384] *Historia e Popullit Shqiptar*, Tiranë, 2002, стр. 211

[385] Исто тука, стр. 212

организирале друштва и издавале материјали на албански јазик, кои потоа тајно ги пренесувале во Османлиската Империја.[386]

## Дејноста на албанските друштвата во Романија и Бугарија

Поради тоа што не постоела можност за развивањето на просветата и културата во Османлиската Империја, таа се развила надвор од нејзините граници. Значајно место во развојот на издавачката дејност заземаат Италија, Романија, Бугарија итн. Во тие земји Албанците кои емигрирале тамо наишле на по поволни услови и ја користеле постоечката печатарска инфраструктура и поволните политички услови за таа намена.[387] Кон овие земји повеќе заминувале на печалба Албанците од христијани, додека Албанците муслимани повеќе заминуваа кон османлиската престолнина или во другите области на Империјата. Следствено на тоа и влијанието што го имале овие друштва не било исто врз сите Албанци.[388]

Во Романија и Бугарија работеле голем број Албанци, кои често собирале добротворни прилози за финансирање на културни друштва. Плановите и целите кои ги имала Цариградското друштво не можеле да се реализираат и нејзината улога го презела Друштвото во Букурешт. Во јули 1881 година во Букурешт бил организиран состанок каде што го

---

[386] Gawrych, George W. *Gjysmëhëna dhe Shqiponja*, Tiranë, 2007, стр. 314

[387] Албанците емигрирале во неколку места. Покрај поважните центри на империјата тие заминувале на печалба и вон границите на Империјата. Најчести дестинации биле Романија, Египет и Бугарија. Во Западна Европа заминувале најчесто студенти или политички емигранти, кои биле прогонети од режимот на Абдулхамит. Присуството на Албанците во САД до XIX век било симболично.

Clayer, Nathalie. *Në fillimet e nacionalizmit shqiptar. Lindja e një kombi me shumicë myslimane në Evropë,* Tiranë, 2009, стр. 129

[388] Skendi, Stavro. "Përpjekja për afirmimin kombëtar (1881-1908)", *Zgjimi kombëtar Shqiptar*, Tiranë, 2000, стр. 141

формирале друштвото „Deg' e Shoqërisë së Stambollit" (Огранок на Цариградското друштво), а една година друштво со исто име било основано и во Египет.[389]

Како најстара колонија основана од Албанците се смета онаа која била основана во Романија. Наум Веќилхарџи повлекол многу свои сонародници од околијата на Корча во Букурешт. Тие биле трговци, занаетчии, работници и не биле образовани. Но со тек на години некои од нив заработиле значително богатство. Во верска смисла тие биле надвор од влијанието на Цариградската Патријаршија и грчкото културно влијание и своето внимание го насочиле кон развојот на албанската култура.[390]

Во декември 1884 година во Букурешт бил одржан состанок на кој се основало друштвото „Дрита" (Светлина). Во статутот на друштвото стоело дека главна задача на друштвото е културната и книжевната активност, меѓутоа друштвото имало и политички цели. За потребите на друштвото од Виена била купена и печатница, во која во 1886 година биле печатени и првите книги од Сами Фрашери, Наим Фрашери и Јани Врето.[391]

Книгите кои биле печатени се однесувале на албанската азбука и на граматиката на албанскиот јазик. Исто така биле печатени и читанки и разни книги кои служеле како учебници со песни и основни познавања за предметите кои се учеле во училиштата. Не отишло многу време и се случило несогласување помеѓу членовите на друштвото, меѓу кои имало и прогрчки членови што довело до распуштање на друштвото во 1886 година.

---

389 Historia e Popullit Shqiptar, Tiranë, 2002, стр. 242

390 Skendi, Stavro. "Përpjekja për afirmimin kombëtar (1881-1908)", *Zgjimi kombëtar Shqiptar*, Tiranë, 2000, стр. 130

391 Dërmaku, Ismet. "Mbi veprimtarinë politike – kulturave të shqiptarëve në Rumani gjatë Rilindjes Shqiptare", *Vjetar i Arkivit të Kosovës*, II-III (1966-1970), Prishtinë, 1970, стр. 65

Бројот на албански колонисти во Романија, како што пишуваше весникот “Шќиптари” орган на здружението “Dituria” што се издавал во Букурешт 1895 година, бил над 40.000 луѓе. Тие беа распространети во неколку поголеми и поважни центри. Албанците во Романија, во поголем дел се занимавале со трговија и занаетчиство.[392]

Во 1884 година во Роаманија од Египет дошол Никола Начо, кој бил активен во тамошната колонија, и станал член на *Дрита*. Меѓутоа во 1886 година тој реагирал за платформата на друштвото и направил низа критики за нејзината работа. Со оглед на неговите способности тој успеал да привлече неколку членови на друштвото и направил раздор во нејзините редови, создавајќи фракција. Меѓутоа позадината на конфликтот била подлабока. Членовите на друштвата во Цариград и Букурешт сметале дека албанското движење треба да се потпре на сопствени сили за постигнување на своите цели, додека Никола Начо сметал дека е неопходно да се побара надворешна помош. Тој сметал дека треба да се соработува тесно со Власите на Балканот бидејќи така ќе го привлечат вниманието на Романија, која се интересирала за Власите, со тоа би се добила и помош од Тројниот Сојуз, во чии редови Романија стапила од 1883 година.[393]

Предлозите на Никола Начо и неговите политички идеи не добиле широка поддршка, па така тој со својата група создал ново Албанско Друштво *Дрита* (9 јануари 1887).[394]

Во претседателството имало и Романци, и во програмата стоела и албанско – влашката соработка на политички и културен план. Начо бил против азбуката на Цариградското Друштво и се залагал за целосна

[392] Исто тука, стр. 58

[393] Skendi, Stavro. “Përpjekja për afirmimin kombëtar (1881-1908)”, *Zgjimi kombëtar Shqiptar*, Tiranë, 2000, стр. 143

[394] Dërmaku, Ismet. “Mbi veprimtarinë politike – kulturave të shqiptarëve në Rumani gjatë Rilindjes Shqiptare”, *Vjetar i Arkivit të Kosovës*, II-III (1966-1970), Prishtinë, 1970, стр. 65

латинска азбука, и адаптирал азбука на романскиот јазик. И друштвото и списанието добивале помош од Романија. Начо исто така се обидел да ја придобие помошта на Италија и Австро-Унгарија. Во 1892 година тој му пратил писмо на кралот на Италија Умберто I во врска со пречките кои ги имале Албанците во насока на развојот на националната свест и побарал да влијае кај Високата Порта да се надминат тие пречки.[395]

Никола Иванај се залагал меѓу другото Албанците да се оддалечат од влијанието на грчката култура и да соработуваат со Власите кои живееле на Балканот и со Романија.

Двете друштва продолжиле да дејствуваат и основаат ограноци и во другите градови во Романија. „Дрита“ основала свои ограноци во Браила, Фокшан, Констанца, Марашешт, Крајова, Плоешт итн., кои одржувале постојани врски со централата во Букурешт. Огранокот во Браила во 1887 година го издал весникот „Дрита“ кој излегол 11 броја.[396]

Во 1888 година излегол првиот број на весникот „Shqipëtari” (“Albanezul”) кој се печател на Албански и Румунски. Во првиот број весникот објавил статија со наслов „Што бараме“, каде што во 5 точки се објаснувала програмата на друштвото „Дрита“ во кои се барало: 1. Употреба на Албанскиот јазик во училишта и цркви; 2. Основање на културни ограноци и отворање на албански училишта; 3. Развојот на албанскиот јазик, историја и книжевност; 4. Издавање на училишни текстови, списанија и весници на албански јазик.[397]

Друштвото „Дитуриа“ под водството на Костаќ Дуро ги издавало текстовите на Наим и Сами Фрашери. Во 1888 година биле издадени текстовите „Dheshkronja” (Географија) подготвена од Сами Фрашери и

---

[395] Skendi, Stavro. “Përpjekja për afirmimin kombëtar (1881-1908)”, *Zgjimi kombëtar Shqiptar*, Tiranë, 2000, стр. 144

[396] Dërmaku, Ismet. “Mbi veprimtarinë politike – kulturave të shqiptarëve në Rumani gjatë Rilindjes Shqiptare”, *Vjetar i Arkivit të Kosovës*, II-III (1966-1970), Prishtinë, 1970, стр. 66

[397] *Historia e Popullit Shqiptar*, Tiranë, 2002, стр. 244

“Diturітë” (Знаењата) од Наим Фрашери. Исто така бил издаден и „Буквар“ на албанскиот јазик. Делата на Сами и Наим биле издадени со иницијали. Во 1896 година на чело на друштвото дошол Пандели Еванѓели, под чие раководство друштвото станало поактивно. Друштвото одиграло значајна улога во процесот на отварањето на првите училишта на Албански јазик, како што било училиштето во Корча, испраќајќи бесплатно текстови и финансирајќи ги наставниците.

Меѓу Албанците во Букурешт се појавила идејата за Албанска црква. На 27 мај 1900 *Дрита* на дневен ред го имало прашањето за поделбата на албанската црква од Цариградската Патријаршија и воведувањето на албанскиот јазик во литургијата.[398]

Здружението „Дрита“ во Букурешт во 1892 година формира албанско - романско училиште, раководена од првиот директор Никола Начо.[399] Оваа училиште се финансирало од разни извори, како што биле придонесите од разни лица, придонесите од организираните концерти и др. Освен овие извори, се финансирало и од романската држава. Ова се потврдува со одлука во согласност со поделбата на буџетот од 1898-1899 година, каде што на ова училиште му се даваат 8 илјади леи.[400]

Во 1882 година Јани Врето го напуштил Букурешт и заминал во Египет со цел да се вклучи во тамошните активности на Албанците кои биле претежно од Јужна Албанија и биле сместени пред се во Каиро и Александрија. Таму веќе биле активни Тими Митко, Андон З. Чајупи, Спиро Дине идр. Тие таму биле по слободни во дејствувањето затоа што

---

398 Skendi, Stavro. “Përpjekja për afirmimin kombëtar (1881-1908)”, *Zgjimi kombëtar Shqiptar*, Tiranë, 2000, стр. 152

399 Dërmaku, Ismet. *Rilindja kombëtare shqiptare dhe kolonitë shqiptare të mërgimit në Rumani dhe në Bullgari*, Prishtinë, 1987, стр. 151

400 Dërmaku, Ismet. “Mbi veprimtarinë politike – kulturave të shqiptarëve në Rumani gjatë Rilindjes Shqiptare”, *Vjetar i Arkivit të Kosovës*, II-III (1966-1970), Prishtinë, 1970, стр. 67

со Египет Мухамед Али, со албанско потекло, додека друштвото имало и муслимани и христијани во своите редови.[401]

Кон крајот на XIX век. Албанците од Египет станале по организирани и во 1894 година тие во Каиро основале друштво кое се викало *Албанско братство,* со претседател Мило Дучи, трговец од Корча, а во нејзините редови бил и Филип Широка од Скадар. Во 1900 година Мило Дучи го издал весникот *Беса-Бесе* кој една година подоцна бил заменет со весникот *Тоска.*[402]

Во 1899 година во било основано здружението „Шпреса“ која што беше составена во поголем број од студенти Албанци, кои што студирале во Романија. Истата година во Букурешт почнал да се издава и весникот „Или и Шќиперис“ (Звезда на Албанија) под уредништво на Димитар Илос и Александар Ставри – Дренова (Асдрени).[403]

Покрај емигрантите во Романија со својата активност се истакнале и оние во Бугарија, каде што по Берлинкскиот Конгрес и обединувањето на Бугарија со Источна Румелија во 1885 година се создале поволни услови и за издавачка дејност на Албански јазик. Во Бугарија Албанците работеле разни работи и занаети. Дел од нив покажал интерес за вклучување во културните активности што ги организирале тамошните друштва. Бугарија била и транзитна дестинација и на оние кои патувале кон Романија, Цариград и други места. За организирањето на активностите на Албанците во Бугарија активен бил Димитер Моле, кон таму отишол од Букурешт во 1886 година. Во јануари 1893 година било основано друштвото „Dëshira” (Желба). Претседател на комитетот на друштвото „Дешира“ бил избран Лигор П. Марко додека секретар Димитер Моле.

---

[401] Skendi, Stavro. “Përpjekja për afirmimin kombëtar (1881-1908)”, *Zgjimi kombëtar Shqiptar*, Tiranë, 2000, стр. 146

[402] Исто тука, стр. 146

[403] Dërmaku, Ismet. “Mbi veprimtarinë politike – kulturave të shqiptarëve në Rumani gjatë Rilindjes Shqiptare”, *Vjetar i Arkivit të Kosovës*, II-III (1966-1970), Prishtinë, 1970, стр. 68

Поради тоа што најголемиот дел на емигрантите биле работници, занаетчии и трговци се покажало неопходно друштвото да стапи во контакти со учени Албанци кои би можеле да придонесат за развојот на издавачката дејност а кои живееле надвор од Бугарија, при што биле остварен контакти со Наим и Сами Фрашери и со друштвото „Дрита“ во Букурешт. Друштвото отворило свои ограноци и во други градови во Бугарија. Издавачката активност на друштвото земала поголем замав со отворањето на печатницата „Mbrothësia” (Напредок) каде што ќе се печатат поголемиот дел од весниците и книгите.[404]

### Активноста на итало-албанците

Во културното и политичкото движење на Албанците значаен удел земаат Албанците кои живееле во Италија, односно Арбрешите. Настаните околу обединувањето на Италија оставиле силен впечаток и меѓу Арбрешите и служеле како поттик. Тура треба да се имаат предвид и тенденциите на Италија кон по активна надворешна политика, што се манифестирала и кон спречување на другите сили да се позиционираат во Албанија. Таквата политика била промовирана и од претседателот на владата на Италија Франческо Криспи.[405]

Австро-Унгарија верувала дека Криспи, сакал да го искористи активното учество на Арбрешите за да влијае во политичките состојби меѓу Албанците. Меѓутоа, книжевната активност на Албанците од Италија започната порано од политичкото консолидирање на Италија. Но, се разбира, идејата на Криспи влијаела да се засилат односите меѓу двете страни на Јадранот. Низа години неколку личности индивидуално се занимавале со книжевно творештво. Во насока на по организирано

---

404 *Historia e Popullit Shqiptar*, Tiranë, 2002, стр. 246

405 Skendi, Stavro. “Përpjekja për afirmimin kombëtar (1881-1908)”, *Zgjimi kombëtar Shqiptar*, Tiranë, 2000, стр. 201

колективно дејствување влијаеле двата јазични конгреси кои се одржале во 1895 и 1897 година. Иако конгресите имале лингвистички и книжевен карактер, сепак тие одиграле улога за зацврстување на политичкото учество на Албанците од Италија во политичкото движење на Албанците.[406]

Под иницијатива на Јероним де Рада, Скирои и Анселмо Лорекио во Cirigliamo Calabro, во 1895 година бил одржан првиот конгрес. Франческо Криспи бил избран за почесен претседател.

Вториот конгрес бил одржан во Лунггро, Калабриа во февруари 1897 год. Во програмите на двата конгреса се бараше: а. Заедничка азбука; б. Составување на речник, в. Основање на албанско национално друштво; г. Интензивирање на пошироки односи со татковината. Според одлука на првиот конгрес во 1896 година бил издаден весникот *Ili i Arbëreshëve* (Ѕвездата на Арбрешите), под уредништво на главниот свештеник Антонио Аргондиза. Во конгресот во Лунгро, весникот бил заменет со двонеделниот весник *La Nazione Albanese* (1897-1924) под уредништво на A. Lorecchio, како орган на Societa Nazionale Albanese, основано на претходниот конгрес. И меѓу Арбрешите било дискутирано прашањето за унифицирана азбука. Друштвото Societa Nazionale Albanese на 5 ноември 1895 упатила прокламација за потребата да се создадеа заедничка унифицирана азбука.[407]

Во 1899 година во весникот „Ланазионе албанесе“ се појави симболот на двоглавиот орел а во 1900 година симболот се појавил и во весникот „Албанија“ што го издавал Фаик Коница.[408]

---

[406] Исто тука, стр. 202

[407] Skendi, Stavro. "Përpjekja për afirmimin kombëtar (1881-1908)", *Zgjimi kombëtar Shqiptar*, Tiranë, 2000, стр. 202

[408] Clayer, Nathalie. *Në fillimet e nacionalizmit shqiptar. Lindja e një kombi me shumicë myslimane në Evropë,* Tiranë, 2009, стр. 400

Во Италија албанските друштва биле во поповолна состојба со оглед на фактот дека италијанската влада не го отежнувале нивното дејствување. Поради тоа тие биле во подобра позиција од друштвата во Романија, Египет, Бугарија итн. и праќале и меморандуми и петиции до султанот и до Големите Сили. Така Societa Nazionale Albanese во 1 јануари 1898 година, заедно со другите друштва упатила меморандум до султанот за да се признае користењето на албанскиот јазик во училиштата и црквите.[409]

Покрај активностите во областа на културата друштвото станало активно на политички план. Така итало-албанското друштво во Италија во јуни 1899 година на султанот преку петиција му предлагало за Вилаетите на Скадар, Косово, Битола, Солун и Јанина да се создаде „Регионална Комисија за Царските Поседи на Балканскиот Полуостров" со општа комисија со седиште во Битола со специјални комисионери под негова зависност во седиштата на другите вилаети. Службениот јазик меѓу комисиите да биде турскиот, додека службениот јазик кој би се користел во петте вилаети да биде албанскиот.[410]

На 9 април 1897 година во Неапол бил основан Албански Политички Комитет под раководство на маркизот д'Аулета кој претендирал дека потекнувал директно од Скендербег. Комитетот издавал и свој печател и свој двонеделен орган со име Ла Нуова Албаниа. Комитетот меѓу другота побарал Италија да се замеша во издејствување на автономија за Албанците.[411]

---

409 Skendi, Stavro. "Përpjekja për afirmimin kombëtar (1881-1908)", *Zgjimi kombëtar Shqiptar*, Tiranë, 2000, стр. 203

410 Исто тука, стр. 204

411 Skendi, Stavro. "Përpjekja për afirmimin kombëtar (1881-1908)", *Zgjimi kombëtar Shqiptar*, Tiranë, 2000, стр. 205

Ваквите активности ја вознемириле Портата која побарала дополнителни информации од нејзиниот амбасадор во Рим за членовите на здружението кои живееле во Рим.

Во 1900 година поетот Зеф Скирои бил назначен да предава во катедрата за албански јазик во Ориенталниот Институт во Неапол. Тој ја поддржувал идејата за револуција за да се забрза процесот на осамостојување на Албанија. Тој сметал дека во периодот 1896-1897 година биле создадени услови за општ револт. Во 1897 година тој би издал *Воени Песни*, каде што ги повикувал Албанците да се дигнат во востание против Турција.[412]

Спротивставени ставови од Скирои имал А. Лоречио кој сметал дека територијалниот интегритетот на Османлиската Империја зависел од стремежите на Австро-Унгарија и Русија. Тој се залагал за реформи и автономија, мислење кое не било во спротивност со официјалната политика на Италија. Тој револуцијата на Скирои го нарекол „самоубиство и ништо друго". За да се спроведат реформите и за да се унифицираат албанските краишта, Лоречио реагирал околу тоа да се разгледа Берлинскиот Договор, во точките предложени од Лордот Фитзмауриц во Цариградската Конференција од 1880 година. Тој мислел дека разгледувањето на договорот е неопходно не само за Албанците туку и за Италијанците, имајќи ги предвид интересите на Италија на Јадранското Море. Тој сметал дека Италија треба да се залага да издејствува автономија за Албанија, на сличен начин како другите сили издејствувале автономија или независност на другите народи на Балканот.[413]

А. Лоречио бил активен и во помагањето на Албанците во издавачката дејност со политичка содржина. Таков бил случајот со Мехмед Фрашри, кој имал младотурски идеи, на кого Лоречио му

[412] Исто тука, стр. 207

[413] Skendi, Stavro. "Përpjekja për afirmimin kombëtar (1881-1908)", *Zgjimi kombëtar Shqiptar*, Tiranë, 2000, стр. 208

помогнал да го издаде весникот *Zëri i Shqipërisë (Гласот на Албанија).* Весникот издавал текстови на албански, француски и турски јазик, но набргу престанал да излегува, поради несогласувањата во однос на уредувачката политика меѓу Лоречио и Мехмед Фрашри.[414]

Итало-албанските дејци од Италија правеле напори целокупната издавачка дејност да се концентрира во Италија. Тие стапиле во контакти со разни претставници на албанскиот печат во емиграција и име предложиле Италија да биде земјата од каде ќе творат тие. Меѓу имињата на кои им било предложено тоа биле: Шахин Колоња, Кристо Луараси, Никола Иванај, новинар од Скадар кој во Дубровник го издавал весникот *Shpnesa e Shqypenisë* (Надежта на Албанија), како и на неколку Албанци кои дејствувале во Египет. Понудата не се однесувала само за издавањето на весникот Дрита од Софија да се пренесе во Рим, туку и целата издавачка куќа Мбротхесиа да се пренесе во Рима. На Кристо Луараси му било предложено да подигне издавачка куќа во Фраскати, предградие на Рим каде би се издавале сите весници на Албански јазик во Италија, но и други изданија. Со тоа станува видливо тенденцијата Албанците од Италија да го земат приматот во албанското движење.[415]

Во однос на културните прашања предлозите да се концентрира дејноста во Италија не наишле на спротивставување. Меѓутоа, која тие добиле политичка димензија не сакале да се замешаат. Фаик Коница бил меѓу првите кои го пофалиле основањето на Societa Nazionale Albanese на А. Лоречио, кој тогаш бил потпретседател на друштвото. Подоцна, кога самиот почнал да го издава весникот Албаниа, почнал да се сомнева во итало-албанското движење и започнал полемика меѓу неговиот весник и весникот Societa Nazionale Albanese.[416]

[414] Исто тука, стр. 211

[415] Исто тука, стр. 202

[416] Skendi, Stavro. "Përpjekja për afirmimin kombëtar (1881-1908)", *Zgjimi kombëtar Shqiptar*, Tiranë, 2000, стр. 213

Во врска со причините кои спречувале во поинтензивна соработка меѓу албанските и итало-албанците може да се смета и фактот дека поголемиот дел на Албанците на Балканот биле муслимани, и можеби гледале со сомнеж кон тоа движењето да биде раководено од христијани подржани од една голема сила како Италија. И православните од Јужна Албанија биле под влијанието на Цариградската Патријаршија а не под влијание на Папата. Но како најголема причина бил ривалитетот меѓу Австро-Унгарија и Италија во однос на Албанците. Фаик Коница и Шахин Колоња биле склони кон политиката на Австро-Унгарија бидејќи сметале дека е најпогодна за интересите на Албанците, и мислеле дека не можат да соработуваат со движењето кое го фаворизира Италија. Наспроти ова било залагањето на Исмаил Ќемали, кој за Италија сметал дека е пријателска земја за интересит на Албанците и гледал со сомневање кон Австро-Унгарија. Меѓутоа, активноста на итало-албанците имала силен поттик врз албанското движење, како со влијанието врз јавното мислење во Италија, така и со привлекувањето на вниманието на Австро-Унгарија.[417]

Шахин Колоња бил близок со бекташиските кругови. Потекнувал од Колоња, близу Корча. Во 1898 година кога работел во Козан, во Битолскиот Вилает се сретнал со подконзулот на Австро-Унгарија Аугуст Крал и му кажал дека сака да издава весник. Во 1900 година стапил во контакт со Исмаил Ќемали за да издаваат весник на албански јазик во Европа. Но ниту со Исмаил Ќемали ниту со Фаик Коница не успеал да се договори за соработка. Претендентот на тронот Аладро на кого му држел часови по албански јазик ќе го запознае со Кристо Луараси во Софија.[418]

---

[417] Исто тука, стр. 217

[418] Clayer, Nathalie. *Në fillimet e nacionalizmit shqiptar. Lindja e një kombi me shumicë myslimane në Evropë,* Tiranë, 2009, стр. 392

## Отворањето на училишта на албански јазик

Покрај развивањето на издаваштвото на Албански јазик, меѓу напредните Албанци се појавиле и идеите за отворање на Албански училишта. Во различни места каде што живееле Албанците имало училишта кои имале различни основачи и подржувачи. Постоеле османлиски верски училишта кои ги посетувале муслиманите. Исто така постоеле црковни училишта кои биле под надлежност на основачите, а во најчестите случаи тие биле училишта под ингеренции на Цариградската Патријаршија. Свои училишта отвориле и Австро-Унгарија, Србија, Бугарија и Грција. Јазикот во кој се одвивала наставата бил оној кој го наложувал основачот. На овој начин училиштата, покрај образовната активност се претвориле и во центри за политичко и идеолошко влијание.

Прашањето за отворање на училишта на Албански јазик, било едно од најважните меѓу албанските дејци во втората половина на XIX век. Тоа прашање истовремено било поврзано и со јазикот и со азбуката.

Со оглед на тоа дека прашањето за добивање политички права во рамките на Османлиската Империја било тешко да се реализира, некои дејци размислувале да се овозможи развој на образованието и културата меѓу Албанците. Во 1882 и 1883 година, од султанот било побарано да се користи албанскиот јазик наместо арапскиот во петочните молитви во говорите пред верниците, но таквите барања биле одбиени. Во 1882 година, Даут Шиќири Ефенди, познат и како Даут Боричи (1825-1896), побарал воведување на албанскиот јазик во државните училишта во Скадар.[419]

Истата година и Друштвото за Албански Училишта од Букурешт испратила телеграма до Високата Порта во кое се барало воведување на албанскиот јазик во државните училишта, при што се истакнувало дека во

[419] Gawrych, George W. *Gjysmëhëna dhe Shqiponja*, Tiranë, 2007, стр. 131

Европа поединци издавале весници и книги на Албански јазик. Барањата не биле земени во предвид.

Меѓу католиците во Северна Албанија, прашањето на училиштата функционирало преку Култуспротекторатот. Тоа било право на Австро-Унгарија добиено со договорот од Виена (1616), и дополнет и обновен со други договори, што во однос на училиштата во Албанија подразбирало отворање, поправка на католички цркви, верски институции и училишта. Во 1865 година во Скадар постоело едно основно училиште, под раководство на франческански мисионери.[420]

Подоцна во Албанија се појавиле Језуитите во 1841 година, и исто така биле заинтересирани да отворат училишта. Во 1860 година со помош на Австро-Унгарија тие успеале да добијат дозвола од Портата за отворање на семинар познат како Албански Папски Семинар. Језуитите во Скадар подигнале и печатница која почнала да печати и книги на Албански јазик. Така во 1876 година била печатена книгата *Doktrina e Krishterë (Христијанска Доктрина)*. Во 1877 година во Скадар језуитите отвориле средно училиште, Колеџот Св. Франциск Савер.[421]

И покрај тоа што јазикот кои го користеле училиштата за наставата бил италијанскиот, во нив се учел и албанскиот јазик.[422]

Со тек на време биле отворени низа училишта по управување на католички свештеници, особено од францисканците. Таквите училишта пред се се отворале во во околината на Скадар, бидејќи намерата на Австро-Унгарија била да го поддржи развојот на националната свест на Албанците преку образованието, со цел Албанија да стане нејзин сојузник

---

[420] Skendi, Stavro. “Përpjekja për afirmimin kombëtar (1881-1908)”, *Zgjimi kombëtar Shqiptar*, Tiranë, 2000, стр. 127

[421] Clayer, Nathalie. *Në fillimet e nacionalizmit shqiptar. Lindja e një kombi me shumicë myslimane në Evropë,* Tiranë, 2009, стр. 65

[422] Skendi, Stavro. “Përpjekja për afirmimin kombëtar (1881-1908)”, *Zgjimi kombëtar Shqiptar*, Tiranë, 2000, стр. 128

во нејзината експанзија на Балканот како противтежа на словенското ширење.[423]

Исто така една од причините за растот на интензитетот на интересирањето за отворање на училишта и културен развој на Албанците бил и стравот поради се поголемото влијание на Италија меѓу Албанците. Италија кон крајот на XIX век во Скадар и во неколку приморски градови почнала да отвора училишта каде се предавал албанскиот јазик. Во 1888 година Италија отворила две основни училишта во Скадар, едно машко и едно женско училиште, со италијански наставен јазик.[424]

Католичките Албанци во Скадар биле во подобра состојба во врска со образованието и употребата на албанскиот јазик за образовни цели споредено со Албанците во другите области. Во 1855 година, Ватикан потпишал договор со Австрија, според кој Австрија добивала право на заштитничка на католичката заедница, со што и језуитите и фрацисканците станале активни. Во 1859-1860, Виена добила право од Портата во Скадар да отвора мало училиште за свештеници. Во 1861 година фрацисканците го основале нивното училиште и манастирот за подготвување на локални свештеници. Во годините кои следувале католиците од Скадар и околијата придобиле од отворањето на училиштата како и од издавањето на книги на Албански јазик, кои имале влијание во зацврстувањето на католичката религија меѓу верниците, но и за развојот на книжевноста.[425]

Поголем проблем во врска со училиштата имале Албанците муслимани и православни. Иако биле испратени низа петиции до султанот и Големите Сили за отворање на Албански училишта, не дале резултати. Султанот се спротивставувал особено за отворање на албански училишта

---

[423] Skendi, Stavro. "Përpjekja për afirmimin kombëtar (1881-1908)", *Zgjimi kombëtar Shqiptar*, Tiranë, 2000, стр. 128

[424] Исто тука, стр. 128

[425] Gawrych, George W. *Gjysmëhëna dhe Shqiponja*, Tiranë, 2007, стр. 43

за муслиманското население, и сметал дека тие треба да учат на турски и арапски јазик, како и останатите муслимани на империјата. Целта била тие да не се чувствуваат различни од останатите муслимани, и да не се наруши унитарното меѓу муслиманите, за да се оформи национална свест, што ќе доминира над верската солидарност. Но Портата не гледала позитивно ни за потребата Албанците христијани да отвораат училишта на албански јазик, со што сметала дека би се направил раздор меѓу Албанците како народ и би била ослабена една од нејзините значајни потпори на Балканот.[426]

Во насока на зацврстување на отоманизмот на штета на различностите и посебностите на другите народи е и ставот на Намик Ќемал (1840-1888), драматург, кој го изјаснил во едно писмо испратено до свој пријател во 1878 година каде што рекол: „*Сигурно дека е невозможно да се охрабри ширењето на нашиот јазик кај Грците и Бугарите, но ова се можно без сомнение да се направи кај Албанците и Лазите, значи кај муслиманите. Доколку ние отвораме редовни училишта во нивните места и ги применуваме програмите, кои сега не се завршени, албанскиот јазик и јазикот на Лазите ќе се заборават во целост за дваесет годни*“.[427]

Покрај Портата, во врска со образованието на мајчин јазик на православните Албанци противење покажувала и Цариградската Патријаршија. Таа ставувала дека ќе го губи влијанието меѓу нив и дека тоа ќе доведе до црковно осамостојување. Затоа, муслиманите биле пожелно да ги следат училиштата на турски јазик, а православните на грчки јазик.[428]

---

[426] Skendi, Stavro. “Përpjekja për afirmimin kombëtar (1881-1908)”, *Zgjimi kombëtar Shqiptar*, Tiranë, 2000, стр. 129

[427] Gawrych, George W. *Gjysmëhëna dhe Shqiponja*, Tiranë, 2007, стр. 27

[428] Skendi, Stavro. “Përpjekja për afirmimin kombëtar (1881-1908)”, *Zgjimi kombëtar Shqiptar*, Tiranë, 2000, стр. 130

Со оглед дека јавно не било можно да се изучува албанскиот јазик, некои дејци се обиделе да го направат тоа тајно. Кото Хоџи (1824-1895), во 1875 бил назначен како учител во училиштето во Ќесторат, Ѓирокастро. Тој тајно им го изучувал јазикот на улениците, и истовремено побарал да се отвори училиште на Албански јазик, но во тоа немал резултат. На ваквите негови активности реагирал грчкиот конзул во Јанина, и тој бил отстранет од редовите на Цариградската Патријаршија. Пандели Сотири и Петро Нини Луараси биле негови ученици кои подоцна ќе станат познати дејци на албанската култура.[429]

Со реформите на Танзиматот било овозможено образование на народен јазик за различните народи на Империјата. Меѓутоа, Портата во однос на Албанците сметала дека тие се османлии поради тоа што најголем дел биле муслимани и дека не е потребно да учат во други посебни училишта, додека Албанците христијани ги следеле црковните училишта кои ги отворале другите држави. Портата со реформирањето на образовниот систем отворила широка мрежа на државни училишта како што биле основните училишта (иптадије), градски (руждије) како и гимназии (идадије). Новите државни училишта и покрај тоа што не биле верски, голем број на предметите кои се однесувале на исламската религија.[430] Портата овозможила и другите европски и балкански држави да отвораат училишта меѓу Албанците. Странските држави не штеделе средства за одржување на училиштата и за ангажирањето на наставниците кои работеле во нив. Очигледно било исплатливо да се постапува така, бидејќи доколку преку училиштата и одзивот на локалното населението за нивно следење се оправдувале територијалните претензии за ширењето на протегањето на нивните држави при идната нова констелација на настаните во Османлиската Империја.

[429] Исто тука, стр. 130

[430] *Historia e Popullit Shqiptar*, Tiranë, 2002, стр. 247

Странските училишта одиграле позитивно влијание врз образованието на Албанците, меѓутоа преку нив се вршела силна индоктринација и асимилација. Преку нив не можела да се подигне свеста и будењето на националните чувства. Поради таквите причини интелектуалците Албанци неколку пати се обидувале да добијат дозвола од Портата за употреба на албанскиот јазик по училиштата, за издавање на книги на Албански јазик, за нивна дистрибуција, како и издавање на весник на Албански јазик.[431]

Во 1884 година Портата дала дозвола за издавање на весник за култура на Албански јазик, но таквата дозвола им го дала на православните Албанци. Дозволата била издадена од Министерството за Образование на името Петро Пога, и така во Цариград на 10 август 1884 година излегол првиот број на списанието „Дрита", кој се печател со азбуката на Цариградскиот Комитет.[432] Во списанието авторите ги објавувале своите текстови со псевдоними. По објавувањето на првиот број, грчките верски кругови почнале да вршат притисок над Петро Пога, и по третиот број тој се откажал од издавањето на списанието. По овој настан групата од Цариградскиот Комитет побарала друга дозвола за издавање на весник со име „Дитуриа" во името на Пандели Сотири.[433] Но и овој весник по 12 броеви престанал да излегува во 1885 година.[434]

Во услови кога не било можно легално да се употребува Албанскиот јазик во училишта, тој почнал да се користи илегално. Еден од оние кои почнале илегално да им го учат Албанскиот јазик во училишта бил и Петро Нини Луараси. Работејќи како наставник во неколку грчки училишта во периодот од 1882-1887 година тој тајно ги учел неколку ученици да читаат и пишуваат на Албански јазик. И Констатин

---

[431] *Historia e Popullit Shqiptar*, Tiranë, 2002, стр. 249

[432] Gawrych, George W. *Gjysmëhëna dhe Shqiponja*, Tiranë, 2007, стр. 133

[433] Rrahimi, Shukri. *Rilindja dhe emancipimi kombëtar*, Shkup, 1971, стр. 39

[434] Gawrych, George W. *Gjysmëhëna dhe Shqiponja*, Tiranë, 2007, стр. 133

Кристофориди во 1884 година бил ангажиран во грчко училиште во Елбасан, и тајно ги учел учениците да читаат и пишуваат на Албански јазик.

Во 1885 година Ѓерасим Ќирјази во Битола[435] отворил приватно училиште на албански јазик. Со обединувањето на Источна Румелија со Бугарија кон крајот на 1885 година Османлиската Империја се нашла во политичка криза. Со оглед на тоа дека Портата не прифаќала основање на политички организации, група на интелектуалци побарале основање на културно друштво кое ќе дејствува во Албанија. Портата исто така ветила дека ќе воведе учење на албанскиот јазик во државните училишта. Како место кое било најповолно за да дејствува албанското здружение бил избран градот Корча.[436] Во активностите за ширење на употребата на Албанскиот јазик во Корча се вклучиле и Албанците православни и муслимани. Со активностите раководел тајниот Национален Комитет во кој членувале Јован Ц. Костури, Орхан Ч. Појани и Тими Марко.

Комитетот гледајќи дека не било можно воведување на албанскиот јазик во постоечките училишта на странските држави во 1887 година покренал иницијатива за основање на албански училишта. Сами и Наим Фрашери по доставеното барање до Високата Порта добиле дозвола за отворање на приватно училиште во Корча на името на Пандели Сотири.

---

[435] Битола одиграла значајна улога во ширењето на контактите со другите култури во периодот на преминот од XIX во XX век. Самиот град ќе премине кон значајни социо-економски промени поради неколку причини. Покрај тоа што бил главен град на вилаетот, во него била сместена и третата армија на Османлиската Империја, а функционирало и воено училиште. Поврзувањето на градот со железничка линија придонел тој да се зближи со Солун и Цариград. Тој станал исто така привлечено место за живеење во регионот. Битола се нагласил како град во кој се говореле повеќе јазици, и се практикувале повеќе религии.

Clayer, Nathalie. *Në fillimet e nacionalizmit shqiptar. Lindja e një kombi me shumicë myslimane në Evropë,* Tiranë, 2009, стр. 110

[436] *Historia e Popullit Shqiptar*, Tiranë, 2002, стр. 250

Училиштето почнало да работи на 7 март 1887 година по раководство на Пандели Сотири.[437] Во неа се користеле учебници и текстови кои биле испечатени во Букурешт од тамошните друштва на Албанците. По Корча училишта биле отворени и во Поградец, Охрид и биле вршени подготовки за отворање во други места.[438] За координирање на работите поврзани со училиштата во Корча Комитетот го основал Друштвото за Учење Албански.

Во процесот на отворањето на албански училишта била вклучена и Австро-Унгарија која во 1889 година во Призрен отворила училиште на албански јазик. До крајот на XIX век Австро-Унгарија отворила уште 24 училишта на албански јазик. Биле отворени и низа тајни училишта таму каде што не можеле да се отворат јавни училишта. Меѓутоа Портата не се согласувала училиштата на албански јазик да ги следат учениците муслимани. Раководењето на со албанско училиште не била лесна работа, со оглед на противењата кои постоеле во тоа време за таквата активност. Во 1891 година во Цариград бил убиен Пандели Сотири.[439]

Цариградската Патријаршија под закана дека ќе ги анатемиса многу родители биле принудени да ги повлечат своите деца од училиштето, со што кон крајот на 1890 година нивниот број значително се намалил.[440]

Активен придонес во процесот на отворањето и работењето на албанските училишта дал семејството Ќиријази, а посебно Ѓерасим Ќиријази кој потекнувал од трговско семејство од Битола. Бидејќи бил во служба на Британското Библиско Друштво тој му посветил посебно внимание на ширењето на употребата на албанскиот јазик. Во 1888 година дошол во Корча и направил напори да отвори женско училиште на

---

[437] Rrahimi, Shukri. *Rilindja dhe emancipimi kombëtar*, Shkup, 1971, стр. 40

[438] Исто тука, стр. 41

[439] *Historia e Popullit Shqiptar*, Tiranë, 2002, стр. 254

[440] Skendi, Stavro. “Përpjekja për afirmimin kombëtar (1881-1908)”, *Zgjimi kombëtar Shqiptar*, Tiranë, 2000, стр. 131

албански јазик. По него во Корча дошле неговата сестра Севасти Ќиријази и неговиот брат Ѓерасим. Првото женско училиште на албански јазик било основано во Корча во 1891 година, под раководство на Ѓерасим Ќирази, и финансиски помогнато од некои добротворни прилози на заинтересирани Албанци, но пред се од помошта на американските и британските протестантски мисии.[441] Кадарот кој работел во нив бил образуван во американските училишта што функционирале во Османлиската Империја, како Севасти Ќириази која се образувала во Женскиот Колеџ во Цариград, Григор Цилка се образувал во Американското Училиште во Самоков, а подоцно и во Семинарот на Теолошката Унијата во Њујорк. Кон крајот на 1895 година бројот на учениците достигнал 45. Но муслиманските деца биле принудени да престанат да го следат училиштето поради наредбата од османлиските авторитети. Училиштето продолжило да работи до 1904 година, и пред се издржало поради тоа што било во добри односи со Американскиот Борд на Мисиите во Битола, што влијаеле кај османлиските власти.[442]

Училишта почнале да се отвораат и во неколку села во јужна Албанија.

Со намера отворените училишта да се снабдат со наставници друштвото „Дрита" во Букурешт отворила училиште за обука на наставен кадар кое почнало да работи на 10 мај 1892 година. Со училиштето раководел Никола Начо, додека училиштето имало и интернат. Во ова училиште учеле и неколку познати имиња на албанската култура како: Кристо Луараси, Јашар Еребара, Михал Грамено, Алекс Ставри Дренова идр.[443]

Албанските училиште кои биле отворени меѓу другото имаа тешкотии и со грчките училишта на кои им правеа конкуренција, кои

441 Rrahimi, Shukri. *Rilindja dhe emancipimi kombëtar*, Shkup, 1971, стр. 46

442 Skendi, Stavro. "Përpjekja për afirmimin kombëtar (1881-1908)", *Zgjimi kombëtar Shqiptar*, Tiranë, 2000, стр. 132

443 *Historia e Popullit Shqiptar*, Tiranë, 2002, стр. 256

имале подолга традиција и располагале со по развиен дидактички средства и во подобра финансиска ситуација. Основањето на албански училишта на виделина го ставил и еден значаен факт, односно недостатокот на текстови, како и состојбата со албанската азбука.

Наум Веќилхарџи уште во 1825 година работел на азбуката, и сметал дека албанскиот јазик треба да има своја азбука прилагодена според потребите на јазикот. Користејќи елементи на старите азбуки со кои се напишани средновековните текстови на албански јазик тој создал нова азбука која ја користел за да го издаде букварот од 1844 година.[444]

Во 1821 година Наум заедно со други Албанци зел учество во големото народно востание кое избувнало против османлиите под водство на Тудор Владимиреску.[445]

Католиците од Северна Албанија користеле азбука која се основала на латински букви, пред се осврнувајќи се врз книгите на писателите кои издавале верски книги на албански јазик. Во 1899 година во Скадар било основано албанско книжевно друштво „Башкими" на чело со Пренг Дочи, свештеник, кој исто така основал посебна азбука, по едноставна со полесни знаци од латинската азбука.[446]

Во Северна Албанија, Албанците придобиле од училиштата кои се отворале од Австрија, при што се користел и албанскиот јазик, а се правеле напори и за воведување на стандардна азбука. На 1 мај 1889 година во Призрен било отворено католичко училиште каде што наставата се одвивала и на албански јазик.[447]

Цариград бил главниот образовен центар во Османлиската Империја. Меѓу оние кои отишле да се образуваат таму бил и Абдулаќим

---

[444] Rrahimi, Shukri. *Rilindja dhe emancipimi kombëtar*, Shkup, 1971, стр. 8

[445] Castellan, Georges. *Histori e Ballkanit (Shekulli XIV-XX)*, Tiranë, стр. 380

[446] Skendi, Stavro. "Përpjekja për afirmimin kombëtar (1881-1908)", *Zgjimi kombëtar Shqiptar*, Tiranë, 2000, стр. 135

[447] Gawrych, George W. *Gjysmëhëna dhe Shqiponja*, Tiranë, 2007, стр. 135

Догани (1880-1955), кој отишол таму во 1896 година. Тој таму ќе се запознае и со издавачката дејност на Цариградското Друштво. Во 1900 година таму се запишал во студии по фармација но ги прекинал. Во 1902 година Министерството за Образование на Османлиската Империја со декрет ќе го назначи како наставник во Гостивар. Во 1946 година во Скопје го издал букварот на албански јазик (Абетаре).[448]

### Развојот на издаваштвото и печатот

Настаните од источната криза оставила силно влијание во подоцнежните активности на албанските дејци. Тоа се одразило во текстовите кои се издавале во емигрантскиот печат, меморандумите испраќани до Големите Сили итн.

Меѓу првите кои ги изразувале идеите и плановите за иднината на Албанците биле и браќата Фрашери. Абдул Фрашери бил поборник на идејата за Автономна Албанија. Во 1890 година тој му упатил писмо на Франческо Криспи кој тогаш бил претседател на владата на Италија, во врска со албанското прашање. Тој сметал дека Источното Прашање може да се реши само доколку се реши прашањето на Албанија, и дека мирот е во опасност доколку Големите Сили сакат да ја поделат Албанија, меѓу балканските соседни држави. Тој сметал дека најдоброто решение е административна автономија или мало кралство, и дека Албанците се спремни да прифатат да станат дел од некоја Балканска Конфедерација, или да го прифатат супрематијата на некоја голема држава, со цел да ги зачуваат природните и етнографските граници. Тој исто така бил согласен да се создаде двојна држава за Македонија и Албанија со ист принц.[449]

---

[448] Kraja, Musa, Haruni, Sejfedin. *Gostivari dhe Abdylhaqim Dogani*, Tetovë, 1995, стр. 20

[449] Skendi, Stavro. "Përpjekja për afirmimin kombëtar (1881-1908)", *Zgjimi kombëtar Shqiptar*, Tiranë, 2000, стр. 159

Сами Фрашери (1850-1904) има даден голем придонес во културата на Албанците. Бил роден во Фрашер каде и го добил почетното школување. Потоа средно училиште завршил во гимназијата „Зосимеа“[450] во Јанина. Во 1871 година преминал да живее во Цариград каде што активно се занимавал со книжевна и научна активност. Дал голем придонес во развојот на албанскиот јазик, но најголемиот дел на неговите дела се издадени на турски јазик со арапско писмо. Меѓу учените Албанци муслимани кои го користеле арапското писмо се користеле три јазика, односно турскиот јазик како јазик на администрацијата, арапскиот јазик како јазик на религијата и Коранот и персискиот јазик како јазик на поезијата и уметничкото изразување.[451]

Дал исклучителен придонес во составувањето на првите учебници за првите училишта на Албански јазик. Во 1886 година ја објавил граматиката на Албанскиот јазик со наслов „Shkronjëtorja e gjuhësë shqip”. Неговиот исклучителен придонес кон турската култура брои околу 40 дела, во кои влегуваат негови авторски дела, но и преводи. Автор е на првиот етимолошки речник на турскиот јазик (Камус-и-Турки), кој бил издаден во два тома, при што првиот том излегол од печат во 1899 година, додека вториот том во 1901 година,[452] и на првата историска и географска енциклопедија издадена на 6 томови (Камус-ул-алам). Во 1896 година го издал делото Камус-и Араби, речник на арапскиот јазик со 500 страници.[453] Бил и уредник на неколку весници. Во однос на развојот на

---

[450] Гимназијата Зосимеа имала висока репутација и ги привлекувал децата на богатите муслимани. Меѓу најпознатите Албанци кои го завршиле своето образование таму можеме да го споменеме Исмаил Ќемали (првиот претседател на Албанија), Мехмед Ферид Паша (голем везир на Османлиската Империја од 1903-1908 година), Сами Фрашери и Наим Фрашери идр.

Gawrych, George W. *Gjysmëhëna dhe Shqiponja*, Tiranë, 2007, стр. 37

[451] Gawrych, George W. *Gjysmëhëna dhe Shqiponja*, Tiranë, 2007, стр. 31

[452] Gawrych, George W. *Gjysmëhëna dhe Shqiponja*, Tiranë, 2007, стр. 193

[453] Исто тука, стр. 197

политичката мисла меѓу Албанците нему му се припишува авторството над делото „Албанија што била, што е и што ќе биде?“ која е објавена без име на авторот.

Во 1881 година тој во едно писмо до Јероним Де Рада истакнал дека е против идејата на Де Рада Албанците да создадат федеративна држава составена од три елементи базирани во верска различност на која им припаѓале. Сами сметал дека Албанците не сакаат да се поделат и дека тие не живееле поделени туку мешани меѓу различните религии, со исклучок на јужниот дела каде што немало Албанци католици.[454]

Сами Фрашери мислел дела Албанските и Османлиската империја не можат долго да живеат заедно, дури и ако Империјата влезе во период на напредок, и дека не можат да го сочуваат јазикот ако им се негира правото за отворање на училишта, а истовремено тоа право го имале оние држави кои сакаат да ги прошират нивните граници врз оние предели каде живеат Албанци.[455]

Пренг Дочи иста така покажал интерес за политичкото движење. Тој бил автор на азбуката на друштвото *Башкими* од Скадар кој студирал во Collegium Urbanum на Пропаганда Фиде во Рим, и во 1875 година бил назначен за свештеник во Мирдита, каде стапил во контакт со Пренк Биб Дода, кој бил замешан во востанието против османлиите во 1877 година, и поради тоа бил интерниран во Цариград. Дочи бил во неколку мисии во разни места и во 1887 година се вратил во Рим, додека една година подоцна преку Виена се вратил во Мирдита како абат.[456]

Во март 1897 година Дочи на Министерството за Надворешни Работи на Австро-Унгарија И предложил меморандум за средствата и

---

[454] Skendi, Stavro. “Përpjekja për afirmimin kombëtar (1881-1908)”, *Zgjimi kombëtar Shqiptar*, Tiranë, 2000, стр. 159

[455] Исто тука, стр. 160

[456] Skendi, Stavro. “Përpjekja për afirmimin kombëtar (1881-1908)”, *Zgjimi kombëtar Shqiptar*, Tiranë, 2000, стр. 162

начинот за постигнување на автономијата на Албанија. То предложил обединување на сите албански племиња од Северна Албанија против надворешната опасност, надевајќи се дека Портата ќе го дочека позитивно тоа затоа што тоа оди и во нејзин прилог. Но ставовите на Дочи биле концентрирани во еден католички регион. Тој предложил Пренк Биб Дода, кој бил интерниран, да се назначи католички првенец на Скадарскиот Вилает, осврнувајќи се на одлуките на Берлинскиот Конгрес, каде што Австро-Унгарија и Франција ја подржале привилегираната позиција на Мирдита.[457]

Во 1899 година монсињор Пренг Дочи (1846-1917), кој во тоа време бил абат на Мирдита, заедно со католичките свештеници Ндре Мједа (1866-1937) и Ѓерѓ Фишта го создале книжевното друштво *Башкими* за издавање на книги на албански јазик.[458]

Исмаил Ќемал Влора имал слични ставови со Фаик Коница, кој исто така потекнувал оф феудално семејство од Валона. Се образувал во Јанин во познатата гимназија Зосимеа[459] и во Цариград. Бил назначен на високи позиции во Османлиската Империја и ги поддржувал реформите, при што соработувал и со Митат Паша, кој во 1876 година го подготвил Уставот. Во 1900 година тој бил назначен за валија на Триполис, но тоа повеќе личело на интернирање за да биде подалеку од престолнината. Тој ја напуштил Империјата. Во Атина тој напишал неколку прокламации, кои им ги упатил на неколку градови во Албанија каде што информирал за

---

[457] Исто тука, стр. 163

[458] Gawrych, George W. *Gjysmëhëna dhe Shqiponja*, Tiranë, 2007, стр. 135

[459] Кон втората половина на XIX век мрежата на грчите училишта одиграла значајна улога во ширењето на влијанието на грчката култура. Тие ги следеле првенствено православните ученици, додека училиштата биле под авторитетот на Цариградската Патријаршија. Финансирањето се правело и од Патријаршијата и од Атина. Во рамките на овие училишта функционирала и гимназијата Зосимеа во Јанина.

Clayer, Nathalie. *Në fillimet e nacionalizmit shqiptar. Lindja e një kombi me shumicë myslimane në Evropë,* Tiranë, 2009, стр. 102

причините зашто на напуштил Империјата. Дотогаш Исмаил Ќемал Влора на покажувал голем интерес за албанското прашање. Фаик Коница прв се изјаснил позитивно за вклучувањето на Исмалил Ќемал Влора во албанското движење, со акцент дека тоа ќе придонесе и Албанците муслимани повеќе ќе се вклучат во националното движење. Портата на ваквиот потег гледала со вознемиреност. Коница и Влора се сретнале во Брисел, каде што Влора престојувал за кратко време. Фаик Коница нему му посветил специјален број на весникот *Албанија е Вогел* (Мала Албанија).[460]

Еден о значајните дејци за развојот на политичката мисла на Албанците е и Пашко Васа. Се родил во Скадар, и работел во Британскиот конзулат во Скадар. Пашко Васа во седуманесет додишна возраст станар секретар на британскиот вице-конзулат во Скадар. Пред да стане генерален гувернатор на Либан, тој бил оженет по втор пат со Катерина Бонати, ќерката на Британскио конзул во Превеза, кој претходно бил конзул во Скадар.[461]

По неколку години преминал во Цариград и бил назначен во важни позиции на османлиската администрација.[462] Дал активен придонес во развојот на издавачката дејност на албански јазик. Тој бил една од клучните личности на Цариградскиот Комитет во времето кога активно дејствувала Призренската Лига. Станал познат со пишување на меморандуми за албанското прашање, а најпознат е неговиот меморандум од 20 јуни 1878 година, кој бил упатен до претставниците на државите кои учествувале во Берлинксиот Конгрес. Исто така на француски јазик го издал делото „Вистината за Албанија и Албанците“ (Париз, 1879 година),

---

[460] Skendi, Stavro. “Përpjekja për afirmimin kombëtar (1881-1908)”, *Zgjimi kombëtar Shqiptar*, Tiranë, 2000, стр. 172

[461] Gyt, Kristian. “Mbi gjendjen ekonomike të familjes së Pashko Vasës”, *Gjurmime albanologjike-Seria e shkencave historike*, 17-1987, Prishtinë 1988, стр. 173

[462] Gawrych, George W. *Gjysmëhëna dhe Shqiponja*, Tiranë, 2007, стр. 86

преведен и на германски, англиски, албански и грчки.[463] Издание на истото дело на османлиски јазик се издало со наслов *Албанија и Албанците.*[464] Британскиот весник *The Times* издал статија со кратка анализа на содржината на делото.[465] Исто така на француски јазик ги издал и другите две негови дела „Историска скица за Црна Гора според традициите на Албанија“ (1872 година) и „Босна и Херцеговина во времето на мисијата на Џевдет Ефендија“ (1865 година). Пашко Васа во своето дело печатено на француски јазик под наслов Рефлексија за легислатурата на Турција (P. Wasa efendi, Réflexions sur la législation en Turquie, Constantinopole, Typographie et Litographie centrales, 1869) правел критички осврт кон реформите на Танзиматот. Неговото дело придонело тој да биде широко познат во дипломатските кругови на европските држави.[466]

Своите согледувања за азбуката на албанскиот јазик тој ги изнел во книгата издадена исто така на француски јазик под наслов „Латинската азбука применета во албанскиот јазик“ (1878 година).[467] Бил еден од најактивните членови на „Друштвото за печатење албански букви“ и коавтор на делото „Буквар на Албанскиот јазик“. Исто така автор е на текстот „Албанија и Албанците“. Го објавил и на италијански јазик делото „Мојот затвор“ (1850 година) и познатиот роман „Барда од Термал“ (1890 година). Го напишал и поетското дело „Мори Албанијо“ (1880 година).

Султанот Абдул Хамит побарал во 1882 г. од Пашко Васа да стане губернатор на Либан. Тој таму останал до крајот на својот живот до 1892

---

[463] Исто тука, стр. 87

[464] Исто тука, стр. 58

[465] Исто тука, стр. 89

[466] Jaka, Ymer. "Një vepër deri tani e panjohur e Pashko Vasës", *Gjurmime albanologjike-Seria e shkencave historike,* 16-1986, Prishtinë 1987, стр. 235

[467] Osmani, Tomor. "Alfabeti i Pashko Vasës", *Alfabeti i gjuhës shqipe dhe kongresi i Manastirit*, I, Tiranë 1972, стр. 87

година. Додека бил во Либан, тој ја продолжил својата книжевна дејност.[468]

Меѓу оние кои издавале книги со верска содржина бил и Саид Најдени од Дебар, кој објавувал со името Хоџа Вока. Во 1890 година кога учел во медресата Фатих во Цариград се вклучил во младотурското движење. По неговото затворање во Едрине стапил во контакти со Шахин Колоња, од кого добил неколку книги на албански јазик. Тој ја издал книгата *Ferëfenjësja e myslimanit* издаден во Софија во 1900 година. Неговото дело е првото дело со верска содржина за муслиманите објавена на албански јазик.[469]

Споредбено со другите балкански народи, печатењето на литература на Албански јазик бележел застој. Големите сили правеле напори да се помогнат културните движења на христијанските народите кои биле под османлиска власт. Поради тоа тие добиле одредени поволни услови за објавување на печатени изданија, како и правото за основање на образовни и културни институции на народен јазик. Со оглед на тоа дека најголемиот дел на Албанците биле муслимани, тие од Големите Сили, а и од портата биле сметани како народ кој своите образовни и културни права ги реализирал во рамките на Империјата на турски јазик со арапско писмо.[470]

Имајќи ги во предвид ваквите околности, издавачката дејност на Албански јазик ќе се одвива во емиграција. Во втората половина на XIX век и во териториите под османлиска контрола се издавале весници и

---

[468] Gawrych, George W. *Gjysmëhëna dhe Shqiponja*, Tiranë, 2007, стр. 100

[469] Clayer, Nathalie. *Në fillimet e nacionalizmit shqiptar. Lindja e një kombi me shumicë myslimane në Evropë,* Tiranë, 2009, стр. 424

[470] Hoxha, Sherafedin. *Shtypi i kombeve dhe i kombësive të Kosovës (1871-1983)*, Rilindja Prishtinë, 1987, стр. 5

книги на српски, бугарски и грчки јазик. Покрај тоа, биле овозможени да функционираат и училишта на српски, бугарски и грчки јазик.[471]
Во некои периоди, османлиските власти се покажале како по толерантни кон албанците католици поради притисокот на Австро-унгарија и Италија, и како резултат на тоа во Скадар и Корча се објавиле низа изданија.[472]

Како прв весник со кој се смета дека започнал развојот на албанскиот периодичен печат се смета весникот "Flamuri i Arbërit" кој почнал да излегува во Калабрија (Италија) во периодот на годините 1883-1887 година. Весникот се печател на јазикот на Арбрештите од Калабрија и на Италијански јазик, а бил издаден под раководството на Јероним Де Рада.[473]

И пред да се издава весникот „Flamuri i Arbërit" се издавале весници посветени на албанското прашање но тие се издавале на други јазици. Таков пример е и весникот „L'Albanese d'Italia" (Албанецот од Италија) кој првпат бил објавен во 1848 година. Исто таков пример бил и весникот „И фони тис Алваниас" (Гласот на Албанија) кој излегувал во Атина во грчки јазик во периодот 1879-1880 година.

Во Призрен во 1871 почнал да се издава весникот „Призрен", кој првин се издавал само на турски јазик, а потоа и на српски јазик.[474] Со оглед на тоа дека весникот не се печател и на албански јазик, можеме да истакнеме неколку причини. За Албанците муслимани портата претендирала дека се тие Турци, кои во градските средини го прифатиле турскиот јазик како службен јазик, а еден дел од нив го практикувале и како семеен јазик, и во секојдневниот живот. За весникот „Призрен" (поради делот на српски јазик) голем интерес покажала и кнежевството

[471] Исто тука, стр. 6

[472] Исто тука, стр. 6

[473] Boriçi, Hamit, Marku, Mark. *Historia e shtypit shqiptar*, 1, Tiranë, 2007, стр. 60

[474] Popovič, Radmila. "Oko izdavanja lista "Prizren"", *Vjetar i Arkivit të Kosovës*, II-III (1966-1970), Prishtinë, 1970, стр. 97

Србија. Таа помогнала печатницата да се снабди со сите потребни работи за печатење на српски јазик.

Со преминувањето на центарот на Косовскиот Вилает од Призрен во Приштина почнало да се издава новиот весник „Косово", кој бил службен орган на вилаетот. Првиот број бил издаден во 1877 година. И овој весник најпрвин се издавал само на турски јазик, а потоа се печател и на турски и на српски.[475]

Во Цариград иницииран од Сами Фрашери се издавал весникот „Дрита" а подоцна преименуван во „Дитуриа" (1884-1885). Што се однесува до слободата за издавање на весници во Османлиската Империја таа била ограничена. На пример весникот на Албански јазик кој се издавал во Цариград „Дрита" а потоа „Дитуриа" се издавал за многу краток период од 1884-1885 година. Во 1885 година султанот Абдулхамит II забранил да се издаваат книги и весници на албански јазик, а подоцна и внесување на истите во Османлиската Империја. Така, во 1897 година бил уапсен Митхат Фрашери, синот на Абдул Фрашери, поради тоа што кај него била пронајдена копија на весникот *Албанија*, кој се печател на француски и албански јазик. По барањето на Сами Фрашери бил пуштен на слобода.[476] Османлискиот образовен систем, не успеал да го спречи националното будење, бидејќи културната, образовната и издавачката активност се одвиваа тајно, или на други места, надвор од контролата на Османлиската Империја. Во Јужна Албанија бекташите играле значајна улога, при што во теќињата се развивала и ширела албанската книжевност.[477]

Издавачката дејност на албански јазик се одвивала надвор од местата каде што Османлиската Империја имала директно влијание, претежно во Романија и Бугарија. Некои од нив се издавале само на

---

[475] Hoxha, Sherafedin. *Shtypi i kombeve dhe i kombësive të Kosovës (1871-1983)*, Rilindja Prishtinë, 1987, стр. 28

[476] Gawrych, George W. *Gjysmëhëna dhe Shqiponja*, Tiranë, 2007, стр. 137

[477] Исто тука, стр. 143

Албански јазик, а некои двојазично. Најзначајни од нив биле „Shqiptari” (Албанецот) кој се издавал во Букурешт во периодот од 1888-1903 година а со кој раководел Никола Начо, потоа „Shqipëria” исто така издаван во Букурешт во периодот 1897-1898 година под раководство на Висар Додани и Јорѓи Мекси. Весникот „Албаниа“ излегувал во периодот 1897-1909 година најпрвин во Брисел а потоа во Лондон по раководство на Фаик Коница.[478]

Весникот „Календари комбиар“ излегувал во Софија во периодот 1897-1915 година како орган на друштвото „Дешира“ а се раководел од Кристо Луараси и Коста Ј. Требицка а подоцна и од Митхат Фрашери. Од 1900 до 1904 година во Каиро излегувал весникот „Беса-Бесе“ под раководство на Мило Дучи.

Кристо Луараси бил син на православен свештеник по потекло од Колоња. Бил учител а потоа емигрирал за Софија каде што работел во печатница. Во 1897 година ја отворил својата печатница заедно со Коста Јани Требицка каде што го издавал Календари Комбиар, годишен весник.[479]

Весниците иако се печателе во различни места, тие се внесувале илегално во Османлиската Империја и се делеле меѓу читателите кои знаеле да читаат. Доста прочуен станал весникот „Дрита“ кој се издавал во Софија а кој во 1904 година се печател во 670 копии.

Интерес кон издавањето на весниците на албански јазик покажала и Австро-Унгарија, која ја искористила тешката материјална состојба во која се наоѓале повеќето у весниците, ветувајќи финансиска помош, но условувајќи го тоа со уредувачката политика, при што весниците не требало да објавуваат политички текстови со што би се нарушувал *статус кво*то на Османлиската Империја. Таквата помош на Австро-Унгарија ја

---

[478] Boriçi, Hamit, Marku, Mark. *Historia e shtypit shqiptar*, 1, Tiranë, 2007, стр. 360

[479] Dërmaku, Ismet. *Rilindja kombëtare shqiptare dhe kolonitë shqiptare të mërgimit në Rumani dhe në Bullgari*, Prishtinë, 1987, стр. 255

прифатил Фаик Коница во декември 1897 година, договарајќи се со Министерството за надворешни работи на Австро-Унгарија.[480] Тој тоа го направил бидејќи имал финансиски проблеми во врска со издавањето на весникот „Албаниа“, но и затоа што мислел дека Албанија немала можност да се развие без надворешна помош. Исто така тој мислел дека соработувајќи со Австро-Унгарија би се намалило влијанието на Италија. Поради ваквиот однос кон Австро-Унгарија тој бил критикуван во другите весници кои излегувале на албански јазик. Пред оваа поддршка тој издал четири број, а по четвртиот број станала видливо влијанието кон весникот, што се изразувал преку поддршката на политиката на Виена и омекнувањето на ставот кон Османлиската Империја. Фаик Коница во текстовите на весникот се залагал за културно унапредување на Албанците и за подигање на националната свест, што ќе помогне да се подготват за ослободување од Османлиската Власт. Весникот „Албаниа“ е еден од весниците кои третирал широк спектар на теми и одиграл важна улога за развојот на албанската азбука.

[480] *Historia e Popullit Shqiptar*, Tiranë, 2002, стр. 344

# ЗАКЛУЧОК

Темата што беше третирана во овој труд секогаш има простор да се надоплни со нови сознанија и податоци. По Берлинскиот Конгрес на Балканот се промениле границите, што придонело тој да стане во центарот на вниманието и да биде место каде што се одвивале значајни настани. Османлиската Империја се обидувала со соте месрки да го оддрж под контрола населението што живееле во рамки нејзините граници, свесна дека таа е склона да излезе надвор од нејзиното владеење. Балканските држави постојано биле активни во нивната политика за ширење на нивните граници во правец на териториите кои сеуште се наоѓале во состав на Османлиската Империја. При раквите активности тие користеле разни форми и методи преку кои сакале да го придобијат населението кон нив да гледа со надеж. И Големите Сили биле заинтересирани да имаат влијание во регионот. Меѓу нив Австро-Унгарија тежнеела да излезе на Егејското Море, при што таа со превземањето на Босна и Херцеговина се проиближувала кон нејсината намера во овој план.

Во своите планови Автро-Унгарија сакала да ги вклучи и Албанците, со цел да создаде локален сојузник. Во оваа насока таа го подржувала националното будење кај Албанците, со фиансирање на училишта, весници, книги итн. Исто така и Италија имала свои итереси за проширување на нејзиното влијание во другата страна на Јадранот. Несомнено дека двете сили ги судрувале интересите.

Во преиодот кој се третира, меѓу Албанците се појавиле различни предлози со кои се тежнеело да добијат автономија или независност. Голем раст се бележи во врска со бројот на весниците кои се издавале и другите публикации, кои пред се се издавале надвор од границите на Османслиската Империја.

Текстот секако дека има простор да се надополни и со други податоци, кои секогаш се појавуваат во различни прилики, но тоа останува

да се направи во понатамошниот период кога несомнено дека работата околу истражувањата ќе ја продолжам.

## Извори:

*а) Необјавени извори*

Државен Архив на Република Македонија (ДАРМ)

Фонд: PRO-Foreign Office: m-19, m-21, m-22, m-23, m-24, m-25, m-26, m-30, m-157

*б) Објавени извори*

Abdyli, Ramiz. *Lidhja Shqiptare e Prizrenit në birimet angleze*, I-II, Prishtinë, 2004

Mile, Ligor. *Shqipëria në vitet e Lidhjes Shqiptare të Prizrenit (Dokumente arkivash franceze)*, I-II (1876-1879), Tiranë, 1978

Pollo, Stefanaq dhe Pulaha, Selami. *AKTE TË RILINDJES KOMBËTARE SHQIPTARE 1878-1912* (Memorandume, vendime, protesta, thirrje), Tiranë, 1978

Prifti, Kristaq. *Lidhja Shqiptare e Prizrenit në burimet osmane 1978-1881*, Tiranë, 1978

Rexha, Ilijaz. *Lidhja Shqiptare e Prizrenit në dokumentet osmane 1978-1881*, Prishtinë, 1978

Rizaj, Skender. *Lidhja e Prizrenit ne dokumente angleze, 1878-1881*, Prishtinë, 1978

## Литература:

Pllana, Emin. „Perandoria Osmane në fund të shekullit XIX dhe në fillim të shekullit XX". *Vjetar i Arkivit të Kosovës, II-III (1966-1970)*, Prishtinë, 1970, стр. 37

Levend, Agâh Sırrı. *Sami Frashëri*, Tiranë, 2004

Ajvazi, Shemsi. "Lidhja e Prizrenit më 1879-1881 në shtypin qendror Rus", *Gjurmime albanologjike-Seria e shkencave historike*, VII-1977, Prishtinë 1978

Buda, Aleks. *Shkrime Historike*, 2, Tiranë, 1986

Puto, Arben. *Çështja shqiptare në aktet ndërkombëtare të periudhës së imperializmit*, I (1867-1912), Tiranë, 1984

Bala, Vehbi. "Pashko Vasa si ideolog i Lidhjes Shqiptare", *Konferenca kombëtare e studimeve për Lidhjen Shqiptare të Prizrenit 1878-1881*, I, Tiranë 1979

Битоски, Крсте. *Македонија во времешо на големаша исшочна криза (1875-1881)*, Студентски Збор, Скопје, 1981

Castellan, Georges. *Histori e Ballkanit (Shekulli XIV-XX)*, Tiranë

Çerkini, Fejzullah. "Disa dokumente austro-hungareze lidhur me luftën e Dervish Pashës kundër Lidhjes së Prizrenit, në Slivovë, Shtimje, Caralevë dhe Duhël më 188", *Konferenca kombëtare e studimeve për Lidhjen Shqiptare të Prizrenit 1878-1881*, I, Tiranë 1979

Jelavich, Charles dhe Barbara. *Themelimi i Shteteve Kombëtare të Ballkanit 1804-1920*, Tiranë, 2004

Јовановски, Далибор.*Грчка балканска йолишика и Македонија (1830 - 1881 год.)*, Скопје, 2005

Димевски, Славко. "Призренската Лига" според извештаите на Странските конзули, стр101-123, *Гласник на ИНИ*, Година XIX, Бр. 3, Скопје, 1975

Димитров С., Манчев К. *Исшория на балканскише народи 1879-1918*, София, 1975

Jacques, Edwin. *Shqiptarët*, Tiranë

Pllana, Emin. "Perandoria Osmane në fund të shekullit XIX dhe në fillim të shekullit XX", *Vjetar i Arkivit të Kosovës*, II-III (1966-1970), Prishtinë, 1970

Kofos, Evangelos. "Reagimi i grekëve ndaj prapaskenave që shpinin nga Lidhja Shqiptare e Prizrenit", *Konferenca shkencore e 100 vjetorit të Lidhjes Shqiptare të Prizrenit*, Prishtinë, 1990

Христов, Александар. "Генезата и развитокот на идејата за автономија и будењето на македонската национална мисла (1871-1881)", *МАКЕДОНИЈА ВО ИСТОЧНАТА КРИЗА 1875-1881*, Скопје, 1978

Al-Muwaylihi, Ibrahim. *Spies, Scandals and Sultans*, Lanham, 2008

Dërmaku, Ismet. "Mbi veprimtarinë politike – kulturave të shqiptarëve në Rumani gjatë Rilindjes Shqiptare", *Vjetar i Arkivit të Kosovës*, II-III (1966-1970), Prishtinë, 1970

Dërmaku, Ismet. *Rilindja kombëtare shqiptare dhe kolonitë shqiptare të mërgimit në Rumani dhe në Bullgari*, Prishtinë, 1987

Jaka, Ymer. "Një vepër deri tani e panjohur e Pashko Vasës", *Gjurmime albanologjike-Seria e shkencave historike*, 16-1986, Prishtinë 1987

Kastrati, Jup. "Mbi rolin e Arbëreshëve të Italisë në periudhën e Lidhjes Shqiptare", *Konferenca kombëtare e studimeve për Lidhjen Shqiptare të Prizrenit 1878-1881*, I, Tiranë 1979

Kodra, Masar. "Dibra me rrethinë në kohën e Lidhjes së Prizrenit", *Konferenca kombëtare e studimeve për Lidhjen Shqiptare të Prizrenit 1878-1881*, I, Tiranë 1979

Kramton, R. J. "Anglia dhe shqiptarët më 1878-1881", *Konferenca kombëtare e studimeve për Lidhjen Shqiptare të Prizrenit 1878-1881*, I, Tiranë 1979

Лапе, Лубен. *Одбрани текстови за историјата на македоскиот народ*, II дел, Скопје, 1976

Mazover, Mark. *Ballkani, një histori e shkurtër*, Tiranë, 2010

Mehmeti, Drita. "Veprimtaria diplomatike e delegacionit të Lidhjes Shqiptare në pranverën e vitit 1879", *Konferenca kombëtare e studimeve për Lidhjen Shqiptare të Prizrenit 1878-1881*, I, Tiranë 1979

Memia, Myftar. "Sulejman Vokshi udhëheqës-ushtarak i Lidhjes Shqiptare", *Konferenca kombëtare e studimeve për Lidhjen Shqiptare të Prizrenit 1878-1881*, I, Tiranë 1979

Krasniqi, Memli. *Shoqëria biblike britanike për të huajt dhe bektashizmi (1814-1897)*, Prishtinë, 2013

Reso, Zihni. "Gazeta „I foni tis Alvanias" e Anastas Kulluriotit-tribunë e luftës për mbrojtjen e të drejtave të popullit shqiptar", *Konferenca kombëtare e studimeve për Lidhjen Shqiptare të Prizrenit 1878-1881*, I, Tiranë 1979

Ризај, Скендер. "Управно-политичке реформе у Македонији (косовском, битолјском и солунском вилајету) (1875-1881)", *МАКЕДОНИЈА ВО ИСТОЧНАТА КРИЗА* 1875-1881, Скопје, 1978

Rizaj, Skënder. "Çështja shqiptare në marrëveshjet e fuqive të mëdha të Evropës (1878-1881)", *Gjurmime albanologjike-Seria e shkencave historike*, VII-1977, Prishtinë 1978

Rizaj, Skënder. "Disa dokumente angleze mbi veprimtarinë a autoriteve ushtarake osmane kundrejt Lidhjes Shqiptare (1881)", *Gjurmime albanologjike-Seria e shkencave historike*, XI-1981, Prishtinë 1982

Rizaj, Skënder. "Jeta dhe veprimtaria politiko-patriotike e Abdyl Frashërit deri te Kongresi i Berlinit (1878)", *Gjurmime albanologjike-Seria e shkencave historike*, XI-1981, Prishtinë 1982

Rizaj, Skënder. "Nëntë dokumente angleze mbi Lidhje Shqiptare të Prizrenit (1878-1880)", *Gjurmime albanologjike-Seria e shkencave historike*, X-1980, Prishtinë 1981

Rizaj, Skënder. "Rezistenca e turmave shqiptare kundër qeverisë osmane (1881-1885)", *Gjurmime albanologjike-Seria e shkencave historike*, X-1980, Prishtinë 1981

Frashëri. Sami. *Shqipëria ç'ka qenë, ç'është dhe ç'do të bëhet*, Logos-A, Shkup, 2004

Schmitt, Oliver Jens. *Shqiptarët, Një histori mes lindjes dhe perëndimit*, Tiranë, 2012

Сенкевич, И. Г., *АЛБАНИЯ в йериод Восшочноīо кризиса*, Москва 1965

Shehu, Bedrush. "Çështja e Shqipërisë Jugore gjatë viteve 1879-1880 në dritën e dokumenteve austriake", *Gjurmime albanologjike-Seria e shkencave historike*, 18-1988, Prishtinë 1989

Shehu, Gjyltekin. "Disa aspekte të diplomacisë frënge përkitazi me ngjarjet e viteve 1878/1879", *Gjurmime albanologjike, Seria e shkencave historike*, nr. 19-1989, Prishtinë, 1990

Raça, Shkelzen. "Rilindja kombëtare dhe lëvizja protestante", *Gjurmime në historinë shqiptare*, Prishtinë, 2009

Raça, Shkelzen. "Vrojtimet e konsullit grek Mavromatis për Viljatin e Shkodrës (1876-1880)", *Gjurmime në historinë shqiptare*, Prishtinë, 2009

Rrahimi, Shukri. *Rilindja dhe emancipimi kombëtar*, Shkup, 1971

Skendi, Stavro, *Studime kulturore ballkanike*, Tiranë (Без година на издавање)

Skendi, Stavro. *Zgjimi kombëtar Shqiptar*, Tiranë, 2000

Ташковски, Драган. *Раѓањето на Македонската нација*, Скопје, 1967

Osmani, Tomor. „Alfabeti i Pashko Vasës", *Alfabeti i gjuhës shqipe dhe kongresi i Manastirit*, I, Tiranë 1972

Ukgjini, Dom Nikë. „Kleri katolik në lëvizjet kryengritëse në veri të Shqipërisë 1908-1912", *Albanologji 1*, Vëllimi II, Punimet nga aktiviteti shekncor *Java e Albanologjisë* i mbajtur më 25-29 tetor 2010, Prishinë, 2011,

Vukovič, Vladeta. „Nušič u Prištini", *Vjetar i Arkivit të Kosovës*, II-III (1966-1970), Prishtinë, 1970

Војводић, Михаило. „Берлински Конгрес и Призренска Лига", *Историјски Гласник*, 1-2, Београд, 1989

Ортајли, Илбер. *Најдолгиот век на империјата*, Скопје, 2009